ТАШКО ЈОВАНОВ
ЖАКЛИНА МИТЕВСКА

АРГУМЕНТИ ОД ЦРНИОТ ТЕФТЕР НА ЖРТВУВАНИТЕ

ЕДИЦИЈА

сведоштва

Скопје, 2009

Наслов на оригиналот	АРГУМЕНТИ ОД ЦРНИОТ ТЕФТЕР НА ЖРТВУВАНИТЕ
Автори	ТАШКО ЈОВАНОВ, ЖАКЛИНА МИТЕВСКА
Уредник на изданието	АЛЕКСАНДАР ЃОРЃИЕВ
Рецензенти	СОКРАТ ПАНОВСКИ, ПАСКАЛ ГИЛЕВСКИ
Консултант	НЕНАД БАТКОСКИ
Јазична редакција	СИЛВАНА БЛАЖЕВА
Насловна страница и илустрации	АЛЕКСАНДАР ЃОРЃИЕВ
Компјутерска подготовка	ПЕТАР ПЕТРЕНКО
Издавачки одбор	ТАЛО ГРУЕВСКИ (претседател) ЃОРЃИ КАНЗУРОВ (заменик) АЛЕКСАНДАР ЃОРЃИЕВ (уредник на изданието) ЕЛИЗАБЕТА АНДОНОВСКА СИЛВАНА БЛАЖЕВА КУЗМАН ГЕОРГИЕВСКИ АНГЕЛ БАЛКАНСКИ ЛЕНА ПУПКОВА (членови)
Издавачи	ЗДРУЖЕНИЕ НА СЕТИНЦИ И ПОПАДИНЦИ ОД ЛЕРИН ВО МАКЕДОНИЈА ТАШКО ЈОВАНОВ (претседател) ДНИД “МАКЕДОНСКО СОНЦЕ” ЕЛИЗАБЕТА АНДОНОВСКА (управител)
Печати	СОБО
Тираж	500 примероци

Ова издание е поддржано од Министерството за култура на Република Македонија со Националната програма за култура во областа на издаваштвото за 2008 година

ТАШКО ЈОВАНОВ
ЖАКЛИНА МИТЕВСКА

ЗБОРНИК:
АРГУМЕНТИ ОД ЦРНИОТ ТЕФТЕР НА ЖРТВУВАНИТЕ

Автентични сведоштва на учесниците и жртвите
на Граѓанската војна во Грција што сеуште трае

ЗДРУЖЕНИЕ НА СЕТИНЦИ И ПОПАДИНЦИ ОД ЛЕРИН ВО МАКЕДОНИЈА
ДНИД "МАКЕДОНСКО СОНЦЕ"

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климет Охридски”, Скопје
323.273 (495: = 163.3) "1945/49"

ЈОВАНОВ, Ташко
Аргументи од црниот тефтер на жртвуваните Ташко Јованов, Жаклина Митевска ; (Илустрации Александар Ѓорѓиев) . - Скопје : Здружение на Сетинци и Попадинци од Лерин во Македонија : Македонско сонце, 2009. - 250 стр. : илустр. ; 24 см

ISBN 978-9989-2988-0-6 (Здружение)
ISBN 978-9989-9797-5-0 (Мак. сонце)
1. Митевска, Жаклина (автор)
а) Македонци во Грција - Граѓанска војна - 1945 - 1949 - Сеќавања
COBISS.MK - ID 77054730

НАМЕСТО ПОСВЕТА

„...Ако влезеш во турски затвор, ќе останеш доживотно.
Ако влезеш во грчки тефтер, никогаш нема да те избришат..."

ВОВЕД

„...Ако влезеш во турски затвор,
ќе останеш доживотно.
Ако влезеш во грчки тефтер,
никогаш нема да те избришат..."

Мотото ставено во почетокот на овој зборник претставува вообичаен израз кога меѓу себе разговараат луѓето од Беломорието, распрскани како капки дожд, насекаде во светот. Тие најмногу и го разбираат ова мото кое како да го содржи клучниот одговор зошто им се случи тоа што им се случи и зошто и во 21 век не можат да си ги видат родните огништа и имотите, да запалат свеќа и да му се помолат на Бога за душите на умрените роднини и пријатели. За нив Граѓанската војна - чиј почеток не го лоцираат како во историјата (1946-1949), туку како нејзина увертира ја земаат италијанско-грчката војна (1940), како и антифашистичката војна во Грција (1941-1945) - не е завршена. Но таквиот нивни став треба да стане и дел од свеста на секој македонски човек, но и на пошироката меѓународна јавност и на науката.

Овој Зборник на сеќавања нема намера да ја покажува и да ја докажува основната причина за прогонот, иселувањето и за однародувањето на стотиците илјади Македонци. Нашите историчари, иако недоволно гласно, го дале својот збор за тоа или во иднина ќе го направат тоа, врз основа на фактите, но и врз основа на толку силни и несоборливи аргументи како што се изнесуваат во автентичните сеќавања и искажувања на учесниците и на жртвите на Граѓанската војна презентирани во оваа книга.

Македонија во последната деценија на минатиот век конечно доби своја национална и суверена држава. Оваа книга мора да биде уште едно предупредување до оние што преговараат „за" и „во името" на таа држава, до оние што се обидуваат да се „испазарат", дека за еден добар дел на наши државјани и за еден добар дел сонародници откинати од националното ткиво, а со тоа и за сите Македонци - Граѓанската војна се уште трае и тоа траење не може и не смее да биде премолчено од меѓународната политика. Македонската Влада, по повеќедецениски молк, јавно

се огласи во 2008 година и го интернационализира ова прашање, но Македонците не „можат да се борат за своите правдини", ако на Владата и на здруженијата на Македонците по потекло од Беломорието овде и во светот не им се придружи и гласот на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), како и гласот на интелектуалците.

Идентитетот и колективната меморија на нацијата и на државата се градат и врз основа на некои парчиња од овие трагични стории. Нараторите, како многу значаен факт, ќе нагласат: по долгогодишни настојувања, Трендафил со австралиски пасош по 60 години едвај успеал да го посети родното место Сакулево. Со радост и кажал на сестрата Марика во Скопје дека зел грутка од родната земја. Две години потоа умрел. Петре Кироваков го исполнил ветувањето: успеал да го оствари заветот и коските на својот татко од Гаково - Војводина, да ги однесе во родниот крај, во местото каде што се закопани претците. Кироваков мораше на недостоинствен начин да го помине со години замислениот sид кој го правеше грчката политика, начин за кој и сам знаеше дека не му прилега, но, сепак, го направи во името на непокорот во името на Македонија како основа на македонскиот народ. Го помина невидливиот sид за ние да не ја поминеме црвената линија на историско попуштање, линијата од која Македонците од целиот свет не смеат да отстапат. Сега од историски аспект сите заедно можеме да го видиме големиот план на замислената бариера.

Активностите на Македонците во земјите каде што се раселени се видливи и сега македонската заедница располага со аргументите на историјата. Од сите предели каде што живеат Македонците дадоа непроценлив придонес во промовирањето на дијалогот и толеранцијата како клучни елементи за зачувување и за унапредување на културниот и духовниот идентитет на Македонија.

Видливи се и на општествено, црковно, културно и спортско поле, случувања кои значително придонесуваат за зачувувањето и ширењето на македонското културно наследство, традицијата и обичаите. Сиве овие активности придонесуваат за промоцијата и почитувањето на основните човекови права и слободи, како и правата на етничките и на националните малцинства, во согласност со меѓународните конвенции.

На големиот концепт „без Македонци на Балканот" најголемиот непријател му беше времето кое ние Македонците, сепак, трпеливо го дочекавме и сега знаеме каде е црвената линија која не смееме да ја поминеме. Затоа Грција, која има скорашен континуитет во државноста и која се конституираше со помош на европската дипломатија, мора да одговара за геноцидот врз македонскиот народ во окупираниот дел од Македонија.

Зборникот, оваа книга, е еден од значајните чекори на патот на бележење на колективната меморија на нацијата. Сега, кога овој фундаментален проект ја доби својата физиономија, сакаме да ги споделиме задоволството и радоста со сите оние што веруваат во крупни чекори и несебично им даваат поддршка... Со овој заеднички проект на колективно сеќавање успеавме да ја покажеме нашата зрелост како нација и култура, која знае да ги почитува вистинските вредности на припадниците на македонскиот народ, кои се разликуваат од апартхејдот, андартизмот и нарцизмот на грчката "демократија" која со векови врши геноцид врз македонскиот и другите народи во соседството.

Сега се исполни сонот кој пред 60 години беше само надеж дека по ослободувањето, македонскиот народ ќе има слобода, свој јазик, култура и се што му треба.

Александар ЃОРЃИЕВ

Македонците на Балканот
ГРЦИТЕ ГАЗАТ ВРЗ КОСКИТЕ НА ПАРТИЗАНИТЕ ВО ГРОБНИЦАТА ВО ЛЕРИН, ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

СРАМОТА Е МАКЕДОНСКА КРВ ДА СЕ НАРЕЧЕ СЛАВОФОНСКА

Македонските здруженија од Егејскиот дел на Македонија го осудија вандалскиот чин на уништување на спомен-плочата на гробницата во Лерин, каде се закопани 1.200 партизани на Демократската армија на Грција, Македонци и Грци.
Голем срам за грчката држава е да се газа врз коските на паднатите борци. Во чест на овие жртви потребно е да се изгради огромна биста, која ќе биде сведоштво за новите генерации да знаат за што се бореле нивните родители и предци.

Во гробницата закопувале и живи партизани

Водени од желбата да им оддадат почит на 1.200 загинати партизани на Демократската армија на Грција, закопани во масовната гробница во Лерин, неколку здруженија на Македонци кои потекнуваат од Егејскиот дел на Македонија, предводени од Здружението на Сетинци и Попадинци од Лерин во Македонија, на 25 февруари 2007 година положија цвеќе на сега уништената спомен-плоча, која претходната година беше поставена на оваа гробница. Историските податоци говорат дека битката за Лерин се случила на 12 февруари 1949 година, а во неа, рамо до рамо, за демократска Грција се бореле и Македонци, од чија страна имало и најмногу жртви, иако денес Грција тоа не сака да го признае. Кружат и информации дека во гробницата закопувале и живи партизани.

Во текот на историското минато Грците ги искористија сите методи за по неуспехот на Граѓанската војна да ги протераат Македонците од нивните родни огништа. Донеле и Закон со кој дозволиле во оваа земја да се вратат само оние кои по род се Грци. А Македонците од Егејскиот дел на Македонија останаа распрснати низ светот.

БОЛКА ВО ДУШАТА

Иако претчувствувавме што можеме да очекуваме на грчката граница, волјата беше посилна од нас, па по уредно подготвените документи и добиената виза тргнавме во остварување на мисијата. Не мина многу време и претпоставките ни се остварија. Македонскиот автобус со педесеттина Македонци пристигна на грчкиот граничен премин, а нивните службеници ни соопштија дека им откажале компјутерите. Ни потенцираа дека сме морале границата да ја минеме до 8 часот утрото, бидејќи по тој термин се исклучувале компјутерите за автоматско регистрирање на патниците. Следуваа молби службениците да почнат со рачна евиденција на патниците. Тоа траеше долго. По инсистирање на членовите од македонската делегација да ја забрзаат процедурата за да не заврши манифестацијата која ја организираше Комунистичката партија на Грција, по речиси три часа, граничарите ги кренаа рампите и македонскиот автобус се упати кон Лерин.

Македонската делегација беше срдечно пречекана од домаќините од КПГ, но тие ниту еднаш не го употребија зборот Македонци, иако

знаеја дека заслугата за денешна демократска Грција им припаѓа токму и на Македонците. За нив протераните Македонци сè уште се само „славофони“. По контроверзите за улогата на КПГ во однос на македонското прашање за време на Граѓанската војна и ветувањето за враќање на протераните Македонци, овој нивен потег предизвика уште многу неразјаснети дилеми.

Среде полна сала, со солзи в очите - говор, но на грчки јазик, одржа и некогашната партизанка Евдокија Вера Фотева:



„Се боревме, и Грци и Македонци, иако вие денес не сакате да нè признаете како Македонци, а уште сакате и името да ни го земете. но, ние сме тие, ние сме Македонци“

„Ние овде не дојдовме како екскурзијанти, да се шетаме. Имаме болка во срцето која ни лежи повеќе од 50 години. Доаѓаме и на масовната гробница за да можеме да им се поклониме на нашите другари со кои заедно се боревме за ослободување на Лерин. Се боревме и Грци и Македонци, иако вие денес не сакате да нè признаете како Македонци, а уште сакате и името да ни го земете. Но, ние сме тие, ние сме Македонци“.

По филмот за она што се случувало во Граѓанската војна, се упативме кон масовната гробница. Она што го видовме нè запрепасти. Се стаписавме од направениот вандализам. Беше уништена спомен плочата, која лани беше подигната во чест на борците на ДАГ, а беше затворен и влезот на гробницата. Разочарувањето беше огромно за Сојузот на борците од ДАГ и за претставниците на македонските здруженија поради ваквиот однос на грчките власти кон гробницата, каде во 1949 година биле закопани околу 700 Македонци.

„Ова треба да биде срам за грчката држава“, изјави Фотева.

Меѓу заѓинатите борци во Егејска Македонија е и Коле Груевски, дедо на премиерот Никола Груевски

И Атанас Ангеловски - Гарефи, учесник во Граѓанската војна, им оддаде почит на загинатите соборци.

Ако не може државата, тогаш црквата треба да биде таа која ќе се погрижи за гробницата. Не може да се гази врз коските на некогашните борци, велат претставниците на македонските здруженија.

Ташко Јованов, претседател на Здружението на Сетинци и Попадинци, го осуди овој вандализам и им порача на Македонците од Грција и од КПГ, кои заедно се бореа, да се заложат да направат биста за паднатите борци, која ќе биде сведоштво за новите генерации да знаат за што се бореле нивните родители и предци, односно дека се жртвувале за демократска Грција. Нашата посета на гробницата ја набљудуваше грчката полиција.

ПОЧИТ ЗА ЗАГИНАТИТЕ ОД КРУШОРАДИ И СЕТИНА

Откако им оддадовме почит на загинатите борци на ДАГ, се упативме кон селата Крушоради и Сетина, југоисточно од Лерин, во подножјето на планината Кајмакчалан, во непосредна близина на државната граница. Тоа се села со чисто македонско население, кое се занимава со земјо-

Споменик на паднатите жртви во село Сетина

Црквата „Шпилидон“ која Грците ја изградиле на темелите на некогашното македонско училиште, село Крушоради

делство и сточарство. Во Крушоради е и еден од најбогатите рудници на јаглен во Леринско. И двете села се револуционерни и дале огромен број жртви за одбрана на Егејска Македонија.

Македонската делегација положи цвеќе на спомениците изградени во нивна чест. Меѓу нив е и Коле Груевски, дедо на македонскиот премиер Никола Груевски.

Жителите на овие села гостопримливо нè пречекаа и на македонски јазик говореа за нивниот живот. Во Крушоради се наоѓа прекрасната црква „Шпилидон“, која е изградена на темелите на старо македонско училиште. Според сознанијата на Ташко Јованов, добиени од тамошните жители, Грците го урнале училиштето за да не се изучува македонскиот јазик и на негово место изградиле црква.

Авторите

Атанас Ангеловски - Гарефи
НА ГРАМОС ГОРЕА И КАМЕЊАТА



„Имаше ли воопшто смисла Граѓанската војна и зошто се боревме? Пред да одиме во Егејска Македонија нам, на Македонците, ни се ветуваше дека ќе ни дадат автономија. Затоа целиот македонски народ беше во движењето, сè што можеше носеше оружје. Захаријадис рече дека кога ќе одиме на Лерин, ќе дојдат тенкови од Југославија... ќе добиеме слободна територија. Во една прилика дознав дека ДАГ имала цел да го ослободи Солун, па да се направи слободна територија, да се признае револуцијата и да добиеме помош од други држави за да можеме да опстанеме. Но, што се случи? Зошто ги истераа луѓето, за да умрат по светот? Куќата во моето село е уништена и воопшто не можам да го најдам местото каде се наоѓаше. Сега Грците не сакаат да слушнат за Македонците, но за нив не е проблем името, туку територијата, границата“, посочува Атанас Ангеловски - Гарефи.

Требаше ли да се случи Граѓанската војна во Грција? Што од неа добија преживеаните борци? Одговорот би бил - освен болка во душата и забрана да се вратат во родните огништа, ништо друго.

За своето учество во неа се потсетува и Атанас Ангеловски - Гарефи. Роден е 1928 година во село Лобаница, Костурско. Пред Граѓанската војна во Грција бил и во редовите на ЕЛАС, во 1943 година, кога се борел против фашистите. Бил и во ЈНА, со чин заставник.

„По демобилизацијата на ЈНА дојдовме во Скопје. Шест месеци работев во книжарницата ‘Култура‘, која се наоѓа на скопскиот плоштад. Таму дојде Паскал Митревски и ме праша дали сакам да одам во Егејска Македонија, бидејќи таму ќе почне борбата. По два-три дена му се јавив и потврдно му одговорив. Тогаш имав 18 години, а бидејќи бев офицер во ЈНА ми рекоа дека ќе бидам одговорен за 75 луѓе, со кои преку Албанија - Тирана, ќе излеземе на Малимади. Така, во 1946 година застанав на чело на групата од 75 луѓе и со камион тргнавме од Скопје, влеговме во Албани-

ја, Корча, Тирана, Билишта, Врбник, излеговме на Малимади. Ни беше речено дека таму ќе нѐ чекаат одговорните лица, ќе добиеме оружје, храна итн. Тоа се случуваше во октомври. На Малимади беше многу ладно, но кога стигнавме ја немаше 'врската', немаше оружје, немаше ниту храна. Минаа три дена, а младите луѓе од Скопје, кои беа со мене, ме прашуваа што се случува и ми велеа да се вратиме. Ги советував да се стрпат малку и дека ќе одиме во селото за да земеме храна. Се зближивме со народот, ни дадоа храна и повторно се вративме на Малимади. Но, грчката безбедност од Желево дознала дека пристигнале партизани од Скопје. Наредното утро дојдоа на местото каде што бевме скриени во Буката. Имаше магла, се движеа луѓе. Но, тоа не беа партизани, туку полицајци. Ние имавме само една италијанска пушка, со седум-осум куршуми. Им велам - ајде да направиме 'сефте', ајде да пукнеме. Ако погодиме никому ништо. Јас пукнав. Кога полицајците видоа дека еден од нив тој падна, избегаа. Отидовме и го најдовме ранетиот. Тој ни кажа дека тие што биле со него се полицајци од Желево, кои дошле по нас. Го пуштивме да си оди и му рековме да ги поздрави неговите и да им каже дека ние - партизаните сме тука. Потоа ја добивме 'врската' и почнавме да дејствуваме", раскажува Гарефи.

СУДИР СО ПОЛИЦИЈАТА

Стариот борец објаснува како ноќе оделе по селата и собирале храна. Потоа се поврзале со НОФ. Дошле и други доброволци од селата и се формирала една единица од 150-200 луѓе. Добиле и оружје. Во тоа време оделе по селата каде што имало грчка полиција и ги напаѓале куќите каде тие биле сместени. Тоа биле селата Желево, Псодари, Габреш, Смрдеш. Успехот им бил делумен. Понекогаш се случувало грчката полиција да има загуби, друг пат партизаните. Тој раскажува и за случката во селото Вишини, кое се наоѓа по Вичо. Тогаш таму имало 22 полицајци, кои ги фатиле на спиење и им го зеле оружјето. Успешна акција имале и во селото Церешница. Всушност, во текот на 1946-1947 година немало вечер а да не се случило да не се во „контакт" со грчката полиција, да ги напаѓаат. На партизаните не им била потребна посебна наредба за тоа каде да одат, зошто постоела постојана наредба за пресметка со полицијата.

„Кога помина 1947 година се формираа големи одреди - баталјони, бригади, дивизии. Нашата организација НОФ се договори со грчката команда и ние влеговме во единиците на ДАГ. Кога пристапивме во нив ние немавме никаков чин. Според однапред покажаната храброст ни ги даваа функциите, командир на чета, баталјон... По 1947 година од Вичо се преместивме на Грамос. Тој пат од седумдесеттина километри пеш го минав можеби педесет пати. За мене тоа беше како прошетка. За нас денот беше ноќ, ноќта - ден. Дење се одморавме, а ноќе дејствувавме. Во 1948 година почнаа големите офанзиви на Грамос. Непријателите напаѓаа со 150 топови, имаа 100 авиони, многубројна војска, цела дивизија вршеше офанзива на тоа место. Но, не можеа да се пробијат, ние имавме добро заштитени ровови. Тие имаа 250-300 жртви, кои останаа на фронтот и телата им се распаднаа. Добија наредба и се повлекоа. Всушност, тука на планината Горуша бев ранет во ногата и се повлеков во болницата каде останав една седмица. Дојдов во Преспа, во местото Бела Вода, и повторно се вратив во единицата“, објаснува Атанас Ангеловски - Гарефи.

ОФАНЗИВАТА НА ЛЕРИН

Тој се потсетува и на говорот што во 1949 година, во селото Желево, го одржал секретарот на Комунистичката партија на Грција, Захаријадис. Ги повикал сите поранешни офицери, полковници, генерали, и им соопштил дека привремената Влада на ДАГ, со седиште во Преспа, одлучила да го нападне Лерин.

„Во Лерин требаше да влезат 18. бригада, 105. бригада, 14. бригада, 103. бригада, како и две чети од Штабот на привремената Влада, офицери, потпоручници. Тој ни соопшти дека нападот ќе биде за два-три дена. По неговиот говор се вративме во единицата. Но, во ноќите до нападот се случуваше некој да ни побегне, да дезертира и да им соопшти на непријателите дека партизаните планираат да го нападнат Лерин. Ноќта кога тргнавме кон Лерин се крена парола дека Марко, кој беше командант на ДАГ, е болен. Си велев - што требаше токму сега, кога одиме во битка, да кажат дека тој е болен. Партизаните ме прашуваа за што се работи и се уништи нивниот борбен дух. Сите бригади имаа добиено наредба од каде да нападнат. Јас бев на северната страна. Дојдовме во че-

тири часот наутро. Тоа се случуваше на 12 февруари 1949 година. Но, како што колоните одеа за Лерин, така паднавме во заседа. Нѐ чекаа на разни места. Јас бев поназад со баталјон. Бевме голема сила од 13.000-14.000 партизани. Го предводев баталјонот 425, бригада 105. Имав задача да влезам во Лерин и заедно со мојата бригада да ја нападнам касарната. Но, излезе обратно, кога командантот кој беше пред мене претрпе огромни загуби, од Генералштабот добив наредба да извршам офанзива. Ми рекоа офанзивата да ја почнам на 1.033 метри надморска височина. Се искачив горе, а тие се повлекоа. Потоа повторно дојдоа, а ние се повлековме педесет метри назад, по што дојде друга наредба, за друга офанзива. По радиоврска му јавив на Генералштабот дека немам војска, имам многу ранети, а од таму ме информираа дека ќе дојдат двете чети на Генералштабот, офицерите. И навистина дојдоа. Околу 11 часот состојбата беше смирена. Бригадите се соочија со отпор и мораа да заземат позиции за напад. Прашав што се случува? Ми одговорија дека сите се на позициите, дошла сила од Кожани и затоа не сме можеле да скршнеме, се чекаше нова наредба. Наредбата дојде вечерта и според неа требаше да се повлечеме. Им велам - како да се повлечеме кога цел ден сме во офанзива, а имаме и жртви... Но, се повлековме, ги оставивме жртвите, оставивме сѐ што беше тешко рането. Со булдожер жртвите ги ставаа во дупката. Некои бараа помош, но не можевме да им ја пружиме. Од Лерин дојдовме во Буф. Од Генералштабот дознавме дека имаме многу жртви - 1.200“, се враќа Гарефи во сеќавањето на тие денови.

По битката за Лерин дејствувале и на други места, а во 1949 година се повлекле на Грамос. „Беше страшно, гореа и камењата. На Грамос на непријателите им дојде на помош огромна сила. Всушност, добиле кредит од 350 милиони долари, со кои купиле топови, тенкови. Се боревме еден спрема десет. Тие имаа најмодерно оружје, а ние се боревме само со пушки и митралези. Тогаш разбрав дека грчката Влада сакала со нас да направи договор, но кога им пристигнала помошта тие решиле да нѐ уништат до крај, иако и тие на Грамос имаа многу жртви. Се боревме колку што можевме и на крај се повлековме. ДАГ капитулираше, по што заминавме за Албанија“, вели Гарефи.

Од Албанија тој заминал за Ташкент, каде што живеел 13 години. Таму работел во фабрика, а потоа завршил Земјоделски факултет.

ГРЦИТЕ БАРАА СОЦИЈАЛНА, А НИЕ НАЦИОНАЛНА РАМНОПРАВНОСТ



„Грците нѐ нарекуваа Бугари. Сиромашните селани се надеваа дека во ЕЛАС и во ДАГ ќе ги добијат своите права. Токму затоа и масовно се приклучуваа во движењето“, вели Ристо Менчев.

Некогашниот учесник во Граѓанската војна, дедо Ристо Менчев, е роден на 18 август 1928 година, во гратчето Гуменџе, Кукуш. До 1896 година, ова гратче било чисто македонско, односно сите 3.500 жители биле Македонци. Во текот на наредните години во него се доселиле Маџири од Мала Азија, Кавказ, така што се изменил етничкиот состав, па Македонците сочинувале две третини, Маџирите, или новодојдените, една третина од вкупното население. Тамошниот македонски народ бил угнетуван, а Македонците не можеле да го користат македонскиот јазик. Немале цркви, училишта, односно немале никакви права. Биле носени во заточение, во концентрациони логори. Менчев објаснува дека луѓето не можеле слободно да одат ниту на нива. Кога оделе на земјиштето за да го обработуваат, пред нив марширала војската, а потоа се движеле селаните. Подоцна ним им бил конфискуван и имотот.

„Беа малтретирани само затоа што беа Македонци. Тоа особено се случуваше во време на диктатурата на Метаксас. Грците нѐ нарекуваа Бугари. Сиромашните селани се надеваа дека во ЕЛАС и во ДАГ ќе ги добијат своите права. Токму затоа и масовно се приклучуваа во движењето“, додава Менчев.

ТАЈНИ КОМИТЕТИ

Пред да се формира Демократската армија на Грција, во селата и во градовите во Егејскиот дел на Македонија, во текот на 1945 година, постоеле комитети кои дејствувале илегално. Нашиот соговорник раскажу-

ва за тоа како во мај, во селото Крива, во заседа биле убиени 8 луѓе. Истото се случило и во ноември истата година кога од страна на грчките монархофашисти во селото Баровица, Гуменџе, биле убиени уште 8 лица.

Во август 1946 година Менчев му се приклучил на одредот на НОФ, во кој имало триесеттина лица, кои биле стационирани на Пајак Планина.



„Во ноември 1946 година нашите сили се обединија со Грците. Јас останав на Пајак Планина. Некои заминаа за стара Грција. Бев курир на Главниот штаб. Дејствував на потегот Пајак Планина, Кожув-Кајмакчалан. Грците се бореа за социјална слобода, а ние за национална. Грците бараа да бидат рамноправни во грчкиот Устав. А ние во континуитет ги продолживме идеалите на Гоцевата ВМРО. Всушност, и мојот татко беше стар Илинденец. Сиромашните селани веруваа во тие борби, беа во комунистичкото движење, во народноослободителната борба, во Граѓанската војна, и во тие рамки очекуваа да ги добијат своите права“, вели Менчев.

Тој се сеќава дека битки се воделе во Војница, во Гуменџе. Таму немало фронт како на Грамос, Вичо, Преспа.

„Партизаните ќе удреа на Бојница, па ќе се повлечеа на Пајак Планина. Удиравме и на Гуменџе. Таму беше грчката полиција, но гратчето не можевме да го држиме под контрола. За време на Граѓанската војна во Ениџе, Вардарско загинаа 300 луѓе. Жртви имаше и во Гуменџе“.

КОНТАКТИ СО МЕСНОТО НАСЕЛЕНИЕ

Курирската служба која ја извршувал нашиот соговорник, како што објаснува самиот, подразбирала собирање информации од воен карактер. Тие се однесувале на движењето, на контактите со месното население, а им помагал и на оние кои сакале да се вклучат во ДАГ. Во текот на оваа служба, во април 1947 година бил фатен од страна на монархофашистите, потоа ослободен.

На Пајак Планина бил ранет.

„Од Пајак Планина отидов на Каракамен Планина за да земам една чета. Додека се вратив поминаа два-три дена. Нашите водеа битка на Пајак Планина, но за тоа не ме известија. По битката се повлекле кај Гевгелија. Кога се вратив на познатото место непријателот ме фати и така настрадав. Всушност, Демократската армија се повлече, а мене ме предал некој од ДАГ. Монархофашистите ги знаеја сите податоци за мене. Всушност, кога се водеше борба, некои од оние кои беа заробени му даваа информации на непријателот. Тие знаеја многу повеќе за нашите команданти, за кои јас немав толку информации“, вели Менчев.

Во таа област имало и тајни пунктови на ДАГ, кои илегално одржувале контакти со другите земји. Со нивна помош Менчев бил префрлен во Катлановската болница.



Учител во детскиот дом „Турѓеш“ во Романија

„Оние кои ќе оздравеа ги враќаа на фронтот, а мене ме испратија во Романија. Таму бев учител во детскиот дом ‘Турѓеш‘. Децата учеа и на романски и на македонски јазик. Во Романија живеев 27 години. А во ноември 1976 година се вратив во Македонија“, посочува Менчев.

Тој се потсетува и на моментот кога во 1947 година во Гевгелија дошла Балканската комисија, која всушност била на страната на монархофашистите.

„Комисијата дојде во Гевгелија за да види што се случува со Граѓанската војна во Грција. Таа се интересираше за тоа кој ѝ доставува помош на ДАГ. Луѓето на ДАГ, прогонети од Егејскиот дел, кои беа сконцентрирани во Скопје и во Гевгелија, дојдоа на средбата. Од Комисијата ги побараа своите права. Тогашниот грчки премиер Садарис, кој беше дел од таа Комисија, им рече: 'Вие никогаш нема да ја видите Грција'. Претставници на ваква Комисија отидоа и на Грамос", потенцира Менчев.

Браќата Гапковски
КРАЛИЦАТА ФРЕДЕРИКА ПОМИЛУВА 36 ЗАРОБЕНИ ПАРТИЗАНИ

Свој придонес во борбата за слободна и демократска Грција дале и двајцата браќа Гапковски, кои од почетокот па сè до неуспешното завршување на Граѓанската војна и крахот на ДАГ, биле во првите борбени линии на фронтот.

Во Граѓанската војна во Грција се истакнале и браќата Зисо и Јане Гапковски. Во војната се вклучиле во 1946 година, а како активисти на Демократската армија на Грција се бореле на Грамос.

Јане Гапковски е роден во 1929 година во село В'мбел, Костурско. Бил водник на четата „Самботер". Јане живее во Грција, а за неговото, но и за своето учество во борбите, раскажува брат му Зисо.

„Во јули и во август 1949 година се водеше жестока борба меѓу грчките фашисти и нашата војска, која ги нападна непријателите. Борбата се водеше ноќе, а бидејќи времето беше врнежливо не можевме да видиме кој со кого се бори. И од двете страни имаше големи загуби. Непријателот употреби специјални единици наречени 'Лок'. Непријателите како пијани, со бомби се нафрлија на бункерите, војските се помешаа, а монархофашистите користеа батерии за осветлување, така што полесно нè откриваа и ни нанесуваа големи загуби", се потсетува Зисо.

Зисо Гапковски со другарката Цана, 1945 година

Тој ја прераскажува и случката кога 36 војници биле заробени од грчкиот непријател. Грчкиот командант

Фотографијата е од 15.3.1945 година

ги прашал заробените војници кој им е главен командант на војската. Сите молчеле, само една партизанка извикала: „Командант ни е најдолгиот двометражен Јане“. Тогаш командантот го извадил пиштолот и го вперил во Јаневата уста. Неколку пати шкрапал со пиштолот за да го убие, но не бил испукал ниеден куршум. Командантот го фрлил пиштолот на земја и рекол: „Еве какво старо оружје ни дава американскиот претседател Труман“. Потоа заробените војници со камион ги однеле во затворот во Атина, каде Воениот суд итно ги осудил на смрт.

Во тоа време, како што раскажува Зисо, неговиот братучед Панајоти Димитропулос, командир на солунската полициска станица, купил весник, го однел дома, ѝ го прочитал на мајка му и ѝ рекол: „Твојот внук Јане, заедно со други триесеттина војници, е осуден на смрт“. Таа, пак, ги советувала своите два сина, Панајоти и Зисо Димитропулос, да одат кај кралицата Фредерика, бидејќи таа и нејзиниот сопруг, кралот Петар, биле добри пријатели со нивниот татко, кој во времето на Метаксас, од страна на Кралот бил поставен за началник на грчката царинска полиција. Панајоти и Зисо со авион отпатувале кај кралицата Фредерика во Атина за да ја замолат да го ослободи Јане од смртната казна. Кралицата Фредерика му ја исполнила желбата на Панајоти. Таа им дала еден автомобил за да одат до затворот и да го видат Јане. Со друг автомобил кој се движел низ Атина, кралскиот службеник извикувал: „Кралицата Фредерика ги помилува 36-те партизански заробеници“, кои Грците ги нарекувале ‘Симоритес‘. Ослободените партизани биле од-

несени на едно островско место Хио. Таму партизаните останале една година и Грците им укажувале дека Комунистичката партија за која тие се бореле е една од најлошите партии на светот, која не му носела добро на народот. По неуспехот на Граѓанската војна, целата војска на ДАГ и Главниот штаб се повлекле од бојното поле во Албанија.

Во еден период браќата го носеле презимето Петкови. Подоцна кога Зисо дошо во Македонија го задржал презимето Гапковски, а Јане кој останал да живее во Грција се презива Рапкос.

Јане во Грција формирал семејство. Денес тој се занимава со трговија и е добар бизнисмен. Зисо вели дека брат му неколку пати дошол во Македонија за да ги посети.

Кај соборците и кај непријателите Зисо Гапковски бил познат како капетан Вичо. Завршил офицерско училиште во Скопје, а сите години од Граѓанската војна (1946/49) ги минал во борбите во Румелија. Бил командир на чета, а подоцна и на баталјон. Во книгата „В'мбел" од Сократ Пановски за него е запишано: „Тој на младите генерации им раскажува за маките и за патилата поминати во борбите со германската армија, албанските балисти во Мавровско и во Румелија. Тоа бил неговиот борбен пат од 1943/49 година. Наведена е и една необична битка. Добил наредба со својата единица да ја земе котата Њала на планината Аграфа на надморска височина поголема од 1.700 метри. Тоа се случувало зимата 1947/48 година, а темпе-

Од партизанските денови, 1944 година

ратурата била минус 40^{0}C. Се лепела кожата од рацете на металните делови од оружјата, што предизвикувало големи тешкотии во ракувањето со нив. Нападот почнал рано сабајле. На стрелбата никој не одговарал од котата. Капетанот Вичо издал наредба за напад со јуриш. Од другата страна никој не се огласувал. Кога борците стигнале на окопите имале што да видат, сите војници биле замрзнати, мртви заедно со нивниот полковник. Изброиле вкупно 250 мртви војници".

По завршувањето на Граѓанската војна, со голема група Македонци, неколку месеци се пробивал низ непријателските заседи, бомбардирањето на авијацијата и тенковите сè додека не дошол во Албанија. Оттаму патот го однел во Ташкент, Узбекистан. Денес живее во Република Македонија.

Евдокија Фотева - Вера
КАДЕ И ДА ЗГАЗНЕВ МИСЛЕВ ГАЗАМ ВРЗ ТРУПОВИТЕ НА ДРУГАРИТЕ

Многу од нашите другари си отидоа, а ние неколкуте преживеани борци сакаме да ѝ укажеме на светската јавност дека масовни гробници нема само во Босна, туку масовни гробници има и во Грција", вели некогашната партизанка Евдокија Фотева - Вера.

Некогашната партизанка учесничка во Граѓанската војна во Грција, Евдокија Фотева - Вера, ја сретнавме на 25 февруари 2007 година при посетата на масовната гробница во Лерин, местото каде што во 1949 година биле закопани 1.200 партизани учесници во Демократската армија на Грција. Таа, заедно со неколку преживеани соборци, дојде во Грција за да им оддаде почит на загинатите другари. Поканата за оваа посета беше упатена од Комунистичката партија на Грција, а апсурдноста на оваа постапка беше во тоа што членовите на КПГ не сакаа да ѝ дадат можност да им се обрати на присутните во салата, каде тие одржуваа своја манифестација. Токму затоа се наметнува и прашањето зошто овие Македонци ја прифатија поканата да дојдат во Лерин, кога оние со кои заедно се бореа за Грција, не ги признаваат како Македонци.

„Не сакаа да ни дадат збор, но јас станав и им реков дека и ние борците Македонци, кои дојдовме од Скопје, сакаме да му се обратиме на овој народ. Ние не сме дојдени овде како туристи, туку дојдовме со болка, која ни лежи години наназад. Грчката Влада, која за мене е 'инвалидска влада', не сака да ги признае своите синови, деца. Дојдовме да положиме цвеќе на местото каде што лежат нашите другари. Илјадници километри трае нашиот пат, а сега за само седумдесеттина километри сме спречени да дојдеме до таа гробница. Сепак, им се заблагодарив на другарите борци и на комунистите што нè поканија да дојдеме, и тоа по трет пат, да се поклониме на местото каде почиваат нашите соборци, кои

загинаа во битката на Лерин и кои толку години се закопани во таа гробница“, вели Фотева.

„Им се обратив како граѓанка која потекнува од тој дел: Драги земјаци, ние сме дојдени од овие места но, за жал, грчката Влада сè уште не нè признава како Македонци. Во 1982 година, кога Андреас Папандреу дојде на власт, тој донесе Закон според кој во Грција можат да се вратат само Грци по род. А кои се тие кои не се Грци по род. Тоа сме ние Македонците, а заедно со Грците учествувавме во сите борби, за време на антифашистичката војна против тројниот окупатор - Германци, Италијанци и Бугари. Сега Грција е во Унијата, но нам кои се боревме за национални и за човекови права во Грција сè уште не ни се дава можност да ги посетиме нашите места. На македонскиот народ му го забранија македонскиот јазик, а македонските мајки не можеа ниту на македонски да плачат на гробовите на своите најблиски“, додава некогашната партизанка.

Моите чувства не можат да се опишат со зборови, Евдокија Фотева-Вера

ЧУВСТВА

Потсетувајќи се на минатите времиња, Фотева потенцира:

„Ние со Грците не се делевме, за слободна демократска Грција од една граната заедно гинеа и Грк и Македонец. Некои велат дека овде во Лерин почиваат 700, други дека се 1.200 борци, а тие всушност се многу

повеќе од 1.200. Не само во околината на Лерин, туку во секој град во Грција, сè уште има неоткопани гробници каде се закопани и Грци и Македонци. Многу од нашите другари си отидоа, а ние, неколкуте преживеаните борци, сакаме да ѝ укажеме на светската јавност дека масовни гробници нема само во Босна, ги има и во Грција".

Во текот на Граѓанската војна, како што објаснува оваа некогашна партизанка, Комунистичката партија на Грција ги признавала како Македонци.

„И ние Македонците имавме наши македонски организации и дејствувавме заедно со грчките, заедно делевме сè. Пред 3-4 години претставници на КПГ дојдоа во Скопје. Им дадовме книги со имиња на македонски борци. Нè прашаа зошто во Грција и ден денес немаме обележано место каде се починати Македонците. Им реков дека е така, при што потенцирав: Ако бевме заедно во војната, може ли и сега да бидеме заедно. Се согласија, по што следуваше покана. Но, ако не беа тие, ние воопшто не ќе можевме да ја посетиме гробницата. Ја прифатиме поканата на КПГ, бидејќи тоа беше единствена можност да ги видиме Вичо, Грамос, местата каде што се боревме. Не постои друг начин да влеземе во Грција, а мораме да им докажеме дека заедно се боревме за демократска Грција. Во однос на македонското прашање секоја година ни ветуваат дека ќе го покренат. Но, по сè изгледа и тие се плашат".

Првиот пат кога ја посетила гробницата (2005 година), чувството за она што се наоѓа под нејзините нозе ѝ ја влошило здравствената состојба.

„Минатата година, кога бевме на гробницата, на присутните Грци и Македонци им реков: Да ви зборувам на мојот мајчин јазик нема да ме разберете, ќе ви зборувам на грчки, на јазикот кој го учев во основното училиште во моето село. Сепак, моите чувства не можат да се опишат со зборови", се сеќава Фотева.

ПРАВДА

„Сега кога е уништена спомен плочата на гробницата во Лерин, уште полошо е - потенцира партизанката Фотева - чувството кога знаеш врз што газиш.

Каде и да згазнев мислев дека газам врз труповите на моите другари. Тоа е многу страшно".

Мизерно е и чувството да не те признава оној со кој заедно си се борел...

„Ние сме Македонци. За време на нашата посета во Лерин имаше многу Македонци борци, кои денес живеат во Грција. Беа воодушевени од нас, многу плачеа, зашто беа меѓу свои. Филмот кој ни го прикажа КПГ, а зборува за Граѓанската војна, беше автентичен, ги имаше сите настани, но во него воопшто не се зборува за Македонци. Ја покажаа Мирка Гинова, рекоа дека е прва жена која е стрелана од монархофашистите, но не кажаа дека е Македонка. Се боревме заедно со припадниците на Комунистичката партија на Грција, а тие ни ветуваа дека доколку се ослободиме од фашизмот, Македонците ќе ги имаат сите права. Македонците масовно се приклучуваа кон КПГ, им се ветуваше дека заедно ќе ја ослободат Македонија. За време на ДАГ имавме школи признати со указ.

Уранија, Вера, Славјанка во Гостивар, април 1945 година

Имавме и наши македонски весници. По 1982 година Владата на Папандреу поведе перфидна политика според која во Грција можат да се вратат само Грци по род. Во Скопје има многу наши другари команданти, кои не сакаа да се запишат како Грци. Македонците секогаш се бореле за Грција, за да ја ослободат, па зошто сега Грците да се плашат од Македонците и зошто Македонците да немаат никакво право. Грците сакаат да ја присвојат Македонија".

Фотева објаснува дека за време на генералот Венизелос, подоцна и на Метаксас, им бил забранет македонскиот јазик и сите топоними биле преименувани на грчки јазик. Грците, и тогаш и денес, ја застапуваат тезата дека во Грција треба да има еден народ, еден јазик.

„А на албанскиот фронт ги собраа сите за да се борат да ја ослободат Грција. Денес во сите држави постојат многу јазици, а грчката држава не признава човекови права. Во Грција има многу историчари, кои ја пишуваат вистината за Граѓанската војна, но не се прифатени од грчката Влада. Грците сакаат и името да ни го земат. Ние во Македонија ги штитиме гробовите на француските, на германските, на бугарските војници од сите војни. А Грците не сакаат ниту да слушнат за македонски борци, камоли да ги штитат нивните гробови", посочува Фотева.

Карактеристично е тоа што додека траеше посетата на Гробницата, постојано беше присутна и грчката полиција. Проструи информација дека таа е тука за да ги штити македонските гости во случај да дојде до судир меѓу националистите и комунистите. Веројатно тоа беше меч со две острици.

„Го знаев тоа и затоа реков: Знаеме дека тука има уште сили како Караџаферис, предводник на националистите, кому му помина времето".

Потсетувајќи се на битката за Лерин, Фотева вели: „Ноќта на 12 февруари ги нападнавме и ги победивме монархофашистите во бункерите. Одевме по рововите. Дојдоа авионите, небото поцрне. Ние немавме авиони, се боревме со пушки. Почнаа да бомбардираат. Тогаш не загинаа само борци, туку и обичен народ. Земјата се тресеше и неколку дена по бомбардирањето. Со булдожери ги собираа мртвите. Многу болно чувство. На сите мирољубиви народи им порачувам таква војна никогаш да не се случи, зашто гинат оние кои се невини и оние кои ја сакаат прав-

дата. А оние кои ја сакаат правдата никогаш нема да бидат признати. Еве, ние кои бараме човекови права ништо не добивме“.

Евдокија Фотева-Вера е родена во село Д‘мбени, Костурско, во семејство со револуционерна традиција. Учесник е во Антифашистичката и Граѓанската војна во Грција. Во тоа време зазема значајни раководни места, НОФ, АФЖ, итн. По поразот на ДАГ во 1949 година, заедно со неколку врвни македонски раководители е „обвинета за поразот“ и оттогаш почнува нејзината голгота, која завршува во 1956 година, кога всушност се враќа во Република Македонија. За нејзините заслуги во Антифашистичката и Граѓанската војна е одликувана со многубројни признанија.

Ѓорѓи Танулевски
УЧЕСТВУВАВ ВО САБОТЕРСКИТЕ АКЦИИ ПРОТИВ ФАШИСТИТЕ



„Откако ние го предадовме оружјето, преживеаните фашисти дојдоа на власт и почнаа масовно да нè бркаат, да нè тепаат, да нè затвораат. Имаше голем терор. Партизаните почнаа повторно да се организираат, а јас станав секретар на партијата во моето село“, вели Ѓорѓи Танулевски.

Ѓорѓи Танулевски е роден во 1922 година во село Асарбегово, Енице Вардар. Потекнува од земјоделско семејство. Во родното село завршил основно шестгодишно училиште. За детските години, како што вели самиот, не може ништо да каже зашто по смртта на татко му и на дедо му, тој на 13-годишна возраст станал глава на семејството. Минале многу тешки години. Во Грчко-италијанската војна во 1940 година не учествувал бидејќи не бил полнолетен, но како младинец им помагал на партизаните.

„По капитулацијата на Грција кога дојдоа германските фашисти, условите за живот беа многу тешки. Ни зедоа сè што имавме собрано од земјоделството, а исто така, и добитокот. Имав вујко, брат на мајка ми, кој беше комунист. Во 1935 година тој беше в затвор, но многу ми зборуваше за партизаните. Кога дојде окупацијата и кај нас почнаа да се формираат партизански организации. Во една од нив јас се приклучив меѓу првите, бидејќи бев во најтешка ситуација. Се организиравме во Партијата. Со оглед тоа што беше безвластие и секаде се вршеа ограбувања, ние моравме да ги чуваме имотите на селаните. На крај петнаесеттина лица од нашето и од околните села доброволно стапивме во редовите на ЕЛАС. Сепак, најмногу борци имаше од нашиот крај. Во ЕЛАС, во рамките на нашата 30. бригада, имаше независна чета - саботерска. Англичани ни држеа предавања за да се запознаеме со мините, да на-

учиме да ракуваме со динамитот. Уривавме мостови, миниравме пруги. Учествував во сите борби“, се потсетува Танулевски на тоа време.

Тој раскажува и дека за време на ЕЛАС се воделе борби кај рудникот, кој се наоѓал на источниот дел на Пајак Планина. Се бореле и во Ѓуменџа, селото Виштица, а сепак го истакнува нападот врз Италијанците, кај Треблица, кога го нападнале возот од Лерин за Агра, при што заробиле околу 200 Италијанци. При нападот на Еницe Вардар, на 14 септември 1944 година бил ранет. Во октомври завршиле борбите, а по ослободувањето на Грција од окупаторот, како ранет го однеле на лекување во Солун, каде останал до крајот на годината. Во тој период Англичаните не им дозволувале на партизаните да влезат во Атина. Се воделе борби повеќе од еден месец. Неговата бригада сакала да пружи помош, но не пристигнала на соодветното место. Следувал договорот „Варкиза“, според кој оружјето требало да биде предадено, а со тоа да се формира привремена влада.

„Меѓутоа, откако го предадовме оружјето, преживеаните фашисти дојдоа на власт и почнаа масовно да нѐ бркаат, да нѐ тепаат, да нѐ затвораат. Имаше голем терор. Партизаните почнаа повторно да се организираат, а јас станав секретар на партијата во моето село. Организиравме протести. На непријателот тоа не му одговараше, па реши да нѐ ликвидира“, додава нашиот соговорник.

При една таква акција, благодарение на тоа што во тој момент не бил дома, овој борец успеал да се спаси. Потоа во 1945 година заминал на Пајак Планина. Таму останал многу време, а како ранет дошол во Скопје. Во јуни 1946 година преку Гевгелија се вратил на Пајак Планина и тука го формирале одредот НОФ. Дејствувале сами, биле околу 30 луѓе. Во 1946 година се споиле со ДАГ. Потоа ја формирале првата чета за саботери - диверзантската чета. Во рамките на ДАГ во 1946-1947 година постигнале големи успеси во реонот на Фуштани. Таму цела седмица воделе борби со непријателот, кој прв пат употребил авиони, меѓутоа партизаните успеале да издржат и да им запленат многу воен материјал на фашистите. Извршиле напад на селото Костољуби. Ги зазеле сите села, освен градовите. Имале наредба да пукаат во секој кој ќе отвори оган кон нив. Воделе борби и во селото Мандалево, Гуменџе. Во 1947 година партизаните држеле половина територија од Грција, освен градовите.

Подоцна Танулевски станал командир на чета и заминал на Каракамен Планина. Таму учествувал во нападите на Негуш, селото Јанчишта, имале големи диверзии на железничката пруга кај Мухарем Хан. Според неговото кажување, во 1948 година на Каракамен било донесено многу оружје.

„Ни донесоа 3-4 топови за да го нападнеме Негуш. Дваесетилјадна војска од сите страни нѐ обиколи и успеаја да ни ги фатат топовите. За таа офанзива јас со мојата чета бев на определено место - Горно Грамадико, каде водевме борба гради в гради. Бев на многу ниско ниво и два дена се борев со нив додека дојдов до нашите. На крај ни отворија широк фронт - 30 метри, па успеав да дојдам до нашите. На Каракамен Планина станавме баталјон од две чети саботери. Отидов да го побарам командантот Костаки од Солун. Откако го најдов, разговараме, но една граната падна меѓу нас и го распарчи, а мене ме рани во ногата. Еден друг командант од Караѓова, чие цело семејство беше во партизани (3 ќерки, син и жена), претходно ми ги остави ќерките Атина и Софија на одговорност. Кога се вратив назад кај моите борци, девојките преврзуваа еден парти-

Планите беа местата каде што се водеа жестоките борби со монархофашистите

зан и се шегуваа со мене зашто дојдов ранет. Во тој момент два авиона прелетаа над нас, при што една од девојките беше ранета. Ечеше Каракамен Планина од нејзиниот пискот. Сите ранети се искачивме на врвот на планината“.

Танулевски потенцира дека од Каракамен планина требало да бидат префрлени на Кајмакчалан, при што морале да го поминат патот од Лерин за Воден, кој бил опколен од монархофашистите. Еден од соборците отишол да види дали ќе можат да го минат патот и ги предал на монархофашистите. Претходно имало несогласување меѓу раководните лица за префрлање на ранетите. Но, сепак успеале во целта.

„Нè однесоа во болница. Таму останав подолго време. Всушност, во 1948 три пати бев ранет. Но, и додека бев во болница учествував во саботерските акции. Во 1948 година се водеа борби за Грамос, нашата бригада успеа да обезбеди 3 тони динамит. Требаше да се урне патот меѓу Воден и Агра. Планот го направија, но не беа доволно обучени за тоа. Им помогнав и во таа акција“, вели Танулевски.

Во 1948 година повеќе од еден месец имало офанзива на Кајмакчалан. Се префрлиле на Пајак Планина. Презеле голем материјал, минофрлачи, постигнувале успех во акциите од Кајмакчалан до границата. Но, нашиот соговорник добил напад на слепо црево и на крајот на 1948 година па до почетокот на 1949 година дошол во Катланово. Седумнаесет дена по извршената операција преку Битола повторно се вратил на Кајмакчалан. Во април се одржал Вториот конгрес во Нивици.

„Во 1949 година ги нападнавме Баница, Корнишево, Петричко. Заминавме за Вичо, а оттаму ме вратија на Кајмакчалан. Таму почнаа офанзивите и непријателот нè притисна до границата. По наредба поминав на Пајак Планина за да одиме на Каракамен Планина, но таму не заминавме. Два-три дена водевме борби и влеговме во Југославија. Тоа беше во август 1949 година. Од Гевгелија заминав на Матка во Скопје. На 28 август таму нè посетија од АФЖ. Подоцна се вработив во Комисија за државна контрола - инспектор на трудот. Претходно, како командир на бригада, во Загреб учествував во изградбата на студенскиот град. Во 1987 година се пензионирав како инспектор на трудот од Општина Центар. Како член на државна делегација помогнав многу деца кои беа сместени по домовите да останат во Југославија, во Македонија“, потенцира Танулевски.

Стојан Трпчевски
СМИСЛЕН ПОТЕГ ДА СЕ ИСЧИСТАТ МАКЕДОНЦИТЕ

„Направивме договор меѓу македонското НОФ и грчкото КПГ. Договорот беше дека кога ќе ја ослободиме Грција ќе добиеме автономија, јазик, школи. Со тие идеи одевме напред, не гледавме дали ќе загинеме. Но, што се случи, потоа... Паднавме на испит. И во текот на војната, во КПГ нè нарекуваа Славомакедонци, на што им се спротивставувавме, а и не бевме многу сигурни дали доколку успеше Граѓанската војна, КПГ ќе ни го дадеше она што ни го вети“, вели Стојан Трпчевски.

Кој и зошто ја смисли Граѓанската војна во Грција? Ако однапред се знаеше нејзиниот исход - чистење на македонското население во Егејскиот дел на Македонија, иако уште тогаш Комунистичката партија на Грција не ги признаваше Македонците, односно ги нарекуваше Славомакедонци, тогаш имаше ли смисла учеството на Македонците во првите линии на фронтот?

Овие и ред други прашања си ги поставуваме не само ние, туку и нашите соговорници, учесници во Граѓанската војна во Грција. Еден од нив е и господин Стојан Трпчевски.

„Се боревме за татковината, тоа беше наш идеал. Во 1946 година се групираа единиците, во 1947 година се формира ДАГ, а кон крајот на истата година ДАГ доби привремена Влада. И ние имавме македонски организации како, на пример, НОФ. Направивме договор меѓу македонското НОФ и грчкото КПГ. Договорот беше дека кога ќе ја ослободиме Грција ќе добиеме автономија, јазик, школи. Со тие идеи одевме напред, не гледавме дали ќе загинеме. Но, што се случи, потоа... Паднавме на испит. И во текот на војната, во КПГ нè нарекуваа Славомакедонци, на што им се спротивставувавме, а и не бевме многу сигурни дали доколку успееше Граѓанската војна, КПГ ќе ни го дадеше тоа што ни го вети“, вели Трпчевски и дополнува: „Во текот на војната имаше многу предавници од редовите на ДАГ. Затоа ја одложија битката на Лерин. Нашите борци се пре-

даваа само за да бидат со своите фамилии, а имаше и други паравоени формации. КПГ наоѓаше триста начини да нè убедува како да останеме таму. Сепак, погледнато од денешен аспект, произглегува заклучокот дека некој ја смисли оваа војна за да се исчистат Македонците од Грција. Евакуацијата на децата беше по наредба на КПГ. И денес КПГ не нè признаваат како Македонци. Страшна беше глетката кога во април-мај 1948 година ги собираа децата. Македонците наседнаа. Веројатно тоа беше намерна чистка, а пред да се евакуираат децата, грчката кралица Фредерика имаше дадено наредба сите деца од тие села да се соберат и да се однесат во Атина за да ги направи јаничари. По војната, до 1950 година, таму останаа некои борци на ДАГ, а тоа беа оние кои беа затворани во концентрациони логори. Оваа Граѓанската војна во Грција многу потсетува на онаа во Македонија во 2001 година".

Го прашавме зошто, кога веќе знаеле дека КПГ, и покрај спротивставувањето од нивна страна, продолжува да нè ги признава како Македонци, останале да се борат?

„Имавме наши организации, АФЖ, НОМС. Тие ја водеа политиката. Јас бев само војник. Всушност, уште со самото доаѓање од Гевгелија во Грција, кога се регрутиравме во Армијата, отворија книга да нè евидентираат и нè прекрстија. НОФ имаше бази во Југославија, Македонија, а нашите раководители навиваа да останеме таму. Дури и ако некој се вратеше не му даваа работа, го нарекуваа дезертер. Иако и денес нè нарекуваат Славомакедонци, сепак годинава ја прифативме поканата на КПГ, ја посетивме масовната гробница во Лерин, зашто тоа ни е единствен начин да ги посетиме местата каде што се боревме и каде загинаа нашите другари", потенцира Трпчевски.

Господинот Стојан Трпчевски е роден 1928 година, во Сетина. Пред да се вклучи во редовите на ДАГ бил војник во ЕЛАС, во 1944 година. Тој се потсетува на времињата кога, по демобилизацијата од ЈНА, биле собрани во еден баталјон во старата воена болница во Скопје и на 3 ноември 1947 година, преку Гевгелија, заминале на Пајак Планина во Грција. Првата битка која ја воделе била на 26 ноември, истата година во селата Струпино, Пожарско, во околината на Соботско.

„Монархофашистите нè нападнаа со авиони. Убија две-три момчиња. Таму престојувавме неколку дена, а потоа дојдовме во бањата во

Пожарско и оттаму истата група, преку Кајмакчалан, замина во леринската околија. Јас бев водач на групата, зошто таму сум роден и местата ми беа познати. Во Сетина нѐ распоредија да спиеме по куќи. По неколку дена, преку курир кој беше испратен од Вичо, дојде наредба дека бидејќи сега теренот е чист, за разлика од претходно кога паднавме во заседа, да тргнеме од селото Сетина кон Вичо. Така, спокојно заминавме за Вичо, а претходно во Желево, па добивме распоред во кои единици да бидеме распоредени. Мене ме распоредија во 105. бригада. На Вичо останавме до крајот на 1947 година. Во 1948 година почнаа силните борби на Грамос. Не учествував на битките на Грамос затоа што ме повикаа во Главниот штаб во село Граждано, каде ми побараа да најдам свои луѓе за да формираме баталјон за известување, односно информативен баталјон. Задачата ја завршив, односно најдов луѓе од леринската околија и ја формиравме информативната група. Наша обврска беше да ги информиравме штабовите колку монархофашисти има, каде се распоредени, како се вооружени итн.“, раскажува Трпчевски.

На 28 август 1948 година, објаснува нашиот соговорник, Демократската армија од Грамос се повлекла на Вичо, зашто немала каде, загинал многу народ. По престројувањето на единиците, се воделе борби на Вичо. Еден дел од ДАГ се вратил на Грамос, а тој со неговата група водел борба на Малимади, во чија околина се селата Лапаница, Косинец, Вмбел, Дмбени...

„Откако стивна борбата се повлековме во селото Брезница. Нашиот баталјон го повикаа во Штабот и ни рекоа да војуваме самостојно. Односно, ако до пред тоа бевме во ДАГ сега требаше да војуваме самостојно. Мене ме поставија за командир на 180 луѓе. На сите им дадоа по еден германски митралез, а секој имаше своја задача, да контролира три-четири села на потегот од Кајмакчалан кон Вичо и обратно“, вели Трпчевски. Тој потенцира дека уште од октомври 1948 година се шушкало за нападот на Лерин. Со тоа „предавниците“ му дале повод на непријателот добро да се вооружи. Заедно со пет-шест луѓе од групата Трпчевски го испратиле во офицерската школа „Петти ред“ во селото Раби, во околината на Преспа.

„Помина 1948 година и дознавме дека Захаријадис рекол оти ќе го нападнат Лерин. Секој доби задача, јас отидов во Бела Вода, а други во Псодари. Лерин требаше да го нападнеме на 12 февруари, рано во зори-

те, но шпиунажата добро работеше. Иако официјално е запишано дека борбата е водена на 12 февруари, всушност битката на Лерин се случи на 13 февруари. Монархофашистите го искористија претходниот ден и добро се вооружаа, а на помош им дојдоа и авиони. Иако влеговме во Лерин, сепак не успеавме да ги поразиме монархофашистите и да го ослободиме градот. Бевме сардисани. Се вративме во Преспа и се стациониравме во Желево. Дел од армијата се врати на Грамос, а таму ДАГ капитулираше. Некои војници се стационираа во Албанија, други во Русија, Ташкент, трети во Југославија, Бугарија, Романија. Единиците се распрснаа и згасна целото движење", посочува некогашниот учесник во Граѓанската војна во Грција, во која неколку пати бил ранет. Првиот пат се лекувал во Албанија, вториот пат во Катлановска бања.

Тито, раскажува Трпчевски, испратил свои доктори во Катлановска бања. Оние кои не можеле да се излекуваат ги носеле во Албанија, потоа во Нови Сад. По капитулацијата на ДАГ, борецот заминал прво во Бугарија, а потоа во Унгарија, каде се оженил, а во јануари 1955 година се вратил во Република Македонија. Денес тој е претседател на воените инвалиди на Сојузот на борците на Македонија - Чаир, и добива боречка пензија.

Тој вели дека соработуваат со боречката организација од Лерин. Многу грчки војници починале во болницата Катланово, па затоа сакаат да изградат заеднички споменик. Затоа и отишле во Лерин за да воспостават соработка во тој поглед. „Погледнато од денешен аспект, произглегува заклучокот дека некој ја смисли оваа војна за да се исчистат Македонците од Грција. Евакуацијата на децата беше по наредба на КПГ. И денес КПГ не нѐ признаваат како Македонци. Страшна беше глетката кога во април-мај 1948 година ги собираа децата. Македонците наседнаа. Веројатно тоа беше намерна чистка, а пред да се евакуираат децата, грчката кралица Фредерика издаде наредба сите деца од тие села да се соберат и да се однесат во Атина за да ги направи јаничари", потенцира Стојан Трпчевски.

Димитар Угриновски
КОГА КПГ ИМАШЕ ПОТРЕБА ОД НАС МОЛЕШЕ, ВО СПРОТИВНО МОЛЧЕШЕ



„Мое мислење беше и сè уште е дека ние, без разлика каква политика се водеше во Грција и во време на ЕЛАС и во време на ДАГ, требаше да земеме учество и да дадеме својот удел во таа ситуација, затоа што при евентуално ослободување на Грција во целина, ако македонскиот субјект не учествуваше во тоа движење, тогаш со какво право ние Македонците ќе баравме национална слобода, културна и историска“, потенцира Димитар Угриновски.

Господин Димитар Угриновски е роден во 1920 година во селото Тадиново, Пазарско, кое за време на Османлиите се нарекувало Еница Вардар.

Кога на 28 октомври 1940 година Италија се обиде да ја окупира Грција двајца негови браќа биле мобилизирани. Во 1941 година, Димитар заедно со своите другари доброволно стапил во грчката Армија, со цел да го даде својот придонес. Веднаш бил испратен на фронтот во Грчко-италијанската војна, а по неколку дена, по наредба, заминал во Корча - Албанија, која во тоа време била ослободена од регуларната грчка армија. Таму се сретнал со неговите браќа. Подоцна бил прекомандуван и заминал во Атина како телеграфист. Угриновски раскажува дека кога Хитлер го нападнал Балканот, не ја поштедил ниту Грција. Се потсетува и на настаните кои во тој период се одиграле во грчката престолнина, како што било бомбардирањето на фабриката за оружје. При бомбардирањето имало жртви, а и тој настрадал, односно несакајќи бил ранет од негов другар. Раскажува и за бомбардирањето на еден брод во кој, за среќа, не се нашле тој и неговата група, зашто претходно дошло до поделба на четите.

„Во Атина, во тоа време постеше голема криза. Народот беше изгладнет, а страшна беше глетката на мајките кои ги молеа Германците

да им дадат храна за дечињата. Ние баравме да се вратиме во Солун, но нѐ известија дека со овој град непостои никакаква комуникација - ниту телеграфска, ниту патничка, и апсолутно не доаѓаше предвид никакво враќање. Најпосле се најде начин и со едно мало бротче тргнавме од Атина за Солун. Кога пристигнавме луѓето во моето село беа изненадени од тоа што се вратил, зашто тие и не знаеле дали воопшто сум жив. Сите изглегоа за да ме пречекаат, а по два-три дена заминав кај мојата сврше-ница, која живееше во друго село, ѓупчево. Всушност, таму и останав како домазет“, објаснува Угриновски.

ПРОТЕРУВАЊЕ НА ОКУПАТОРОТ

„Следуваше - се потестува борецот - прилагодување на нови услови на живеење. Во ова село имаше стари комунисти уште од 1928 година. И моја прва задача беше да ги формираме првите келии на КПГ. Потоа формиравме реонски комитет од десеттина села, а јас станав негов инструктор и за грчките и за македонските членови. Поради бугарската инвазија врз македонското население за бугарски лични карти, на некој начин КПГ беше принудена да ги одврати од Бугарите и да ги приклучи во своите редови. Од друга страна, пак, македонскиот народ немаше никаква доверба кон Грците, затоа што претрпе многу удари од грчката политика“.

Тој објаснува дека во партизанските единици се вклучил во 1944 година, конкретно во 30 бригада во четата минери, која имала цел да минира мостови, железнички пруги итн. Учествувал во многу саботажи и борби против окупаторот. Угриновски ги истакнува борбите во Крија-вриши, во Кукуш, битката за градот Пазар .

„Кога градот падна, речиси седумдесет отсто од него беше изгорен. Се боревме до крај. Во Кукуш 9.000 соработници на непријателот чекаат да дојдат Англичаните и да се смени окупаторот. Во најтешки услови, кога интервенциите на Англичаните беа потпомогнати од грчката Влада на Папандреу, 68 денонoќија нашата бригада се бореше за протерување на новиот окупатор. Договорот „Либан“ предвидуваше национално единство. Но, тоа всушност значеше крај на ЕЛАС, и целокупната партизанска армија падна под ингеренција на генерал Скоби. Меѓутоа, со договорот

на Варкиза на 2 февруари 1944 година се дојде до решение ЕЛАС да го положи оружјето, зошто се случи големо предавство. Партијата воопшто не требаше да се согласи со таков договор, а 90 отсто од народот беше на наша страна. Со 100.000 борци на Армијата можевме да им се спротивставиме не само на Англија и на Папандреу, туку и на поголема сила, зошто тогаш, на пример, Кипар со 3.000 борци ја победи Англија и создаде Кипарска држава, а ние не успеавме да добиеме слобода, независност на сопствената држава. Можевме да ѝ се спротивставиме на Англија токму тогаш кога таа беше најслаба, и економски и стратешки, поради борбите со Германија...“, раскажува Угриновски.

ВЛАСТА НА МОНАРХОФАШИСТИТЕ

По доаѓањето на монархофашистите на власт, во Грција се развивал жесток терор, затворите и егејските острови биле полни со депортирани борци. Но, најлошо било за учесниците на ЕЛАС, кои биле прогонети од своите домови.

„Уште во 1945 година, кога бев прогонет, се вклучив во новото движење, НОФ. Моја првостепена задача беше, по тајни канали, прибирање прогонети борци, и до крајот на октомври сите нè префрлија во Гевгелија. Пролетта 1946 година повторно се вративме и ги почнавме првите активности против новиот окупатор. Бев секретар на Еница Вардар, дадовме голем придонес во омасовување на движењето. Партијата

Средба на Угриновски со неговите браќа во Корча - Албанија, 1941 година (Божин, Коста, Димитар)

беше принудена да го признае НОФ затоа што почнувајќи од Источна Македонија, Пајак Планина, Кожув, Кајмакчалан и Вичо, цела таа верига од населението беа Македонци и без нив движењето не доаѓаше предвид. Секоја војна си има цена. Изгубивме многу луѓе. Според мене, сè ова не требаше да се случи“, потенцира Угриновски.

По грешките кои ги направи Грција не само кон сопствениот народ, туку кон Егејска Македонија, сега се поставува прашањето дали Македонците требаше да земат учество на фронтот?

„Мое мислење беше и сè уште е дека ние, без разлика каква политика се водеше во Грција и во време на ЕЛАС и во време на ДАГ, требаше да земеме учество и да дадеме свој удел во таа ситуација, затоашто при евентуално ослободување на Грција во целина, ако македонскиот субјект не учествуваше во тоа движење, тогаш со какво право ние Македонците ќе баравме национална слобода, културна и историска. Всушност, на 25 март 1949 година во село Нивици се одржа Вториот конгрес на НОФ, на кој бев делегат. На когресот беше усвоена резолуција, а Захаријадис, секретар на КПГ, рече дека при ослободување на Грција, македонскиот народ ќе има свои национални, социјални и други права, дури и право на отцепување и формирање сопствена држава во рамките на балканската федерација. По крахот на ДАГ дел од единиците се префрлија во Албанија и во Бугарија. Кога на крај видов дека немаше услови за работа, јас со својот кадар, како секретар на Еницe Вардарско, и член на Окружниот комитет на НОФ, бев принуден и се префрлив во Гевгелија. Оттаму во 1949 година дојдов во Скопје и оттогаш до денес сум овде“.

Дали доколку успееше војната, КПГ, односно Захаријадис, ќе го исполнеа ветувањето?

„Крајна цел на оваа Декларација беше по секоја цена да се задржи македонското население во рамките на движењето. Постоеше надеж дека по ослободувањето македонскиот народ ќе има слобода, свој јазик, култура, обичаи, сè што му припаѓа. Дали ќе се формираше посебна македонска држава во рамките на балканската федерација ќе беше не само прашање на Грција, тука и на Бугарија и на Југославија. А во однос на македонското прашање КПГ играше топло-ладно. Кога имаше потреба, пред борби молеше, кога немаше потреба од наши борци, молчеше“, вели Угриноски.

Коста Талов
КАКО КУРИР СЕКОГАШ ВО ПРВИТЕ РЕДОВИ



„Бевме голема сила. Грчките фашисти почнаа да нè напаѓаат дури во септември 1947 година. Сакаа да се 'пресметаат' со партизаните и напаѓаа на Вичо каде беа стационирани околу 300-400 партизани. Требаше да го браниме реонот од Вичо, Виła до Буф и да не им дозволиме на монархофашистите да навлезат на другата страна, што беше слободна територија на партизаните. Во овој реон се бореше војската на Суло, (Коста) Пецо и на Џавела. Всушност, сите овие чети ја сочинуваа 18. бригада, со која раководеше Гарефи", вели Коста Талов.

За своето учество во Граѓанската војна раскажува и Коста Талов, роден во село Сетина, Леринско, во далечната 1927 година, во попско семејство. И тој требало да биде поп, но почнала војната, по што станал борец за демократска и слободна Грција. Најпрво, како 16-годишно момче се вклучил во ЕЛАС, каде заедно со останатите борци им помагал на партизаните и како курири ги пренесувале преку Кајмакчалан за Караѓова. Кога почнала Граѓанската војна, партизаните, кои биле стационирани во неговото родно село Сетина, почнале да се организираат во групи. Тој се потсетува на моментите кога одењето по дрва во планините го користеле за да им носат храна на партизаните. Во тоа време, според негови кажувања, грчката монархофашистичка војска не знаела од каде доаѓаат партизаните, дали се од самите села, дали се протерани од Југославија, или од Бугарија. Монархофашисти имало стационирано во селото Овчарани, каде тие направиле свои упоришта. На почетокот на војната грчките непријатели не напаѓале, туку само ги набљудувале борците за демократска Грција кои, пак, дејствувале ноќе за да ги истераат.

„Бевме голема сила. Грчките фашисти почнаа да нè напаѓаат дури во септември 1947 година. Сакаа да се 'пресметаат' со партизаните и напаѓаа на Вичо каде беа стационирани околу 300-400 партизани.

Требаше да го браниме реонот од Вичо, Бигла до Буф и да не им дозволиме на монархофашистите да навлезат на другата страна, што беше слободна територија на партизаните. Во овој реон се бореше војската на Суло, (Коста) Пецо и на Џавела. Всушност, сите овие чети ја сочинуваа 18. бригада, со која раководеше Гарефи. Имаше секојдневна борба, при што загинаа многу луѓе, а над селото Турија ги соборивме монархофашистите“, објаснува Талов.

НАПАДИ

Нашиот соговорник се потсетува и на случката кога како 19-годишно момче заробил двајца грчки војници, а раскажува и за борбите во близина на албанската граница, и за конференцијата, која била одржана на планината во Костенец.

„Добивме задача да го собереме оружјето од Кајмакчалан. Втората вечер се стациониравме во Попадија. Третата вечер заминавме за Невеска, каде половина од војската остана, а половина замина. Од Невеска отидовме во Статица, каде ме ставија во бригадата на Суло, добив задача

Како 16-годишно момче се вклучил во ЕЛАС, а потоа и во граганската војна

да чувам стража. Четири вечери не спиев, барав некој да ме замени. Петтиот ден десетарот ми рече да одам на ридот на денска стража. По ручекот, тој потенцира дека ќе го чистиме оружјето, а вечерта ќе одиме во борба, и оти нема спиење. Околу 400 партизани тргнавме да удриме накај Д'мбени, Костенец... Партизаните ги водеше мајорот Гранити. Војската на Сулo одеше напред, а јас бев во првите редови. Се судривме со Грците, но во близина на албанската граница, не паднавме во заседа, се вративме. На планината во Костенец имавме конференција на која требаше да ги кажеме впечатоците од таа борба. Иако летаа авиони на грчките непријатели, сепак не нѐ открија. На конференцијата на која требаше да се каже што се случуваше во нашите борби, зедов збор и раскажав за тоа како тргнавме со оружјето од Кајмакчалан, до Невеска, Статица, Кономади, Смрдеж... Им кажав дека веќе 6-7 дена само одам, воопшто не сум спиел. Тогаш политичкиот комесар на војската ми рече да го предадам оружјето во четата. Се исплашив, бидејќи мислев дека ќе ме убијат. Откако ја исполнив обврската, го предадов моето оружје, ми дадоа митралез, и му станав курир на капетанот Сулo, со задача да го следам во секој негов чекор. Веќе не чував стража", посочува нашиот соговорник.

ЗАДАЧА

Тој раскажува и за своето учество во групата на Нико Турукиди, кој бил командант на Леринскиот округ.

„Се пријавив да ја предводам групата борци од Брезница за Сетина. Во ова село го најдов Нико Турукиди и тој ме прифати во неговата војска. Напаѓавме во Леринско поле.

По еден месец дојде команда Нико Турукиди со војската да се префрли на Вичо, по што заедно отидовме во селото Рула, Костурско. Таму војската беше преполовена, дел од неа ја распределија за Грамос. Турукиди не ми дозволи да заминам. Ме задржа како курир, бидејќи добро го познавав леринскиот крај. Потоа добивме задача само ние двајца да се вратиме во Сетина. Со нас до Кајмакчалан требаше да пренесеме и една Американка (која беше дел од некоја комисија за испитување на тоа до каде е војната, како напредуваме, до каде сме со оружјето...), еден преве-

дувач, десеттина борци на ДАГ, како и две мазги натоварени со храна (оружје). Тргнавме за Сетина, бидејќи тоа беше слободна територија на партизаните. Одев напред. Времето беше врнежливо , темно, а кога пристигнавме до Леринско поле, сфатив дека сум го заборавил патот кој води до Сетина. Сепак, дојдовме до Борешница, па до Неокази, по што тргнавме кон Сетина. Влеговме во селото. Американката заедно со придружбата се смести во нашата куќа - куќата на попот, а Нико во куќата на шабанови (Канзурови), каде се наоѓаше Штабот. Само што се сместивме бевме известени дека монархофашистичката војска од Овчарани го обиколила селото Сетина, со цел да ги нападне партизаните. Од Нико добив наредба како знам да ги спасам Американката и нејзиниот преведувач. Бегајќи по сокачињата, се најдовме во близина на југословенската граница. Оттука патот го продолживме до месноста Кациката на Кајмакчалан каде беше договорено да му ја предам групата на командантот на Кајмакчалан. Американката ја презедоа партизаните“, вели Талов.

Тој се потсетува и на моментите кога група 14-годишни деца однел на Кајмакчалан. Оттаму преку Кожув бил префрлен во Sена, каде останал три месеци. Во мај 1948 година повеле борба на Кајмакчалан. Неговиот претходен водач Нико, иако требало да замине на Кајмакчалан, всушност заминал за Грамос каде се отворил фронт со Грците, а дел од единиците се повлекле во Албанија. Имено, последната акција во која учествувал Талов била во војската на Тоска на Кајмакчалан 1948 година.

По завршувањето на Граѓанската војна заедно со останатите борци пребегал во Република Македонија.

Александар Поповски
СЕГА, КОГА НА СТАРИ ГОДИНИ РАЗМИСЛУВАМ, МОЖАМ ДА КАЖАМ ДЕКА БИТКАТА НА ЛЕРИН БЕШЕ КАТАСТРОФАЛНА

„Генерал Маркос, кој се врати од Советскиот сојуз, во Солун се сретна со генерал Папагос (главен на монархофашистите). 'Папагос му вели ја изгубивте Граѓанската војна, но Маркос му одговора - да, но ја добивме Егејска Македонија'. што тоа значи, дека ги истребиле Македонците од север", вели Александар Поповски.

Александар Поповски е роден 1932 г. во револуционерното село Долно Котори, Леринска околија. Потекнува од средно имотно земјоделско семејство, истовремено и револуционерно, бидејќи неговите дедовци (татко на татко му и неговите пет браќа биле комити, од кои едниот бил војвода, дедо Коњо војводата). Животот во селото не им бил многу сјаен, поради тоа што постоел терор кој се спроведувал особено врз Македонците. Поповски учел грчко училиште, но завршил само прво оделение, второто го напуштил затоа што кога еднаш на вратот носел црвена марама учителката го удрила и дедо му му рекол веќе да не оди на училиште. Неговата мајка плаќала даноци поради тоа што Поповски не одел во училиште. Во март 1946 г. татко му бил искодошен од грчки шпион дека поседува оружје. Вечерта на 18 март непријателите дошле во куќата на Поповски за да го бараат оружјето, но татко му претходно им побегнал.

„Ја обиколија куќата, го бараа татко ми. Ми рекоа дека тој ги испратил за да им ја дадам пушката. Имав 14 години, бев најголемото дете во семејството, имав три помали сестри. Знаев каде е пушката зашто кога татко ми си дојде од Италија донесе еден товар оружје и го раздели низ селото, беше познат по тоа дека на селаните им делел оружје. Ме седнаа на столица, ме удираа и ми рекоа дека тука ќе ме заколат ако не кажам каде е оружјето. Им реков - испратете го татко ми нека ви го даде оружјето, јас не знам каде е. Мајка ми им рече оставете го детето, да го донесат

Одликуван за своето јунаштво во Мускулули-Албанија со чин пошторучник, 1948 г.

татко ми, тој да им каже. Тогаш ја фатија мајка ми за коса и ја влечеа од вториот кат на куќата надолу. Сè до смртта таа имаше последици во главата. Мене ме пуштија, но по три дена повторно ме викнаа во нивниот штаб. Ме врзаа за кревет и три дена ме тепаа. Само велев - немам оружје. Бев горделив. Еден шпион донесе третина од оружјето и бараше да ме убијат, да ме фрлат сред село, за на тој начин да го заплашат народот да не бега во партизани, а и другите кои имаат оружје да го вратат. По три дена ме ослободија, а јас неколку месеци боледував од тоа што ме удираа по нозете, а и ден денес кога ги гледам лузните се потсетувам на тоа време. Потоа повеќе не ме задеваа, татко ми замина во планина, па во Лерин каде се поврза со организацијата и оттаму за Македонија, односно во Битола. Јас станав дрварче и стапив во контакт со партизаните, односно со организацијата на НОФ на Вичо и без да знам јас веќе бев курир. Тие ми ги береа дрвата, јас одев натоварен со две магарења, но не знав дека внатре во цепените дрва тие ставале писма, кои заедно со дрвата ги носев и ги растоварав во Лерин. Се запознав со првиот секретар на младината ЕПОН, Кире Калилин, од с. Прокопана, кој ме назначи за одговорен за селските деца, односно да ги организирам да бидат курири во селата. Како курири гледавме каде се стационирани грчките војници, кој е фатен и затворен од селото, кои се малтретирани итн. Тоа траеше сè до октомври 1947 г. кога загина во една битка на подножјето на планината Гленари. Слегувајќи со козите

надолу тој падна пред моите очи. Успеав да го земам и да го скријам во папратот за непријателите да не можат да го најдат. Утредента со братучед ми го погребавме“, раскажува Поповски.

ТОРТУРА

Курирската задача ја извршувал сè до 5 март кога решил како доброволец да замине во партизани, затоа што се засилила грчката тортура, особено што не се избирале средства за мачење на луѓето.

„Заминав во Смрдеш, бев во младинската единица ЕПОН. Нико Каранастаси ме постави како негов личен курир. Единицата замина во непознат правец и по неколку денонокни патувања кон Грамос, дојдовме на планината Клефтин. Тука се стациониравме. На 17 јуни 1948 г. почна

На Клефтин 1948 г.

големата епопејска битка на Грамос, која траеше 74 денонoќија. На ритчето Клефтин, арамитска планина која е со 2.000 метри височина, беше донесена одлука за напад на 28 јуни 1948 г. зашто ако монархофашистите ја скршат планината Клефтин, партизаните од Грамос ќе бидат обиколени. Го држевме 44 денонoќија, имаше случаи пет пати во еден ден да ни го преземат па ние да го заземеме ритчето. Тоа беше крвава битика, со пена в уста монархофашистичката армија напаѓаше и со извиците за кралицата, напред како сноп, јуреа со автоматите. Но, само еден ден успеаја да го преземат Клефти. На Клефти остана знамето на младината. Херојството на партизаните, особено на Македонците не може да се опише. На Которска кула беше обиколено едно македонско одделение. Кога им заврши оружјето погинаа четворица, останаа тројца, од кои еден Македонец. Од височината се фрлија долу. Откако целото оружје го насочивме кон монархофашистите, нив ги фати паника. Фредерики чекаше со американски генерал, велејќи дека за седум дена ќе го заземат ритчето. Но, наместо 7 ние го држевме 44 денонoќија. Пред да го напуштиме ритчето генералот на ДАГ, Павлос Томболидис, рече само мајка може да роди такви херои за да издржат ваква битка. Прв пат беа употребени напалм бомбите (кога ќе паднеше ширеше пламен и сѐ околу гореше). Од 124 деца од четата само четири останавме живи. Значи, 44 денонoќија го држевме само Клефтин, а 74 денонoќија Грамос. Правевме пробив кон албанската граница. 105. бригада со која командуваше Павлос Томболидис се проби до подножјето на Левица. На 20 август 1948 г. Папагос рече Атина ќе падне, Левица нема да падне, а ние на 21 август 1948 г. решивме да ја нападнеме Левица и тоа со голем успех, им ги уништивме бункерите, отворивме место да можат да поминат партизаните. И така ранетите партизани поминаа преку Албанија, а здравите околу 4.500 партизани (податоците се од амерканска разузнавачка служба, кои ги изнесе генералот Ванфлит и рече треба да се сменат грчките генерали), поминаа на Вичо. Со доаѓањето на Вичо на 12.9.1948 г. се случи големата битка на Малимади, на планините Бучи-Вучи. Ги зазеде третата бригада. Со 107. бригада командуваше Велисари, а политички комесар беше Стаматис, одржавме состанок во селото Смрдеш и вечерта ги обиколивме ритчињата, имаше повеќе од 1.000 мртви монархофашисти. Ги фати паника, го фрлаа оружјето. Заставме над Д'мбени

зашто немавме оружје. Премиерот на Грција, Софолис, рече - Господе, дојде крајот на Грција. Го заседовме Бучи-Вучи и во наши раце беше сè до 1949 г.“, се потсетува Поповски.

БИТКАТА ЗА ЛЕРИН

Во меѓувреме се случиле не толку тешки борби. Поповски учествувал во повеќе од 100 борби, а три пати бил ранет. Во февруари требало да го нападнат градот Лерин и по секоја цена да се заземе за да стане седиште на привремената Влада на ДАГ.

„По настапувањето на Информбирото - дополнува Поповски - Тито ни го сврте грбот, ни се ветуваа тенкови, авијација, камиони, но... За Лерин беа подготвени 16 топови кои требаше да удрат но, за жал, офицерот кој раководеше со топовите се покажа како предавник. Топовите требаше да пукаат од 12 часот на полноќ до 3 часот, а потоа да се влезе со песна во Лерин. Но, не беше така, монархофашистите неколку седмици знаеја дека за Лерин се подготвува напад. Вечерта успеавме да дојдеме и ги скинавме жиците од оградата на Лерин, ги ликвидиравме двајцата стражари. Авијацијата не можеше да се употреби, бевме многу блиску, таа само нè заплашуваше. Битката на Лерин беше страшна, навлеговме 400 метри внатре, но овде од секаде се стрелаше. Во Лерин учествуваа 14., 18., 108. бригада, јас бев во 107. бригада, која го плати цехот со еден баталјон, кој беше уништуван и нејзините борци ранувани. Сега, кога на стари години размислувам, можам да кажам дека битката на Лерин беше катастрофална за ДАГ. Тој не можеше да опстане. Повеќе од 50 отсто во единиците на ДАГ беа Македонци и се бореа со душа и срце. Димитриос Ландас раководеше со битката на Лерин. Според точни податоци, во битката на Лерин има 702 или 704 загинати партизани, а во гробницата фрлаа ранети партизани, кои врзани за тенкови ги влечеа низ Лерин. Според еден командир на баталјонот 539., Димитриос Шумадис, партизаните кои биле полесно ранети наместо да ги лекуваат во болницата, гркоманите ги труеле со отровни инјекции. Тоа го прочитав и во книгата ЕАМ, ЕЛАС, ЕПОН, ДАГ. По битката за Лерин заминавме на Малимади. На 1 април 107. бригада, во која бев јас, тргна да го ослободи Грамос. Успехот беше пиров, ако тие Грамос го освоија за 74 дена, ние за

7 дена го ослободивме и ги заседовме старите позиции. Нашата бригада беше стационирана на планината Голо - Каменик. На Каменик со 539. баталјон останавме сè до отстапувањето на ДАГ на 31.8.1949 г. Направивме маневри. На почетокот на август по втор пат Грамос беше нападнат, но главната сила непријателот ја насочи кон Вичо, мислејќи дека партизаните ќе се повлечат од Грамос на Вичо, но тоа не им успеа. Во тие битки околу два грчки баталјона беа уништени на едно безимено ритче. На 14 август го нападнаа Вичо и на 17 август тој падна во грчки раце. 539. баталјон остана до крај за да може партизаните да се пробијат и тој ја доби значката Баталјон на хероите. На 31 август ноќно време отстапивме, повторно во непознат правец, откако цело оружје беше исфрлено кон Грците, кои по три дена се качија на Грамос и на Каменик (границата со Грција), каде немаше ниту еден партизан. Ги повлековме сите партизани во Албанија, не оставивме ниту еден ранет.“.

ИСТРЕБУВАЊЕ

Поповски во Албанија дошол во Чирик. На 15 октомври со камиони ги однеле во Драч, каде ги качиле во товарен брод. Бродот бил поделен со неколку прегради и во него можело само да се седи, но не и да се стои. Тргнале за Русија.

„Патувавме по грчките води, меѓу Грција, Крит, Пелопонез. Кога дојдовме на Црно Море Турците нè застанаа и сакаа да проверат што има во бродот. Но, во горната преграда имаше жито и стока. Бродот стоеше 20 минути и тргна на второто патешествие, нас не нè видоа. По 14 дена пловење стигнавме во Советскиот Сојуз. Повторно нè поделија, едни тргнаа за Ташкент, беше формиран младински баталјон за Бековат, јапонски логор. И јас бев во него. Таму три години со оружје в раце чувавме дел од Централниот комитет на КПГ. Во април 1953 г. се запишав да учам военo-техничко училиште, заминав во градот Јанѓиљуљ (Нов град), но не го завршив училиштето, третата година ја напуштив шест месеци пред дипломирањето за да можам да дојдам во Македонија. Во 1954 г. во Русија се оженив со Василка Сукаловска, а во 1955 г. станав татко. ќерката ја крстивме Мирка, во чест на Мирка Гинова. На 3 декември 1957 г. го напуштив Советскиот Сојуз и дојдов во Битола. Во 1960 г. го добив синот

Пеце. Се вработив во фабрика за фрижидери и таму работев околу 30 години. Земам боречка пензија. За моето херојство во борбите бев одликуван со Орден за херојство од 1 степен, Орден за херојство од 2 степен, Споменица Грамос, во 1987 г. добив Орден заслуги за народ од Претседателството на Македонија, 1996 г. бев одликуван со орден од НОДЕМ-Народноослободително движење на Егејскиот дел на Македонија, одликуван сум со орден на ДАГ, 2006 г. „Битолски весник“ ме одликуваше со награда - личност на годината на Општина Битола“.

За тоа што им ветувала КПГ на Македонците, Поповски вели:

„Го прашувавме Захаријадис дали по ослободувањето ние Македонците за нив повторно ќе бидеме Бугари, а тој ни одговори: ‘Македонците со своето херојство заслужуваат не само да го користат својот јазик, туку и свое самоопределување‘, но тоа не се случи. Во 1988 г. секретарот на КПГ, Флоракис, за нас и за КПГ рече дека не постои македонско малцинство и кој ќе го постави ова прашање тој не само што е непријател на КПГ, туку и на грчкиот народ. Генерал Маркос, кој се врати од Советскиот Сојуз, во Солун се сретна со генерал Папагос (главен на монархофашистите). Папагос вели ја изгубивте Граѓанската војна, но Маркос му одговори: Да, но ја добивме Егејска Македонија, што тоа значи, дека ги истребиле Македонците од север. Му испратив писмо на Флораки, во кое му потенцирав дека кога Македонците гинеа за Грција и кога пла-

ќаат даноци ги има, а во друг случај ги нема. Жалам што таков човек ме одликуваше. Тој не може да биде генерален секретар, ако не е интернационалист. Но, не добив одговор“.

Ана Мангова
ВО БОРБИТЕ ДВА ПАТИ БЕВ РАНЕТА, А ОСТАНАВ И ВДОВИЦА



„Брат ми ги праша своите соборци - што бара сестра ми тука. Не знае ли какво време нè чека. Ми рече дека тука ќе биде тешко, гладта и вошките ќе ме изедат, па затоа ќе ме испрати во Скопје да работам. Но, јас не сакав да одам и му реков - каде ти, таму и јас. Тоа се случуваше во јули-август 1946 година“, објаснува Ана Мангова.

Револуционерноста и борбениот дух сè уште ја одржуваат виталноста на некогашната учесничка во Граѓанската војна во Грција, госпоѓа Ана Мангова. Родена е во далечната 1925 година во село Жупаништа, Егејска Македонија. Потекнува од револуционерно семејство, а од почетокот до крајот на Граѓанската војна била во првите линии на фронтот. „Патешествието“ во борбата за слободна демократска Грција, Мангова го почнала со вклучување во младинската организација ЕПОН, која функционирала во рамките на Комунистичката партија на Грција, кога всушност била одговорна за собирање на оружјето.

Во март 1946 година се одржале парламентарните избори на кои победила тогашната фашистичка Влада, а таа и нејзините соборци не гласале и од тогаш почнува нивниот прогон.

„Моето село се дели на Горно и Долно маало. Во однос на собирањето храна и оружје за партизаните на ЕЛАС, бев одговорна за Долно маало. Почнаа да ме гонат и да ме предупредуваат да внимавам да не паднам во рацете на грчката полиција. Се криев од март до јули 1946 година“, вели Мангова и се потсетува на неколку случки за тоа како се спасувала од грчката полиција и војска.

„При една обиколка на нашата куќа побегнав сред село и се скрив во надворешната кујна на една куќа. Се облеков во алишта на постара жена, ставив шамија. Домаќините не знаеја кој влезе во куќата, зашто зборуваа со војниците. Еден од нив ја отвори вратата од кујната и ми

рече: Девојче, дај ми вода! Им се обратив на домаќините да му дадат вода на војникот. Но, млад човек се познава по очите, всушност иако бев облечена како баба, тој знаеше дека сум девојче, па затоа ми се обрати со овие зборови, но не знеше дека всушност јас сум таа која ја бараше. Откако еден човек ни соопшти дека војниците се качиле на камиони и заминале, се појавив во мојата облека. Домаќините се изненадија и ми рекоа дека заради мојата постапка ќе им ја запалат куќата".

КРИЕЊЕ

Мангова објаснува како се криела и спиела по ливидите, планините. Но, луѓето се плашеле, не сакале да ја кријат и ѝ велеле да се предаде. По петмесечното криење по планините, во јули, во нејзината куќа дошле четворица од партијата.

„Ме однесоа на местото Буката Шестерска, Костурско. Се разболев. Добив температурата. Дури третиот ден ми донесоа леб и вода. Со мене немав никаква облека. Тука се сретнав и со брат ми Вангел Манго. Тој беше политички комесар на бригадата, која се бореше против Германците. Брат ми ги праша своите соборци - што бара сестра ми тука. Не знае ли какво време нѐ чека. Ми рече дека тука ќе биде тешко, гладта и вошките ќе ме изедат, па затоа ќе ме испрати во Скопје, да работам. Но, јас не сакав да одам и му реков - каде ти, таму и јас. Тоа се случуваше во јули-август 1946 година", потенцира Мангова.

Во тој период се формирала македонска бригада која самостојно се борела против фашистите, а од другата страна се бореле Грците.

Во октомври 1946 година од бригадата од Грамос и од бригадата од Вичо се формирала Демократската армија на Грција. Наредбата била ако во неа има двајца од исто семејство тогаш едниот да оди да се бори на Вичо, а другиот на Грамос. Мангова требало да оди на Грамос. Во текот на борбите во периодот од 1947 до јануари 1948 година завршила за десетар и офицерска школа. Оваа школа, како што вели оваа жена борец, зазела значајно место во борбите и таа не можела да ја заврши доколку не се истакнеш во акциите против фашистите.

Мангова објаснува како во тоа време била формирана и привремената Влада на ДАГ, која се борела против фашистичката Влада. Во рам-

ките на ДАГ се формирала и Демократската младина ДЕЛТАМИ, која била пример за тоа како треба да се војува. Тие биле први на фронтот, а таа раководела со еден вод од младината.

Од почетокот до крајот на граѓанската војна, во првите линии на фронтот

ПОХОД

Некогашната партизанка се потсетува и на моментите кога дознала за тоа како бил заклан нејзиниот брат.

„Мајка ми била во чаршијата, односно во поштата за да испрати храна за татко ми кој беше в затвор. Во чаршијата здогледала дете кое носело нешто во кутија, а по него оделе луѓе кои извикувале - жални Манго. Всушност, во кутијата била главата на брат ми. Мајка ми истрчала и посакала да ја добие неговата глава, но тие ја истуркале удирајќи ја. Така, еве ние никогаш и не дознавме каде е останато телото на брат ми. За неговата смрт ме информираа во штабот на ДАГ. Другарите на брат ми напишале писмо кое го адресирале до сестрата на херојот. Кога ме повикаа во штабот, плачев, но ме караа и ми велеа дека јас сум партизанка и не треба солзи да ронам. Брат ми имаше и девојка, а мојата внука, неговата ќерка, се роди посмртно“.

Во текот на борбите младинската бригада се соединила со една друга бригада баталјон, и заедно требало да одат до Румели за да ги земат невооружените од Грамос.

„Походот траеше четири месеци, а ни дадоа за јадење само едно лепче. Повеќето загинаа, имаше ранети. Кај месноста Еласона, на планината Марбеј и мене ме ранија. Во 1948 година се водеше борба на Грамос. Дојдоа да нѐ уништат. ДАГ се повлече и на 26 август дојдовме на Вичо. Потоа тргнавме да удриме во Лерин. Три пати одевме за Лерин, вториот пат ме ранија кај месноста Бела Вода. Ме лекуваа во Катланово, во Војводина, во Будимпешта. Бидејќи бев во болница, не учествував во последната битка за Лерин“, посочува Мангова.

„Што добив од војната - се прашува таа и одговара - Два пати ранета, одземено е моето и богатството од мојот сопруг. Останав вдовица. И мојот сопруг, поради раните добиени во војната, почина во болницата во Будимпешта. Сама го одгледав нашиот син“.

Томе Јарев
ОД ДИВЕРЗАНТ ДО ДОКТОР ПО ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ



„Еден ден монархофашистите го опколија селото и ги повикаа сите мажи да се јават на сред село. Татко ми ми рече жив да не се појавам, а наредбата беше кој нема да излезе веднаш ќе биде ликвидиран. Но, успеавме да се спасиме и јас и татко ми. Тој ден од нашето село беа заробени 184 мажи, меѓу кои и деца од 16-17 години. Нив ги испратија на островот Аљус Евстратиос“, раскажува Томе Јарев.

Томе Јарев е роден на 13 април 1926 година во с. Патиле, Леринско. Основно училиште на грчки јазик, со одличен успех, завршил во селото. Дома во семејството зборувале на мајчин македонски јазик, а во училиштето, затоа што му се случувало да изговори некој македонски збор, за казна бил затворан во подрумските простории заедно со глувците. Јарев потекнувал од земјоделско-работничко семејство, кое се занимавало со земјоделство. Тој вели дека на децата Македонци од Егејскиот дел на Македонија не им дозволувале да го продолжуваат образованието. Сепак, како најдобар ученик, него го испратиле да учи општа гимназија во гратчето Чутиле - Ипир на границата со Албанија. Но, по три месеци го повикал тамошниот директор и му соопштил дека мора да ја напушти гимназијата затоа што не произлегувал од добро семејство. Во тоа време, во 1936 г. на власт дошла диктатурата на Јани Метаксас, а неговиот татко, како напреден Македонец и како еден од најактивните комунисти, заедно со уште осуммина соборци, бил заробен и го однеле во градот Лариса, централна Грција. Овие лица воениот суд ги осудил на шест години затвор, а 4 години интернација на островите под Крит. По четиригодишен престој во затвор татко му бил испратен во затворот во Драма, каде останал до 1941 г., односно до окупацијата на Вардарска Македонија од страна на Бугарите и Германците. Тогаш татко му избегал и си дошол дома. Во тоа време и Томе Јарев се вратил во селото и му се посветил на лозарството.

„На 15-годишна возраст - дополнува Јарев - заминав во Битола и се запишав во гимназија. Таму останав до февруари 1943 г. кога заедно со две другарчиња, исто така, од Егејскиот дел на Македонија заминавме во Пелистерскиот одред. По договорот меѓу партизанскиот одред на Пелистер и одредот во Лерин мене ме испратија во Леринскиот одред. Во тоа време, во Лерин се организира младинска организација ЕПОН, а јас имав задача да ја организирам младината во селото. Потоа станав резервист на тогашните партизани под називот ЕЛАС и учествував во групата на диверзанти. Направивме многу диверзии“, раскажува Јарев и ја издвојуваа акцијата кога во воздух го кренале возот натоварен со муниција, кој се движел на релација Лерин - Солун.

Диверзијата била направена на 3 километри оддалеченост од неговото село, на еден свијок близу до езерото. Јарев останал во селото до март 1944 г. по што преминал во редовниот состав на ЕЛАС. Го истакнува своето учество во Кајмакчаланскиот и во Леринскиот одред и диверзиите против Германците во Воденско, Леринско, Вичо, Костурско, Кајларско. Во Леринскиот одред бил сè до ослободувањето од Германците во октомври 1944 г. Но, кога избеганите англиски монархофашисти се вратиле во ослободената Грција со себе донеле платеници и повторно ја окупирале Грција. Се организирале единици кои се бореле против водачот на монархофашистичката војска, генералот Скомби.

„Двесте и триесет младинци, меѓу кои и јас, тргнавме пеш од Лерин до пристаништето Пиреја, до Атина. Пешачевме точно 30 дена. Таму учествувавме во борбите против генерал Скомби, сè до февруари 1945 г. Тогашниот Централен комитет на КПГ и привремената Влада, за да го избегнат кровопролевањето направија договор во Варкиза. Според мене, тоа беше предавнички договор. Борците на ЕЛАС требаше да го предадат оружјето и да се формира општа Влада од монархофашистите и од членовите на ЕЛАС. Услов беше да го предадаме оружјето. Го предадовме и пеш дојдовме во Леринско. Потоа бев избран за реонски секретар на младинската организација. Но, исто така, договорот предвидуваше сите кои се родени од 1921 до 1926 г. да се вклучат во новата грчка Армија. Кога отидов да се регрутирам, а бев вклучен уште во првите партизански денови, ми рекоа дека боледувам од менингитис. Тоа го рекоа само за да не

ме земат, а јас бев здрав. Истото се случи и со сите мои соработници“, објаснува Јарев.

Во март-април 1946 г. имало невиден терор, убиства, затворања, силувања.

„Еден ден го опколија селото и ги повикаа сите мажи да се јават на сред село. Татко ми ми рече жив да не се појавам, а наредбата беше кој нема да излезе веднаш ќе биде ликвидиран. Но, успеавме да се спасиме и јас и татко ми. Тој ден од нашето село беа заробени 184 мажи, меѓу кои и деца од 16-17 години. Нив ги испратија на островот Аљус Евстратиос“, вели соговорникот.

Во октомври Јарев по втор пат излегол во планините и повторно бил во Кајмакчаланскиот одред во диверзантската единица. Ги исполнувале задачите сè до 21 мај 1947 г. кога во една нерамномерна борба со монархофашистите бил ранет. Го префрлиле во Мариовско, а оттаму во Битола, па во сегашната државна болница во Скопје, која тогаш се викала Земска болница. Скришум го лекувале. Во тоа време доаѓала комисија од Европа, која испитувала дали ФНР Југославија им помага на борците од ДАГ. По еден месец лекување тој и останатите ранети борци биле префрлени во бараки во местото Беровска бука. Оттаму, натоварени во ка-

Томе Јарев (лево) во партизанските редови

миони биле однесени во Панчево, каде биле скриени во еден затвор. Откако била отворена Катлановската болница го префрлиле во неа и тука останал до октомври 1947 г. Тогаш преку Корча - Албанија, заедно со останатите борци, го префрлиле во единиците на Вичо. Таму Јарев ја завршил офицерската школа за диверзанти. Дејствувале до февруари 1948 г. кога бил испратен на виша офицерска школа за диверзанти во Ипир, во селото Ликорахи, каде останал до 20 мај 1949 г. Тогаш, во една голема диверзантска акција, кога требало да ги кренат во воздух стоте камиони со војници кои оделе од Јанина за Гревена, бил ранет со 14 куршуми.

„Кога нашите соборци, 25 слободни диверзанти политички комесари, видоа дека монархофашистите нѐ опколија тргнаа да ни помогнат. Мене ранет ме ставија на шинел (капут) и ме извлекоа подолу. Но, непријателите дојдоа на местото каде што ние претходно бевме и нѐ опколија од сите страни. Соборците ме оставија во еден ендек и се повлекоа. Монархофашистите ме бараа цела ноќ, но за среќа не ме најдоа. Всушност, ме најде мојата група. Ме однесоа во едно село, кое беше слободна територија, а по шест дена на носила ме пренесоа во партизанската болница на Грамос. Таму бев два дена, по што ме префрлија во Корча, каде не ме задржаа ниту еден ден т.е. веднаш ме однесоа во Тирана во воената болница. Ме спаси еден доктор Италијанец. По четири месеци ме пуштија на рехабилитација во партизанската болница. Таму го организирав кружокот за македонски јазик. Му испратив писмо на командантот на вишата офицерска школа за диверзанти за да ме земе назад. По десет дена дојде еден џип и ме однесе во Преспа, село Буковик. Командантот прво не сакаше да ме земе, зашто јас бев на штаки, но сепак одлучи да останам. Станав заменик командант на Главниот штаб на диверзантите. Ги обучував новите партизани, ја водев евиденцијата за храна, оружје, организирав работилници за правење на наши мини. Таму останав до поразот на ДАГ во 1949 година“, раскажува соговорникот.

Но, се потсетува и на Вториот конгрес на НОФ на Грција за Македонците, на кој тој бил делегат од диверзантските единици на Главниот штаб. Таму ја сретнал и неговата идна сопруга, која всушност тогаш била делегат од 108. бригада. На конгресот тие се договориле, ако ја преживеат војната, да склучат брак.

По капитулацијата на ДАГ се повлекле во Албанија, каде се организирала елитна единица, која требало да им помогне на партизаните на Грамос, кои се нашле во непријателски обрач.

„Го разбивме обрачот и го отворивме патот за да поминат нашите партизани во Албанија. По нив и ние се вративме во Албанија. Всушност, моето одење во Албанија беше по трет пат. Прв пат кога бев ранет, втор пат од Вичо и трет пат од Грамос. Во Албанија ни помогнаа Албанците и се сместивме во логорот Бурели, тоа се поранешни италијански касарни. Таму по втор пат го предадовме оружјето“, објаснува Јарев.

Во Бурели бил околу еден месец, а потоа животниот пат го продолжил на брод, па на воз за да дојде до крајната дестинација Ташкент. Во бродот условите биле катастрофални. Истиот пат до Ташкент го минала и неговата сопруга, но не знаеле дека патуваат заедно.

Во Ташкент борците ги распоредиле во разни гратчиња, а диверзантите биле сместени во бараки (30 луѓе во една соба), во гратчето Чирчк, на 35 км од Ташкент. По 15-дневен карантин, тој се вработил во фабриката за изработка на делови за оружје. Се покажал како најдобар работник. Таму завршил и средно техничко училиште и Земјоделски факултет. Напредувал во кариерата, одбранил докторска дисертација, објавил многу научни трудови. По доаѓањето во Скопје и по нострификацијата на 4 дипломи од Земјоделскиот факултет, тука предавал винарство сè до пензионирањето во 1988 година.

Таки Костовски
СТРАВУВАМ ОД ПОВТОРНАТА СРЕДБА СО МОЕТО РАЗУРНАТО СЕЛО



„По Грамос се повлековме во Албанија. Бевме сместени во Бурели, од каде што со бродови заминавме за Русија. Патувавме речиси петнаесет дена. По патот многумина умреа, а мртвите тела ги фрлаа во морето“, раскажува Таки Костовски.

Господинот Таки Костовски, еден од многумината учесници во Граѓанската војна, која се водеше за слободна и демократска Грција, е роден во далечната 1933 година во селото Стенце, Костурско. Поведен од надежите, но и од ветувањата дека и Македонците ќе ги добијат своите права, како и образование на мајчин јазик, уште од најрана возраст активно се вклучил во тоа револуционерно движење. Неговиот придонес во борбата почнува со активирањето во младинската организација ЕПОН. Всушност, во оваа организација младината се оспособувала за војната. Од таму, како подготвени партизани, ги однеле во Аљевица, им дале оружје, по што во 1947 година почнале и борбите.

„Се боревме во селото Акондио, а потоа заминавме во Фалцета. Борбата траеше 3-4 дена. Извојувавме успех, односно ги победивме монархофашистите, по што заминавме на Грамос. Но, повторно се судривме со грчките непријатели и во селото Хјонато, во близина на Градче ме ранија. Оттаму ме однесоа во Ланга, потоа во Врахо, каде имаше поголема болница, односно можеа да ми пружат соодветна помош. Но, монархофашистите дојдоа и таму и нè бомбардираа. На наша страна имаше многу жртви“, раскажува нашиот соговорник.

ПАТЕШЕСТВИЕ

За борецот Костовски следувало ново патешествие. Со останатите ранети партизани го однеле во Албанија, во гратчето Авлона, а потоа во

На курирска задача во текот на војната

Сук, исто така, во Албанија, за повторно да се врати во Грција и да продолжи со борбите.

„При повторното враќање во Грција следуваше нова распределба по баталјони. Ме ставија во организацијата 'ДЕЛТАМИ', и ми дадоа курирска задача. Собирав информации, разнесував писма... Следуваше нова распределба. Влегов во друга дивизија, која се бореше во околината на Бела Вода. Водевме жестока борба, загинаа многумина. По битката, ние партизаните, се собравме и сакавме да ја преминеме границата и да влеземе во Југославија. Но, не ни дозволија. Се вративме на Грамос... Жестоко војувавме, таму загинаа многу наши борци. Во 1949 година се повлековме во Албанија", се потсетува Костовски.

Во оваа држава партизаните биле сместени во Бурели, од каде што со бродови заминале за Русија.

„Патувавме - дополнува овој борец - речиси петнаесет дена. По патот многумина умреа, а мртвите тела ги фрлаа во морето. Прва наша дестинација во Русија беше градчето Поти, каде следуваше нова распределба на пристигнатите борци, односно некои ги префрлаа во Ташкент, а оние на кои сè уште не им беа заздравени раните добиени во Граѓанската војна, меѓу кои бев и јас, ги однесоа во Јаѓељуљ. Потоа повторно се вратив во Ташкент", објаснува борецот.

ВРАЌАЊЕ ВО ТАТКОВИНАТА

Кога го однеле во Ташкент, Русија, Костовски имал само 17 години. Таму останал речиси 25 години. Во дванаесетто гратче работел во една

текстилна фабрика, а потоа се вработил како возач во Министерството за трговија. Во Русија се оженил со Македонка, Атина, која потекнувала од Егејскиот дел на Македонија. Во Русија го оформува и своето семејство, а како плод на таа љубов се раѓаат двете ќерки Марина и Софија.

Судбината им одредила во 1971 година да се вратат во Македонија, каде нашиот соговорник се вработил во Македонски железници, од каде што и се пензионирал.

Го прашавме господинот Костовски што од денешен аспект мисли за Граѓанската војна, дали таа воопшто требала да се случи? Зошто загинале толку луѓе и дали тоа бил смислен потег на Грците за оваа наша соседна земја да се „ослободи од Македонците". Всушност, настаните тоа и го покажуваат. Во Грција се вратиле само Грците.

„Мислам дека оваа војна воопшто не требаше да се случи и ако не се случеше тогаш Македонците ќе останеа во Грција. Не знам каква била точната, конкретната улога на КПГ, но ние Македонците се вклучивме во

Од партизанските денови

војната зашто многу ни ветуваа. Не сум сигурен ниту во тоа дали тие ќе ги реализираа ветувањата доколку војната успееше“.

Селото од каде што потекнува овој борец денес речиси веќе и не постои. Војната си го направила своето. Костовски досега ниту еднаш не го посетил родниот крај, не затоа што нема желба, туку затоа што сè уште му се болни сеќавањата за она што се случувало во тие краеви во текот на војната, при што воедно и стравува од она што може да му се случи при евентуална посета на родното село.

Василка Сукаловска - Поповска
УЧИТЕЛКАТА МЕ УДРИ СО ПРАЧКА ЗАШТО ЗБОРУВАВ МАКЕДОНСКИ

„Еден ден враќајќи се од училиштето, уште не влезена во куќата, ја повикав баба ми да ми даде да јадам. Во тој момент, по улицата поминала учителката и слушнала како на баба ми ѝ се обраќам на македонски јазик. Утредента таа ми рече да ѝ донесам прачка. Јас бев одлична ученичка, а таа со прачка по рацете ги удираше оние кои не учеа, па мислев дека и сега ќе биде така. Но, учителката ме праша - кој е јазикот на кој дома зборуваше. И одговорив дека баба ми не знае грчки. Овој пат прачката мене ми беше наменета“, раскажува Василка Сукаловска - Поповска.

Василка е родена 1932 г. во село Граче, Костурско. Завршила четиригодишно основно грчко училиште. Нејзиниот татко, како што вели соговорничката, бил човек со напредни сфаќања и имал став дека без разлика дали станува збор за грчко училиште, децата мора да учат и не смеат ниту еден час да пропуштат од наставата. Но, и таа како и повеќето наши претходни соговорници, била казнета од учителката зашто ја слушнала како дома зборува на македонски јазик.

„Куќата ни беше близу до училиштето. Еден ден враќајки се од училиштето, уште не влезена во куќата, ја повикав баба ми да ми даде да јадам. Во тој момент, по улицата поминала учителката и слушнала како на баба ми ѝ се обраќам на македонски јазик. Утредента таа ми рече да ѝ донесам прачка. Јас бев одлична ученичка, а таа со прачка по рацете ги удираше оние кои не учеа, па мислев дека и сега ќе биде така. Но, учителката ме праша - кој е јазикот на кој дома зборуваше. И одговорив дека баба ми не знае грчки. Овој пат прачката мене ми беше наменета. Инаку, дома зборувавме на македонски јазик. Чичко ми свиреше на мандолина, татко ми на виолина. Тивко пеевме песни на мајчиниот јазик, за да не нѐ слушнат оние кои одеа по селата за да видат кој го употребува македонскиот

јазик, зашто следуваа казни затвор. Татко ми и чичко ми беа борци против Италијаните во 1940-1941 г. Ние бевме четири деца, а кога него го мобилизираа се роди сестра ми. Во Грција имаше закон ако имаш пет деца те ослободуваат од војска. Тој си дојде, а чичко ми се бореше до крај сè додека Грција не капитулира“, вели Поповска.

Таа се потсетува и на случката од 1941 г. кога еден грчки учител ги накодишил и Италијанците дошле во нивниот дом.

„Татко ми и другите борци ги собраа во училиштето, ги малтретираа. Ги пуштија дури вечерта. Селаните заклаа јагњиња и ги завиткаа во кожи за да им заздрават раните, а татко ми уште незаздравен, под изговор дека им треба за некаков потпис, Италијанците повторно во јули го зедоа и го однесоа во Четирок, каде им беше Главниот штаб. Не знаевме каде е. По два дена вујко ми ни кажа дека го затвориле и го мачеле, но ништо не признал. Татко ми успеал да побегне од затвор“, раскажува соговорничката.

Поповска посочува дека татко ѝ и чичко ѝ биле во ЕЛАС.

„Во 1944 г. - дополнува таа - се одделија од ЕЛАС, бидејќи Грците сакаа да ги расформираат, зашто биле посебна македонска единица. Не се согласиле и се повлекле во Југославија. Чичко ми замина во Егејската бригада на Гоче и се бореше против балистите во Западна Македонија. Татко ми беше комунист и работеше заедно со Лазо Трповски. Додека беше во Југославија, непријателите сакаа да ја интернираат нашата фамилија. Но, нè спаси кметот на селото, Македонец, но грчки настроен“.

КВИНСЛИНШКА ВЛАСТ

Кога настапила квинслиншката власт им се зголемиле правата на маџирите - пушкарите, кои ги ограбувале селата и ги малтретирале луѓето. Селото почнало да се организира за самоодбрана, зашто во 1945-1946 г. сè уште не било формирано партизанството. Многу луѓе не можеле да го издржат теророт и заминале за Југославија. Но, кога почнало партизанството дел од нив се вратиле.

„Во септември 1947 г. речиси сите младинци од нашето село доброволно заминаа во партизани. Откако маџирите разбраа дека нема мажи во селото ноќе го опколија од сите ридови и уште пред зори почнаа да

пукаат. Нè собраа, и мало и големо, во црквата. Имав 14 години. Ние знаевме дека веќе почнува војна, ископавме голема дупка во која ги скривме сандаците со алишта, амбарите со жито ги зазидавме со камења, но некој знаеше за тоа и нè предаде, ни зедоа сè. Во црквата нè држеа до ручек, но јас се прикраднав и отидов дома да побарам храна од баба ми. Враќајќи се назад видов дека маџирите ни го зеле и грамофонот кој татко ми го купи од Костур. По патот здогледав жена од долното маало, која викаше на цел глас бидејќи маџирите ја силувале пред нејзиниот болен маж. Претходно синот ѝ го раниле, зашто им се спротивставил кога сакале да им ги земат воловите. Попладнето маџирите сакаа да нè стрелаат, но кога кметот во селото виде што се случува, се јави во Нестрам каде беше штабот на овие банди. Дојде војската и нè врати од стрелање“, вели Поповска.

Во 1947 г. од селото ги интернирале сите фамилии во кои имало партизани.

„Едно утро го опколија селото, повторно нè собраа во црквата и со камиони нè однесоа во друго село, Граничево. Некои затворија во Нестрам, а нас нè однесоа надвор од Костур, нè оставија, и ни рекоа да одиме кај нашите татковци партизани. Во селото Вишни нè прифатија партизанските комесари. Нè сместија во училиштето, а потоа нè распоредија по фамилии. Две седмици бевме таму, а маџирите постојано нè бомбардираа со топот од Нестрам. Оттаму партизаните нè однесоа во Поздивишта и нè сместија во училиштето. Потоа преку Брезница нè однесоа во Косинец, каде останавме еден месец, распоредени по фамилии. Партизаните ни рекоа да се вратиме во селото и да им речеме на бурундарите дека и ако нè тепаат и ако нè бесат ние нема да си заминеме од селото. Тргнавме ноќе и поминавме преку маџирските села. Нè осамна во село на наша територија. Испративме една делегација да оди во селото за да види дали има бурундари или војска и дали ќе нè примат. Видоа дека нема и се вративме во селото. Тие не дојдоа по втор пат за да нè избркаат“.

Во меѓувреме Поповска и другите младинци носеле храна и копале ровови за партизаните, но не ги мобилизирале бидејќи биле малолетни.

ОФАНЗИВИ

Пролетта 1948 г. почнале офанзивите, монархофашистите го бомбардирале селото. Братот на Поповска загинал на 19-годишна возраст над Нестрам.

Таа и блиските биле стационирани во едно село на албанската граница, а потоа влегле во Албанија. Есента 1948 г. ги сместиле во касарни.

„Сите кои имавме 15-16 години нè викнаа во канцеларија и нè прашаа дали сакаме да одиме во партизани. Немав 16 години, но сепак заминав во организираната група со камиони во Преспа. Таму еден месец нè обучуваа за ракување со оружје, а потоа нè распоредија по единиците. Јас бев во 107. бригада, која се бореше на Малимади. Во една борба ме ранија. Таа бригада замина за Грамос, мене ме однесоа во Албанија, прво во Корча, па во Москополе. Но, уште незаздравена, ме вратија на Грамос во 1949 г. кога почнаа големите офанзиви, а немаше веќе резерви од партизани. Бев во 16. бригада. На 14 август 1949 г. беше нападнат Вичо, до 17 август тој падна во рацете на монархофашистите, а партизаните заминаа на Грамос. Таму битките траеја еден месец. Монархофашистите сакаа да нè опколат, го заседоа Грамос, а ние се повлековме кон ритчето Кула. Се стациониравме на една ледина. Јас имав задача прва да чувам стража. По 15 минути дојде одговорниот и нè повлече од стража. Патувавме цела ноќ кон Ќириос Грамос - Главен Грамос. Тука нè раздени. Но, монархофашистите нè следеа, ние се качувавме од една, а тие од друга страна. Кога дојде грчката авијација и почна да нè бомбардира првите партизани веќе беа на врвот со командирот на четата, а ние сè уште се качувавме. Среде планина еден куршум од авионот ме рани во ногата. Видов каде отидоа партизаните, политичкиот комесар чекаше да види дали некој останал, тој ме однесе во шумата. Таму раната ми ја преврза медицинска сестра, ме качија на коњ и цел ден се движевме низ шумата. Авионите летаа над нас, но не смееја да бомбардираат зашто гледаа ранети. Партизаните на Гол Каменик уште водеа борби. Дојдовме до албанската граница. Дојде наредба да се повлечеме, прво влегоа ранетите. Во Албанија со камиони нè однесоа до Елбасан, каде нè лекуваа 3-4 седмици. Помина една комисија и рече дека сите малолетни ќе ги испрати да учат, но прво да заздрават. Потоа, со камиони нè однесоа во Чирик, надвор од Албанија, каде

беше целата партизанска војска. Тука се формираше младински баталјон, составен од младинци од 15 до 17 години. Ни дадоа нови униформи и во октомври организирано со бродови заминавме за Советскиот Сојуз. Прво бевме во Бековат, учевме вечерно руско училиште и беревме памук. Во 1951 г. бевме во интернат, во Јанѓиљуљ (250 младинци и младинки, Грци и Македонци), учевме до 1954 г. Во 1957 г. заедно со сопругот Александар Поповски и со ќерката дојдов во Битола“.

Ташо Гелов
НОСЕВМЕ ХРАНА И ОРУЖЈЕ ЗА ПАРТИЗАНИТЕ



„Зошто сè уште не се најде некој од нашиве политичари да му каже на Караманлис дека кога Грците, во 1924-1925 година ги донесоа во Егејска Македонија, која им ја дадоа на танца, таму немаше ниту еден Грк. Прво ги донесоа поповите, потоа даскалите, за да го тормозат македонското население“, вели Ташо Гелов.

Ташо Гелов е роден во село Месимер, кое се наоѓа во близина на градот Воден, во 1928 година. Основно училиште до шесто одделение завршил на грчки јазик. Мајчиниот македонски јазик го говорел дома, во кругот на семејството. Неговата мајка не го знаела грчкиот јазик. Таа завршила македонско училиште. Всушност, пред да дојдат Грците, во османлиско време, во Грција постоеле македонски училишта. По нивното доаѓање, мајка му, како што раскажува Гелов, не продолжила со образованието зашто не знаела ниту еден грчки збор. Татко му малку го поднаучил грчкиот јазик. Како што доаѓале новите генерации така тие биле принудувани да учат на грчки јазик. Гелов потекнува од семејство кое ги помагало партизанските организации. Неговиот татко 15 години бил затворен во најозлогласениот затвор „Едикуле“, во Солун, зашто бил обвнет за непријател на Грците, односно дека соработувал со партизаните. Поради слично обвинение, една година во затворите на островите била и мајка му.

И нашиот соговорник ја продолжил соработката со партизанските организации. Кога почнала Грчко-италијанската војна, Гелов не бил активен член на ЕЛАС, но соработувал со оваа организација.

„Тие секојдневно организираа политички состаноци и на помош ги викаа младите. Ние носевме жито, брашно, но и сè што им беше потребно. Откако ЕЛАС го предаде оружјето, по една година беше основана македонската организација НОФ, во која се вклучив и јас“, објаснува Гелов.

Тој, како и многумина, доброволно се вклучил во ваквите организации против фашистите.

„Се знае борбениот дух на младите. Кога ќе влезеш во тие организации, ќе правиш тоа што ќе ти го кажат“, вели тој.

Гелов раскажува како на еден состанок од страна на еден Грк било покренато прашањето за спојување на НОФ со ДАГ. На таа средба Гркот рекол: „Вие сте малку на број и ќе бидете принудени да зборувате на грчки јазик“. Македонците се побуниле. Средбата била прекината, но по извесно време, сепак се реализирала идејата, односно се споиле НОФ и ДАГ.

„Каде и да нѐ испраќаа од ДАГ, ние ја исполнувавме задачата. Покрај храна, пренесувавме и оружје. Грците - дополнува нашиот соговорник - многу ни ветува, ни велеа дека кога ќе се ослободиме од фашизмот, ќе имаме човекови права, школи, но на крај ништо не добивме“.

Во 1946 година во реонот на Воден немало јаки војни. Подоцна, во текот на 1947 година се разгореле директните судири со монархофашистите, но Ташов не учествувал во нив, зашто во 1946 година кога бил на Кајмакчалан добил напад на слепо црево и со воен камион бил пренесен во Битола, каде го оперирале. Потоа организирано, тој и повеќето негови соборци, како војници ги испратиле во Скопје, а од таму во Струмица. Во Струмица останале речиси едно цело лето, за повторно да ги вратат во Битола. Ташов својот животен пат во 1948 година го продолжил во Ѓаково - Сомбор, Војводина.

„И таму постоеја младински организации кои се организираа во групи за да се приклучат во Граѓанската војна во Грција. Но, никогаш не заминаа, затоа што по Информбирото Тито ги затвори границите“, посочува Гелов.

Во Сомбор работел во селска задруга. Во Скопје се вратил во 1952 година и се вработил во градежништво. Тогаш, како што раскажува Гелов, се граделе станови за Егејците. Целиот работен век го минал во градежништвото, од каде и зема пензија.

За односот на Грците кон македонското прашање, Ташо Гелов вели:

„Зошто сѐ уште не се најде некој од нашиве политичари да му каже на Караманлис дека кога во 1924-1925 година ги донесоа Грците во Егејска Македонија, која им ја дадоа на танца, таму немаше ниту еден Грк. Прво ги донесоа поповите, потоа даскалите. Еден грчки доктор рече: ‘Нас

нѐ донесоа за да го притискаме македонскиот народ. Маџирите не се вистински Грци. Со нив тешко се разбиравме“.

Тој вели дека бил во неговото село во 1985 година, кога всушност починал татко му. Го раскажува и тридневното чекање на границата.

„Откако добив телеграма дека мојот татко е на смртна постела, отидов во грчкиот Конзулат за да добијам виза. Но, ми рекоа да одам на граница, таму ќе одлучат дали ќе ми дозволат да влезам во Грција или не. На границата чекав три дена додека тие ги проверуваа информациите дали татко ми навистина е болен. Кога пристигнав дома тој веќе не можеше ниту да зборува, ниту да слуша. Кога ме виде, веднаш почина. Да дојдев на време можеби татко ми ќе успееше нешто ќе ми каже“, зборува со болка во душата Ташо Гелов.

Фана Митревска
РУСКИТЕ АВИОНИ МЕ ОДНЕСОА ВО УНГАРИЈА, А ДЕЦАТА СИ ГИ НАЈДОВ ВО ЧЕШКА

„Бев многу болна, ништу јадев, ништу пиев, само плачев. Иако доаѓаа бродови кои ги носеа војниците во Русија, ние што бевме болни останавме. Ми велеа дека ако трпам со нив, ќе умрам по патот. Дојде еден доктор Русин од Југославија, ме однесе на рендген и ми рече: 'Ти имаш здрав организам, затоа и си издржала досега, но ако вака продолжиш ништу Господ не те спасува, децата ќе ги најдеш, а ти прибери се'. Го послушав неговиот совет и почнав да заздравувам. Откако се расипаа односите меѓу Сталин и Тито, ние останавме ништу горе ништу доле. Дојдоа руски авиони и преку Белград нè однесоа во Унгарија", раскажува Фана Митревска.

Некогашниот учесник во Граѓанската војна во Грција, Фана Митревска, е родена во село Граждано, Леринско, Егејска Македонија, во 1922 година. Како и повеќето наши соговорници, така и таа основното училиште го завршила во родното село, на грчки јазик. Баба Фана се потсетува на Метаксасовата диктатура и на паричните казни кои се одредувале за оние кои ќе проговореле на македонски јазик. Тоа се случувало и со нејзиниот татко, поконкретно парично го казнувале затоа што на својот добиток му се обраќал на македонски јазик. Сепак, во домашни услови, скришум во нејзиното семејство се говорел мајчиниот јазик. Во училиштето учителите ги карале доколку проговореле на македонски јазик. Митревска потекнувала од револуционерно семејство, кое се истакнало уште во османлискиот период.

Како младинка го помагала ЕЛАС, им носела храна и оружје.

За време на Граѓанската војна во Грција, во нејзиното село постоел народен одбор, а во 1947 година најпрво ги мобилизирале мажите. Во тој период жените им помагале, но се враќале дома кај децата. Нивниот

На стража во борбите во 1949 година

ангажман станал поактивен на почетокот на 1948 година кога и тие биле мобилизирани.

„Нè однесоа на обука во околината на Преспа. Таму бевме шест месеци, а првата борба ни беше во Лерин, во 1948 година. Еден шрапнел од мина ме погоди во пределот на бубрезите. Со помош на еден поручник бев однесена во Ерменско. Во тамошното училиште имаше импровизирана болница. Таму ми ја преврзаа раната, но пред да интервенираат посеопфатно, болницата беше нападната. Јас и поручникот успеавме да се извлечеме и да дојдеме до Псодари. Во ова село имаше камиони кои пренесуваа песок, се качивме на нив и заминавме во селото Лак. Потоа со кајче ме префрлија во главната болница во Пешта - Граждано“, се потсетува Фана.

Таа раскажува и за тоа како страдала поради тоа што не знаела каде се нејзините деца. Всушност, и нејзините деца ја доживеале судбината на децата бегалци. Животниот пат на Фана продолжил во Церје - Албанија, каде била мажена нејзината сестра, а потоа во Корча каде останала до 1949 година.

„Бев многу болна, ниту јадев, ниту пиев, само плачев. Иако доаѓаа бродови кои ги носеа војниците во Русија, ние кои бевме болни останавме. Ми велеа дека ќе умрам по патот ако тргнам со нив. Дојде еден доктор Русин од Југославија, ме однесе на рендген и ми рече: ‘Ти имаш здрав организам затоа и си издржала досега, но ако продолжиш вака ниту Господ не те спасува, децата ќе ги најдеш, а ти прибери се‘. Го послушав неговиот совет и почнав да заздравувам. Откако се расипаа односите меѓу Сталин и Тито ние останавме ниту горе ниту долу. Дојдоа руски авиони и преку Белград нè однесоа во Унгарија“.

Во оваа држава Фана прво била сместена во цивилна, а потоа во воена болница каде им давале засилена храна затоа што биле исцрпени. Од болницата биле префрлени во резиденцијата на кралот Хорти. Оваа резиденција била претворена во инвалидски дом, а неговите нови станари се занимавале со земјоделски работи. Потоа Митревска заминала за Белоѓани. Во меѓувреме дознала дека нејзините деца се наоѓаат во детски дом во Чешка. Со помош на Меѓународниот црвен крст заминала во

Со своите соборци (последна на фотографијата)

таа земја, каде се сретнала со своите деца, со свекрвата, мајката на нејзиниот прв сопруг, кој починал во војната, и со нејзината сестра, која имала улога на „мајка“ во домот.

Во Чешка се вработила во фабриката за изработка на железни синџири, а во таа држава го запознала и нејзиниот сега веќе покоен втор сопруг, кој потекнувал од Егејска Македонија, Меглен, Бахово. Судбината ги споила токму во таа далечна земја, каде им се родил синот Јован.

Вториот сопруг студирал на Карлов универзитет, а подоцна работел во електрана. Тој, исто така, бил борец, одликуван со Орден за храброст во Втората светска војна. Се истакнал во борбите со балистите во Западна Македонија, а во Граѓанската војна во Грција се борел на потегот Меглен - Кожув - Ниќе. Но, поради Информбирото завршил во Чешка. Семејството на Фана извесен период живеело во оваа земја, а во 1967 го-

Од престојот во Унгарија (претпоследна)

дина се доселило во Македонија. Две години живееле во прифатилиште во Кисела Вода, а од 1969 година до денес таа живее во стан, изграден со средства од ОН, наменети за бегалците, во скопската населба Карпош.

Таки Костовски за Димитар Цимерков „ЈАС СУМ КОМУНИСТ И НИКОГАШ НЕ МОЖАМ ДА БИДАМ МОНАРХОФАШИСТ“

Димитар Цимерков со неговиот патриотизам и со револуционерниот дух се истакнал во сите борби кои се воделе за демократска и слободна Грција. За него посмртно раскажува Таки Костовски.

За учеството на некогашниот борец Димитар Цимерков во борбите за демократска и слободна Грција потсетува неговиот зет Таки Костовски кој, исто така, е учесник во Граѓанската војна во Грција.

Цимерков потекнувал од село Опсирина, Леринско. Станува збор за образован човек, кој завршил грчко училиште. Со својата револуционерна активност се истакнал уште од 1937 година кога постоеле мали партизански одреди. Во целиот период додека траеле војните во Грција, тој бил организатор на населението од околината на Леринско. Кога Германците дошле во неговиот дом, тој успеал да побегне преку оградата, но настрадал татко му, односно непријателите го однеле во затвор. Димитар побегнал во партизанските одреди кои биле во планините. Тогаш учествувал во борбите во Буф, Опсирини, Раково, Овчарани. Кога се вратил во селото градоначалникот му понудил да работи како секретар на општината. Но, Димитар продолжил тајно да го организира населението за НОФ. Сепак, непријателите дознале за неговата активност, но Димитар успеал да им побегне.

Во 1947-1948 година им се придружил на партизаните. Но, не поминало долго време и монархофашистите го фатиле и го затвориле во затворот во Лерин. Таму останал една година. Поради неговата активност му страдале сопругата и татко му. Организацијата НОФ се борела да го ослободи Димитар од затвор, а нејзините членови, кои се претставувале како пријатели на Димитар, често го посетувале. Откако не успеале да му помогнат тие ги посетиле неговиот татко ѝ сопругата за да им кажат дека Димитар ќе го судат. Дедото на Димитар, односно таткото на него-

вата сопруга, бил богат човек. Димитровата сопруга побарала пари од својот татко за да си го ослободи мажот. На судењето во Лерин, кога му дале збор, Димитар рекол: „Јас бев комунист и ќе останам таков, не можам да станам монархофашист, ќе се борам за НОФ“.

Димитар повторно бил затворен, а подоцна и однесен во затворот во Солун, каде на затвореникот не му била дозволена никаква посета. По едногодишниот престој во затворот во Солун бил ослободен, но добил задолжение никогаш повеќе да не се занимава со партизанство, зашто во спротивно доживотно ќе го затворат. Димитар се согласил со наредбата, а по враќањето во селото почнал да го работи арабаџискиот занает, односно изработувал арабаџиски коли.

Сепак, тој не се откажал од партизанството и продолжил тајно да работи. Почнале активностите во Граѓанската војна, партизаните ги запалиле куќите во кои биле стационирани монархофашистите, а Димитар со своето семејство заминал за Македонија, во Битола. Меѓутоа, повторно се вратил во Грција и учествувал во борбите кои се одвивале во 1948 година на Вичо, на Грамос. Таму бил ранет во пределот на белите дробови и во окото. Многумина ранети, меѓу кои и Димитар, биле донесени во Македонија, во болницата во Катланово. По заздравувањето на раните Димитар бил префрлен во Војводина, каде дошло и неговото семејство.

Но, тој не прекинал со партизанството, туку се вратил во Грција и повторно бил ранет во борбите на Грамос. Судбината го донела во Нови Сад. Неговото семејство, трите деца - Никола, Атина и Софија и сопругата Зоја, заминале во Чешка, а Димитар се вратил во редовите на ДАГ. Продолжил да се бори на Грамос, Вичо, сè до капитулацијата на ДАГ, кога сите партизани биле префрлени во Албанија. Од Албанија, заедно со многумина соборци, Димитар со брод заминал за Русија. Таму истовремено учел и работел во фабрика - леарница за железо. Во Москва, генералниот секретар на КПГ – Захаријадис, ги повикал најдобрите комунисти и им предложил да учат висока партиска школа. Димитар ја завршил тригодишната партиска школа, а потоа продолжил да живее во Ташкент, каде претходно дошле неговата сопруга и трите деца. Во Ташкент работел во фабрика за машини, а во 1967 година ова семејство дошло во Македонија. Тука се вработил во „Метални завод“ и починал пред седумнасет години.

Ѓорѓи Дуцов
КАДЕ И ДА ОДЕВ ИМАШЕ ВОЈНИ!



„Уште мал, додека ги обработувавме нивите, сфатив дека нешто не е в ред. Се караа браќа со браќа, а кога одеа да сеат пченка по нивите, се расправаа за меѓите. Си реков - системот мора да се промени. Всушност, тоа беше стратегијата на Грците - да ги раскараат Македонците за да не се употребува името Македонија“, вели Ѓорѓи Дуцов.

Некогашниот учесник во Граѓанската војна, Ѓорѓи Дуцов, или Георгиос Вангелис Дуцос, е роден во 1927 година во селото Жупаништа, Костурско. Уште од најрана возраст се истакнувал со својот револуционерен дух и пожртвуваност за татковината. На мали години останал без татко. Живеел со мајка му и дедо му. Тој се потсетува на минатите времиња, но и на омразата, која постоела меѓу Македонците, кои не сакале да се видат меѓу себе.

„Уште мал, додека ги обработувавме нивите, сфатив дека нешто не е в ред. Се караа браќа со браќа, а кога одеа да сеат пченка по нивите, се расправаа за меѓите. Си реков - системот мора да се промени. Всушност, тоа беше стратегијата на Грците - да ги раскараат Македонците за да не се употребува името Македонија“, вели Дуцов.

Својата борбеност тој ја истакнал и во Втората светска војна, кога им помагал на партизаните. Кога почнала Граѓанската војна, во неговото село бил секретар на Сегрчката младинска организација ЕПОН.

„Работевме напорно. Комунистите ни кажуваа како и што да правиме. На мајка ми ѝ велев дека не треба да се нервира затоа што тоа што го имаме нема да го изгубиме, но ќе живееме поарно. Постоеја две организации ЕПОН - грчка и НОМС - македонска. Но, кога почна Граѓанската војна, некои луѓе кои дојдоа од Македонија ни рекоа дека двете организации треба да се спојат, односно да остане ЕПОН, зашто со Грците заедно се боревме. Одевме по многу села, правевме агитации....“, вели нашиот соговорник.

Тој раскажува и дека во време на Граѓанската војна имало големо предавство, а кога биле фатени некои девојки кои им носеле храна на партизаните, го обвиниле него, но и го осудиле.

На Петтиот конгрес на КПГ ни беше кажано дека коѓа ќе ја ослободиме Грција, овој дел од Македонија ќе добие автономија

Неговото село постојано било опколено. Се потсетува и на првата офанзива на Грамос, кога не настрадал од бомбите благодарение на тоа што се криел под земја. Вели дека не можеле да му се спротивстават на непријателот, зашто тој имал голема помош од надвор.

„Кога почнаа борбите ме викна Захаријадис и ми рече: 'Имаме шест мотори, ќе им ги поделиш на твоите соборци, и ќе одите по сите села во Преспа за да ги информирате луѓето дека имаме механизирана војска. Тоа се случуваше во 1948 година. Ја завршивме работата. Бев курир на Главниот штаб. Ги извршував најсложените работи, разнесував писма, главните имаа доверба во мене".

Неколку пати се спасил од сигурна смрт. Еднаш, кога со мотор носел писмо, митралези од авион правеле дупки на патот, но преживеал.

Раскажува за отпорот кој во 1948 година во околината на Костурско им го пружиле на окупаторите. Се сеќава и на Петтиот конгрес на КПГ, одржан во јануари 1949 година на Грамос.

„На Конгресот ни беше кажано дека кога ќе ја ослободиме Грција, тој дел од Македонија ќе добие автономија. Тоа им го крена борбениот дух на Македонците за помасовно учество во битката за Лерин. На 12 февруари 1949 година удривме на Лерин. Но, се случи голема катастрофа зашто фашистите однапред знаеја за нападот“, објаснува Дуцов.

Дуцов (на крај) со своите другари

Зборува и за повлекувањето на Главниот штаб во Преспа, за битките на Вичо, Грамос, за повлекувањето во Бурели, Албанија. Од Албанија запловиле кон тогашниот Советски Сојуз. Во товарните бродови меѓу пченицата имало по 5.000 лица. Седум дена, како што кажува овој

борец, не можеле да дишат. Дошле во Грузија, Туркистан, потоа во Узбекистан, за привремено неговото патешествие да го заврши во Ташкент. Но, и таму се случила војна, по што следувало ново патешествие. На 8 август 1991 година се вратил во Македонија, односно во Тетово. И повторно војна. Се отселил од Тетово и сега живее во Скопје.

Ѓорѓи Јовановски
СЕ БОРЕШЕ ЗА СВОЕТО СЕЛО, НО ПО 1949 НЕ ГО ВИДЕ НИТУ ЕДНАШ



„Добивме наредба од Вичо пешки да се префрлиме на Грамос (1949 година) за да ја продолжиме борбата во Орлија, во близина на албанската граница. Тогаш бев ранет, односно монархофашистите ми нанесоа неколку рани по телото. Дојдоа од болницата во Ланга и ме однесоа таму за да ми ги преврзат раните. Оттаму ме префрлија во болницата во Катланово, потоа во Војводина, за на крај, во 1950 година, да се вратам во Скопје“, раскажува Ѓорѓи Јовановски.

За своето учество во борбата за слободна и демократска Грција зборува и Ѓорѓи Јовановски. Овој осумдесет и двегодишен човек е роден во далечната 1925 година во селото Поздивишта, Костурско, Егејска Македонија. Пред да се вклучи во Граѓанската војна, во 1945 година бил во редовите на ЕЛАС, каде заедно со многумина соборци се борел против Италијанците. Во таа борба за ослободување на Грција загинале многу Македонци, иако денес Грците намерно го забораваат тој факт. Во текот на оваа војна, посочува нашиот соговорник, на помош на Италијанците им дошле Германците. По Грчко-италијанската војна, овој борец бил мобилизиран во Демократската армија на Грција, во чии редови бил од 1946 до 1949 година.

„Бев вклучен во 18. дивизија. Командант ми беше Арнанод. Се боревме против нашите непријатели и сакавме да ги истераме од селата во околината на Грамос. Поставувавме мини и во заседа ги убивавме монархофашистите. Однапред добивавме информации каде ќе поминат непријателите, па така ги поставувавме заседите. Всушност, така се однесуваа и монархофашистите, па и многу наши соборци загинаа во нивните заседи“, раскажува Јовановски.

Тој се потсетува и на наредбата од 1949 година кога од Вичо требало пеш да се префрлат на Грамос, за да ја продолжат борбата во Орли-

ја, во близина на албанската граница. Тогаш добил и неколку рани по телото, по што го однеле во Ланга. Таму се наоѓала болницата на Демократската армија на Грција, а оттаму бил пренесен во болницата во Катланово.

По заздравувањето на раните, го испратиле во Војводина, од каде што, пак, во далечната 1950 година се вратил во Скопје. Во македонската престолнина се вработил во Градски кина, каде всушност и го завршил својот работен век. Неговата сопруга, со која стапил во брак во 1952 година, потекнува од селото Буф. Денес таа добива боречка пензија.

За улогата на Комунистичката партија на Грција во Граѓанската војна и за нејзиниот однос кон македонското прашање постојат многу контроверзи. „Комунистичката партија на Грција ни велеше дека се бориме за да ја ослободиме Грција од монархофашистите. Но, иако ние се вклучивме во таа војна за да ги добиеме македонските права, КПГ ништо не зборуваше за нашите права ниту, пак, нѐ нарекуваше Македонци“.

На прашањето зошто, и покрај таквиот однос на КПГ, тој и многумина останале да се борат, одговорот на Јовановски е едноставен: „Тоа беше наредба на Захаријадис и така требаше да постапуваме“.

Годините си го направиле своето. Денес Јовановски храбро чекори во осмата деценија од животот, а ова негово сведочење за војната ќе биде потсетување за идните генерации за она што направиле нивните предци. Вели дека само тој од неговото семејство, бил во редовите на партизаните. Неговите три сестри, од кои сега едната е почината, ја имале судбината на децата бегалци. Животниот пат ги однел во Романија и во Полска, а потоа се вратиле во Македонија.

Многумина Македонци, кои по Граѓанската војна останаа распрснати низ светот ги оставија своите имоти во Грција. Тоа му се случило и на Јовановски и тој денес не знае кој го обработува неговиот имот во Егејска Македонија. Јовановски го дал својот удел во војната за да го види слободно неговото родно село. Но, за жал, од 1949 година до денес ниту еднаш не го посетил. На болното прашање зошто сиве овие изминати години не стапнал на родната грутка, Јовановски со тага во гласот вели: „Не можам да одам таму, зашто се плашам од тоа што може да ми се случи при повторната средба со моето село. Кога ќе се сетам на минатите

времиња и на она што тогаш ми се случуваше, може да починам на самото место“.

Многумина Македонци, кои по Граѓанската војна останаа распрснати низ светот, ги оставија своите имоти во Грција. Тоа му се случи и на Јовановски, кој денес не знае кој го обработува неговиот имот во Егејска Македонија. Јовановски го даде својот удел во војната за да го види слободно неговото родно село. Но, за жал, од 1949 година до денес ниту еднаш не го посетил. На болното прашање зошто сиве овие изминати години не стапнал на родната грутка, Јовановски со тага во гласот вели: „Не можам да одам таму, зашто се плашам од тоа што може да ми се случи при повторната средба со моето село. Кога ќе се сетам на минатите времиња и на она што тогаш ми се случуваше, може да починам на самото место“.

Село Поздивишта – Костурско од 1927 їодина

Ташо Колибанов
ГИ УНИШТИЈА САМО СЕЛАТА ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

„Не можам со сигурност да тврдам дали постоел некаков договор да се протераат Македонците од Егејскиот дел на Македонија, но фактите го говорат токму тоа. Жестоките борби се водеа во оној дел каде што имаше најмногу Македонци, а речиси и сите уништени села се наоѓаат во Егејскиот дел“, вели Ташо Колибанов.

Некогашниот учесник во Граѓанската војна во Грција, Ташо Колибанов, е роден во 1930 година во село Сетина, Леринско. Потекнува од револуционерно партизанско семејство. Своевремено завршил основно шестгодишно училиште на грчки јазик, а дома во семејството зборувале на македонски јазик. И тој, како и претходните наши соговорници, раскажува за тоа што се случувало кога Грците ќе забележеле како луѓето зборувале на македонски јазик. Многу пати и учителите ги казнувале децата кои заборавале на забраната и мајчиниот јазик го кориселе додека биле во училишниот двор.

Во Граѓанската војна Колибанов заминал во 1947 година иако, како што вели самиот, тој и неговото семејство одамна биле заразени со партизанството. Заедно со многумина другари Ташо пренесувал оружје од селото Сетина до Прокопана, како и до Вичо. Се вклучил во војната затоа што КПГ им ветувала дека ќе им даде човекови права на Македонците, па дури во тоа време се зборувало и за отцепување на Македонија. Во 1948 година се воделе најжестоките борби на Грамос, а нашиот соговорник учествувал во сите борби и на Грамос и на Вичо. Во периодот од 1948 до 1949 година монархофашистите три пати го раниле. Првиот пат не бил толку тешко ранет, но вториот пат морал да се лекува во Корча, Тирана. Од Албанија се вратил на Вичо, во 18. бригада. Кога партизаните го нападнале Сорвич, монархофашистите трет пат го раниле. По тоа бил упатен во партизанската болница во Преспа.

„Минатата година - дополнува Колибанов - го посетив токму тој дел од земјата каде што бев ранет и со болка во душата се потсетував на настаните од војната“.

За разлика од монархофашистите, според кажувањата на Колибанов, партизаните имале лесно вооружување, кое на почетокот на борбите им недостасувало, па го дополнувале со арсеналот кој ќе го заробеле од монархофашистите. Подоцна, во 1949 година добиле доволно оружје.

За односот со грчките членови на Демократската армија на Грција, тој вели дека со нив комуницирале на грчки јазик.



Ристо В'чков, Ташо Колибанов, Алексо Лембанов

„Немавме никакви меѓусебни провокации, дури се жртвувавме еден за друг. Како другари заедно се боревме против фашистите. Ние се боревме за права, а тие се бореа да го урнат фашистичкиот режим“, вели овој борец.

По капитулацијата на ДАГ во 1949 година, Колибанов преку Албанија заминал за Русија. Таму се вработил во некоја фабрика за железо, потоа завршил средно рударско училиште и како рударски инженер дошол во Македонија во 1957 година. Работел во рудникот „Радуша“ сè до 1969 година кога се вработил во топилницата во Железара. Таму го завршил и својот работен век.



Членови на ДАГ: Алексо Лембанов, Мите Мојсов, Иљо Чокрев, Ташо Колибанов, Ристо Голов

За исходот од војната и за тоа дали имало некаков договор таа да се води за да се протераат Македонците од Грција, тој вели:

„Тоа не можам со сигурност да го тврдам, но тоа како да го говорат фактите. Всушност, беа мобилизирани речиси сите Македонци од Егејскиот дел на Македонија, помладите беа партизани, постарите ги користеа за копање ровови и за пренесување на ранетите, а децата беа однесени како деца бегалци во други земји. А сите села кои беа уништени се токму од Егејскиот дел“.

Лефтерија Бакарова - Мајнова
ЧУВАВ СТРАЖА ВО СЕЛОТО И ПРЕНЕСУВАВ ПИСМА ЗА ПАРТИЗАНИТЕ

„Во 1949 година од Крушоради нè однесоа во Попадија, а потоа во подножјето на Кајмакчалан-Топлиците. Имавме по 16 години. Партизаните ни носеа храна, а ние плетевме чорапи за нив. Таму бевме еден месец. Одговорниот нè собра во една куќа и нè нареди во редови, прво големите, а потоа помалите девојчиња. Повозрасните девојки ги однесоа во планините, а нас помалите нè вратија во Крушоради, односно таму од каде што и нè зедоа“, се потсетува Лефтерија Бакарова-Мајнова.

Лефтерија Бакарова - Мајнова е родена во 1933 година во селото Овчарани. На двегодишна возраст била донесена во Крушоради. Три одделенија од основното училиште завршила на грчки јазик. Раскажува како постарите луѓе навечер организирано ги носеле во вечерно училиште за да учат грчки јазик. Во периодот пред насилно да ја мобилизираат таа и нејзините врснички чувале стража во селото и ги пренесувале писменцата за партизаните.

„Во 1949 година од Крушоради нè однесоа во Попадија, а потоа во подножјето на Кајмакчалан - Топлиците. Имавме по 16 години. Партизаните ни носеа храна, а ние плетевме чорапи за нив. Таму бевме еден месец. Одговорниот нè собра во една куќа и нè нареди во редови, прво големите, а потоа помалите девојчиња. Повозрасните девојки ги однесоа во планините, а нас помалите нè вратија во Крушоради, односно таму од каде што и нè зедоа“, се потсетува Мајнова.

Таа го прераскажува и загинувањето на дедото на актуелниот македонски премиер Никола Груевски, Коле Груевски, кој заедно со нејзиниот татко Стево Бакаров, како грчки војник учествувал во Грчко-италијанската војна.

„Имав седум-осум години и заедно со другарка ми Сијка си игравме во селото. Одеднаш во близина здогледав партизани, скриени во една грмушка. И велам на Сијка - да одиме да видиме дали можеби е татко ми. Не отидовме, но сепак моето претчувство беше точно. Вечерта кога дојдов дома дојде и татко ми. Во нашата куќа дојдоа и најблиските на Коле Груевски, а татко ми раскажуваше како загинал дедото на сегашниот премиер. Всушност, на Ипиро (грчка територија населена со муслиманско население) четири другари биле сместени во шатор. Додека муабетеле монархофашистите почнале да пукаат. Татко ми побегнал од шаторот и им рекол на останатите да излезат и тие за да не падне некое ѓуле врз нив и да ги убие. Од шаторот излегле само двајца, Коле рекол дека не се плаши и заедно со уште еден другар останал во него. Но, во меѓувреме паднало ѓуле врз шаторот и загинале и двајцата, Коле и другар му. Другите двајца останале живи и по подолго време тргнале во селото Крушоради“.

Мајнова вели дека крајот на 1949 година им соопштиле оти ќе има жестоки борби и дека треба да бегаат. Таа и нејзините родители дошле до границата.

„Едни бегаа ноќе, други дење. Додека се движевме кон границата монархофашистите пукаа. Но, само што влеговме на другата страна од границата, топот почна да пука во нашите села. Кога нѐ видоа српските граничари, не нѐ пуштаа, па така на границата спиевме една вечер. Сепак, наредниот ден пеш дојдовме во Живојно - Битола, каде го чекавме Божик. Татко ми беше многу болен. Наредниот ден со камиони нѐ однесоа во Битола, татко ми со брза помош го пренесоа во болница каде и остана, додека нас нѐ пренесоа во Браилово. Кога одевме за Скопје го донесоа и татко ми. Потоа, со моите родители, и другите луѓе, заминавме за Тресонче. Таму нѐ сместија во приватни напуштени куќи“, објаснува соговорничката.

Во 1950 година Мајнова дошла во Скопје. Вели дека на сите кои потекнувале од Егејскиот дел на Македонија властите им направиле мали куќички во скопската населба Бутел и ги вработиле во лозарството. Таа и денес живее во оваа населба.

Фана Аџи Димитрова
НА 22 ГОДИНИ ОДЛИКУВАНА СО МЕДАЛ ЗА ХРАБРОСТ

„За контроверзите кои се шират за улогата на КПГ во однос на македонското прашање, но и за двојната улога на Захаријадис, Фана Аџи Димитрова коментира дека такви информации слушнале кога биле во Албанија, но слепо верувале во идеалите на КПГ, која велела: „Другите ве лажат, ние сме тие кои ќе ја ослободат и ќе ја водат државата“, посочува Аџи Димитрова.

Некогашната партизанка Фана Аџи Димитрова е родена во село Баница, Леринско, Егејскиот дел на Македонија, во 1926 година. Граѓанската војна во Грција ѝ ја одредила и нејзината животна приказна. Две години била верена за еден човек и две години го чекала да се врати од затвор. Кога го дочекала, почнало да се организира партизанството. Но, нејзиниот вереник требало да замине во партизани.

„Сакав и јас да одам во партизани. Дома ме прашуваа дали знам што ме чека во војната, но јас им одговарав, па толку години го чекав свршеникот, а сега освен што ќе се борам за нашите права, ќе бидам близу и до мојот избраник. Во групата партизани кои беа од селото имаше 14 мажи, само јас бев жена. Нè собраа во Радуш. Со свршеникот се видовме само еднаш, пред да не распоредат. Всушност, кога дознаа дека сме верени, нè разделија. Него го испратија во 102. баталјон. Тоа се случуваше во 1947 година“, раскажува оваа партизанка.

Таа се потсетува и на борбите на Радуш.

„Настрадав од монархофашистичките авиони. Бев ранета, но со оружјето, облеана во крв, дојдов во штабот, каде ми ги преврза раните и ме одликуваа со медал за храброст. Тогаш имав 22 години. Потоа ме однесоа во Нивици, а од таму во Корча, Албанија“, посочува Аџи Димитрова.

По заздравувањето на раните таа се вратила на Грамос, но тогаш не успеале да им се спротивстават на монархофашистите зашто тие биле огромна сила, нивните авиони летале од сите страни на небото.

По неуспехот на Граѓанската војна и по капитулацијата на Демократската армија на Грција, заедно со своите соборци Аџи Димитрова повторно дошла во Албанија, од каде со бродови, како и многумина, животниот пат го продолжила во Русија. Таа вели дека условите на патувањето со бродовите биле ужасно тешки.

Се боревме за нашите права

„Патувавме речиси петнаесет дена. Иако ни даваа храна, хигиената беше на најниско ниво. Бевме облечени во партизанска униформа, па и затоа сите ни се чудеа кога пристигнавме во Русија“, вели партизанката и објаснува дека помладите борци, кои биле способни за работа, ги носеле во оваа далечна земја, додека постарите ги пренеле во Унгарија и во Полска, а оние на кои раните од војната не им биле заздравени ги однеле во Чешка.

Во Русија добро ги пречекале, тука ги оставиле три месеци за да се одморат, а потоа ги вработиле во фабриките. Таа работела во текстилна фабрика.

Во Русија го запознала и својот иден сопруг. Всушност, во текот на војната таа воопшто не го видела својот претходен свршеник.

„На една Илинденска прослава во Русија, мојот сопруг, кој одамна е починат, ме покани да играме. Ја прифатив поканата, а потоа му ја раскажав мојата животна приказна. Тој потекнуваше од Еницe Вардар. По кратко време нашата врска ја крунисавме со брак. Во Русија живеевме седум години. Таму се роди и нашата прва ќерка. Во 1957 година дојдовме во Македонија, каде ни се роди и втората ќерка. Во Македонија сопругот се вработи во фабриката ‘11 Октомври‘, како машински технолог“, раскажува за својата судбина Аџи Димитрова.

На прашањето зошто таа и многумина нејзини соборци се бореле во Граѓанската војна, следува категоричен одговор:

„Се боревме за нашите права. Не ни даваа да зборуваме македонски. Нашето село беше со чисто македонско население, но во него имаше двајца домазетовци - гркомани, кои имаа задача да прислушкуваат под прозорците за да дознаат кој зборува на македонски јазик. Потоа таквите информации ги пренесуваа кај властите, а за зборувањето на мајчиниот јазик нам ни следуваа казни“.

Таа посочува дека со Грците, кои заедно со Македонците биле во редовите ДАГ, зборувале на грчки јазик.

„И Грци и Македонци заедно се боревме. Под едно ќебе спиевме пет души. Верувавме во ветувањата на КПГ дека кога ќе ја ослободиме Грција ќе добиеме автономија, школи, права...“.

За контроверзите кои се шират за улогата на КПГ во однос на македонското прашање, но и за двојната улога на Захаријадис, таа коментира дека такви информации слушнале и тогаш кога биле во Албанија, но слепо верувале во идеалите на КПГ која велела: „Другите ве лажат, ние сме тие кои ќе ја ослободиме и ќе ја водиме државата“, посочува Аџи Димитрова.

Ристо Коканоски
НАШАТА КОЊАНИЦА ИМАШЕ ЗАДАЧА ДА ЈА ПОДДРЖУВА ПЕШАДИЈАТА



„Преку Баница се обидовме да се пробиеме кон Лерин, но не успеавме. Се вративме назад, а монархофашистите веќе ги имаа зафатено рововите кои ние претходно ги ископавме. Се сконцентиравме на планината Пиперка. Битката на Лерин ја гледавме одозгора, не можевме да им пружиме помош на нашите борци. Потоа отидовме на Вермио Планината, Каљарско", вели Ристо Коканоски.

За своето учество во Граѓанската војна во Грција, зборува и Ристо Коканоски. И тој потекнува од Егејска Македонија, односно роден е во селото Ливнице, Каљарско, во 1927 година. Пред да се вклучи во војната, учествувал во организацијата ЕПОН, од каде во 1947 година преминал во партизани. Најпрво бил распореден во Преспа, во единицата на Гарефи. Бил курир на Ристо Кирјазовски. По извесно време го префриле во коњаницата Епикото - Кавалерија. Нивна задача била да собираат храна, но и да мобилизираат млади луѓе, над 15-16 години, мажи и жени, за да ги вклучат во групата на партизаните. Целта била да има што повеќе млад кадар за борба.

Учеството на нашиот соговорник во војната, всушност почнало од Преспа, од каде оружјето, натоварено на коњи, го пренесувале за Карпениш и повторно се враќале назад. Потоа добиле наредба да одат за Радуш, а оттаму за Сетина.

Господин Коканоски вели дека се вклучил во војната за да ги истераат монархофашистите.

Се потсетува и на битката за Воден во 1948 година.

„Коњаницата требаше да ѝ даде поддршка на пешадијата, која се бореше во Воден. На патот меѓу Кајмакчалан и Воден се стациониравме во тунелите. Наша задача беше да ја спречиме монархофашистичката војска, која како засилување требаше да го помине овој пат и да им помогне

на непријателите. Во тунелите останавме два дена. Ги начекавме монархофашистите на педесеттина метри. Имавме успех, заробивме 20 лица, им го зедовме оружјето и ги испративме во Штабот. По Воден заминавме на Караџова, Лутраки (Пазарско-Мегленска околија). Таму престојувавме една седмица. Не можевме да ги пробиеме монархофашистите, па по секоја акција се враќавме во Лутраки".

Тој се потсетува и на наредбата која била издадена на 25 декември 1948 година, а веќе на 27 декември тргнале за Сетина.

„Нашата коњаница беше стационирана во Сетина, а од Овчарани доаѓаа монархофашистите да ги ограбуваат амбарите кои беа полни со пченка. На мостот во Крушоради се обидувавме да се пресметаме со нив, но повторно се враќавме во Сетина. Дојде време да се удри и Лерин, 1949 година. Преку Баница се обидовме да се пробиеме кон Лерин, но не успеавме. Се вративме назад, а монархофашистите веќе ги имаа зафатено рововите кои ние претходно ги ископавме. Се сконцентиравме на планината Пиперка. Битката на Лерин ја гледавме одозгора, не можевме да им пружиме помош на нашите борци. Потоа отидовме на Вермио Планина, Каљарско".

Во јуни, раскажува нашиот соговорник, требало целосно да го заземат Кајмакчалан.

„Иако Кајмакчалан на некој начин беше во наши раце, монархофашистите постојано нѐ напаѓаа. Непријателите трчаа како оси. Се сместивме во подножјето на планината. Бевме на самата македонско-југословенска граница, а по неуспехот на Кајмакчалан се повлековме во Македонија. Тоа се случи во јуни 1949 година".

По доаѓањето во Македонија, Ристо Коканоски бил сместен во бараки во скопската населба Козле и распореден да работи во градежна фирма. Но, освен во градежништвото работел и во прехранбената индустрија. Работниот век го завршил во кланицата во населбата Маџари. Денес зема боречка пензија.

Во Македонија го формирал и своето семејство, а во родното место Каљари досега бил неколку пати.

Христо и Александра Колувеови
БИТКАТА НА ЛЕРИН БЕШЕ ПРЕДАДЕНА



Сопружниците Христо и Александра Колувеови потекнуваат од с. Бапчор, Егејска Македонија. Биле борци за демократска Грција: тој извршувал курирска задача, седум пати бил ранет во војната; а таа била одговорна за пушкомитралезот.

Во скопската Општина Бутел ги посетивме Колувеови. Сопружниците Христо и Александра се борци во Граѓанската војна во Грција. Родени се во с. Бапчор, Христо во 1928 г., а Александра во 1931 г. За жал, поради болест од Христо не дознавме многу, освен дека го мобилизирале во 1947 г. Прва дестинација му бил Вичо, а се борел и на Грамос и на Малимади. Во текот на војната седум пати бил ранет, а се лекувал во Албанија. Извршувал курирска задача, заробувал монархофашисти и му ги предавал на главниот штаб на ДАГ. Успеа да се сети на нападот од противничката војска на Прокопана и на битката во Лерин во 1948 г. кога изгубиле многу војска.

Сопругата Александра раскажува за нејзиното заминување во партизанските редови на 17-годишна возраст. Пред да тргне била издадена наредба во планините да заминат сите девојки. Иако требало да остане бидејќи само таа била во семејството, брат ѝ, сестра ѝ и тројца први братучеди заминале во 1948 г. во Романија, нејзините другарки не сакале да одат без неа. Чичко ѝ загинал во партизанство, а татко ѝ одел по селата за да го организира населението. Кога дошол дома слушнал дека Александра заминала, а и тој ја советувал дека така треба да постапи. Кога заминувале девојките со себе го зеле и добитокот.

„Застанавме во Смрдеш. Дојде татко ми, ни донесе храна и ни рече да не се плашиме, дека ќе биде добро. Тој си замина, а нас нè однесоа во околината на Преспа. Тука нè учеа да пукаме и како да се браниме. Јас бев најдобра во пукањето и ми дадоа пушкомитралез. Оттаму, заедно со другите, ме распоредија во 18. бригада. Нè однесоа на Вичо каде ја поми-

навме зимата. Пролетта почнаа да нѐ подготвуваат за нападот во Лерин. Како сѐ да беше мед и млеко. Одговорниот ми кажуваше како ќе удриме на Лерин, како ќе шетаме. Си мислевме дека 'со бонбони' ќе влеземе во Лерин. Сѐ беше в ред. Но, кога тргнавме натаму слушнав дека некои шпиони нѐ предале и дека ќе изгубиме народ, а нема да победиме. Ме фати паника. Но, тргнавме во битка", се потсетува Александра.

Таа раскажува како се сконцентрирале на една падинка, од едната страна било с. Буф, од другата Неволени, а тие во средина. Имало снег, запалиле оган. По разденувањето ги распоредувале кој каде да оди, а таа била распоредена во групата со тешките митралези. Монархофашистите почнале да ги фрлаат ракетите и го осветлиле место. Тие биле на ритчето, а партизаните во падинката. Во моментот кога Гарефи ги распоредувал во средина паднала бомба. Гарефи преживеал, но од 30 до 40 лица останале само неколкумина.

„Само што тргнавме другарот кој беше со мене го ранија в рака и исчезна. Останав сама. Осамна денот, а авионите продолжија да бомбардираат. Го најдов секретарот, кој беше Грк, и тој ме советуваше да се качиме на ридот, а кога ќе наидат мајдите (платеници, облечени во црно, убивале сѐ што ќе сретнат), да пукам. Оној кој требаше да ми помага побегна. Пукав, не знам колку сум убила. Но, над нас, на ридот почнаа да пукаат, нѐ обиколија. Едни од едната, други од другата страна, ние во средина. Одеа кон нас. Со пушкомитралезот се симнав подолу. Го натоварив коњот и сакав да се засолнам во шумата, но само што тргнав коњот го убија, а јас се обидов да се скријам. Таму најдов непознати луѓе од дру-

гите бригади, а го убија оној кој нѐ снабдуваше со оружје“, раскажува Колувеова.

Потоа тргнале за Прокопана, а над Буф останале 20 дена. Се симнале во Псодери, Желево. Во околината на Оштима биле еден месец, се подготвувале да заминат на Грамос.

„Таму - дополнува Александра - од мајка ми добив пакет со облека. Ја фрлив налепницата со адресата, а другиот ден на тоа место дошла мајка ми, односно ги собрале сите жени за да прават бункери. Еден роднина ја нашол налепницата и ѝ рекол на мајка ми дека претходно на тоа место сум била. Тогаш таа почнала да плаче. Сме се разминале“.

Следна дестинација им било с. В‘мбел. Ги поставиле шаторите и се подготвувале да го нападнат Малимади. Два дена седеле во бункери над Брезница. Преку Смрдеж влегле во Албанија, бидејќи биле оневозможени да дејствуваат. Во Албанија ги разоружале и само што помислиле дека ја изгубиле војната, по извесно време, повторно им го дале оружјето.

„Се прашувавме - Боже каде одиме? Врнеше дожд, а ние пеевме, игравме, како да знаевме дека ќе се вратиме само четвртина. Во нашата бригада останаа 20 луѓе. Се качивме на Грамос. Јас повторно го имав пушкомитралезот. Влегов во бункерот заедно со оној кој ги полнеше патроните. Тој исчезна, не знам што се случи со него. Останав сама. Ме фати паника, но кога се доближија мајдерите почнав да пукам. Нашите побегнаа од другата страна, јас не знаев што да правам. Десетарот се сетил дека ме нема и од бункер на бункер ме пронајде. И двајцата успеавме да се засолниме. Таман што се собраа ‘големците‘ за да одлучат што понатаму, падна проектил и никој од нив нѐ остана“, потенцира Александра.

Ранувањето на Христо

Борците пребегнале во Албанија, а оттаму со камион заминале во Елбасан. По еден месец престој во Елбасан, со бродови тргнале во Ташкент. Во Скопје дошла во 1962 година.

Јован Манов
БАПЧОР ГОРЕШЕ, А МОНАРХОФАШИСТИТЕ ФРЛАА БУРИЊА БЕНЗИН!



„Селото Бапчор беше гнездо на партизаните. На Бапчор, како што рече еден партизан, го изедовме не само лебот, туку и класјето. Како деца им помагавме на партизаните и извршувавме курирскки задачи. Следејќи ги постапките на моите двајца браќа и јас доброволно им се придружив на партизаните“, раскажува Јован Манов.

Некогашниот учесник во Граѓанската војна во Грција, Јован Манов, е роден во 1931 година во село Бапчор, Костурска околија. Основно училиште завршил на грчки јазик, но дома со своето семејство зборувал на мајчиниот македонски јазик. Во однос на употребата на македонскиот јазик, Манов потенцира дека тоа било особено тешко за време на Метаксасовата диктатура. Во тоа време имало луѓе кои оделе под прозорците за да слушнат дали некој зборува на македонски јазик, а за тие лица следувало казна. За зборување на македонски јазик била казнета и мајка му на Јован. Таа воопшто не знаела да зборува на грчки јазик, а кога на пазар носела дрва за продавање, често пати ѝ се случувало на магарето да му прозбори на македонски, за што ја казнувале парично или ја затворале по ден-два.

Нашиот соговорник потекнува од револуционерно семејство. Семејството го сочинувале осум деца - четири машки и четири женски. Јован бил најмлад од машките. Неговиот татко 12 години лежел во затвор на островите, а истото се случило и со брат му. По излегувањето од затвор татко му поживеал кратко време. Манов се вклучил во Граѓанската војна во 1946 година, како член на 105. бригада.

„Немавме никакви права. Не само што не можевме да учиме на мајчиниот јазик, воопшто и не можевме да продолжиме со образованието. За такво нешто требаше или да бидеме гркомани, или деца на попови, или да имаме пари“, вели Манов.

Селото Бапчор, како што раскажува нашиот соговорник, било гнездо на партизаните.

„На Бапчор, како што рече еден партизан, го изедовме не само лебот, туку и класјето. Како деца им помагавме на партизаните, извршувавме курирски задачи. Следејќи ги постапките на моите двајца браќа и јас доброволно отидов во партизани“, раскажува овој борец.

Се потсетува и на случката кога неговиот татко бил затворен затоа што се обидел да скрие партизан.

„Еден партизан од нашето село дојде за да го нахраниме, но некој од соседното село нè шпионирал. Дојде грчката полиција и ја претресоа куќата, но не најдоа ништо. Потоа ја обиколија колибата во која го засолнивме партизанот и за баксуз го пронајдоа. Најстрого беше забрането да се хранат партизани. Го земаа партизанот, а со него и татко ми и брат ми“, вели Манов.

Во тоа време главната дејност ја вршела Комунистичката партија на Грција, иако постоел и НОФ, кој соработувал со КПГ. Овој некогашен борец бил директно на фронтот. Учествувал во борбите на Малимади, Грамос, а во мај 1948 година во Гревена бил ранет од минофрлач.

„Сакавме да го заземеме гратчето, но целото засвети од рафалите и едвај живи се извлековме. Потешко ранетите со магарења ги однесоа до албанската граница каде имаше партизанска болница. Нè преврзаа, а потоа мене и останатите партизани со воени камиони нè однесоа во Корча. Таму сакаа да ми ја ампутираат раката. Ми дадоа опивка и ми рекоа да бројам за да видат дали таа делува. Сè сеќавам дека еден доктор Грк им рече на колегите: ‘Ова е младо дете, да му ја оставиме раката барем нека му служи за украс, ако не за нешто друго. Броев до осум..., а кога се разбудив видов дека раката сè уште ми е на место. Моето патешествие продолжи по болниците во Албанија, Сук, Елбасан... На крајот на 1949 година дојде една Комисија, нè прегледаа и околу Нова Година од пристаништетото во Драч 850 луѓе нè качија на бродови и тргнавме за Полска. Во бродот дојде некоја комисија, а претпоставените ни наредија да не се качуваме горе на палубата. Патувавме 11 дена. Кога пристигнавме во Полска, со воени камиони нè однесоа во болницата „250“. Таму, како и во Албанија, бевме заведени под броеви, а не под име и презиме“, раскажува Манов.

Во болницата во Полска останал речиси една година. Од неа изглегол во 1951 година и се вработил во претпријатие, кое било основано од државата, а наменето за работа на инвалидите. Во него се правеле обувки, чанти... Таму работеле и Грци и Македонци. Во претпријатието Манов работел од 1.1.1951 година до август 1957 година, а потоа дошол во Скопје.

Јован Манов и Васил Трповски, учесници во ДАГ, како ранети инвалиди на лекување во Полска во „болницата 250“

Во главниот град ги сместиле во едно прифатилиште во Чаир, а потоа добиле стан во Автокоманда. Работниот век го продолжил во трговско претпријатие за тутун кое, исто така, било наменето само за воени инвалиди. Денес зема боречка пензија.

За ветувањата на Комунистичката партија на Грција, Манов вели:

„КПГ многу ни ветуваше, дури ветуваше и отцепување на Егејска Македонија. Но, не добивме ништо, бевме поразени“.

Што се однесува, пак, до контроверзите за улогата на Захаријадис во војната, тој потенцира:

„Ние, обичните луѓе, не бевме запознати со тоа, но на крај се дозна за разногласието меѓу Маркос и Захаријадис околу начинот на војување. Захаријадис беше за фронтално војување, а Маркос сакаше герилска војна. Тој велеше дека ние не сме подготвени за фронтовско војување и тврдеше дека на тој начин за еден месец ќе го изгубиме селото. Заради

тоа и се скараа. Во 1948 година Бапчор гореше, а монархофашистите фрлаа бурињa бензин. Инаку, со Грците кои беа во редовите на ДАГ, немавме проблеми. Заедно војувавме, иако всушност тие се бореа за власт, а ние за права“, потенцира Манов.

Ѓорѓи Мацков
ПОЛИТИКАТА НА ЗАХАРИЈАДИС БЕШЕ ПРЕДАВНИЧКА



„Како можеше Захаријадис во Атина слободно да се шета, а кога дојде на слободната територијата, на партизаните веднаш да им нареди фронтално војување. Генерал Маркос му се спротивстави велејќи дека ние не сме подготвени така да војуваме, но беше сменет. Всушност, Маркос беше во право кога на генералниот секретар на КПГ, му велеше дека ние не сме вооружени за таков начин на војување, затоа и ги губевме позициите, а фашистичката војска стануваше сè посилна. Мислам дека токму поради политиката на Захаријадис се случи крахот на ДАГ, иако не верував дека ќе можевме уште многу да издржиме, сепак сигурно немаше толку брзо да пропаднеме", потенцира Ѓорѓи Мацков.

Некогашниот учесник во Граѓанската војна во Грција, Ѓорѓи Мацков, е роден во далечната 1930 година, во село Сетина, Леринско, каде завршил и основно образование. Всушност, во Граѓанската војна била вклучена генерацијата родена 1928-1931 година. Поконкретно, нашиот соговорник во 1947 година се вклучил во Демократската армија на Грција. Неговата Сетина ѝ припаѓала на ослободената територија на партизаните, па така тој и многумина од селото биле мобилизирани во револуционерното движење. И тој, како и многуте наши претходни соговорници, учествувал во оваа војна, која се водела против кралска Грција, бидејќи КПГ им ветувала на Македонците дека ќе добијат демократски права. Цел било да се преслика ситуацијата од тогашна Југославија.

„Борбата се водеше за Грција да стане демократска држава. Нè убедуваа дека се бориме за човекови права, а ни ветуваа дека ние, Македонците, ќе добиеме училишта на македонски јазик. Во 1948-1949 година имаше училиште на македонски јазик, и тоа во селото Желево. Всушност, прво се подготви кадар, а потоа се отворија училиштата, но не за долго", вели Мацков.

АКЦИИ ПРОТИВ МОНАРХОФАШИСТИТЕ

Во однос на прашањето за акциите против монархофашистите, тој го истакнува своето учество во борбите кај Фалцата - Костурско во 1947 година, но исто така, и учеството во оние во селото Загоричани, кое било опколено од монархофашистичката војска и полиција. Тогаш партизаните прв пат употребиле артилерија. Ги спомнува и акциите на Вичо и во Сињачко.

Како учесник во војната бил директно вклучен во единицата, односно во четата во состав на 18. бригада. Таму бил 12-13 месеци, а потоа во 1948 година, кога единицата била прегрупирана, се вклучил во техничката единица за минирање.

„Нè убедуваа дека се бориме за човекови йрава“ - фошоīрафиран во село Брезница, Косшурско, 1948 ī.

„Имавме некои информации дека ќе се врши размена на монархофашистичката војска од Кожани во Костур. Ја чекавме размената и го миниравме патот. Монархофашистите се движеа од Костур, Сињачко кон Богатско. Имаше 12 камиони. Ги дочекавме наутро, а камионите им ги миниравме. Потоа дојдоа авионите и нас нè бомбардираа. Пристигна друга монархофашистичка војска од Костур. Во Сињачко војувавме до ноќта. Имавме и жртви. Тука загинаа и двајца англиски офицери“, раскажува Мацков.

Овој партизан се борел и на Вичо, како и во реонот на Мала Бигла над

Лерин. Не учествувал на Грамос, но сепак таму заминал поради друга задача, односно со неколкумина требало да го префрлат на Грамос генералниот секретар на КПГ, каде што всушност се наоѓал штабот на партизаните.

„Во февруари 1948 година Захаријадис излезе од Атина. Но, не знам дали на нашата слободна територија дојде преку Југославија или преку Лерин. Нашата единица беше лоцирана на слободната територија која го зафаќаше просторот од Смрдеж, Косинец кон Костур, близу албанската граница. Добивме наредба, десеттина луѓе во кои имаа доверба, генералниот секретар да го префрлиме во штабот на Грамос. Но, откако дојде тој нареди да не се војува партизански, туку фронтално, гради в гради. Тоа беше голема грешка. Во меѓувреме слушнавме дека Захаријадис го сменил генерал Маркос. Тоа се случуваше на крајот на 1948 година. Оттогаш почнавме фронтално да војуваме, имавме многу жртви и ги губевме позициите“, се потсетува борецот Мацков.

Неговата единица војувала и во Калуѓерица, на Трсјанската Планина и во Турија. Но, како што раскажува нашиот соговорник, на монархофашистите им дошла огромна помош, поради што партизаните се повлекле и ДАГ капитулирала.

Во јуни 1949 година Мацков се повлекол од преспанскиот дел во Македонија. Тука работел како помошник електричар, при што истовремено учел и технички вечерни школи. Потоа му се посветил на столарскиот занает, а работниот век го завршил како директор во столарско претпријатие.

ФРОНТАЛНО ВОЈУВАЊЕ

„Мислам дека политиката на Захаријадис беше предавничка. Деведесет отсто од ова мое кажување е точно. Не знам дали некој може да ме демантира. Како можеше Захаријадис слободно да се шета во Атина, а кога дојде на слободната територија на партизаните веднаш да им нареди фронтално да војуваат. Генерал Маркос му се спротивстави велејќи дека ние не сме подготвени така да војуваме, но веднаш потоа беше сменет. Всушност, Маркос беше во право кога на генералниот секретар на КПГ му велеше дека ние не сме вооружени за таков начин на војување, па

затоа и ги губевме позициите, а фашистичката војска стануваше сè посилна. Мислам дека токму поради политиката на Захаријадис се случи крахот на ДАГ, иако не верував дека ќе можевме уште многу да издржиме, сепак сигурно немаше толку брзо да пропаднеме“, посочува Мацков.

На прашањето дали КПГ манипулираше со македонските партизани и со тоа што дозволи привремено да работат училишта на македонски јазик, на некој начин ги условуваше Македонците да се борат во Граѓанската војна?

„Многумина го тврдат тоа. Всушност, ни прочитаа наредба дека треба да се зборува на грчки јазик за да разберат сите. Грците нè ни ги дадоа училиштата за што наводно многу се грижеле, туку македонските раководители сами успеаја да ги извојуваат, односно да ги добијат. На еден конгрес во Бапчор беше кажано дека македонското раководство само си ги извојувало правата. Во војната учествувавме под притисокот дека има потреба во неа да се ангажираат и Македонците. Училиштата постоеја кратко време, по што тие се распаднаа“, вели нашиот соговорник.

Дали Граѓанската војна во Грција потсетува на онаа која во Македонија се случи во 2001 година?

„Таква споредба можеше да се забележи од случувањата при крајот на 1949 година. Всушност, тоа и го почувствувавме кога се примени силна офанзива за да се исчистат македонските села“, одговара Мацков, кој досега неколку пати ја посетил родната Сетина.

„Ни прочитаа наредба дека треба да се зборува на грчки јазик за сите да разберат. Грците не ни ги дадоа училиштата за што наводно биле многу загрижени, туку македонските раководители успеаја сами да ги извојуваат. На еден конгрес во Бапчор беше кажано дека македонското раководство само си ги извојувало правата. Во војната учествувавме под притисок дека имаа потреба во неа да учествуваат Македонци. Училиштата постоеја кратко време, по што тие се распаднаа“, вели партизанот Ѓорѓи Мацков.

Наце Мишоков
НАШАТА БРИГАДА СЕ БОРЕШЕ ВО РЕОНОТ ОД СМРДЕЖ ДО ГРАМОС



„Партизаните и фашистите се судрија во Леринско поле. Имавме успех во тие борби, а од Сетина заминавме на Вичо. Требаше да одиме на Грамос, зашто партизаните останаа без оружје и им беше потребна наша помош. Но, не успеавме да се качиме на Грамос, зашто во Сињачко се судривме со монархофашистите“, раскажува Наце Мишоков.
„Македонските партизани влегоа во војната, бидејќи се надеваа дека македонскиот народ ќе ги добие своите права. Тие секогаш беа на првата фронтовска линија, а грчката политика беше што повеќе македонски народ да се протера од Грција“.

Дедо Наце Мишоков, учесник во Граѓанската војна во Грција е роден во далечната 1927 година во селото Сетина, Леринско. И тој, како и многуте борци бил мобилизиран во револуционерното движење. Се борел за демократска Грција. Во разговорот тој се потсетува на борбите кои ги воделе со грчките монархофашисти во Леринско поле, но и во близина на албанската граница.

„Партизаните и фашистите се судрија во Леринско поле. Имавме успех во тие борби, а од Сетина заминавме на Вичо. Требаше да одиме на Грамос, зашто партизаните останаа без оружје и им беше потребна наша помош. Но, не успеавме да се качиме на Грамос, зашто во Сињачко се судривме со монархофашистите. Водевме борби и во Емборе, Каљарско, го нападнавме и градот Каљари. Коњаницата избега кон Кожув, а ние ги окупиравме врвовите. Грчките непријатели продолжија да нè провоцираат, па се судривме и во Горници. Водевме борба гради в гради. Првата вечер извојувавме успех, а втората нивниот број се зголеми. Водачот на нашата бригада, Суло, се качи на тврдината да фрла бомби, но падна на нивната територија и всушност така и загина“, раскажува Мишоков.

Од партизанските денови при крајот на 1948 година

По случувањата во Горници, партизаните се престроиле и заминале во Желево.

„Ги начекавме - додава нашиот соговорник - на спиење и ги соборивме. Ги протеравме непријателите. Тие се качија на Герман и оттаму нè напаѓаа. Го окупиравме местото и чекавме да ни се приближат на десеттина метри. Тука повторно се судривме и извојувавме успех“.

Бригадата во која бил нашиот соговорник, кој всушност имал задача да поставува мини, го контролирала реонот од Смрдеж до Грамос.

Дедо Наце учествувал и во битката за Воден. А бил и во битките кај Форцата - Костенец, Костурско.

„Од Грција нè донесоа во Југославија, односно во Македонија. Нè сместија на Матка каде нè подготвуваа за повторно враќање во Егејска Македонија за да се бориме против фашистите. Тоа се случуваше при крајот на војната во 1949 година. На крај ги расформираа бригадите и нè распоредија во близина на скопско Ергеле. Таму се оженив и формирав свое семејство. Сега имам боречка пензија и како сите македонски граѓани ги уживам сите права“, вели Мишоков и дополнува: „Македонските партизани влегоа во војната, бидејќи се надеваа дека македонскиот народ ќе ги добие своите права. Тие секогаш беа на првата фронтовска линија, а грчката политика беше што повеќе македонски народ да се протера од Грција“.

„Грчките непријатели продолжија да нè провоцираат, па се судривме и во Горници. Водевме борба гради в гради. Првата вечер извојувавме успех, втората се зголеми нивниот број. Водачот на нашата бри-

гада Суло се качи на тврдината да фрла бомби, но падна на нивната територија и всушност така и загина“, се потсетува Мишоков.

„Со бригадата заминавме за Сињачко. Ја нападнавме караулата на грчките фашисти и ја разурнавме. Таму бев ранет, а останавме речиси еден месец. Повторно нè нападнаа фашистите, а на помош ни дојде друга бригада, по што ги протеравме грчките непријатели. Со бригадата заминавме во Костурско во селото Форцата. И таму имавме успех против непријателите. Нашата наредна дестинација беше меѓу Ајтус и Стребрено, каде се сретнавме со оние кои им носеа храна на фашистите во Невеска. Ги заробивме соработниците на монархофашистите и ги пренесовме во нашиот штаб во месноста Прекупано, каде всушност беше сместен и нашиот штаб. Оттаму пристигнавме во Статица. Добро се вооруживме и заминавме во селото Бапчор. Преку Вичо пристигнавме во село Котори, а ноќта од Котори, преку Баница дојдовме до местото Орлето, кое се наоѓа близу Сетина. Потоа пристигнавме во село Понагица, а оттаму во Керисија каде се собравме повеќе бригади“, раскажува борецот.

„Се подготвувавме да го нападнеме Воден. Во градот бевме две вечери и водевме улични борби. На непријателот му пристигна помош од Солун и нас нè протераа од градот. Со мојата бригада заминавме на местото Вермон Плонита, од каде преку Кајмакчалан пристигнавме во Попадија и Сетина, а преку Леринско Поле дојдовме на Вичо“, потенцира Мишоков.

Поликсена (Шенка) Мишева
НАГРАДЕНА СО ОРДЕН ЗА ХЕРОЈСТВО ОД ДАГ

Шенка била учесник на Конгресот во Нивици. Таму се сретнала со Томе Јарев, за кој пишувавме во минатиот број. Тие се договориле да стапат во брак доколку останат живи. Желбата им се остварила во Ташкент.

Поликсена (Шенка) Мишева е родена на 29 јуни 1931 година село Патиле. Двете одделенија од основното училиште ги завршила во родното село, а трето и четврто одделение во Битола. Кога имала 15 години починала нејзината мајка. Татко ѝ бил голем активист, комунист од 1926 година. Бил и трговец, имал голем имот и две куќи, а поседувал и кафеана и бакалница. Учествувал во Грчко-италијанската војна во 1940-1941 година. Во 1945 година бил уапсен од монархофашистите и испратен на островите во Егејско Море. Шенка имала двајца браќа, постариот Ристо и помалиот Васил. Нејзиниот поголем брат запеал една македонска песна и поради тоа толку го истепале што неколку дена не можел да стане од постела. По заздравувањето на раните, тој ѝ рекол на сестра му дека веќе не може да трпи да го малтретираат монархофашистите и во 1947 година заминал во партизани. Служел на Вичо во диверзантската единица. Во тоа време завршил и офицерска школа за диверзанти. Бил многу активен. Често пати доаѓал со својата група за да врши мобилизација на нови борци. При една таква акција во август 1947 година го минирал патот каде што била лоцирана полицијата. Откако татко им се вратил од интернација и дознал за случувањата, ги зел Шенка и Васил со себе во партизани. Нив ги испратиле на обука за партизанско војување во селото Герман, Преспанско, каде престојувале околу 40 дена, по што Шенка ја распоредиле во 108. бригада, а Васил во 14. бригада. Шенка учествувала во многу борби. Таа ја потенцира борбата во местото Малимади, а во битката за Лерин во февруари 1948 година била ранета во раката. Исто така,

бил ранет и нејзиниот помал брат Васил, а поголемиот брат загинал во селото Арменско. По ранувањето Шенка била префрлена во партизанската болница, а Васил кој бил тешко ранет во ногата го испратиле на лекување во Полска, каде останал до крајот на војната. Таму завршил медицински факултет. По завршувањето на војната и таткото на Шенка го испратиле во Полска, каде останал 15 години, по што се вратил во Скопје и починал на 74-годишна возраст. шенка била учесник на Конгресот во Нивици. Таму се сретнала со Томе Јарев. Тие се договориле да стапат во брак доколку останат живи. По враќањето од Конгресот, Шенка заедно со останатите борци од бригадата заминала на Грамос. Таа се потсетува на борбите во гратчето Присоњани и на тоа како херојски се борела и заробила седум монархофашисти, кои ги спровела во штабот. За херојскиот настап била наградена со Орден за херојство од ДАГ. Во партизанскиот весник, кој во тоа време излегувал во Грција, биле опишани подвизите на Грамос на тогашните „Славомакедонци“, а пишувало и за наградата на Шенка. Но, радоста на Шенка не била долга, по два дена била тешко ранета во главата и префрлена во болница во Корча, потоа во Елбасан. По закрепнувањето на раните доброволно се пријавила како медицинска сестра да им помага на ранетите борци. Тоа го работела сè до поразот во војната. Како сестра таа им помагала и на ранетите борци во бродот,кој требало да замине во Русија. По девет дена пристигнала на црноморското пристаниште Фоти, а оттаму со воз тргнала за Ташкент. По пристигнувањето таму ги сместиле во партизанска населба. По 15 дена Русите организирале бригада од 30 девојки, односно партизанки. Во меѓувреме дознала и дека Томе Јарев е во Ташкент, се сретнале и на 31.12.1949 година склучиле партизански брак. Шенка дошла кај Томе во гратчето Чирчик и се вработила во истата фабрика каде што работел Томе. Подоцна работела како медицинска сестра во 20. поликлиника во Брза помош. Таму останала на работа сè до 6.1.1966 година, кого заедно со семејството дошле во тогашна Југославија. Како воен инвалид се пензионирала во Скопје.

Ристо Малов
НЕ ДОЗВОЛИВ НИЕДЕН МОЈ БОРЕЦ ДА ЗАГИНЕ!



„Тоа не е ваша работа, ќе видиме потоа, така ни одговараа грчките команданти на прашањето за што се бориме. Но, за тоа не можеше да се дискутира, зашто Грците нè нарекуваа Бугари, 'славомакедонци', а можеа и да нè ликвидираат", вели Ристо Малов.

Дедо Ристо Малов ја живее деветата деценија од својот живот. Иако годините си го направиле своето, тој сè уште многу добро се сеќава на борбите во кои учествувал. Тој бил и на Албанскиот фронт за време на Грчко-италијанската војна, но и во Граѓанската војна. Роден е во село Сетина, Леринско, во далечната 1916 година.

Потсетувајќи се на минатите времиња, вели дека живеел скромен живот. Учел училиште на грчки јазик. Како дете, заедно со неговите другарчиња Македончиња, зборувале на македонски јазик. Дедо Ристо раскажува за случката кога некој офицер ги прашал каков е тој јазик на кој зборуваат, а кога децата му одговориле дека тоа е македонски, офицерот категорично им рекол: „Нема македонски јазик, тој е мешавина од бугарски, турски јазик". Евоцирајќи спомени на војничките денови ја пееле песната која потекнува од 1821 година, а во која се зборувало за Македонија. За своето учество во Грчко-италијанската војна вели:

„На 28 октомври 1940 година на албанскиот фронт се судривме со Италијанците. Борбите се водеа во Курица, Елбасан... На албанскиот фронт загинаа осумина борци од нашето село. Всушност, од Сетина на албанскиот фронт имаше околу 50-60 луѓе. Кога завршија борбите на фронтот, од јуни 1941 година отидов во ЕЛАС. Во 1945 година во Варкиза имаше некој договор да го предадеме оружјето. Во 1946 година бев воен референт. Тогаш повторно почнавме да се организираме за Граѓанската војна".

Во грчко-италијанската војна со него се борел и дедото на сегашниот македонски премиер Никола Груевски, Коле Груевски. Тој му бил род-

нина на нашиот соговорник Ристо Малов, кој во оваа прилика ни кажа и неколку збора за Коле Груевски.

„Коле и Павле Груевски беа двајца браќа. Тие ми беа роднини. Овие деца се прибраа кај нас. Постариот Павле подоцна замина за САД, а Коле остана во нашето семејство како наше дете. Со него седум години спиев во една постела. Беше добро дете, ме учеше да зборувам на грчки јазик. Заедно бевме и на Италијанскиот фронт. Тој таму загина“, посочува Малов.

Сетинци, учесници во Грчко-Италијанска војна,
Ристо Малов по чин водник

Во селото Сетина грчката војска била до 1936 година, потоа повторно се вратила, а во 1945 година кога почнала Граѓанската војна се повлекла. Тогаш се формирала и ДАГ, која го продолжила дејството на ЕЛАС. Во 1946 година Малов бил воен референт, а неговата задача се состоела во тоа да ги собира младите од селото и да ги подготвува за Граѓанската

војна. Од Сетина ги носеле во Албанија каде се подготвувале за борба. Во куќата на Коле Груевски во Сетина, која тој му ја отстапил на неговиот чичко, бил и главниот штаб на партизаните.

„Во текот на целата војна најжестоките офанзиви се водеа на Грамос. Имаше борби на Вичо, Малимади, Костурско... Освен едно дете од мојот вод, кое беше рането, не дозволив да загине ниту еден од моите триесеттина борци, зашто знаев како да дејствуваме, бев добро војнички подготвен“, вели нашиот соговорник.

Кон крајот на војната Малов се разболел од жолтица. Бил пренесен во болница во Република Македонија.

„Прво дојдов во Прилеп, потоа во Козле, па на Матка... Се подготвувавме да се вратиме назад, но додека да се подготвиме, тоа го направи другата страна и ги ликвидираа нашите борци. Тогаш падна и Грамос“, вели Малов.

Во текот на војната грчките команданти, како што потенцира Ристо Малов, ништо не им ветувале во однос на нивните права.

„Тоа не е ваша работа, ќе видиме потоа, ни велеа. Повеќето не знаеја зошто се бориме. Од борците во ДАГ повеќето беа Македонци, а Грците не беа ниту десет отсто. Јас знаев зашто ние Македонците се боревме, за јазик, за школо, за црква. Но, за тоа не можеше да се дискутира, зашто Грците нѐ нарекуваа Бугари, ‘Славомакедонци‘, а можеа и да нѐ ликвидираат“.

Животниот пат го продолжил во Скопје, а неговата сопруга била во Свети Николе. Сепак, судбината ги споила во главниот град.

Лексо Малев
ДО РАНУВАЊЕТО НА ГРАМОС ВЛЕЧЕВ 15 КИЛОГРАМИ ТЕЖОК МИТРАЛЕЗ

„Од селото Смрдеж, преку Малимади, во вечерните часови дојдовме пред селските куќи во Д'мбени. Никој не ни ја кажа целта на ова наше доаѓање. Во селото немаше ниту партизани, ниту монархофашисти. Се распоредивме по куќите и чекавме. Ноќта монархофашистите ја опколија Д'мбени, но не знаевме дали некој нè предал. Во утринските часови едвај се спасивме, малку недостасуваше непријателите живи да нè заробат сите 250 души. Заминавме на Вичо. Тоа се случи во 1948 година, по што почнаа и големите офанзиви на Грамос", објаснува Лексо Малев.

Лексо Малев, борец за слободна и демократска Грција, учесник во Граѓанската војна во таа држава, е роден во 1929 година, во селото Сетина, Леринско. До 1947 година престојувал во Сетина, а потоа заминал во планините, каде во партизанските редови останал три години. Всушност, пред да замине на обука на Вичо, Преспа, како младинец бил во младинската организација ЕПОН. Задачата на таа организација била да собира храна за партизаните.

„Кога наполнивме 17 години заминавме на планините затоа што можевме да носиме оружје. Нас нè заменија други младинци. Но, ние бевме последната генерација партизани од селото Сетина", вели Лексо Малов.

Од Преспа, каде што престојувал речиси еден месец, заедно со неговите соборци заминал на Грамос. Ја раскажува офанзивата во Мецово, каде како младинци биле испратени за да им помогнат на партизаните. Но, додека тие дошле борците за демократска Грција биле поразени, а нив ги повлекле. Потоа ги распоредиле во баталјони. Нашиот соговорник се наоѓал во 549. бригада, 107. баталјон. Тоа се случувало на крајот на

1947 година, а во овој баталјон Малев останал сè до завршувањето на војната. Борецот ја истакнува и офанзивата на Божик.

„Од селото Смрдеш, преку Малимади, во вечерните часови дојдовме до селските куќи во Д'мбени. Никој не ни ја кажа целта на ова наше доаѓање. Во селото немаше ниту партизани, ниту монархофашисти. Се распоредивме по куќите и чекавме. Ноќта монархофашисти го опколија Д'мбени, но не знаевме дали некој нè предал. Во утринските часови едвај се спасивме, малку недостасуваше непријателите живи да нè заробат сите 250 души. Заминавме на Вичо. Тоа се случи во 1948 година, по што почнаа и големите офанзиви на Грамос", објаснува Малев.

За време на двете големи офанзиви на Грамос тој имал задача да влече 15 килограми тежок митралез. Во 1948 година на Грамос бил ранет, а потоа однесен во Албанија, во Корча и во Елбасан. Во оваа држава останал околу пет месеци. Во 1949 година повторно бил вратен на Грамос. Но, овој пат бил во вторите редови на фронтот. Раскажува за тоа дека офанзивите претежно биле планински, а улогите околу нивното организирање се менувале, некогаш иницијатори биле монархофашистите, друг пат партизаните. Сè до капитулацијата на ДАГ во 1949 година бил на Грамос, по што повторно заминал во Албанија. Таму останал еден месец. Потоа оттаму животниот пат го продолжил во Ташкент, каде тој и неговите соборци биле распоредени во касарните. Извесно време биле под карантин, а откако здравствено утврдиле дека со нив сè е в ред им дале работни задачи. Малев прво работел како бравар, а потоа го изучил и возачкиот занает. Во Ташкент, во 1950 година се оженил. Неговата сопруга (покојна), исто така, била партизанка и поминала идентичен животен пат како и Малев. Во Ташкент останал 17 години, а во 1966 година дошол во Македонија. Тука работел како бравар во „Пролетер Транспорт". Денес зема боречка пензија.

Се потсетува на времето кога во Грција владеела Метаксовата диктатура и кога била забранета употребата на македонскиот јазик. Таа забрана и денес сè уште важи.

„Во тоа време Македонскиот јазик го употребувавме дома и на нива. Ние помладите, кога ќе видевме полицаец или некој за кој знаевме дека е шпион, веднаш зборувавме на грчки јазик, зашто ако така не постапувавме ќе ни следуваа казни, ќе нè бркаа од работа. Старите не го знаеја

грчкиот јазик. И ден-денес во нашето село не се зборува на грчки јазик“, вели Малев.

Сепак, тој потенцира дека со своите соборци, Грци по потекло, кои биле во редовите на ДАГ, комуницирал само на грчки јазик.

Досега родното Сетина го посетил два пати. Првиот пат, во 1982 година, имал проблеми околу влегувањето во родниот крај. На прашањето дали таа посета му разбудила некои болни сеќавања, одговара дека спомените за она што тука се случувало во текот на војната не го растревожиле, само со носталгија се сеќавал на местата каде што како дете го пасел добитокот.

Атанас Китиновски - Гоче
БОРБЕНОСТА ЈА ДОКАЖАЛ ВО МАКЕДОНИЈА, НО И ВО НЕЈЗИНИТЕ ЕТНИЧКИ ГРАНИЦИ

„На 25 март 1936 година која се прославуваше националниот празник на Грција, учителите не построија на парадата, која беше организирана за таа цел. На чело на парадата беше претседателот на нашето здружение. Тој ја крена тупаницата и извика: Да живее Македонија! Во еден глас сите ученици го повторија истото. Тогаш се активира полицијата и брутално не растури. Се разбегавме кој каде стигна. Потоа поединечно не повикаа во полицијата, каде бевме малтретирани и обвинети дека ние сме ги организирале провокациите“, раскажува Атанас Катиновски - Гоче.

Атанас Катиновски - Гоче е роден 1925 година во село Баница, Егејска Македонија. Основното шестгодишно училиште и детските денови ги минал во селото. Потекнувал од средно имотно селско семејство. Имал еден брат и една сестра. Во 1928 година татко му заминал на печалба и ги оставил сами. Подоцна, иако бил помлад од неговиот брат, Гоче станал глава на семејството и ги презел сите домашни обврски. Поради употребата на мајчиниот јазик и тој се соочувал со притисоци од грчките власти. Овој борец раскажува дека за време на режимот на Метаксас во селото Баница формирале здружение со цел да му се спротивстават на Метаксасовиот режим. „На 25 март 1936 година, кога се прославуваше националниот празник на Грција, учителите не построија на парадата, која беше организирана за таа цел. На чело на парадата беше претседателот на нашето здружение. Тој ја крена тупаницата и извика: Да живее Македонија! Во еден глас сите ученици го повторија истото. Тогаш се активира полицијата и брутално не растури. Се разбегавме кој каде стигна. Потоа поединечно нѐ повикуваа во полиција, каде бевме малтретирани и обвинети дека ние сме ги организирале провокациите“, раскажува Гоче.

АКТИВНОСТ

КПГ била многу активна во селото Баница. На 15 мај 1941 година КПГ свикала состанок на младинци и ја формирала младинската организација, во која како заменик на нејзиниот претседател бил поставен Гоче. Оваа организација добила задача да прибира информации и други активности кои се барале од Комитетот на КП на Баница. Во селото постоела силна политичка активност. Во 1942 година партијата одлучила да испрати 60 ученици да учат бугарско училиште во Битола. „На чело на таа група бев јас. За време на престојот во Битола се поврзавме со битолската младинска организација и учествувавме во нивните активности. По налог на партијата, а под водство на Турунџиев, ја нападнавме земјоделската банка. Сите работи оттаму, машини за пишување, хартија... ги однесовме во ци ганското маало во Битола, во еден стан на младинската организација, а потоа ги испративме во Преспа. Во Битола ме повикаа во Јавното обвинителство и ме обвинуваа дека сум бил организатор на нападот. Седум дена ме испитуваа за да кажам што се случило, по што условно ме ослободија, но со обврска секој ден да се јавувам во полиција. Но, уште истата вечер се вратив во Баница, во мај 1943 година. Партијата одлучи да ме повлече, а од јули 1943 година стапив во илегала. Ми беше доделен преспанскиот регион со седиште во Герман. Во Преспа ги организиравме младите, собиравме храна за партизаните“, посочува борецот. Пролетта 1944 година го распоредиле во Суровичкиот регион, а во јули истата година, по налог на партијата, бил префрлен во леринскиот регион, каде продолжил со политичка активност. По судирот и по поделбата на грчките и на македонските единици се повлекол во Битола, за што го известил Обласниот комитет на Лерин и се приклучил во одредот на Илија Димоски - Гоце.

ОРГАНИЗАТОР

„Во Битола во 1944 година бев во Првата македонска бригада и станав политички комесар на првиот баталјон. Останав во редовите на бригадата до нејзиното расформирање. Подоцна, со 25 офицери бев испратен во првата бригада на Народната одбрана во Кичево, каде бев назна-

чен за политички комесар на чета и продолжив во борбите за чистење на теренот од балистите. Учествував во сите борби на бригадата во кичевскиот регион и како комесар на баталјон со чин мајор останав до крај, до 26.12.1946 година, кога бев демобилизиран". Потоа се вратил во Скопје каде добил стан и работа, се оженил со сопруга која потекнувала од Кичево, каде подоцна и се преселил. Раскажува и за тоа како во борбите против балистите на Шар Планина во 1946 година проструила информација дека на 24 април Гоче загинал. Всушност, баталјонот за тоа ја известил бригадата, а таа, пак, дивизијата. Објаснува и за одењето на скопскиот баталјон во Босна и за тоа дека кога се вратил оттаму слушнал наредба за одење во Грција. „Сите офицери Егејци, по наредба на Врховниот штаб на КПЈ, беа мобилизирани. Кога дојдов од Босна се пријавив во корпусот, но ги немаше моите документи и чекав да ме пронајдат. Во меѓувреме дојде до судир меѓу грчките и македонските политички организации со ЈНА. Југославија ја затвори границата со Грција и веќе не можеше да се минува. Така останав во Скопје", вели Гоче. Иако директно не учествувал во Граѓанската војна во Грција, пред таа да се случи неколку пати одел во Грција и го организирал тамошното население, по што се враќал во Битола. Подоцна, по завршувањето на војната, неколку пати се обидел да добие виза за да го посети родниот крај. Дури пред шест години прв пат заминал во Грција, а досега два пати го посетил родниот крај. Исто така, имал и проблеми со одењето во Канада, каде во далечната 1947 година се преселило неговото семејство. Оваа посета ја реализирал во 1984 година.

Ламбе Миовски
БЕВМЕ ПРЕМЛАДИ ЗА ПОЛИТИКАТА НА „ГОЛЕМЦИТЕ“

Во градот Коница во монархофашистичка заседа бевме 11 дена, а во непријателскиот обрач на планината Пиерија останавме заробени 40 дена, раскажува Ламбе Миовски.

Некогашниот учесник во Граѓанската војна во Грција, Ламбе Миовски, е роден во село Косинец, Костурско, каде ги минал детските денови и каде завршил основно училиште на грчки јазик. Тој вели дека до 1936 година во Грција се зборувало, се играло и се пеело на македонски јазик. Но, кога на власт дошла Метаксасовата диктатура почнал теророт врз оние кои зборувале македонски јазик. Под прозорците стоеле џандарите и наслушувале кој зборува на македонски, за што потоа им следувале казни. Дури било забрането и на добитокот да му се обраќаат на македонски јазик. Миовски раскажува дека во селото имало касарна, бидејќи тоа се наоѓало во близина на границата. Во касарната ги носеле оние кои зборувале на својот мајчин македонски јазик и таму ги тепале. Таква судбина доживеало и едно седумнаесетгодишно момче. Од тепањето му се влошило здравјето, поради што детето дома го чувале врзано. Подоцна било земено како војник, но од војната не се вратило.

Нашиот соговорник Миовски заминал во војната во 1947 година.

„Ни рекоа дојде време да одиме во партизани и ние заминавме. Тогаш бевме млади, јас немав ниту 17 години. Заминавме со елан и иако се слушаше дека ќе се бориме за ослободување на Егејска Македонија, сепак бевме премлади за такви политички работи. Прво нè однесоа на обука во Преспа, каде останавме околу дваесет дена, а потоа нè испратија на Грамос. Јас бев распореден во 16. бригада. Извршував курирска задача. Одев од еден до друг баталјон, од еден до друг вод, од една до друга бригада и разнесував информации. Немав некоја непријатна случка со монархофашистите“, вели Миовски.

Во ДАГ имаше и македонски и грчки борци, а односите меѓу нив, како што вели Миовски, биле добри. Тој се потсетува на акциите со монархофашистите и ја раскажува борбата во градот Коница. Овој град бил опколен од непријателот и партизаните 11 дена биле во заседа. Авионите постојано ги бомбардирале, а кон нив пукале и со топови. На монархофашистите им дошле на помош борци од Јанина. Партизаните не успеале да ја исчистат Коница од непријателот и се повлекле на Војо Грамос, при што направиле неколку офанзиви во околните села. Раскажува и за тоа како паднале во непријателскиот обрач на планината Пиерија.

„Тргнавме од Грамос до Тесалија, Трикала и Олимп, за да ги чекаме борците од Румели, кои требаше да ни дојдат на помош. Ги пречекавме. Но, кога се враќавме назад монархофашистите нѐ опколија од сите страни. Во непријателскиот обрач на планината Пиерија останавме 40 дена. Немавме храна. Го јадевме месото од закланите маски, по некој костен и компир. Кога имаше време компирите ги варевме, но почесто ги јадевме живи. Сепак, не се разболевме. По четириесетдневен обрач ние што бевме поздрави некако успеавме да се спасиме од заседата, а оние кои беа ранети во нозете, а ги имаше многу, и не можеа да одат, паднаа во монархофашистичката заседа. Всушност, од Вичо дојде да ни помогне една бригада и ние се префрливме на Грамос. Кај повеќето борци се појавија премрзнатити на телото, меѓу нив имаше многу жени. Донесоа други единици за да ја пополнат бригадата. Сѐ ова се случуваше во 1948 година. Потоа почнаа големите офанзиви на Грамос, каде бев ранет од минофрлач и однесен во болница во Албанија“, вели Миовски.

Таму останал до 1949 година кога го префрлиле во болница во Унгарија. Неговиот животен пат продолжил во Романија каде биле татко му и мајка му. Всушност, татко му бил партизан Титовист. Се борел уште од 1944 година. Бил во Егејската бригада на Гоче, а во Егејска Македонија се вклучил уште во првите партизански групи. Во војната во Грција нашиот соговорник само еднаш се сретнал со татка си. Вториот пат средбата била во Романија. Мајка му била во Полска и ја извршувала задачата мајка на децата бегалци. Потекнувала од село Д’мбени, а со сопругот, таткото на Ламбе, се сретнала во 1953 година и тоа во Романија, каде неговите брат и сестра ја доживеале судбината на децата бегалци.

Миовски во Романија останал 17 години, а во Скопје дошол во 1970 година.

Коста Василевски
ПО ВОЈНАТА ВОЕНИТЕ ВЕШТИНИ ГИ СОВЛАДУВАЛ ВО БУКУРЕШКАТА ВОЕНА АКЕДЕМИЈА

„Имав недоразбирање со учителката Флорика. Таа живееше под кирија кај нашите соседи. Еднаш, кога ѝ се обратив на мојата мајка на македонски јазик за да ми даде јајце, учителката ме слушнала. Следниот ден бев казнет со десет прачки по рацете. Тоа се случуваше во 1943 година. Бев добар ученик. По шесто одделение требаше да продолжам во земјоделското училиште во Лерин, но почна војната и јас заминав на Грамос“, вели Коста Василевски.

Коста Василевски е роден на 15 април 1927 година во селото Драничево, Костурско. Детските денови ги минал во селото во кое живеел сè до септември 1946 година, кога како доброволец заминал во планините за да се бори за демократска Грција. И тој, како и многумина наши соговорници, училиштето го завршил на грчки јазик, а се потсетува на случките кога децата биле казнувани затоа што во домашни услови говореле на македонски јазик.

„Имав недоразбирање со учителката Флорика. Таа живееше под кирија кај нашите соседи. Еднаш, кога ѝ се обратив на мојата мајка на македонски јазик за да ми даде јајце, учителката ме слушнала. Следниот ден бев казнет со десет прачки по рацете. Тоа се случуваше во 1943 година. Бев добар ученик. По шесто одделение требаше да продолжам во земјоделското училиште во Лерин, но почна војната и јас заминав на Грамос“, вели Василевски.

Тој потенцира дека заедно со своите соборци се борел да ја истераат буржоазијата.

„Ние на македонски јазик ја пеевме песната ‘Во борба во борба‘, а Грците истата песна ја пееја на грчки јазик. Ни велеа дека не само што ќе добиеме права, туку ќе има и целосна автономија на Егејска Македонија“, дополнува нашиот соговорник.

На почетокот постоеле мали групи, ОДЕК (прогенти вооружени групи). Неговата прва акција против монархофашистите била во 1947 година во селото Ланга. Во ноември истата година веќе почнале да се организираат поголеми групи. Се бореле на Ланга, Чука, Денско, односно во селата во околината на Грамос. Ги истакнува нападите во Ембори, Влахоблац, Ептахори, Мецово. Во Ембори имале успеси, а во Бигла, во април 1947 година, заробиле 70 грчки војници.

На почетокот на борбите бил војник, а потоа политички комесар на група од 100 луѓе. Таа функција ја извршувал сè до ранувањето во 1947 година на Мецово, околината на Грамос - Ипир, во близина на албан-

Мајор во Романија

ската граница. По ранувањето бил префрлен во болницата во Тирана, потоа во гратчето во Москополе. Следна дестинација бил логорот Сук, каде се наоѓале и останатите ранети. По заздравувањето на раните, во 1948 година се вратил на Грамос, кога почнале и големите битки. Повторно

бил ранет на Биковик (Костурско), по што на 23 февруари 1949 година бил префрлен во Катлановската болница. Животниот пат го продолжил во Банкис, гратче во близина на Софија, поконкретно бил сместен во специјалната болница за партизаните од Грција. Потоа бил пренесен во Романија, прво во болницата во Синаја, а подоцна во логорот Флорика, во околината на Питешти. Сè ова се случило текот на април-мај 1949 година. Ги облекле во војничка облека, со намера повторно да се вратат во Грција, но бидејќи се насетувало дека војната ќе заврши (29 август), тој и многумина негови соборци останале во Романија. Уште на Флорика Централниот комитет на партијата им испратил писмо за тоа дека ќе одат на партиска задача. Потоа дошле претставници на Централниот комитет, по што некои ги распоредиле по фабриките, а него го сместиле во романската војска. Единаесет месеци тој учел војничко училиште во градот Дорохои, во околината на Јаш, подоцна учел војничка школа во Сибиу.

„Таму бев три години, учев артилериска школа. На 23 август, на празникот на Романија, убаво нè облекоа и како потпоручник ме пуштија во единиците на бригадата на артилеријата. Прво како командир на вод, потоа командир на батерија. Продолжив да учам воена академија во Букурешт. Во 1959 година работев во Генералштабот на Јаш на дивизија во разузнавачка служба“.

Во 1965 година (од 1949 до 1965 г. бил во редовите на романската војска) излегол од војската со чин мајор, по што заминал во Букурешт, каде работел како главен економист, инспектор на „Технометал Букурешт“. Таму работел 13 години. Во Романија се оженил, а во 1977 година дошол во Скопје. Во главниот град на Република Македонија добил боречка пензија.

Динка Мајнова-Чокова
ОД ВОЈНАТА ДОБИВ САМО БОЛЕСТ И БОЛНИ СПОМЕНИ

„Имав 16 години која нè собраа и нè однесоа во Попадија. Таму еден месец работевме за партизаните, крпевме чорапи. Се противевме на тоа што присилно нè мобилизираа, но тоа нè вроди со плод. Оттаму нè пренесоа во Воден, во бањата 'Пожарско'", вели Динка Мајнова - Чокова.

Динка Мајнова - Чокова е родена во 1932 година во село Крушоради. Пред да почнат големите офанзиви многу семејства го напуштиле селото, а оние кои останале, меѓу кои и нашата соговорничка, ги обработувале нивите за партизаните. Сè ова се случувало во 1946 година, а во 1948 година таа и уште многу малолетни девојки насилно биле мобилизирани и однесени во партизанските редови.

„Имав 16 години кога нè собраа и нè однесоа во Попадија. Таму еден месец работевме за партизаните, крпевме чорапи. Се противевме на тоа што присилно нè мобилизираа, но тоа нè вроди со плод. Оттаму нè пренесоа во Воден, во бањата 'Пожарско'. Нè обучуваа да ракуваме со оружје. Кога се случија офанзивите, партизаните се симнаа од Вичо за да го ослободат Воден, при што се судрија со монархофашистите. Подоцна, нè распоредија во единиците и нè носеа секаде каде што одеа. Наша задача беше да ги пренесуваме ранетите партизани. Два пати одевме во Лерин, првиот пат го одложија нападот, вториот пат удривме", вели Чокова.

Таа не била ранета во војната, но се потсетува на тоа како во борбите во Воден од студ ѝ премрзнале прстите. Три дена лежела во болница во „Пожарско". Раскажува како ги пренесувале ранетите партизани, односно помалку ранетите ги носеле во „Пожарско", а потешко ранетите преку границата, во Старавина - Битолско, и повторно се враќале во Грција.

Во 1949 година, кога веќе се ближел крајот на војната, и таа ја преминала границата.

„Ни кажуваа дека ќе се бориме докрај, додека нѐ изгинеме, а всушност големците веќе одамна побегнаа. И јас дојдов на караулата на грчко-југословенската граница. Караулата претходно беше опседната од монархофашистите, кои беа поразени од партизаните и тогаш тие се наоѓаа во неа. Кога се најдов од другата страна српските граничари ми рекоа да не се плашам и дека нашите веќе ја поминале границата и се наоѓаат во Војводина. Тие само ме испрашуваа. Од таму ме однесоа во Битола, каде ме сместија во една собичка и мене и другите кои претходно пребегнале нѐ распрашуваа. Од Битола нѐ префрлија во затвор на скопското Кале. Таму останавме една вечер, а утредента нѐ однесоа во бараки во Козле, каде бевме еден месец. Прашуваа кој каде има роднини за да живее кај нив. На оние кои немаа роднини им даваа работа и станови во Скопје. Мене ме зедоа моите роднини и јас живеев во Ергеле-Скопско поле“.

Во меѓувреме дознала дека татко ѝ и браќата биле во Тресонче, Лазарополе. Всушност, тие пребегале откако монархофашистите го нападнале нивното село во кое биле партизаните, ја заробиле мајка ѝ и подоцна ја убиле. По доаѓањето во Скопје, работела во лозарството. Им направиле куќички во населбата Бутел, каде и денес живее. Не добива боречка пензија со образложение дека кога учествувала во војната била малолетна. Всушност, од војната ја наследила и реумата, поради која, подоцна и не издржала многу на новото работно место. Таа раскажува дека ниту еднаш досега не била во Крушоради, но не сака ниту да оди, зашто од таму има само болни спомени.

Алексо Клашниновски
ОДЛЕЖАВ РОБИЈА ПОРАДИ АКТИВНОСТА ВО КПГ



Во текот на 1943 година, на 18-годишна возраст, се вклучив во младинската организација ЕПОН, која се бореше во рамките на ЕАМ- ЕЛАС. Нашата тогашна основна активност беше собирање храна, облека, обувки и оружје за борците, како и помош за ранетите, вели Алексо Клашниновски.

Алексо Клашниновски е роден во 1925 година, во легендарното село Герман, каде се родени и сестра му Ката (мажена Лаова) и тројцата браќа Трајко, Коста и Лоне.

Според раскажувањето на нашиот соговорник, селото Герман пленело со својата убавина. Особено воодушевувала црквата „Свети Герман“, која имала бела и висока камбанарија, чиј sвон се слушал во цела Преспа. Куќите биле изградени со убав бело-сив камен, со двор и по некое нивче. Тогаш жителите се гордееле со селската идила, и покрај тешкиот живот на село, тие сепак биле весели луѓе. Во селото се славело кога можело, но почести биле празнувањата за Божик, Водици, Јованден, Велигден. Сепак, најголемата прослава била на 12 мај - Германден. На тој ден се правеле по 10-15 свадби, со богати трпези, со радост во душите и срцето.

„Но, виорот на војната - вели Клашниновски - го зафати и ова село, и тоа со нападот на италијанската војска, со која особено храбро се бореа младите луѓе од Герман. Осуммина од нив ги положија своите животи, а многумина беа ранети или останаа инвалиди. На 6 април 1941 година, покрај тогашна Југославија, Германија ја окупираше и Грција. Во текот на 1943 година, на 18-годишна возраст, се вклучив во младинската организација ЕПОН, која се бореше во рамките на ЕАМ-ЕЛАС. Тогаш наша основна активност беше да собираме храна, облека, обувки и оружје за борците, како и помош за ранетите. Во 1945 година, крајот на војната го дочека и селото Герман, но во него се вратија џелатите и полицијата, кои преку судовите и кадиите веднаш ја почнаа пресметката со ослободителното движење, особено со нас младите активисти. По долги и тешки мачења

бевме и прогонувани, прво во Лерин, а потоа во Солун. Во тамошните затвори лежеа патриоти-комунисти од ЕЛАС. Бидејќи таму бев прифатен од КП на Грција, мене и неколкумина мои другари судот нè осуди на 3 години затвор во Касандра. Таму лежеше и мојот зет Крсте Лаов. По одлежувањето на затворската казна стапивме во контакт со членовите на Комунистичката партија, и тоа лично со секретарот на Солунскиот огранок, г. Симон, кој повторно ме поврза со ДАГ. Заминав во 16. бригада, на Грамос, каде се водеа тешки и долги борби".

По поразот на ДАГ, на почетокот на 1949 година, како што раскажува нашиот соговорник, пребегнале во Албанија, каде се сретнал со неговата сопруга Сотира која, исто така, била партизанка. Кон крајот на истата година заминале во тогашниот СССР, во градот Ташкент, од каде по 10-годишен престој дошле во Полска.

„По изминати 15 години - дополнува Клашниновски - таму се сретнав со моите родители, мајка ми Стамена и татко ми Јоше. Повторно, втор пат ја видов мојата ќерка Фана, која ја оставив како едномесечно бебе. Средбата на семејството беше огромна радост за сите нас, но таа прерасна во вистинска среќа кога во 1970 година сите заедно се вративме во нашата татковина, Македонија, но сега во прекрасната Струга".

Корнелија Мракова-Пејовска
СТАНАВ ПАРТИЗАНКА ЗА ДА ИМ СЕ ОДМАЗДАМ НА ОНИЕ КОИ МЕ МАЧЕА

Не сум Буīарка, ниту Гркинка. Јас сум Македонка. Моите родители се Македонци и дедо ми и баба ми се Македонци. И од дедо, прадедо сме Македонци..., вели Корнелија Мракова Пејовска.

Корнелија Мракова Пејовска е родена во 1928 година во село Пателе, Леринско, како второ дете на Аспасија и Стефо Мракови. Семејството имало осум члена, пет деца, родителите и нејзината баба. Дедо ѝ Пеце Мраков и неговиот брат Гончо ги дале животите во Илинденското востание борејќи се за слобода за Македонија. Таткото на Пејовска не го знаел својот татко, бидејќи бил на двегодишна возраст кога тој починал. Израсната во такво револуционерно семејство таа од мала се здобила со патриотски дух.

„Дома - вели Пејовска - зборувавме на македонски јазик, зашто бевме Македонци. Грчкиот јазик го научив кога почнав да одам во грчко училиште. Баба ми и мајка ми не знаеја грчки. Само татко ми знаеше, бидејќи имаше завршено основно грчко училиште, а знаеше и бугарски јазик, зашто одел и во бугарско училиште. Кога одев во грчкото училиште бев мала и не можев да сфатам зошто таму учиме поинаков јазик, а дома зборуваме на друг јазик. Мислев така треба. Надвор беше забрането да се зборува на македонски јазик. Но, и покрај забраната луѓето зборуваа на својот јазик, не плашејќи се од последиците. Како растев така во мене се раѓаше голема и силна љубопитност да откријам и да сознаам кои се и што биле моите предци. Таа нескротлива желба да трагам по моите далечни корени ме тераше да се качувам по таваните, да гледам во ќошовите за да пронајдам нешто од тоа старо време, непознато за мене. Еден ден се качив на таванот да видам што има таму. Благодарение

на мојата упорност во едно ќоше најдов нешто тврдо, завиткано во партали, полно со прав, го одмотав и внатре видов две книги. Почнав да ги разлистувам и видов друго писмо, не како она што го учевме во училиште. Книгите ги симнав долу, без да ме види некој, ги завиткав во чиста

крпа и ги ставив на сигурно место. За ова му кажав на татко ми и го прашав какви се тоа книги. Му ги покажав и тој ми објасни дека едната книга е старословенска црковна книга, а другата е од тетка ми Фросина, која беше учителка во нашето село. Имаше завршено учителска школа во Битола. Но, Грците ја протераа во Бугарија. Татко ми ме посоветува за книгите да не му кажувам никому зашто можат да нѐ уапсат. Но, ми покажа како да ги читам. И така јас сама го научив кирилското писмо. Еден неделен ден отидов со мајка ми во црква. Додека траеше богослужбата јас и неколку деца се качивме во таванските простории на црквата, каде видовме разни стари предмети, кандила, свеќници и друго. Забележав икони потпрени покрај ѕидот. Бришејќи ја од нив правта, видов ликови на светци и се изненадив кога ги забележав истите букви како во кни-

гите кои ги најдов на нашиот таван. Прочитав Свети Кирил и Свети Методиј. Се прашував зошто овие икони се фрлени на таванот? Таму имаше и други икони со истото „писмо“, напишани на кирилица. За мене ова беше големо откритие. Во мојата детска глава и душа се раѓаше чудно чувство, ја барав вистината. Повторно за ова му кажав на татко ми, а тој ми објасни дека Кирил и Методиј се браќа родум од Солун, кои биле многу учени и ја составиле словенската азбука, со која се служат сите словенски народи. Се прашував зошто ние на училиште не го учиме ова писмо? Затоа што сме под туѓа држава. Што сме ние? Ние сме Македонци - вели татко ми. Значи, не сме Грци како што ни велат на училиште. Не, ние сме Македонци. Од дедо, прадедо. Наш мајчин јазик е македонскиот, овој кој го зборуваме, ми објасни татко ми“.

АЛБАНСКИ ФРОНТ

Во октомври 1940 година почнала Грчко-италијанската војна, наречена Албански фронт. Во неа учествувале многу Македонци. Многумина од нив загинале бидејќи Македонците биле на првата линија на фронот.

„На почетокот на 1941 година татко ми беше интерниран, заедно со многу други Македонци. Околу 3.000 лица беа собрани од леринските села и транспортирани на пустите острови на Егејското Море. Татко ми беше на островот Хиос. Во многу тешките услови многумина од нив се разболувале и умирале. Во април истата година Германците ја окупирале земјата. Кралот и Владата побегнале. Бевме под окупација на Германците. Како и во другите земји, така и тука почна да се развива народноослободително движење против фашизмот. И во нашето село се формираа антифашистички организации, ЕАМ и ЕПОН. Бев зачленета во младинската организација ЕПОН. Во неа работев со голем ентузијазам, како и целата младина од селото. Ме назначија да бидам одговорна за пионерите. Тогаш грчките кадри и раководители на КПГ ни ветуваа дека ќе се бориме заедно со нив и ќе создадеме демократско општество во кое и ние Македонците ќе имаме своите права и ќе бидеме рамноправни. По падот на фашизмот, кога Германците се повлекоа од нашите краеви, Македонците формираа наши организации НОФ и АФЖ (Антифашистички фронт на жените). Во организацијата на АФЖ влегов меѓу првите и бев

член на Одборот на АФЖ во нашето село и одговорна по АГИТПРОП (Агитација и пропаганда). Бев предвидена да бидам учителка кога ќе отвориме македонски училишта, но претходно требаше да посетуваме курс по македонски јазик за да го усовршиме. Слободно зборувавме на македонски, формиравме наша власт, народни одбори, народни судови и имавме намера да отвориме училишта на македонски јазик. Но, во 1945 година се врати монархофашистичката влада и кралот и почнаа да вршат терор врз македонското население".

Еден летен ден во 1945 година, како што раскажува нашата соговорничка, во нивното село дошла многу војска од Соровичево и наредила сите селани, и младо и старо, да излезат сретсело.

„Излеговме сите, на една страна беа мажите, а на друга жените. Прво почнаа да ги малтретираат мажите, читаа имиња од еден список, ги тепаа и ги затвораа во училиштето. Еден офицер со пендрек в раце поминуваше покрај собраните жени. Слушнав една гркоманка кога му рече на офицерот: Фатете ја таа со белата јака на фустанот, таа е бугарска даскалка. Се приближи до нас и погледот го впери во мене, ми нареди: 'Ти, излези малку понапред'. Направив како што ми нареди. Налутено ме праша: 'Што си ти? Бугарка ли си?' Не се исплашив, се држев храбро и му одговорив: 'Не сум Бугарка, ниту Гркинка, јас сум Македонка'. Разлутен офицерот ми удри силна шлаканица, но не паднав, се задржав на нозе и продолжив да му одговарам: 'Не сум Бугарка, ниту Гркинка, јас сум Македонка. Затоа што моите родители се Македонци, и дедо ми и баба ми се Македонци и од дедо прадедо сме Македонци. Тука Грци нема, Грци сте вие кои дојдовте сега да нè апсите и да нè тепате'. Тој уште повеќе се разлути и ми се развика: 'Па, уште продолжуваш да зборуваш'. Се втурна да ме зграпчи за да ме тепа. Жените кои беа зад мене ме повлекоа назад и се исправија пред офицерот. Постарите жени не го знаеја грчкиот јазик. Една од нив ги крена рацете нагоре и му се развика на офицерот: 'Зошто го мачиш чупето?' Тој беше вчудоневиден од отпорот на жените. Другите жени ме истуркаа назад и ми велеа да бегам. Со трчање се сокрив во една стара куќа и така се спасив. Но, во 1946 година бев уапсена како и другите членови на организацијата НОФ и АФЖ, бидејќи бевме предадени од шпиони, гркомани. Во полициската станица во селото нè мачеа. Нè префрлија во полиција во Соровичево. Таму уште повеќе нè мачеа. Не мо-

жејќи да ги издржат тешките измачувања некои им подлегнуваа на маките и умираа. Нѐ однесоа во Лерин и нѐ изведоа пред Воен суд. Бев осудена на една година затвор. Другите на повеќе, а многу Македонци беа осудени на долгогодишен или на доживотен затвор, но и на смрт. Во затворот видов ужасни работи, кои ми останаа во трајно сеќавање. Во мене се раѓаше омраза кон овие мачители и жед за одмазда. Затоа си дадов заклетва, кога ќе излезам од затворот ќе одам во партизани", вели Пејовска.

АКЦИИ

Дошол денот кога таа, заедно со група младинци од нејзиното село, заминала в планина. Ги воделе двајца партизани. Оделе цела ноќ. Преку планина Висима дошле до селото Сетина. Ги сместиле во една куќа за да се одморат и им дале да јадат. Група партизани им посакала добредојде со борбени песни на македонски јазик. Во сеќавање ѝ останале песните: „Ние сме првата македонска бригада", „Во борба, во борба" и други.

„Тука - дополнува Пејовска - ја запознав и сестрата на Мирка Гинова, Султана, која беше во воденскиот одред, храбра партизанка со која подоцна учествував во разни воени акции. Тука се вршеше распоредување на новодојдените борци. Некои заминаа за Вичо, други останаа тука, а мене ме задржаа на овој терен, западен Кајмакчалан и ме назначија за реонски секретар на АФЖ за воштарскиот и баничкиот реон. Ни зедоа и податоци. Кога дознаа за моето име ми рекоа: 'Ех, девојко имаш убаво име, но мачно е да се изговара. Тебе ќе те викаме Искра'. Така, Искра стана моето партизанско име. Ми дадоа нов автомат, панталони и блуза. Нѐ учеа како да ракуваме со оружјето и како да се снаоѓаме во тешки ситуации со непријателот", се потсетува Пејовска.

Селата Сетина и Пападија, како погранични села во подножјето на западен Кајмакчалан, биле погодно место каде поминувале и се стационирале разни воени партизански формации, одреди, баталјони и помали групи, односно овој терен бил партизанска зона. Иако базата на групата во која била Пејовска се наоѓала во Сетина, сепак како засолниште таа ги користела далечните колиби од селото, оттаму тргнувале и се враќале од акциите. Почнале да учествуваат и во воени акции.

„Нашата група, заедно со воденскиот одред во кој беше и Султана-Танка Гинова, ја нападна караулата на владината војска, која се наоѓаше близу до Крушоради. Војниците беа изненадени од нашиот напад и почнаа да бегаат, без да дадат отпор. Им ја уништивме караулата. Акцијата беше успешна. Со овие одреди учествував во многу битки. Учествував и во акциите на одредот на Парпула, кој дејствуваше и на овој терен, напаѓавме полициски објекти и вршевме мобилизација на младинци“, посочува Пејовска.

Организираните младинци доброволно стапувале во редовите на ДАГ, а и повозрасните обележани како антифашисти повеќе сакале да бидат в планина отколку во затвор и да бидат изложени на невиден терор. И мобилизираните станувале добри и храбри борци, општо земено македонските борци покажувале големо херојство. Непријателот користел и други методи против нив. Знаејќи ги местата по кои поминувале поставувал мини. Според кажувањата на Пејовска, крстосницата кај Воштарани било најопасно место за поминување, таму секогаш им биле поставувани заседи, но вешто ги избегнувале. Партизаните морале да контактираат со селата во окупираната територија. Не смееле да ја прекинат врската со народот, која им бил од голема корист. Народот во нив го гледал спасот. Селата Сетина, Попадија и Крушоради постојано биле напаѓани од владините војски и од бурандарите кои биле стационирани во Воштарани. Ги малтретирале селаните, ги ограбувале, ги апселе. Не можејќи да го издржат теророт жителите од овие села биле принудени да ги напуштат своите домови. Во 1948 година, преку северната граница преминале во Југославија, односно во Демократска Република Македонија, со надеж дека еден ден ќе се вратат во родните огништа.

„Зимата 1948 година - се сеќава Пејовска - беше студена, по планините имаше многу снег. Еден наш баталјон, кој беше стациониран кај Падија, тргна во акција за да влезе во селото Пателе. Во акцијата учествував и јас. Селото беше далеку и требаше да се тргне порано. Во попладневните часови се построија борците и тргнаа. Кога навлеговме на планинскиот терен снегот беше уште повисок, до колена. Некои од борците не беа доволно облечени и обуени. Студот ни влегуваше во коски. Јас немав шинел, имав едно кратко палто, но чекорев во колоната. Студот сè повеќе го чувствував, но се правев храбра, доброволно стапив во оваа

војска и си велев: 'Издржи сега'. Не сакав да покажам слабост. 'што да правам', си велам, се решив и замолив еден соборец да ми го позајми неговиот шинел за малку да се стоплам. Другарот го соблече шинелот и ми го даде, но договорот беше само до половина пат. Го облеков и веднаш почувствував топлина, целата се загреав. Но, половината пат брзо го изодевме. Седнавме да се одмориме, го соблеков шинелот и му го подадов, му се заблагодарив. Продолжив да клинкам со кусото палтенце на мене, а и чевлите не ми беа удобни, ми влегуваше вода. Се замислив, како ќе се појавам за да вршам агитација и пропаганда, да убедувам други младинци да ни се придружат, да влезат во редовите на нашата војска ДАГ. Се приближивме до селото во предвиденото време. Секој имаше своја задача. Требаше да се нападне полициската станица и да се изврши мобилизација на младинци. Ми беше дадена задача (бидејќи го познавав теренот) да однесам една партизанска единица од јужната страна спроти полициската станица. Други единици требаше да бидат поставени на другите страни. Откако ја поставив единицата на одреденото место се вратив во куќата каде што беше сместен нашиот штаб за да реферирам за извршената задача. Почна нападот на нашите единици, а тие од внатре даваа голем отпор. Имаа оружје и минофрлачи. Почнаа пукотници од двете страни. Полицајците беа добро забарикадирани и нашите не можеа да се приближат бидејќи имаше голем отпор. Во три часот по полноќ се повлековме на зборното место. Оние кои беа задолжени да вршат мобилизација влегуваа во секоја куќа и собираа младинци. Мобилизираа околу дваесет младинци, машки и женски. Ова не беше прва мобилизација, пред неа имаше уште неколку. Тргнавме во друга насока, не во таа од која дојдовме. Теренот беше лизгав, гола ридина, тешко проодна. Кога пристигнавме на планински терен движењето стана полесно, бевме затскриени во планината. Во утринските часови пристигнавме во селото Падија, ги сместивме новите мобилизирани борци во куќи за да се стоплат и да се одморат. Другиот ден беа префрлени во центарот за обука, кој се наоѓаше кај бањите во Пожарско".

Корнелија Пејовска раскажува дека на слободната територија на ДАГ во Преспа биле отворени курсеви за политички комесари и офицери. Главниот штаб на ДАГ ја предложил да посетува таков курс. На крајот на февруари со една група борци тргнала од нејзиниот терен Кајмакчалан.

Кај планината Радош им се придружиле и други борци. Дошле до една голема и широка висорамнина, цела покриена со снег. Тука загинале двајца борци, згазнале на мина. Двајца биле ранети. Мртвите ги погребале, а ранетите ги носеле на носилки. Со големи маки се пробиле низ снегот. Пристигнале до Желево, каде се одмориле, а потоа заминале за Преспа, во селото Раби, каде се одржувале курсевите. Пејовска се пријавила. Другиот ден почнала наставата. Освен политички предавања имало и практична обука. Ги учеле како да ракуваат со разни современи оружја, а изведувале и воени вежби. Курсот траел еден месец. Пејовска го завршила со одличен успех.

„Лично - додава таа - Захаријадис ни ги даваше уверенијата. Станав политички комесар со чин потпоручник. На 29 март 1949 година се одржа Вториот конгрес на НОФ. На Конгресот присуствував како делегат од теренот на Западен Кајмакчалан. Конгресот се одржа во селската црква во селото Нивици, Преспа. Еден другар од главното раководство на НОФ ме сретна во дворот на црквата и ме праша дали имам намера да го поздравам Конгресот. Одговорив потврдно. На мал лист имав напишано неколку збора. Откако другарот го прочита напишаното ми рече: ‘Нема да го читаш‘. Кога го прашав зошто, тој ме праша кој ми кажал така да напишам? ‘Никој не ми кажал, јас сама го напишав‘, му одговорив. А тој ми рече: ‘Не, нема да го читаш, ќе те прогласат за автономист‘. Па, зошто е овој наш Конгрес? И тогаш ми светна во главата. По ова со голем интерес го следев Конгресот. На него бев избрана за член на Окружниот одбор на НОФ за Леринско“.

По Конгресот Пејовска се вратила на Кајмакчалан. На 8 мај 1949 година со една чета, која била стационирана во Пападија, го нападнале селото Петерско, сместено покрај Петерското Езеро, во непосредна близина на Соровичево. Соровичево бил стратешки центар, каде била стационирана многубројна војска со тешко оружје, тенкови, топови и друго. Населението во селото Петерско било мешано, Македонци и Маџири. Маџирите биле вооружани од страна на владината војска и направиле многу бункери во селото. Оваа акција не им била успешна, бидејќи непријателите биле помногубројни од нив и многу подобро вооружени. Ги напаѓале од бункерите, се огласиле и топовите од Соровичево, по нив фрлале со бомби и едвај успеале да се извлечат. За малку Пејовска ќе била заробе-

на, бидејќи во мешаницата која се создала низ улиците таа се одвоила од нејзините, но сепак успеала да се извлече од обрачот и од селото.

„Се упатив кон зборното место каде требаше да се собереме пред повлекување. Бев многу среќна што не паднав во рацете на непријателот. Беше дадена команда за тргнување и со брзина го минувавме голиот терен, кој беше опасен. Навлеговме во планински предел. Кога дојдовме на нашата дестинација беше нов ден. Беше 9 мај 1949 година. Си велевме денес е ден на победата над фашизмот, слободните народи го слават овој ден, а ние уште војуваме... Веќе навлеговме во четвртата година од нашата партизанска борба, која ја водевме со многу посилен непријател, кому му помагаа Америка и Англија. Имавме многу загинати и ранети. По наредба на Захаријадис, за да се пополни бројот на загинатите, се вршеа нови мобилизации од македонските села, се собираа и деца од 15 години. Кај борците опаѓаше борбениот дух, но сепак македонските борци покажуваа големо херојство и храброст во секоја битка и судир со непријателот. По завршувањето на Граѓанската војна, дури тогаш преживеаните борци Македонци се освестуваа дека се излажани. Ветувањата од КПГ дека ќе ги добијат своите национални права, за да бидат вовлечени во таа братоубиствена војна беа чиста манипулација. Раселени по светот никогаш нема да се вратат во своите домови и законот за репатријација кој беше донесен во Грција важеше само за Грци по род“, посочува Пејовска.

По завршувањето на војната таа заминала за Битола, каде се омажила за Ристо Пејовски. Во 1955 година се преселиле во Скопје. Се вработила во Собранието на тогашна СРМ, од каде и се пензионирла. За својата дејност добила многу признанија и ордени.

Христо Бумбов
РЕКИТЕ МЕ СПАСИЈА ОД МОНАРХОФАШИСТИТЕ!



„Дојдов до едно село. Здогледав војска, но не знаев дали е грчка или албанска. Со мене беа тројца соборци. Им кажав дека ќе одам да барам леб. Отидов во една куќа на крајот од селото и видов човек со пушка. Му побарав леб и го излажав дека сме дошле околу 200 луѓе и дека вечерта ќе го нападнеме селото. И нареди на сопругата да донесе леб, а кога ја подадов раката да го земам, човекот побегна. Тој бегаше на едната, а јас побегнав на другата страна“, раскажува Христо Бумбов.

Христо Бумбов е роден во 1928 година во село Аготомала - Серес. Основното училиште го завршил на грчки јазик, а во 1944 година учел гимназија во Петрич и тоа на бугарски јазик. Во 1945 година од Петрич, заедно со своето семејство, дошол во Свети Николе. Таму работел во еден рудник, од каде што ваделе камења. Потоа неговиот татко го запишал да учи за учител, по што подоцна во Светониколско Христо работел како учител.

Тој раскажува како на 8 февруари 1948 година во Свети Николе дошле тројца Грци од ДАГ. Нивна цел била да ги однесат во Грција. Прво со воз ги однеле во Маџари каде, како што раскажува нашиот соговорник, ги ставиле во племни. Хигиената била на мошне ниско ниво. По неколку дена дошле камиони од Албанија, ги натовариле и на почетокот ги однеле во оваа соседна држава, а потоа во Мургана - Грција.

„Уште првата вечер, 1948 година, на границата меѓу Албанија и Грција, паднавме во заседа токму тогаш кога ја минувавме. Сепак, влеговме во Мургана, во селото Аља, каде почна воената обука, МБДА. Нè обучуваа грчки партизани. Потоа нè распоредија по единиците и почнаа борбите. Пролетта зедов учество во една борба на Цараклемани. Таму во директен судир со монархофашистите ме ранија. Истата година беше донесена одлука да поминеме за Лакасуљ. Претходно влеговме во селото Величиштица и мобилизиравме околу 150 младинци. Сепак, прво треба-

ше да ја поминеме реката Калама. Како добар пливач ме избраа мене за да го врзам јажето на двете страни на брегот за да помине колоната. Прво јас ја поминав реката, а откако го врзав јажето, ја преплива и колоната. При повторното преминување на реката нѐ потисна авијацијата, половина од децата загинаа, а јас повторно бев ранет", раскажува Бумбов.

Всушност, во текот на 1948 година неколку пати ја поминувале реката Кала, а неговиот полк - 159, освен наредбата да замине за Лакасуљ каде се воделе жестоки борби, имал задача и да оди во Тесалија за да ја пречекаат Првата партизанска дивизија. Претходно воделе борби во Аља, влегле во градот Филипијада, Северен Епир и таму мобилизирале повеќе од 100 деца. Го освоиле и градот Лелова, каде направиле парада во чест на освојувањето. На патот кон Тесалија повторно паднале во заседа на монархофашистите. При враќањето назад слушнале дека паднал Грамос. Добиле нова наредба да се повлечат и во Тесалија воопшто не дошле.

Бумбов посочува дека имал и задача да ја држи фронтовската линија. Одел на чело на својот полк, во кој имало 170 ранети. Додека ја држел линијата другата колона фатила друг правец, а ранетите ја поминале албанската граница. А тој сакал преку планината Кашаљари да влезе во Албанија.

Скитал 15 дена, а кога се вратил назад, пред реката Калама, паднал во друга заседа. Фашистите отвориле оган, а тој се фрлил во реката и пливал по нејзиното течение во насока на Кашаљири. Седумнаесет дена бил без контакт со единицата. Но, не се искачил на планината. Продолжил да плива по течението на друга река, која извирала од Албанија, а се вливала во Грција.

„Дојдов до едно село. Здогледав војска, но не знаев дали е грчка или албанска. Со мене беа тројца соборци. Им кажав дека ќе одам да барам леб. Отидов во една куќа на крајот од селото и видов човек со пушка. Му побарав леб и го излажав дека сме дојдени околу 200 луѓе и дека вечерта ќе го нападнеме селото. Човекот ѝ нареди на сопругата да донесе леб, а кога ја подадов раката да го земам лебот, побегна. Тој бегаше на една, а јас побегнав на друга страна. Им кажал на војниците за мене и тие отворија оган. Дознав дека станува збор за фашистичка грчка војска. Повторно пливав по течението на реката и се уверив дека сум во Албанија.

Фашистичкиот вод ме бараше два дена. По течението на реката здогледав еден човек Албанец, кој ја ораше нивата. Му раскажав кој сум, а тој ме однесе кај партизаните во Бурели“, раскажува Бумбов.

Од Бурели борецот заминал за Ташкент, каде живеел во периодот од 1949 до 1957 година. Потоа дошол во Свети Николе, а во 1982 година во Скопје. Денес зема воена пензија.

Во текот на 1948 година, како што раскажува Христо Бумбов, неколку пати ја поминувале реката Кала, а неговиот полк - 159, освен наредбата да замине за Лакасуљ каде се воделе жестоки борби, имал задача и да оди во Тесалија за да ја пречекаат Првата партизанска дивизија. Претходно воделе борби во Аља, влегле во градот Филипијада, Северен Епир и таму мобилизирале повеќе од 100 деца. Го освоиле и градот Лелова, каде направиле парада во чест на освојувањето. На патот кон Тесалија повторно им паднале во заседа на монархофашистите. При враќањето назад слушнале дека паднал Грамос. Добиле нова наредба да се повлечат, а во Тесалија воопшто не дошле.

Крсто Нушков
БЕВ НАЈМЛАД БОРЕЦ ВО ДАГ

„Беше августовски ден, партизаните ја нападнаа караулата во Пожарско. Прво се слушна викотница, монархофашистичката војска влезе во селото. Нашата куќа беше во центарот. Тие почнаа да ги малтретираат селаните, многу луѓе ги удираа со кундаците по глава. Една учителка ги праша: 'Зошто го тепате невиниот народ, ако сте мажи тепајте се во планините'. Неа ја осудија на затвор. Дојде еден мајор од командата во Соботско и се закани дека камен нема да остави од Пожарско. Се заколнав дека ако го преживеам тој ден, ќе заминам во партизани. Во септември 1946 г. тоа и го направив".

Крсто Нушков е роден на 26 ноември 1931 година. Три одделенија од основното училиште завршил со одличен успех, во неговото село Пожарско. Бил многу здраво дете, ретко се разболувал, а првите посилни болки ги почувствувал како партизан, кога неколку пати бил ранет. Во детството сакал да игра фудбал, но бил добар и во борење. Повозрасните деца не сакале да се борат со него, зашто нему му немало рамен во тоа. Го нарекле војвода. Како дете многу го интересирала политиката, ги читал весниците кои доаѓале во нивното село. Читал за Јапонија, за Кина, за Русија, но вели дека во сеќавање ќе му остане денот кога во 1940 година, силниот звук на камбаната ги собрал сред село жителите на Пожарско и им било соопштено дека Италија ѝ објавила војна на Грција. Наредниот ден биле собрани сите мажи, меѓу кои и неговиот татко Димитар (Мишо). Мажите заминале на Албанскиот фронт. Во Корча се судриле грчките и италијанските дивизии. Нашиот соговорник раскажува за ранувањето на командирот на четата во која бил неговиот татко и за наредбата која ја добил Димитар за да раководи со четата. Димитар бил стар водник, тромблонист, се прославил како грчки војник под грчко знаме. Но, кога по неколку години се вратил во Грција не добил соодветен третман.

ПАРТИЗАНСТВО

Во втората половина на 1943 година во Грција не постоел НОФ, тој функционирал само во Вардарска Македонија и тоа како резултат на дејствувањето на КПЈ. Сепак, во Грција ЕАМ се покажала како добра организација. Потоа биле формирани ЕЛАС, ЕПОН, а Крсто како 12-годишно дете влегол во ЕПОН. Таа година тој почнал секојдневно да оди во црква за да ги пали кандилата. Се сеќава и на случката кога во 1944 година двајца Арапи ја осквернавиле иконата на Света Богородица. Во партизанските редови стапил на 24 септември 1946 г. иако немал наполнето 16 години.

„Беше августовски ден, партизаните ја нападнаа караулата во Пожарско. Прво се слушна викотница, монархофашистичката војска навлезе во селото. Нашата куќа беше во центарот. Тие почнаа да ги малтретираат селаните, многу луѓе ги удираа со кундаците по глава. Една учителка ги праша: ’Зошто го тепате невиниот народ, ако сте мажи тепајте се во планините’. Неа ја осудија на затвор. Дојде еден мајор од командата во Соботско и се закани дека камен нема да остави од Пожарско. Се заколнав дека ако го преживеам тој ден, ќе заминам во партизани. Во септември тоа и го направив. Се борев на Кајмакчалан, иако бев и на Вичо. Битките на Грамос траеја 70 дена, но не сум учествувал во нив. На Кајмакчалан тие траја 90 дена и беа потешки. Како малолетен бев примен во Комунистичката партија. Од 1 ноември 1946 година официјално бев назначен за курир на вториот баталјон на НОФ. Но, не прв туку втор курир. Првиот беше пообразован од мене, но јас бев поснаодлив“, посочува Нушков.

Раскажува за неговиот престој во Рамни бор, таму била болницата, односно главниот стационар на Пожарско. Бил прифатен како курир. Потоа заминале во селото Жерни. Се потсетува на неговото прво пукање.

„Една ноќ забележав како некој ја употребува запалката за да запали цигара. Се приближив и пукав. Од спротивната страна ми возвратија. По 2-3 дена соопштија дека некој бил ранет. Тоа беше моето прво пукање“.

Прв пат бил ранет во една акција кога требало да убие шпион. Иако Крсто пукал неколку пати, сепак шпионот го ранил нашиот соговорник

во пределот на вратот, и скокнал од куќата во која престојувал со сопругата. По 2-3 дена шпионот го нашле мртов во некоја колиба.

Битките продолжиле. Организирале заседи во Неохори, Борино.

БОРБИТЕ НА КАЈМАКЧАЛАН

Во негово сеќавање е и нападот на Баово во јули 1947 година.

„Му посочив на командирот дека нашите чети не напредуваат, а тој ми рече да одам да ја извидам ситуацијата и да се вратам. Заминав, ги најдов резервните единици како мируваат, и им наредив да почнат да дејствуваат. Кога се вратив назад, ме дочека комесарот и ми рече дека командирот на четата, која беше составена од 200 луѓе, е ранет. Отидов да го видам. Единиците почнаа да напредуваат, а јас од командирот добив дозвола да командувам со четата. Кога се вратив наредив да се запали Баово, ги запаливме куќите, шталите, но цивилите не беа повредени. По 10 дена бев одликуван и пофален од генерал Маркос'.

Во 1946-1947 г. Нушков бил најмлад партизан во ДАГ. Како дел од нивните акции го спомнува и поставувањето мини на патот Воден - Соботско. На 26 јули 1947 година повторно бил ранет.

„Го запомнив денот, бидејќи комесарот рече дека на овој ден во 1946 година е убиена Мирка Гинова. Бевме во Концалевската околија, кога попладнето над нас почнаа да летаат по 3-4 авиони. Бев ранет во ногата, но со таа нога се борев уште две години. Додека бев ранет лежев во болницата во Рамнибор, во Пониква над Кочани, во Катланово. Од Катланово повторно се вратив во Грција. Бев курир за врска на 24. бригада.

Во февруари 1948 г. бев на Кожув - Пајак - Кајмакчалан. По ден-два ме поставија за командир на ловците на тенкови и за уривање на бункери. На таа должност останав до средината на март 1948 г. Во Бојница го урнав митралескиот бункер, ја убив екипата и уништив две блиндирани возила на полицијата. Во тој судир успеавме да се пробиеме, дел од нас заробија. Талкавме по Пајак Планина, нè прогласија за исчезнати, но ние се вративме. Оттаму, на 22 март добив задача да однесам две писма до штабот на 24. бригада, едното за шефот на контраразузнавачката служба, а другото за началникот. На 24 март писмата ги предадов запечатени. Бев поставен за командир на обезбедувањето на штабот, а ми ја до-

верија и курирската служба. Имав мои сознанија за дејствувањето на непријателот, бидејќи имав завршено офицерска школа во Југославија, но не за стратегија и тактика, туку за работа во илегала, за дешифрирање за тоа како да навлеземе на теренот, ја научив Морзеовата азбука, ракување со безжичен телефон. Иако школата ја завршив за 4 месеци, со одличен успех, и станав офицер потпоручник, сепак не ја признаваа, но подоцна ме унапредија. На 25 март 1948 г. бев преместен во службата за контраразузнавање во Соботско и во Воден во штабот на 24. бригада. Не само што ја прифатив службата, туку и ја унапредив. Во мај 1948 г. нè нападнаа авиони, пукаа од тенкови, но гранати не паднаа врз штабот. Си мислев како ова да е грчки заговор за македонскиот народ да се исели од Пожарско. Тогаш моите го напуштија селото. Јас продолжив со борбите. Знаев дека кога тие ќе завршат на Грамос, ќе се префрлат на Кајмакчалан. Монархофашистите претпоставувале дека сме 1.000 партизани и дека до септември ќе завршат со нас. Некои веруваа во она што им го кажував, други не, но работите така се одвиваа. Останавме во борбите, јас направив многу диверзантски потези. На крајот на септември бев повлечен меѓу Козјак и црквичето кај Кајмакчалан. Бев командир на вод, а потоа командир на чета. Битката ја одржавме 15 дена. Навлегов во Југославија, од грчка страна се фрлаа тешки гранати. Кајмакчалан гореше, се собраа полицијата, армијата за да ја гаснат планината. Јас морав да заобиколам низ југословенската територија. Тоа беше на 13 октомври 1948 г. Следниот ден се вратив“, додава Нушков.

На 1 јануари 1949 година, на 17 години, со посебна одлука на Политбирото на КПГ, бил примен во партијата.

Од Кавадарци, каде Крсто присуствувал на дискусиите за КПГ и за ДАГ, во јули бил испратен во Ѓаково. Таму биле и неговите родители. Во Сомбор му дале легитимација, но за разлика од другите, кои добивале соодветна работа, него го испратиле да работи во полето во Ѓаково.

„Навистина имав само само три одделенија основно училиште, но знаев зошто ме омаловажија. На една средба на борците во Пожарско, на која бев претседавач, реков дека оние кои дезертирале, ако не се вратат, ќе бидат прогласени за предавници на ДАГ. Мојата осуда беше дека сум бил грчки настроен, односно антијугословен“, вели Нушков.

Сепак, тој напредувал во својата кариера. Завршил фото и кинотека. Работел и како келнер, но не за долго, бидејќи му се отворила раната на ногата и морал да ја напушти работата. Подоцна бил унапреден во службеник, бил член на Околискиот комитет на народна младина, на Покраинскиот комитет на комисијата на Војводина, многу патувал низ Југославија. Во 1952 година бил претседател на Сојузот на борците на Ѓаково. На 23 април 1953 година со неговите родители дошол во Велес, каде работел на повеќе работни места, фотограф, со кино проекти, во фабриката „Нонча Камишева“, прво во ткајачницата, а потоа како контролор. Во Велес го завршил економско училиште. Дипломирал на Економскиот факултет. Во 1975 година во Сарај ја организирал првата Воденска средба.

Тина Даутовска
ДОДЕКА ВОЈСКАТА СПИЕШЕ, ЈАС ЧУВАВ СТРАЖА!



Тина Даутовска е родена во 1914 година во селото Дреново, Леринско. Кај неа годините го направиле своето, па едвај успеавме да дознаеме нешто за нејзиното учество во Граѓанската војна во Грција.

Даутовска се потсетува за тоа како во 1947 година, неа и нејзините соборци, ги мобилизирала војската и ги однела во планините. Таа им ветувала дека во случај да се ослободат од монархофашистите, Македонците ќе ги добијат правата кои ги заслужуваат, а ќе имаат можност да се образуваат на мајчин јазик.

„Не можевме да ѝ се спротивставиме на мобилизацијата. Цели села беа испразнети, во нив немаше луѓе. Ни дадоа пушки и нѐ однесоа во планините. Дејствувавме во околината на Грамос и на Вичо. Јас со пушката на рамо имав задача да ја чувам војската додека таа спиеше. Всушност, јас воопшто не спиев. Оваа задача ја извршувам во текот на целата војна“, вели Даутовска.

Тина не била ранета во војната, но напомнува за тоа како во борбите внимавале да не паднат во рацете на непријателот. По капитулацијата на ДАГ, таа заминала за Русија. Во оваа држава, како што раскажува Даутовска, добро ги пречекале. Русите им дале и пари, и храна, и облека. Таму работела како мајка на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија. Во Скопје дошла во 1966 година.

Нашите напори да напишеме нешто повеќе за нејзиното учество во војната и за животот во Русија не вродија со плод. Па, затоа и овие неколку реченици запишани за неа нека бидат доволен доказ за генерациите кои доаѓаат, за тоа како треба да се брани татковината.

Јани Илковски
КАКО КУРИР ГО ИСПИТУВАВ ТЕРЕНОТ

За своето учество во Граѓанската војна во Грција говори и Јани Илковски. Роден е во село Шештево, Костурско, во 1932 година. Во селото живеел до шеснаесетгодишна возраст, а на 17 години веќе заминал во планините да се бори против монархофашистите.

„Во февруари 1947 година, како доброволец, заминав во партизанските редови. Моја прва дестинација беше Вичо, иако немаше планина каде не сум бил. На почетокот постарите партизани ни кажуваа како се ракува со оружјето и како се брани територијата. Извршував курирска задача, односно моја обврска беше да го испитам теренот и да ѝ соопштам на војската дали може да се сконцентрира во некое место, а носев и писма“, вели Илковски.

Ја истакнува првата акција на неговиот вод против монархофашистите во селото Света недела.

Во 1949 година бил ранет во градот Ардеа. По ранувањето се лекувал во катлановската болница, а бидејќи раната му била многу голема го префриле во бањите во Бугарија. Откако оздравел го однеле во градот Брковица на границата меѓу Бугарија и Романија. Животниот пат го продолжил во Чешка каде биле неговата мајка и сестра. Всушност, во таа држава заминал во 1951 година и таму останал 15 години. Во 1966 година дошол во Скопје.

Трајко Поповски
ГИНАТ ОНИЕ КОИ СЕ НЕВИНИ И ОНИЕ КОИ ЈА САКААТ ПРАВДАТА

„Првата пушка пукна на 31.3.1946 година во Литохоро и со тоа беше означен почетокот на Граѓанската војна. Втората вооружена борба се случи во Преспа, во селото Лак. Како резултат на оваа борба, целата владина војска и полиција се повлекоа од Преспа, која стана слободна територија на ДАГ“, објаснува Трајко Поповски.

Некогашниот учесник во Граѓанската војна во Грција, Трајко Поповски, е роден во село Орово, Леринско, Преспа. Три одделенија од основното училиште завршил на грчки јазик. Селото Орово е чисто македонско село, а и реонот на Преспа е чист македонски, во него има 16 македонски села. Во Орово имало триесеттина куќи. По капитуланскиот договор во Варкиза, 12 февруари 1945 година, грчката десница со помош на Англичаните ја зацврстила својата власт. Почнал да се спроведува невиден терор врз демократското население во Грција, пред сè, врз Македонците, а цел им била нивно физичко истребување. Поради ваквиот терор врз Македонците од овој дел на Егејска Македонија се појавила потребата за формирање антифашистичка организација, која би застанала на чело на одбраната на македонскиот народ. За исполнување на таа цел во 1945 година била формирана Македонска народноослободителна организација НОФ на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, НОМС и АФЖ и партизански одреди. Но, кога грчките реакционерни власти дознале за формирањето на овие организации и партизански одреди, жестоко се нафрлиле врз мирното македонско население. За да го избегнат бесот на грчките власти голем број преспани го напуштиле родниот крај и преминале во слободниот дел на Македонија. Во тоа време во Преспа, Грција, била воспоставена жандармериска власт, која ги окупирала сите села од Долна Преспа и ја затвориле границата кон Југославија. Полициски станици имало во Орово, Герман, Папли, Лак и др. Партизанските

движења се засилиле во 1946 година, а Македонците кои биле уапсени монархофашистите ги малтретирале во една куќа во село Папли, Преспа, која служела како затвор. Така почнала Граѓанската војна.

„Првата пушка пукна на 31.3.1946 година во Литохоро и со тоа беше означен почетокот на Граѓанската војна. Втората вооружена борба се случи во Преспа, во селото Лак. Како резултат на оваа борба, целата владина војска и полиција се повлекоа од Преспа, која стана слободна територија на ДАГ. На 23.12.1947 година во селото Асамати, Преспа, Република Македонија, се формира привремената демократска влада на ДАГ од Грција, а седиштето на владата требаше да биде во грчкиот град Коница. На 15 август 1947 година се одржа Третиот пленум на ЦК на КПГ, на кој се расправаше за воените прашања. Се донесе решение и се истакна паролата: Сите на оружје, сè за слободата и победата. Едно од решенијата беше да се направи и слободна територија на Кожанската висорамнина на (Каракамен) кон Кајмакчалан и Вичо. На овој Пленум не присуствуваше ниту еден македонски претставник на НОФ, кој во активностите партиципираше со 50 проценти со воени ресурси. На 27 септември 1947 година Главниот штаб на ДАГ во реонот на Вичо издаде наредба за мобилизација на сите луѓе од 17 до 35 година во реонот Вичо-Преспа, Костур и други. Преспа стана слободна територија, подоцна и седиште на Главниот штаб на ДАГ и на привремената влада и главна база на движењето. Тука беше сместена и партизанската болница за подрачјето на Вичо, Нивици, Орово, Граждано и Пештерата“, се потсетува Поповски.

Тој раскажува и за постоењето на офицерската школа во село Раби, а пунктот за обука на борците, односно полигонот бил стациониран во село Рудари.

„На 1 јуни 1947 година јас и останатите од селото се пријавивме и заминавме во селото Рудари, каде што се вршеше групирање на борците, кои доаѓаа од од сите области, градови и села, односно од Леринско, Костурско, Воденско, Кукушко и од други места. Во Рудари се вршеше обука, запознавање со оружјето. Таму бевме месец-два, а по обуката нè распоредуваа во единиците на ДАГ. Јас бев распореден во 105. бригада, 2. баталјон“, објаснува нашиот соговорник.

Поповски го потенцира и дејствувањето на терен на овој баталјон: Клефтис во јуни-август 1947/1948 година, Вичо и Малимади во септем-

ври 1948 година, Бигла-Лерин на 12 февруари 1949 година. Во тој реон дејствувале сè до 8 октомври 1949 година кога биле победени од владината војска и фашистичкиот режим во Грција. Трајко Поповски се потсетува и на непријатностите во војната. Во февруари 1948 година, за време на една акција со непријателот, од студот му замрзнале нозете поради што бил испратен во привремената болница во подножјето над селото Желево. Таму престојувал еден месец, по што повторно бил вратен во неговата единица. На 12 февруари 1949 година, при нападот на градот Лерин, бил ранет во десната нога и однесен во истата болница во Желево. Имал помала повреда и брзо закрепнал. Се вратил во борбите. Но, тогаш 105. бригада била споена со 113. зашто имало многу убиени борци-деца. Поповски продолжил да се бори сè до поразот од владините сили на Грција на 30.10.1949 година, кога по наредба на ДАГ и на привремената влада се повлекле во насока на границата со Албанија.

„Нашата единица - дополнува Поповски - при повлекувањето се движеше од Вичо, Руља, Брезница и навлеговме во албанска територија. На 200 метри влезени во албанска тероритерија, во присуство на воен претставник од албанска страна и на претставник од ДАГ, го предадовме оружјето. Таму нè чекаа воени камиони со кои нè пренесоа во градот Пренес, каде останавме неколку дена. Едно утро нè построија и ни рекоа: кој ќе биде прозван по име и презиме да помине на другата страна во редот. Меѓу 75 прозвани бев и јас. Тоа беа, пред сè, млади луѓе. Се шушкаше дека сме биле прозвани за да одиме на помош на некоја наша единица во Грција, која била опколена од владината војска. Но, не било тоа, туку имало договор меѓу ДАГ и полските власти да заминеме во Полска. Така, од Пренес заминавме во градот шкодра. Таму нè истоварија и ни рекоа дека ќе останеме неколку дена, но не ни кажуваа зошто и каде понатаму. Јасно ни беше дека овде ќе останеме подолго време, зошто овдешните касарни се празнеа специјално за нас. Тие беа оградени со ѕидови, а во внатрешноста имаше и здравствен дом. Тука останавме речиси еден месец, по што нè натоварија во камиони и нè однесоа во Тирана. Следниот ден пристигнаа руски авиони и заминавме за Будимпешта, Унгарија. По двомесечен тамошен престој заминав за Чешка, а потоа за Полска, каде престојував од ноември1949 година сè до 1962 година кога се вратив во Македонија. Во Полска завршив вишо образование, а по доаѓа-

њето во Македонија работев како раководител во ‘Славија‘. Се пензионирав во 1981 година и денес земам боречка пензија“, вели Поповски.

Сепак, напомнува дека иако на почетокот на војната, 1947 година, мобилизацијата била доброволна, во 1948 година станала присилна. Раскажува и за тоа како плачот на мајките на децата кои биле премногу млади земени за војна, па дури и вратени од земјите каде заминале како деца бегалци за да се борат во Грција, бил пресуден за одлуката на Комисијата децата да бидат вратени таму од каде што биле земени. Такво нешто очекувал и Поповски кога во болницата во која престојувал го посетила истата Комисија, но ја немал таа среќа. Потсетува и на тоа како дознал за ранувањето на брат му, иако првичната информација била дека тој е загинат. Всушност, загинатиот бил нивен братучед. Братот на Поповски ја загубил ногата. Се лекувал во Катланово и во Војводина, но кога Тито ги расипал односите со Грција издал наредба овие борци да заминат таму каде им се семејствата. Така, неговиот брат заминал за Чешка, каде биле неговата сопруга, мајка и деца.

Завршувајќи го разговорот со Трајко Поповски, тој истакна:

„Им порачувам на сите мирољубиви народи таква војна никогаш да не се случи зашто гинат оние кои се невини и оние кои ја сакаат правдата. Всушност, оние кои ја сакаат правдата никогаш нема да бидат признати, така беше и со нас Македонците од Грција“.

Паскал Атанасов
СЕ БОРЕВ ЗА ДА СЕ ОСЛОБОДАТ И СКОПЈЕ И ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА



Во периодот од 1944 до 1947 година учествувал во обновувањето на поранешна Југославија, бил и на пругата Брчко-Бановиќи. Во 1947 година тој и неколкумина други борци од Гевгелија дошле во Скопје, а потоа со камиони биле однесени во Грција за да се борат за ослободување на Егејска Македонија.

Некогашниот борец за слободна и демократска Грција, Паскал Атанасов, е роден во селото Свети Илија, Воденско, во далечната 1925 година. Иако училиштето го учел на грчки јазик, во домашни услови во неговото семејство се говорело на македонски јазик. Во разговорот тој се потсетува на училишните денови и раскажува за тоа како се плашеле да проговорат на мајчиниот македонски јазик кога биле во училишниот двор или на улица. Се случувало грчките војници да наслушнуваат под прозорците за да дознаат кој зборува македонски и за тоа го казнувале. Тоа се случило и со неговата сега веќе покојна сестра. Атанасов вели дека пред да се вклучи во Граѓанската војна во Грција, учествувал и во ослободувањето на Скопје во 1944 година.

„Сакав да се активирам во македонската бригада која ја раководеше Гоче.

Но, ми рекоа дека бројот е пополнет и дека ако сакам можам да се вклучам во ЕЛАС. Тоа не го сакав, се налутив. Заедно со уште 5-6 други борци ѝ се јавивме на 12. ударна бригада, која беше сконцентрирана на Водно во Скопје и скришум дојдовме тука“, објаснува Атанасов.

Во периодот од 1944 до 1947 години учествувал во обновувањето на поранешна Југославија, бил и на пругата Брчко-Бановиќи. Во 1947 година тој и неколкумина други борци организирано од Гевгелија дошле во Скопје, а потоа со камиони биле однесени во Грција за да се борат за ослободување на Егејска Македонија. Негова прва дестинација било ме-

стото Руља. Го поставиле кај топовите, кои им биле поддршка на првите борбени редови. Се борел во Малимади, Костур, Несрам, Коњица, Грамос.

Во 1948 година преку Албанија влегле во Преспа, по што тргнале за Грамос. Но, на планината Малимади Атанасов бил ранет од авионска бомба, а потоа го однеле во Корча. Таму бил 14 дена. Оттаму бил однесен во Тирана. По седуммесечен тамошен престој тој заздравел, по што повторно бил вратен во Грција на Малимади. Таму биле опколени од монархофашистите и едвај успеале да се префрлат во Албанија. Животниот пат го продолжил во Ташкент, каде останал 12 години. Прво работел во фабрика за текстилни машини, а потоа во градежништвото. Во Македонија дошол во 1962 година. Во главниот град работел во „Електродистрибуција-Скопје“, каде и се пензионирал. Денес зема боречка пензија.

На прашањето зошто се борел во Граѓанската војна во Грција, тој одговара:

„Грчките команданти ни велеа дека ако се ослободиме, ќе имаме свои права и автономна Македонија. Во редовите на ДАГ беа измешани и Македонци и Грци, а со нив комуницирамe на грчки јазик“.

За тоа дали некој од македонските партизани имал функција на командант, тој вели:

„Имаше и Македонци команданти. Но, за да добиеш таква функција не требаше да бидеш кој знае колку подготвен, напротив требаше да си им наклонет на Грците, односно да си гркоман“.

Никита Даутовски
КПГ НА ЛИЧНА АДРЕСА МИ ИСПРАТИ ОРДЕН ЗА ЗАСЛУГИ

Деведесет и четиригодишниот старец Никита Даутовски бил во првите борбени редови не само во Граѓанската војна во Грција, туку и во ЕЛАС, а учествувал и во Грчко-италијанската војна, на Албанскиот фронт. За својата храброст и заслуги е одликуван не само од КПГ (пред одреден период орденот му бил доставен на лична адреса, а по повод 50-годишнината од ДАГ), туку и од претседателот на некогашна Југославија, Тито.

Дедо Никита Даутовски, некогашниот борец во Граѓанската војна во Грција, но и учесник во ЕЛАС и борец во првите борбени редови на Албанскиот фронт, храбро чекори во деветтата деценија од својот живот. Кај него сè уште е присутен борбениот дух, а во тоа се уверивме кога го посетивме во неговиот дом во скопската населба Топаанско поле.

Даутовски е роден во далечната 1913 година во село Драничево, Костурска околија. Детските денови ги минал во селото. шестгодишното училиште го завршил на грчки јазик, а десет години работел во циглана, при што како работник изработувал цигли, керамиди.

По учеството на албанскиот фронт, во 1941 година се вратил во Грција, но бил заробен од Италијанците, кои го осудиле на деветгодишна робија во Атина. Во затворот одлежал само две години, а кога се вратил дома, селата веќе биле окупирани од Германците, Италијанците, Бугарите...

Тој и неговите соборци почнале да се организираат за да му се спротивстават на непријателот. Во рамките на ЕЛАС бил сè до неговото разоружување во 1944 година.

„Се вратив дома, но не можев да издржам. Во 1945 година почнаа да ги гонат оние кои се бореа против Германците. Избегав од домот, при што се засолнив во околината на Воденско. Зимата 1946 година повторно се вратив дома. Една грчка учителка, која беше блиска со Анличаните

50 ΧΡΟΝΙΑ Δ.Σ.Ε. 1946 - 1996 50 ΧΡΟΝΙΑ Δ.Σ.Ε.

Η ΠΑΝΕΛΛΗΝΙΑ ΕΝΩΣΗ
ΕΠΑΝΑΠΑΤΡΙΣΘΕΝΤΩΝ ΠΟΛΙΤΙΚΩΝ ΠΡΟΣΦΥΓΩΝ
(Π.Ε.Ε.Π.Π. - παράρτημα Κιλκίς)

απονέμει

αναμνηστικό μετάλλιο και δίπλωμα
για τα 50 χρόνια από την ίδρυση
του ΔΗΜΟΚΡΑΤΙΚΟΥ ΣΤΡΑΤΟΥ ΕΛΛΑΔΑΣ - Δ.Σ.Ε.
στ. ... του Δ.Σ.Ε. ...

Το Δ.Σ. Π.Ε.Ε.Π.Π. παράρτημα Κιλκίς
Ο Πρόεδρος Ο Γραμματέας

50 ΧΡΟΝΙΑ Δ.Σ.Ε. 1946 - 1996 50 ΧΡΟΝΙΑ Δ.Σ.Ε.

Пофалница и орден за заслуѓи од КПГ

и со грчката Влада, ме советуваше да си дојдам зашто моите деца гладувале, а ми рече и дека ќе ми најде лична карта. Ја послушав, а таа си ја исполни задачата, ми извади лична карта“, раскажува Даутовски.

Нетрпението и прогонот на партизаните почнале да се разгоруваат, а Никита заминал за Лариса. Маџирите од неговото село му испратиле тужба, а родителите на Даутовски му ја препратиле во Лариса.

„Во тужбата бев обвинет дека сум бил член на Комунистичката партија на Грција, дека сум работел за партијата и за тоа да ѝ ја дадам Егејска Македонија на Југославија. На 13 август бев повикан на суд во Костурско. Пред да отидам повторно се посоветував со грчката учителка. Таа ми рече да не заминувам во партизани и дека тие ќе ме ослободат. На судското рочиште дојде учителката со нејзините соработници, но не се појавија тужителите. Судската расправа беше одложена за 20 септември, по што бев слободен и си заминав дома. Во 1946 година имаше гласање



за демократија или за монархија. Јас не гласав зашто не бев запишан во списокот“, се потсетува борецот.

По предупредувањето за опасноста ако остане дома, во септември Никита заминал во планините. Се сконцентрирал во околината на Грамос, по што почнале борбите. На 10 јули 1948 година бил ранет, а на 15 јули, со камион, во кој имало многу ранети, бил донесен во катлановската болница. Таму бил сè до октомври 1948 година. По заздравувањето повторно бил вратен во Грција, во околината на Вичо.

„Комисијата ме прогласи за неспособен за борба, па ми дадоа задача да ја чувам болницата во Преспа, но сепак не бев стражар. Во тоа време партијата организираше телеграфска школа. Иако имав желба да станам телеграфист, тоа не ми го дозволија. Другарите ми укажуваа дека задачата е опасна, дека се оди на теренот на непријателот, а поради повредата на ногата јас не ќе можам во исто време да носам и храна и оружје. Станав телефонист и ме распоредија во штабот на 12. девизија. Таму бев сè до капитулацијата на ДАГ“, посочува дедо Никита.

При крајот на војната во 1949 година, заедно со своите соборци Даутовски пребегнал во Албанија. Но, повторно бил вратен во Грција, на Грамос. Таму бил пет дена, па приказната продолжила со одењето во Елбасан, потоа во Бурели, Русија. Во таа држава живеел 20 години, а во Скопје дошол во 1966 година. Тука се оженил со својата втора сопруга Тина, исто така, борец во Граѓанската војна во Грција.

Пред извесен период КПГ, лично на негова адреса, му испратила Орден за заслуги, по повод 50-годишнината од ДАГ.

Димитар Костадинов Петровски
БОРБИТЕ ГИ ИЗГУБИВМЕ ПОРАДИ ПРЕДАВСТВО



„Кога го нападнавме Лерин командантот на артилерците беше Грк и требаше ним да им даде наредба да пукаат, а тој со сите документи побегна и ѝ се предаде на грчката војска“, вели Димитар Костадинов Петровски.

Димитар Костадинов Петровски е роден на 29 ноември 1929 година во село Бапчор. Прво учествувал во младинската организација ЕПОН, а од 1945 до 1949 година бил учесник во ДАГ. Дел од податоците за неговиот подвиг ни ги соопшти самиот, но поради влошената здравствена состојба, користиме и некои веќе објавени податоци за него.

На 16 август 1946 година во Бапчор дошла монархофашистичката војска, која 160 луѓе затворила во селското училиште. По големото малтретирање луѓето се онесвестиле од тепањето. Петровски, кој имал околу 18 години, успеал да се спаси така што побарал да оди да им донесе вода на онесвестените. Го придружувал грчки војник, но нашиот соговорник успеал да му побегне преку урнатиот ѕид од полското веце. Заминал во планините, каде се криел неколку дена, а потоа некои од соседното село му воспоставиле врска со партизаните. Дел од затворениците однеле во затворот во Кожани-Костур, а некои ги испратиле на островите. При напуштањето на Бапчор монархофашистите ја запалиле куќата на Петровски зашто и татко му бил партизан, а и тој им побегнал. Нивната куќа била првата изгорена куќа во Бапчор. Петровски учествувал во многу битки на Вичо, Грамос, Малимади, Сорвик, Негуш, Лерин итн. На почетокот имале големи успеси на бојното поле или, како што тој потенцира, нивните диверзанти правеле чуда, влегувале во позадината на непријателската војска и ненадејно ги напаѓале. Така било во текот на 1946-1947 година, кога всушност биле создадени и слободни територии, на кои биле оформени школи на македонски јазик, а имало и други ак-

тивности. Меѓутоа, по 1948 година, поради предавниците кои биле во партизанските редови, состојбата на боиштето се променила во корист на фашистите.

„Тоа - објаснува Петровски - секако се должи на замената на македонскиот команден кадар со грчки. Во нашите единици имаше грчки комунисти, предавници кои нашите борбени намери им ги издаваа на монархофашистите пред да ги реализираме“.

Раскажува и за борбите во Горно и во Долно Котори, но и за своето ранување. По наредбата од 10 декември 1946 година тројца луѓе требало да заминат во село Лацен-Леринско. На патот паднале во монархофашистичка заседа, а само тој останал жив, но бил ранет во ногата.

„Ме однесоа во болницата ‘Елени Димитриу‘, ме преврзаа, а потоа право во полиција. Ме затворија во затворот ‘Толи Ано‘. На 10 јануари 1947 година требаше да ме судат, но во меѓувреме дознав дека ќе ме стрелаат, па решив да бегам. Ја искористив можноста вечерта кога нè однесоа на шетање. Влегов во полициската соба, која беше празна, со нога ја дупнав мрежата од прозорецот и се дадов во бегство. Се движев низ Лерин, пешачев цела ноќ, а пред разденување дојдов до селото Крпешино“, се сеќава Петровски.

Оттаму со помош на крпешинските овчари, а потоа и со овчарите од Бапчор ги воспоставил контактите со соборците. На планината Грамос ја завршил офицерската школа „Петра Мука“ и добил чин командир на вод. Учествувал во борбите за Нечово, Коница и во месноста Монахитис.

„Нашиот баталјон - дополнува Петровски - беше во 14. полк, ги држевме месностите Орлија и Ордија. На 14 јуни 1948 г. почна офанзивата на грчката фашистичка армија. На Орлија ме ранија во левата нога и заминав во болницата во Корча. Таму немаше место и со другите ранети ме однесоа на тогашната југословенска граница кај Свети Наум. Оттаму нè натоварија во автомобили и нè однесоа во болницата ‘Катланово‘, каде останав два ипол месеци. На почетокот на септември нè вратија во Егејска Македонија“.

Раскажува и за формирањето на 10. девизија, но и за одењето во градот Негуш на 28 декември 1948 година.

„На Вичо имаше многу снег, цел ден водевме борба со грчката фашистичка војска, тие напаѓаа со пешадија, артилерија, тенкови и авиони.

Нашата колона се движеше во правец на Кајмакчалан. Цела ноќ патувавме, а утредента пристигнавме во село Круцелево, Воденско. Таму се одморивме, другата вечер како дел од 14. полк тргнавме за Воден, а 18. полк отиде за Негуш. Тој имаше успех во борбата, но тоа не беше случај со 14. полк, ние имавме многу жртви. Другиот ден отстапивме, а воениот суд на смрт го осуди полковникот Ѓорѓијадис, кој беше стрелан. Сите наши формации се најдоа во селата Круцелево, Саракиново, Тресино, а потоа во градот Арадеа (Суручко). Во овие борби, исто така, немавме многу успеси и се вративме во селата од каде што тргнавме. Таму се реорганизиравме, го нападнавме Негуш и успеавме да го заземеме. По петшест дена отстапивме на Вичо“, потенцира соговорникот.

Таму направиле реорганизација и во февруари 1949 година тргнале да го нападнат Лерин. Според кажувањата на Петровски, планот бил два дена порано да го нападнат Лерин, но во тоа ги оневозможила КПГ. Поради различниот распоред на единиците кои требало да учествуваат во битката, а бил даден од Захаријадис, борбата била изгубена. Борби воделе и на други места во Соровик, но и таму немале успех.

„Пред да отстапиме од Вичо фашистичката армија од Лерин пристигна во Трсје и Статица. Вториот баталјон на 14. полк го забележа нивното движење и побара дозвола да ги нападне. Од ЦКГ ни јавија да не ги напаѓаме, туку да ги пуштиме да дојдат поблиску. Тие, пак, се упатија кон планината Лисец, а од селата Габреш, Дреновина, Баздивишта, Црнолишта доаѓаа колони и колони од грчката армија. На две места на планината Бигла имаше по шест топови, толку и на планината Рундел, а тешки топови имаше во Бесвина, кои можеа да ги гаѓаат Костур и Лерин. Топовите не испукаа ниту една граната, тие беа под команда на ЦКГ. Авионите на грчката држава постојано ги бомбардираа нашите села. Кога го нападнавме Лерин командант на артилерците беше Грк, кој требаше да им даде наредба да пукаат, но со сите документи тој побегна и ѝ се предаде на грчката војска“, објаснува Петровски.

Во август 1949 година ги доживеале најтешките порази од грчката армија, која била помагана од Англичаните и од американската авијација. Сакале да се повлечат кон југословенската граница, но нејзината армија тоа не им го дозволила, па затоа тргнале кон албанската граница, а кон нив се доближувале и монархофашистите.

„Се упативме кон Рабското поле, многу народ се движеше кон мостот на Перово, кој се наоѓа меѓу двете езера. Авијацијата жестоко напаѓаше. Успеавме да ги минеме мостот и од страната на Аил се упативме кон Винени, а од таму пребегавме во Албанија. По поразот на ДАГ Македонците од Егејска Македонија беа избркани од страна на Грците, а Титова Југославија не ни дозволи да дојдеме кај нашите браќа од Вардарска Македонија. Јас се најдов во Ташкент, СССР, татко ми во Бугарија, мајка ми во Полска, а двете сестри во Романија и тоа во различни места. Откако се изнајдовме преку Црвениот крст, мајка ми отиде во Бугарија кај татко ми, потоа им се придружив и јас. Во 1978 година бугарските власти ме затворија зашто не сакав да бидам Бугарин. Сакаа да ме судат за шпионажа, бидејќи работев како возач во 'Балкан турист', а по турата која ја имав во Скопје и во Охрид ме нарекоа македонски шпион. Ме осудија на 3 години затвор и на 9 години условно. Затворот го лежев во Стара Загора. Откако излегов од затвор не можев да најдам работа. Штом ќе ја видеа мојата биографија ми ја затвораа вратата. По тешки маки и вербални борби со бугарската корупција успеав да се иселам во Македонија", потенцира Петровски.

Георги Чулев
ПРИНУДНОТО УЧЕЊЕ ГРЧКИ ЈАЗИК НЕ ВРОДИ СО ПЛОД

„На почетокот на февруари 1949 г. началникот на желевската полиција, Омирос, од Леринско ни соопшти дека единиците на ДАГ ќе го нападнат Лерин. За таа цел требаше да се формира специјална група полицајци за ослободување на градот и да се извршат рации за апсење на предавниците и на фашистите", вели Георги Чулев.

Некогашниот учесник во Граѓанската војна во Грција, Георги Чулев, е роден во 1929 г. во с. Загоричани, Костурска околија. Завршил основно петгодишно училиште. Во демократското движење во Грција учествувал од мај 1945 г. како член на НОМС и младински активист на ЕПОН во селото, а од март 1947 г. како доброволец стапил во редовите на ДАГ. Периодот меѓу двете светски војни за загоричани бил многу тежок. Грчката Влада во 1926 г. донела Закон за замена на македонски топоними на селата и на личните имиња на грчки јазик. Загоричани го добило името Василијада, а градот Костур, Касторија. Слично било и во времето на Метаксасовата диктатура, која оставила трајни обележја врз тешкиот живот во Загоричани и во цела Егејска Македонија. На 4.8.1936 г. Јоанис Метаксас ја прогласил диктатурата, а по добивањето на власта ги сменил сите стари демократски кадри, офицери, полицајци. На нивно место поставил луѓе школувани во Германија. Со посебен декрет ги распуштил Парламентот и сите демократски прогресивни политички партии. На политичарите им забранил секаква активност во земјата. Особено драстична била наредбата издадена за Егејска Македонија, според која Метаксас ја забранил употребата на македонскиот јазик.

Нашиот соговорник се потсетува на неколку настани кои оставиле трајни спомени во неговата свест.

„Покојниот дедо Коста К. Чулев отишол кај бакалницата на Коле Васев за да го праша како на грчки јазик се вели мијалник. Тој му одговорил нерохитис. Присутниот полицаец Хорофилакс, кој слушнал дека го-

вори македонски, го глобил со 1.000 драхми. Вториот случај беше дома, во авлијата, кога дедо ми му рече на татко ми Васил да оди со кобилата и да им однесе леб на овчарите. Полицаецот кој случајно одел по патот слушнал дека се зборува на македонски јазик повторно го казни дедо ми со построга парична казна“, раскажува Чулев.

ПРИНУДНО УЧЕЊЕ

Властите во селата организирале бесплатно учење грчки јазик. Оваа мерка не дала резултати, бидејќи старите луѓе тешко учеле. Во селото биле уапсени жители кои имале други политички убедувања, меѓу кои и неговиот вујко Мите Џуров. Тие биле обвинети како симпатизери на КПГ. Методи Делкин и Мите Џуров биле уапсени во 1939 г., но со интервенција на таткото на Чулев, Васил, кој потрошил многу драхми околу процедурата за ослободување, заробениците биле ослободени, при што им било сугерирано да ја напуштат земјата бидејќи биле непожелни за Грција. Татко му заминал за Истанбул, а вујко му за Влашко. Младината во селото била организирана врз основа на националистички терк, сите биле принудени да купуваат сини униформи и да ги носат за време на државните празници.

Нашиот соговорник вели дека по ненадејниот напад на Италија во есента 1940 година во околината на Јанина, Грција биле принудени да прогласи војна против Италија, односно против нивните вооружени единици кои неочекувано зазеле грчка територија. Во костурскиот реон биле стационирани бројни единици на грчката армија, поради близината на фронталните линии.

Соговорникот раскажува за декемвриските настани од 1944-1945 г. Тоа биле слободарските декемвриски настани, во кои илјадници жители на Атина се собрале на плоштадот Синтагма (Уставен) со паролите: „Не сакаме нова окупација“, „ЕАМ се демократија, а не кралот“. Тоа го манифестирале повеќе од 300.000 жители близу зградата на Парламентот. Ненадејно полицијата употребила огнено оружје против демонстрантите и биле убиени триесеттина невини граѓани, а имало повеќе од стотина ранети. Народот, со помош на единиците на ЕЛАС, ги разоружале полицајците и го контролирале центарот на Атина. На четврти декември генера-

лот Скомби го прогласил воениот закон т.е. воената диктатура, но истовремено избила владина криза и премиерот Папандреу и министрите од партијата на либералите, си дале оставка. Винстон Черчил не ја прифатил оставката на Владата и со противуставна телеграма му наредил на Папандреу да продолжи со извршувањето на владините дејности. Во неа се велело: треба да владеете со Атина, по можност без насилство или ако е потребно и со крвопролевање за уништување на одредите на ЕЛАС. По наведената наредба англиските тенкови интервенирале на повеќе места во Атина. Народот и борците на ЕЛАС им пружиле херојски отпор на новите окупатори, кој траел околу 33 дена. Претставници на ЕЛАС го потпишале компромисниот договор во месноста Варкиза и врз основа на тој договор власта ѝ била предадена на фашистичката влада. Неофашистите примениле невиден терор против борците на ЕЛАС, кои се бореле за слобода од германските фашисти. Потоа продолжил дивјачкиот терор против НОФ, ЕАМ и ЕЛАС и кон секој понапреден борец, со цел главни во државата да бидат терористите, фашистите, и новите окупатори - Англичаните, како и нивните грчки соработници. Жителите во селото биле огорчени од настанатата ситуација, не се остариле вековните стремежи на народот за национална еманципација, како што било декларирано од демократските организации на отпорот, КОЕМ, НОФ, КПГ, ЕАМ и ЕЛАС. Почетокот на април 1945 г. биле ограбени селата Изглеби, Загоричани, Прекопана, Олишта и др. Пролетта истата година биле формирани македонските организации, а организатор на НОМС во Загоричани бил Павле Јоруков од соседното село Бамбоки (Ставропотамос). Чинот на формирање на младинската организација во селото бил во мај 1945 година на локацијата Бритикови ливади, кои се во близна на црквата „Света Недела“.

Според кажувањата на Чулев, на 5.12.1945 г. биле уапсени и судени повеќе загоричани за соработка со окупаторите.

ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ

Судбоносен настан за Костурско и за развојот на демократските процеси во Грција биле парламентарните избори, кои се одржале на 31.3.1946 г. Опозиционите партии, особено КПГ, биле против учеството на избирачите на изборните места, со образложение дека се одржуваат

со примена на терор и без заштита на граѓанските права. Во Загоричани изборите се одвивале во големото училиште. Неколку младинци, меѓу кои и Чулев, како членови на НОМС имале задолженија да надгледуваат кои од жителите на селото ќе се јават на гласачкото место. Одѕивот на селскиот електорат бил многу мал. Гласале само гркоманите и неколку маџири, кои биле членови на неофашистичките организации. Времето кое доаѓало покажало дека апстиненцијата од гласањето била оценета како погрешна политика на НОВ и на КПГ. Изборите ги добиле неофашистите, помогнати од новите окупатори. Ја поставиле својата власт во сите општини, со цел заштита на Грција од демократските придобивки и реставрација на диктаторскиот режим. Во костурската околија биле формирани четите ЛОК (чети за планински потери) и водовите претежно поставени од гркомани доушници и некои фашисти маџири.

Од Граѓанската војна Чулев се потсетува на битката за Лерин.

„На почетокот на февруари 1949 г. началникот на желевската полиција, Омирос, од Леринско ни соопшти дека единиците на ДАГ ќе го нападнат Лерин. За таа цел требаше да се формира специјална група полицајци за ослободување на градот и да се извршат рации за апсење на предавниците и на фашистите. Бевме одредени околу триесеттина полицајци и се приклучивме кон 107. и 114, бригада, кои имаа наредба да извршат напад од северната страна на градот. На овој планински дел градот беше бранет од бетонски направени бункери, а на североисток се протега Леринско поле. Единицата на овие бригади изврши напад од север, односно 1,5 километар јужно од селото Канвашница (Проти), со цел да се уништат бункерите. На околу 500 метри од целта бевме забележани од бранителите на градот, истовремено бевме изложени на интензивен митралески оган од тешко оружје, минофрлачки и топовски гранати. Војниците на една чета се приближиле до бункерите на кота од 1.033 метри надморска височина, но бидејќи теренот бил непогоден за напад, процениле дека не ќе можат да ги уништат бункерите и дека ќе се изложат на сигурна смрт. Сакајќи да дадат личен пример старешините на четата станале и викнале: ‘Напред, ура‘. При нападот биле убиени од непријателските истрели, па со загубата на поголем дел од старешинскиот кадар, четата останала без команда. Во паника војската се повлекувале оставајќи голем број убиени и ранети војници. Непријателските сили употре-

биле различни видови минофрлачи и топовски гранати. Сликата беше ужасна. Нашата единица беше засолнета во еден трап и чекаше исход од акцијата. По оваа катастрофа и по паниката, нашата единица доби наредба да се врати назад до ридот пред селото Проти со цел да организираме заштитна одбрана на исток. Јас имав пушкомитралез од англиско производство на кој му монтиравме специјална отпорна цевка. Нашата задача беше по секоја цена да го браниме брдото од непријателските напади, за да им овозможиме безбедно спасување на ранетите борци. На одредената позиција стигнавме уште пред да зазори. По разденувањето непријателот почна со интензивни бомбардирања со топови и минофрлачи. По таа акција следеше првиот напад на непријателот и во тој напад беа убиени три наши полицајци. По одбиениот напад јас и една моја соборничка, се засолнавме во дупка, претпоставував дека повторно ќе се повтори бомбардирањето. Еден пушкар на МАИ, кој беше многу добар стрелец, стрелаше целно кон нас и ни ја погоди лентата од митралезот, а јас се здобив со мала гребнатинка на челото. По прекинот на бомбардирањето настапи втора поинтензивна офанзива. Непријателот се доближи на околу 300 метри оддалеченост. Бев добар стрелец на таа оддалеченост, напаѓачите во паника се повлекуваа. Овој пат бомбардирањето се повтори и со ракетирање од авиони, а една граната падна во близина на нашата позиција, но за среќа не бевме погодени. Војниците на ДАГ панично се повлекуваа кон селото Буф и кон слободната територија“.

По поразот на ДАГ Чулев бил евакуиран во НР Полска, каде завршил работничка гимназија и рударско-металуршка академија. Во поранешна Југославија, во Македонија се вратил во јануари 1962 г.

Атанас Чочкиров
ВОЈНАТА СЕ ВОДЕШЕ САМО ВО МАКЕДОНСКИОТ ДЕЛ ЗА ДА СЕ ИСТЕРААТ МАКЕДОНЦИТЕ!

„Во ДАГ имаше повеќе Македонци отколку Грци. Иако се мислеше дека и Грците се борат рамо до рамо со Македонците, тие уште на првата борбена линија нè предадоа. Граѓанската војна се водеше за да се истераат Македонците од Грција. Во Атина и во Солун воопшто немаше војна, таму беше мирно. Се војуваше само во македонскиот дел на Грција“, вели Атанас Чочкиров.

Во скопската населба Бутел го посетивме Атанас Чочкиров, некогашниот учесник во Граѓанската војна во Грција. Тој ги евоцираше своите спомени од војната. Чочкиров е роден во село Статица, Костурско, во 1927 година. Основно училиште, до шестто одделение, завршил на грчки јазик. Бил мошне добар ученик, па затоа и учителот му рекол дека е жално ако не продолжи со своето образование. Требало да продолжи да учи во гимназијата, но немало кој да го пасе добитокот, па затоа по желба на татко му, не го довршил своето образование.

„Во една прилика додека ги пасев овците дојде татко ми, беше расплакан. Кога го прашав зошто плаче ми одговори дека треба да одам во партизани, во Граѓанската војна. Тоа беше во 1947 година. Се собраа луѓето од нашето село, сите се поздравуваа, а постарите плачеа. Ги прашував зошто плачат, а тие одговараа дека оваа разделба е многу лоша. Од селото заминавме седумдесет луѓе. Некои ги распоредија на Грамос, други во Сињачко, трети на Вичо. Јас бев на Сињачко, но имаше борби и на Грамос и на Вичо“, раскажува Чочкиров.

Нашиот соговорник раскажува дека за време на војната 24 дена не каснал парче леб, туку се хранел со зелка, пченка, со сè што ќе го најдел по нивите.

Се потсетува дека во војната го пренесувале и оружјето, кое требало да биде испразнето. Раскажува за наредбите кои ги добивале од претпоставените за тоа како да ракуваат со него.

„Еден човек сакаше да се обиде да ракува со митралезот, но не знаеше дека во него има куршум, па несакајќи ѝ ги повреди двете нозе на една девојка. На теренот веднаш излезе воен суд и него го отепаа“, вели Чочкиров.

Во Сињачко, во една акција со монархофашистите нашиот соговорник бил ранет. Оттаму го пренеле во болницата, која се наоѓала во близина на албанската граница. По заздравувањето на раните се вратил во Лерин, кога бил и назначен за десетар. Добиле наредба да го заземат Лерин.

„Мене ми се погоди среќата да бидам распореден на аеродромот. Го обиколивме Лерин и чекавме да почне борбата. Но, монархофашистите знаеја за нашата акција и пред да почнеме да пукаме, авионите нѐ надлетаа. Работата била наредена, Грците да го ликвидираат македонскиот народ. Од бомбардирањето на авионите, човекот - нишанлија кој беше позади мене остана жив, а сите други беа мртви. Тој беше многу повреден, му пружив помош и му реков дека ќе бегам кон југословенската граница, истото му го предложив и нему. Од Лерин, преку Буф и Ерменско, дојдов до границата. Југословенските граничари ме внесоа во караулата и ми рекоа: ‘Ти си еден од најлошите луѓе. Бирај сакаш да те убиеме или да те вратиме назад‘. Им одговорив дека не сакам да ме убијат, туку да ме вратат назад, по што тие ми потенцираа: ‘Ти веќе ја помина границата, ќе одиш во Југославија и таму ќе работиш‘“.

Атанас Чочкиров дошол во Битола, од каде што со вагони ги однеле да ја изградат хидроцентралата „Маврово“. Таму имало шест градилишта и многу се работело. Од Маврово ги однеле во Охрид за да учат за келнери и за кувари.

Тој го посетил родниот крај при една средба на децата бегалци, било предвидено да се одржи во Лерин, но всушност се одржала во Костурско.

По Граѓанската војна неговите најблиски ја доживеале судбината на бегалци.

Тој имал две сестри од неговата маќеа (мајка му починала по породувањето). Едната како дете бегалец се нашла во Црквеница во Загреб, тетка му (сестра на татко му) била во Бела Црква, а братучетка му во Осиек. Еднаш успеал сите да ги посети, но за тоа претходно морал да добие дозвола од Црвениот крст.

На прашањето за политичката страна на војната, Чочкиров одговара: „Граѓанската војна се водеше за да се истераат Македонците од Грција. Во Атина и во Солун воопшто немаше војна, таму беше мирно. Се војуваше само во македонскиот дел на Грција“.

За односот меѓу Македонците и Грците во рамките на ДАГ, тој посочува:

„Во ДАГ имаше повеќе Македонци отколку Грци. Иако се мислеше дека и Грците се борат рамо до рамо со Македонците, тие на првата борбена линија нè предадоа“.

Ташо Чапканов Мицев
ПО ЧЕТИРИ ДЕНА БЕССОЗНАНИЕ СЕ РАЗБУДИВ И ДОЈДОВ ВО ШТАБОТ



„Претпоставениот“ Аристиди ми рече да одам кај партизаните од првата борбена линија и да видам зашто не пукаат. Ме испрати кај Генералштабот, а таму ми рекоа како што сум се спасил во Д‘мбени, така да се спасам и сега. Ми дадоа храна, пет магазинки со автоматот. Тргнав, но не знаев дали воопшто ќе се вратам. Иако монархофашистите пукаа врз мене јас дојдов до целта, Локвата. Во првата борбена линија имаше само 17 живи партизани, тие немаа муниција. Авионот исфрли две ракети, јас бев ранет и четири дена бев во несвест. Монархофашистите дошле да ми го земат автоматот, но мислеле дека сум умрен, и не пукале во мене. Откако се освестив, ја врзав раната и влечејќи се, бидејќи и бутот ми беше повреден, за еден ден дојдов во штабот“, раскажува Ташо Чапканов Мицев.

Ташо Чапканов Мицев е роден 1931 година во село Нисја, Воденско. Иако учел на грчки јазик, бил агресивен зашто не сакал да им се покорува на Грците. Сакал да зборува на мајчиниот македонски јазик и затоа добивал многу ќотек од учителот. Учел до 1940 година, а се сеќава и на тоа како учителот скршил 21 прачка удирајќи го по рацете, само затоа што зборувал на македонски. Од 45 деца кои учеле во училиштето само еден се погрчил, а останатите не се покориле. Неговиот татко морал да го продава добитокот, па дури и парично да плаќа поради непокорноста на синот. Дома во семејството, па дури и надвор, зборувале на македонски јазик. Иако Воденско е чисто македонска област, според кажувањата на соговорникот, се делела на гркомани и бугарофили. Горното маало ги нарекувале бугарофили, а Долното маало биле гркомани, кои ги кодошеле Македонците, а го кодошеле и Ташо Чапканов Мицев. Го шпионирале и кога тој одел во планините за да му носи храна и облека на неговиот татко кој, исто така, бил партизан.

„Знаев каде се наоѓа неговиот штаб. Ме следеа грчките шпиони од нашето село, од Долно маало. Секогаш ме пресретнуваа и ме прашуваа дали сум се видел со татко ми. Јас кажував дека одам да берам дрва. Но, еднаш ме открија. Дојде цела чета грчки платеници и неколкумина, меѓу кои и јас, нè мачеа, нè врзаа со јаже, нè малтретираа само за да кажеме каде ни се татковците. Нè однесоа на изворите Корада, а потоа кај командирот на таа платена војска. Нè плашеа, пукаа во воздух, но ништо не им кажавме. Нè однесоа во лозјето, нè врзаа за една кајсија, нè тепаа. Командирот почна да ме милува и да ме наговара за да кажам каде е татко ми. Тогаш се појави еден наш роднина за кој знаев дека е шпион од селото. Тој ми рече дека доколку им кажам каде е татко ми нема да го судат. Откако ништо не им реков, нè соблекоа голи, нè нурнаа со главата во водата во изворите Корада, нè оставија да нè изгори сонцето. Цел ден нè мачеа, се заканија дека ќе ни ја запалат куќата и дека ќе ни ги земат сите свињи. На крај јас кажав погрешна информација. По нивна наредба тргнавме на тоа место, но за наша среќа од Руселенската котлина пукна некоја пушка. Тие се разбегаа, нас нè ослободија“.

Наредниот ден Ташо повторно заминал во коријата каде бил татко му. По посетата тој го испратил до лозјето и му кажал дека утредента сака да се види со сопругата. Но, во раните утрински часови непријателите почнале да пукаат на два километра од нивната куќа.

„На 24 јули 1946 година - додава соговорникот - татко ми беше фатен на планината Ниџе, Голем Камен. Во една пештера беше скриен реонскиот комитет. Дојде четата на Коминото (платениците) и ги опколи. Едниот го убија на лице место, другиот беше ранет, татко ми жив го фатија, го однесоа во селото и го тепаа пред сите селани. Велеа дека сме му правеле големо зло на селото, но не беше така. Истиот ден кога почна пукањето излеговме и јас и браќата. Ги пуштив свињите, а оние кои претходно ме тепаа гледаа како јас одам со свињите, ми се потсмеваа, велејќи ми - ти не ни кажа каде е татко ти, но ние сами го најдовме. Земи го коњот од гумното за да го товариш татко ти. Јас им велам - вас ќе ве товарам. Сепак, татко ми го заробија. На заминување се гушнавме, тој ми даде список со 12 шпиони од селото и ме посоветува цело семејство да одиме во партизани. Подоцна му ја исполнивме желбата“.

Нашиот соговорник, со списокот кој му го дал татко му, заминал во теовската корија, каде се наоѓал Штабот на партизанската единица на реонскиот комитет. Ја пренел информацијата за заробувањето на татко му, по што тие му рекле дека вечерта ќе дојдат во селото. Како што му кажале така и направиле. Го опколиле селото, а неколку шпиони побегнале. Од 12 пронашле само четворица. Ги врзале на сред село и ги убиле, им наредиле на селаните никој до раните утрински часови да не ги допре мртвите тела за другите да гледаат дека тоа што го правеле кодошите тоа и ги нашло. Ветиле дека ќе ги најдат и останатите кодоши. Кога се разденило непријателите почнале да пукаат по партизаните, семејството на нашиот соговорник било скриено. Монархофашистите ги закопале умрените со сите почести. Братот на Ташо сакал да го посети татко им кој бил однесен во затвор во Воден, но поради тоа што ги навредил џандарите бил претепан и сместен во болница. Ташо и мајка му заминале за Воден, за тој да го посети братот во болница, а мајка му да го посети сопругот. Во болницата нашиот соговорник го видел брат му, дури и успеал да го извлече од таму. Но, не за долго. Монархофашистите го пронашле и го затвориле.

На 27 јули почнало судењето на татко му, а на 28 го стрелале. Тоа било еден ден по стрелањето на Мирка Гинова. Четата на Мирка Гинова била фатена на 22 јули, а на неговиот татко на 24 јули.

Откако го убиле татко му цело семејство заминало во планините. Прва дестинација им била Кациката во бањата „Пожарско“, каде имало и болница. Мајка му подготвувала храна за партизаните, а го дале и целиот добиток кој го имале. Селото било опустошено од монархофашистите. По три-четири месеци мајка им ја пренеле во тогашна Југославија, во Булкес, Војводина. Десеттина од единицата во која бил и нашиот соговорник биле задолжени за поставување мини на патот за Лерин, на Мухарем хан. Мини ставале два пати во Воден, еднаш нашиот соговорник фрлил бомба на гимназијата.

На Кајмакчалан почнале офанзивите. Се формирала чета за Грамос. Сите штабови се споиле во едно. Преку Лерин заминале во Костурско, потоа на фронтот на Грамос.

„Почнаа големите борби, загинаа 700 луѓе. Нашата чета од Воденско беше составена од 128 борци, а на Грамос заминавме сите чети, вкупно бевме 3.000 борци. Борби се водеа до крај, кога се фрлија двајца младинци на ЕПОН, една девојка и две момчиња. Се фрлија од врвот Клефти на Грамос, не можеа да се спасат, беа опколени, но живи не се предадоа. Се повлековме во Руља, Брезница, Костурско. Се собравме 14. 16. и 18. дивизија. Дојде Маркос и ни соопшти дека ќе се бориме партизански, не фронтално, бидејќи Грамос го изгубивме, планините ги браниме, градовите остануваат. Требаше од 10 до 20 души да одиме по селата и градовите. Чекавме наредби, но Захаријадис рече дека ќе се бориме фронтално, цел му беше да се истребат Македонците“, вели Ташо.

Во 1948 година го нападнале Воден, имало и напад на Владево, при што загинале двајца партизани. Се потсетува и на борбите во Д‘мбени, каде биле околу два месеца.

„Се криевме во бачилото и во пештерите над селото. Ноќе слегувавме и правевме напади. Селото беше изгорено. Добивме наредба да го нападнеме центарот, таму имаше многу војска. Само што тргнавме падна една минофрлачка граната. Ноќта, во 12 часот требаше да влеземе во центарот. Лазејќи ја оставивме првата и втората линија, влеговме во третата линија во центарот. Аристиди влезе во средината меѓу непријате-

лот, тие спиеја, и ги заклаа. Почна да доаѓа ноќната смена, отворивме оган, и добивме наредба за повлекување. Јас требаше да се повлечам последен. Аристиди рече дека ќе се врати по мене, но не се врати. Пукаа од сите страни. По два дена криење успеав да се спасам, иако претходно ме забележаа непријателите, тие пукаа, но не ме погодија. До вечерта отидов горе во котлината, ја кажав лозинката и ме прибраа, ме наградија со медал за храброст“, вели соговорникот.

Во 1949 година бил ранет на Малимади.

„Кога тргнавме од Брезница се случи трагедија. Дојдоа авионите, се отвори втор Грамос, фронтот на Малимади. Се качивме на врвот, монархофашистите пукаа по нас. Бевме три бригади, ние ја држевме втората. Врнеше и потрошивме 3.000 куршуми за да запалиме оган. Утрото почнаа борбите. Авионите исфрлија две-три ракети. По три дена непрекината борба го заседоа ридот. Претпоставениот Аристиди ми рече да одам кај партизаните од прва линија да видам зашто не пукаат. Тој ме препрати кај Генералштабот, таму ми рекоа како што сум се спасил во Д‘мбени, така да се спасам и сега. Ми дадоа храна, пет магазинки со автоматот. Тргнав, но не знаев дали воопшто ќе се вратам. Иако пукаа по мене јас успеав да дојдам до целта, Локвата. Во првата борбена линија имаше само 17 живи партизани, тие немаа муниција. Авионите исфрлија две ракети. Јас бев ранет и четири дена бев во несвест. Монархофашистите дошле да ми го земат автоматот, но мислеле дека сум умрен, и не пукале во мене. Откако се освестив ја врзав раната и влечејќи се, бидејќи и бутот ми беше повреден, за еден ден дојдов во штабот“.

По поразот на ДАГ, се повлекувале од Брезница, Руља, Баница (Костурско) во Албанија. Во Тирана бил опериран, му ги извадиле црвите од раната на раката. На 11 јули 1949 година со брод со 960 луѓе, 17 дена патувале за Полска. Таму ги сместиле во воената база 250, каде му зарасна-ла и раната на бутот. Во Полска бил до 1957 година, а потоа дошол во Скопје.

Ники Барбарова
ГРЦИТЕ ГИ ИСКОРИСТИЈА МАКЕДОНЦИТЕ

„Се водеа жестоки борби за Лерин. Партизаните беа предадени, а јас се чудев како воопшто имаше луѓе кои преживеаја. По оваа битка се вративме на Кајмакчалан и јас таму останав до крај. Се ширеа информации дека борбата е готова и дека ќе бегаме во Југославија, за што ние реагиравме посочувајќи дека се бориме за да се вратиме кај нашите родители, а не за да бегаме во Југославија“, потенцира Ники Барбарова.

Во борбите за слободна и демократска Грција, во рамките на Граѓанската војна, се истакнува и Ники Барбарова. Таа е родена во село Бошовци - Каљарско во далечната 1928 година. Потекнува од земјоделско семејство, а основното училиште завршила на грчки јазик. Пред да се вклучи во Граѓанската војна раскажува дека во нејзиното село доаѓале организирани групи, кои биле предводени од Вера Фотева, а ги подучувале како да дејствуваат во натамошниот развој на настаните. Во 1947 година им било соопштено дека веќе било дојдено време да заминат во партизани.

„Како на партизанка моја прва дестинација беше Сињачко-Блаци. Ни покажаа како се ракува со пушките и со бомбите, по што нè однесоа во Вирдумивци за да нè научат да не се плашиме од борбите. Ни дадоа по една рачна бомба и повторно нè вратија во Блаци. Таму седевме извесно време, а потоа нè распоредија во групи. Некои заминаа за Вичо, некои за Грамос, а нас, како посилни, нè оставија во Вермио. Вооружени одевме по селата. Подоцна повторно се вративме во Блаци и удривме во Каљари. Во тоа село имаше многу наши вооружени борци, а во битката против монархофашистите ни загинаа многу деца“, раскажува Барбарова.

По оваа битка се повлекле во Блаци. По извесно време го нападнале Сјатиста, но и таму загинале голем број нивни борци. Следна дестинација им била назад во Вермио, каде останале околу 2-3 месеци. По информацијата дека Кајмакчалан се ослободил од фашистите, Барбарова

заминала таму, каде останала до крајот на војната. Оттаму постојано удирале на селата и повторно се враќале на планината. На Кајмакчалан била ранета од страна на монархофашистите.

„Имаше полиција, таа по нас фрлаше со минофрлачи и со гранати. Еден рачен фрлач ме погодил во ногата, но јас не забележав како тоа се случило, видов само крв. Ме преврзаа и продолжив со борбите“, се потсетува Ники.

Раскажува и за тоа како од Кајмакчалан удриле во С‘ботско, потоа и во Негуш во 1948 година. Учествувала и во битката за Лерин во 1949 година.

„Се водеа жестоки борби за Лерин. Партизаните беа предадени, а јас се чудев како воопшто имаше преживеани. Се вративме на Кајмакчалан. Се ширеа информации дека борбата е завршена и дека ќе бегаме во Југославија, на што ние реагиравме посочувајќи дека се бориме за да се вратиме кај нашите родители, а не за да бегаме во соседната држава. Сепак, нè донесоа во Попадија и ни рекоа да се движиме десно по патот, при што не ни кажаа каде всушност треба да одиме. Бевме околу сто луѓе. Одејќи пристигнавме до една чешма, кога нè сопре еден глас потенцирајќи ни да застанеме. Подоцна сфативме дека сме дошле до југословенската граница и дека граничната југословенска патрола ни наредила да запреме. Нè прашаа каде одиме и зошто сме ја оставиле борбата во Грција. Им одговоривме дека тие што нè испратиле не ни кажале и зошто бегаме, туку дека само ни рекле да одиме. Граничарите ни рекоа дека вечерта ќе спиеме на границата, а во утринските часови ќе нè вратат назад. Некои од постарите партизани им објаснуваа дека партизанството во Грција е пропаднато и дека Грците само нè искористиле. Сепак, нè донесоа во Кременица-Битола. Оттаму нè качија во воз, во кој се носеа камења, ни дадоа парче сув леб и нè донесоа во Браилово“, се потсетува партизанката.

Во Браилово останала два месеца, а потоа во септември 1949 година ја донеле во Скопје кај нејзиниот вујко. Во Тетово се запознала со својот иден сопруг, исто така, учесник во Граѓанската војна во Грција, а потоа заедно дошле во главниот град на државата, каде живеат и денес.

Станко Караѓоргиевски
НАМЕСТО ПРАВА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ДОБИВ ШРАПНЕЛ В ГЛАВА



На 1 март 1948 година, со група од седумдесетина Егејци, Станко Караѓоргиевски заминал за Пресна. Нивната маршрута била преку Албанија, конкретно Тирана, за В'мбел, па Руља каде ги подготвувале за војна, ги учеле како да ракуваат со оружјето. Таму престојувале до 1 април истата година, по што заминале на Грамос.

Некогашниот учесник во Граѓанската војна Станко Караѓоргиевски е роден во 1929 година, во село Бошовце, Каљарско. До доаѓањето во Македонија, во 1941 година, живеел во Република Грција. Тој објаснува дека во периодот додека бил во оваа наша соседна земја на Македонците им било забрането да го зборуваат мајчиниот јазик. Таа диктатура кон македонското население особено била изразена за време на Метаксас. Нашиот соговорник се потсетува и на шлаканицата која ја добил од грчки полицаец само затоа што на македонски јазик им се обратил на своите блиски, кои полнеле вода на селската чешма. Кога се нашол во рацете на полицаецот го спасила една жена, која всушност го замолила да го пушти Караѓоргиевски, бидејќи бил дете. Така, овој соговорник се спасил од канџите на полицаецот и не го кажал името на својот татко, бидејќи поради тоа што го направил татко му ќе требало да лежи в затвор. Сепак, таткото на Караѓоргиевски повеќе пати бил затворан и прогонуван од грчките непријатели поради активноста на своите синови.

Во времето кога Караѓоргиевски живеел во Грција неговото семејство поседувало слаткарница во Кожани. Овој бизнис го продолжиле во Битола, каде нашиот соговорник дошол со својот брат. Во тој период на просторите на поранешна Југославија почнала војна. До 1948 година Караѓоргиевски работел и во разни ресторани. Потоа заминал и учествувал во изградбата на пругата шамац-Сараево, при што завршил и телеграфиски курс. Кога се вратил во Битола се вработил како телеграфист на

железничката станица. На 1 март 1948 година, со група од седумдесеттина Егејци, заминале за Преспа. Нивната маршрута била преку Албанија, конкретно Тирана, каде им се придружил курир, а потоа В'мбел, па Руља. Во Руља ги подготвувале за војна, односно ги учеле како да ракуваат со оружјето. Таму останале до 1 април истата година, по што заминале на Грамос.

„Ме примија како телеграфист во артилеријата. Бев во 670. единица. Мојата задача се состоеше во тоа да давам информации каде да пукаат топовите. Во 1948 година имавме успех во борбата против монархофашистите. Таа година Грамос беше ослободен, а во Ланга се наоѓаше Главниот штаб на ДАГ. Како телеграфист работев сè до 10.10.1948 година, кога бев ранет со шрапнел од ѓуле. Всушност, шрапнелите на монархофашистите летаа на сите страни, а еден ме погоди во глава. По ранувањето партизаните прво ме однесоа до Кономлати, од таму на носилка бев префрлен до првиот санитарен пункт во Преспа, а потоа дојдов во болницата во Катланово. Таму бев два месеца. Мојот животен пат продолжи во Булкис, во Нови Сад, каде престојував десеттина дена. Оттаму ме однесоа во Белград, па на воз во Будимпешта", раскажува овој борец.

Во овој град останал две години во болницата каде му била извршена пластична хируршка интервенција. Во 1949 година, по ликвидацијата на ДАГ, сите партизани ги вработиле во фабриките, а тој се вработил во воена фабрика. Подоцна работел во редакција на еден македонски весник, кој се печател во Будимпешта, а во него се презентирале вестите за Македонија на македонски јазик. Во тој град останал да живее 8 години, односно од 1948 до 1956 година кога се вратил во Битола. Во 1957 година дошол во Скопје. Во главниот град на државава работел на многу места, но работниот век го завршил во „Лотарија на Македонија". Во Скопје го формирал и своето семејство.

За тоа зашто одлучил да се бори во Граѓанската војна во Грција тој вели:

„Уште додека бев во Битола ми сугерираа дека кога ќе заминеме во Грција ќе се бориме за ослободување на Македонија, а самите Грци ни ветуваа дека Македонците ќе добијат права какви што им следуваат. Но, од ветувањата ништо".

Неговите родители никогаш не ја напуштиле Грција. Во 1966 година прв пат по војната Караѓоргиевски отишол да ги посети. Се сретнал со мајка му, зашто татко му веќе бил починат. И денес често оди во посета на блиските кои живеат во оваа соседна земја.

Стељо Пејовски
ЗАРОБИВМЕ МНОГУ СТРАНСКИ ПЛАТЕНИЦИ



„Во Бурно, над Кожани, нè нападна авијацијата. Бомбите ги фрлаа на сите страни. Од 500 луѓе останавме само 48, другите беа или тешко ранети или загинаа. Ги освоија ридовите, а ние немавме никаков излез“, вели Стељо Пејовски.

Некогашниот учесник во Граѓанската војна, Стељо Пејовски, е роден во 1932 година во селото Родево, Егејска Македонија. Како и повеќето наши досегашни соговорници и тој основното училиште го завршил на грчки јазик во родното село. Тој и неговото семејство македонскиот јазик го користеле во домашни услови, а кога оделе на пазар во Воден или во Соботско морале да го говорат грчкиот јазик. Се потсетува на случките кога учителите ги тепале учениците само затоа што употребувале македонски зборови. По бомбардирањето од страна на монархофашистите, 1947 година, тој доброволно заминал во партизанските редови на Кајмакчалан. Во тоа време грчката војска ги носела поголемите деца во затвор, а се спроведувала и грчката политика тие деца да се направат грчки јаничари. На Кајмакчалан Пејовски бил пречекан од една обична единица, му дале пушка германски штаер, а потоа го однеле на обука на Вичо. Обуката траела десеттина дена и за тоа време борците морале да научат како се ракува со севкупниот арсенал на оружје. За време на обуката вежбале и замислена борба со непријателот. При една таква вежба утрото ги осамнало во село Поздивишта. Всушност, ваквите нивни акции се изведувале на слободната територија на партизаните, Преспа. Пејовски продолжил да дејствува во саботерската бригада СТ44, која дејствувала под команда на Главниот штаб на ДАГ. Од многубројните акции против монархофашистите ја издвојува борбата во близина на Цутиљи, во која заробиле 21 монархофашист. Имало и жртви од спротивната страна. Тој раскажува и како за еден од заробениците од спротивната страна дознале дека има брат, кој всушност се бори на страната на пар-

тизаните. Нашиот соговорник објаснува дека дејствувале во позадина. Нивна задача била да го расчистат патот за партизаните, на пример, ако требало да се направи диверзија, да се урне некој мост...

При едно движење низ Сињачко непријателот ги открил, а борбата се случила во Бурно над Кожани.

„Нѐ нападна авијацијата. Бомбите ги фрлаа на сите страни. Од 500 луѓе останавме само 48, другите беа или тешко ранети или загинаа. Ги освоија ридовите, а ние немавме никаков излез“, вели Пејовски.

Сепак, со вештината на командирот Кациката, кој го надитрил чуварот од спротивната страна (а потоа го убил), дека станува збор за негови соборци, успеале да се извлечат од обрачот. Кога се огласил алармот тие веќе биле спасени, но по нив непријателот почнал да фрла со минофрлачи. Во околината на реката Гревена, Кожани, монархофашистите им се приближиле на 200 метри од нив. Пуштиле платеници (мајдери) наводно да берат дрва, а всушност цел им било да го испитаат теренот, да видат дали има партизани. Заробиле платеник. За жал, во акцијата загинале две жени, кои всушност се грижеле за исхраната на партизаните кои морале да се повлечат. Дошла заповед од Главниот штаб да се повлечат на Грамос. Оттаму ноќно време дејствувале во околните села.

Ја спомнува и битката во 1949 година во Лефкото, село во околината на Грамос.

„Непријателот решил да нѐ нападне, а ние бевме во прва борбена линија. Пред да тргне исфрли топовски напад. Војската се доближуваше кон нас, но и го напаѓаше соседниот баталјон. Ние се браневме со руски минофрлачи. Добивме заповед да му помогнеме на тој баталјон со страничен удар. Во акцијата успеавме на нашиот мајор да му донесеме и заробеник, кој се бореше на другата страна“, посочува Пејовски.

Раскажува и за тоа како додека бил на мртва стража во Пефкофето, Грамос, тој и неговите соборци добиле наредба да се повлечат на албанска територија. Се повлекувале ноќно време, а во утринските часови биле нападнати од монархофашистичката авијација. Се водела жестока борба, па дури и кога навлегле на албанска територија морале да се пресметуваат со монархофашистичката војска.

Нашиот соговорник од Албанија заминал во Полска. Во 1957 г. дошол во Македонија.

Лазо Поповски
УЧИТЕЛОТ МЕ НАТЕПА ЗАШТО ПРОЗБОРЕВ НА МАЈЧИН ЈАЗИК



„Кога генералот Маркос се врати од Русија, рече: 'Ја изгубивме војната, меѓутоа ја спасивме Егејска Македонија. Таа не беше отцепена, туку остана во составот на Грција", објаснува Лазо Поповски.

Лазо Поповски е роден во 1924 година во село Острово, Воденско. Детството го минал во родното село каде завршил и основно училиште на грчки јазик. Тој се потсетува на доживеаните трагедии... Додека како деца си играле во дворовите добивале ќотек само затоа што во играта го користеле македонскиот јазик... Во селото имало многу маџири, кои учителите ги испраќале за да ги шпионираат децата кои зборуваат на македонски јазик. Нашиот соговорник раскажува и за случката кога учителот Ташо Гошопуло, по потекло од Граматико, Воденско, кој подоцна бил командант на партизанските одреди, претепал група деца кои меѓу себе зборувале на македонски јазик. Иако и Ташо зборувал македонски, сепак поради функцијата која му била дадена во училиштето, се однесувал така лошо со децата.

„Нѐ собра десеттина деца од второ-трето одделение и со стап секој од нас доби ќотек. Брат ми беше шеф на поштата, па затоа Гошопуло имаше респект кон него. Учителот ме викна и мене за да ме праша зошто сум зборувал на бугарски. Му кажав дека јас не го знам бугарскиот јазик и оти зборувам на македонски. Потоа така ме претепа што цела седмица не можев да одам на училиште. Брат ми отиде кај командирот на војската и му кажа за случката, кој му рекол дека за ова треба да го претепаат учителот. Командирот организирал една група, која намерно направила инцидент во кој се вмешал учителот, при што го добил заслуженио-от ќотек. По неколку години, кога како ранети борци дојдовме од стара

Грција на Кајмакчалан, го препознав Гошопуло. Тој ме праша од каде сум, а јас му одговорив: Ти не ме познаваш, но јас те знам, јас сум оној кој Вие го претепавте, сакаш ли сега јас да го земам автоматот“, се сеќава Поповски.

АКТИВНОСТ

Кога Германците дошле во Грција, неговата политичка зрелост достигнала високо ниво. Во мај 1943 година тој станал многу поактивен и почнал да се движи и надвор од селото упатувајќи се сè до Русилово, Кдрво. Имено, тој бил ангажиран во пренесувањето на партизани до одредена дестинација. Раскажува за тоа како со уште двајца другари пренеле некои личности од Југославија, кои се наоѓале во Жерви, преку Русилово за Кдрво, влашко село над Каракамен. Кон крајот на 1943 година заминал за Родево. Кога се воделе борбите на Мухарем со бугарската „охрана“ (заштита), која ги изгорела селата, тој бил курир. Во 1944 година, кога се насетувал крајот на војната и кога Грците сакале да ги разоружаат Македонците, а при тоа да ги измешаат партизаните со грчките единици, македонските единици кои биле поорганизирани се префрлиле во Југославија. Оттаму Поповски неколку пати доаѓал во Острово. Последниот пат кога го напуштил Острово и се вратил во Битола, таму не ја нашол својата бригада, која била преселена во Гостивар. Се потсетува и на тоа како една група партизани од Битола тргнала пеш кон Велес, каде им бил организиран убав пречек, па потоа дошле во Скопје, по што својата единица ја пронашле во селото Врапчиште, Гостиварско. Задачата на таа бригада била да ги исчистат балистите, остатоците на фашистите. Во овој крај останале до февруари.

„Имаше многу студена зима. Дури еднаш од студ ни замрзнаа и пушките. Многу пати одевме од Врапчишта до Ѓургевишта. Кога го опколивме Ѓургевишта, во последната куќа од селото се наоѓал озлогласениот Џемо, но успеа да ни побегне. Нашата бригада доби задача да се повлече. На наше место дојде 12. бригада, прилепска, која беше вратена од Сремски фронт. По неколку дена таа бригада го фати Џемо, некој го предал. Ние дојдовме во Скопје и се подготвувавме за првата парада во

главниот град по ослободувањето. Таа се одржа на први мај“, раскажува за своите спомени Поповски.

Во Југославија, како што објаснува соговорникот, дошле затоа што мислеле дека тука ќе останат кратко време и потоа ќе се вратат во Егејска Македонија. По извесно време се слушнало дека Тито собирал војска од Македонија и сакал со војна да ја отцепи Егејска Македонија од Грција. Дошла наредба да се расформира бригадата и таа да влезе во состав на југословенската војска. Така и се случило, некои заминале за Струмица, а баталјонот во кој бил Поповски бил стациониран во Битола.

„Таму беше одржан состанок на кој присуствуваше еден од Главниот штаб на ДАГ и ни рече дека во Грција формирале партизански одреди. Кога се расформира ЕЛАС оружјето го сокрија во пештерите, имаше луѓе кои тоа го знаеја, па под притисок им го дадоа. Немаме верни луѓе да ни го штитат Главниот штаб - ни рече Гркот - затоа ќе ве замолиме 500-600 луѓе да дојдете како негова заштита. Една единица Вардарци, по капитулацијата на Бугарија, со пушки дојде на помош, со цел да одат во Грција, но кога видоа дека нема ништо од тоа одење се врати назад“.

БОРБИ

Пред да замине за Грција, бригадата на Поповски била во состав на југословенската војска како гранична единица, но постојано се одржувале контакти со Грција, во делот со Кременица, Скоч, Попадија, Сетина, Крушоради, Овчарани.

„Од Горничево добивме информација дека ‘бурундарите‘ влегле во селото и ги силувале жените на борците. Двете стражарски смени организирано, со патроли, со оружјето заминаа на планината. Почнаа заседите. Тоа се случуваше во 1945 година. По тој повод сите Егејци, кои бевме на границата со Грција, нѐ собраа и нѐ испратија од Љубојно, Коњско, Стење, до Свети Наум. Таму, формиравме единица за да ја чуваме границата во реонот од Преспа до Охрид. Кон крајот на 1945 година сите бевме вратени од границата, во Битола. Ја сменивме униформата, и во камиони, преку Гевгелија, Кожув, заминавме на Кајмакчалан, Пајак Планина. Други заминаа преку Преспа. Во Грција се здруживме со партизаните. Почна второто партизанство. Поведовме борби. Народот почна да

се организира, а се врати и царот кој беше избркан. Се вратија царските војски, а по договорот во Варкиза почнаа да ги гонат и партизаните. За да не одат в затвор луѓето бегаа во планините. Почна мобилизацијата. Одевме од битка во битка, а немавме ниеден ранет. Дојде наредба да одиме во Вермион. Водевме битки на Каракамен, Негуш, Воден... Како одевме, така паѓавме во заседи, но дојдовме до Кардица... По долги перипетии нашата единица мораше да се повлече. Бев во единицата на тешки митралези".

Поповски раскажува за тоа како по повлекувањето останале само двајца и тие се упатиле во партизанската област Вргана. На патот до таа област им се придружиле уште тројца партизани. Во оваа област Поповски нашол соборци од своето село.

„Гледам - се потсетува нашиот соговорник - деца зборуваат македонски и ми дојде душата. Имаше борци од Русилово и од Острово. Се сместив во таа единица додека се снајдам. Со штитот од италијанските пушки ги продупчив свинските кожи, кои цело време ги носев на нозете, и направив опинци".

Поповски кажува дека по враќањето од Африка кралот воспоставил власт со која раководеле сите соработници на окупатарот. Тие ги гонеле демократските сили, а сите кои соработувале со партизаните ги затворале. Тоа била причината поради која луѓето се засолнувале на планините. Воделе борби кај Змоково. Во Граѓанската војна тој два пати бил ранет. Крајот на 1947 година дошла наредба да се повлече Главниот штаб на партизаните, односно да замине кон Вичо, Грамос.

„Дојдовме до Кајмакчалан. Кон крајот на војната во 1949 година имавме непријатности. Се распаѓаа одредите, а Грците почнаа лошо да мислат за нас. Јас станав политички комесар на вод. Имаше еден Грк, командир на чета, барутата, од Негуш, со кој заедно бевме во ДАГ. Тој мислеше дека јас ги организирам Македонците. Негов курир беше Македонец, тој ми кажа дека барутата сака да ме убие. Веќе се наѕираше распаѓањето на ДАГ, а јас бев принуден да заминам во Југославија, односно во Македонија. Тука работев како физиотерапевт во болница", го завршува своето сеќавање Поповски.

И тој, како и многумина негови соборци, потенцира дека војната се водела за да се исчистат Македонците од Егејскиот дел на Македонија.

Всушност, и донесената наредба била во Грција да се вратат само оние кои се Грци по род.

„Кога генералот Маркос се врати од Русија, тој рече: ‘Ја изгубивме војната, меѓутоа ја спасивме Егејска Македонија. Таа не беше отцепена, туку остана во составот на Грција“.

Георѓи Сидеров
ЧЕСЕН ЈУНАК И ХЕРОЈ НА НАРОДОТ

„За време на нападот за ослободување на Лерин еден грчки командант им рече на нашите офицери да не го напаѓаат градот, бидејќи ќе изгубиме голем број наши партизани, зашто предвреме сме им предадени на монархофашистите“, раскажува Георѓи Сидеров.

Георѓи Сидеров е роден 1930 г. во с. Загоричани, Костурско. Неговото семејство броело седум члена, татко, мајка и пет деца, од кои четири машки и едно женско. Основно шестгодишно училиште завршил во с. Загоричани, но на грчки јазик, зашто таму немало македонско училиште. Забраната за употреба на македонскиот јазик настапила со Метаксасовото доаѓање на власт, кое траело до 1939 г. Истовремено била забранета и литургијата на македонски јазик во македонските цркви во кои пред 1930 г. имало македонска литургија. Сите постари лица кои не знаеле да зборуваат и да пишуваат на грчки јазик насилно ги принудувале да научат, а доколку не сакале ги казнувале со најстроги казни. Жителите на ова село, според соговорникот, Грците ги третирале како бугарофили и затоа од сите околни села на Загоричани тоа најмногу страдало. Поради малтретирањето на селаните од страна на грчката жандармерија помладите морале да заминат во партизанство и да се борат за поголеми егзистенцијални права. Постарите останале да го чуваат добитокот, нивите и куќите од злосторството и од штетите кои ги правеле монархофашистите врз имотите на Македонците.

Маките кои македонскиот народ ги преживеал поради ропството од монархофашистите се врежале и во срцето на нашиот соговорник Георги Сидеров, кој чувствувал вжештена омраза кон терористите. Немал ниту 16 години кога во септември 1946 г. ја грабнал почесната пушка на слободата. Немало место каде не се борел, а за неговата решителност, која ја покажал во борбите на Грамос, бригадата го наградила со повеќекратни

пофалби. Бил предложен и за поручник. Пет пати бил ранет. Во тогашната нова епоха за Грамос, исто така, како ПК на вод во офицерската школа, со неколку негови другари влегол во длабочината на непријателот, во срцето на нивните упоришта на планината Платина и меѓу нив направиле расцеп.

„Ранет - вели тој - не сакав да се вратам назад. Ја преврзав раната и заедно со стрелците Пападимовски, Врахиоли, Лиамо Алеко, потпоручникот на водот Верго и една девојка, продолживме внатре во нивните ровови, со интензивен оган од ров на ров и над митралеските гнезда, за ликвидирање на противничкиот отпор. Заедно со другарите заробивме 38 војници, а меѓу нив беа и 2 офицера. Решивме со борбата, по секоја цена, да го расчистиме брдото, и успеавме во тоа“.

Георѓи Сидеров бил предложен за медал за народен херој за херојските борби на Грамос. Тој бил чесен јунак, член на ЕПОН и херој на народот. Кога наполнил 18 години станал член на КПГ.

„Во редовите на нашите единици, за време на Граѓанската војна, со нас беа и грчките партизани со кои, рамо до рамо, се боревме и никогаш не се навредувавме. Меѓу нас имаше големо почитување и секогаш сите маки заедно ги споделувавме. Додека бев партизан меѓу нас немаше никаква омраза, едноставно како да бевме во една заедница. За време на нападот за ослободување на Лерин еден грчки командант им рече на нашите офицери да не го напаѓаат градот, бидејќи ќе изгубиме голем број наши партизани, зашто предвреме сме им предадени на монархофашистите.

На нашите ослободени територии направивме место за слетување на авиони и место за повеќе тенкови, кои требаше да ги добиеме од Југославија за помош на нашата армија. Но, југословенските генерали тоа го спречија и не добивме помош од Титова Југославија. Многу повеќе помош добивавме од Албанија, која ги прими и нашите ранети партизани, кои преку таа територија заминаа во западните земји. Во 1949 г. и јас како ранет заминав во Албанија во гратчето Бурели, стар разурнат град. Оттаму, заедно со останатите ранети партизани, заминав за Русија, односно во Ташкент“.

Вели дека сите некогашни борци, меѓу кои и грчки партизани, заедно другарувале, заедно се школувале во исти школи и работеле во

исти фабрики. Во прво време во Ташкент Сидеров учел вечерна школа, а преку ден работел како градежен техничар. Во 1966 г. се вратил во Скопје и почнал да работи како хаусмајстор сè до пензионирањето. Во родниот крај бил три пати.

„Воодушевен што мојата куќа сè уште стои таму. Соселаните многу добро нè пречекуваат без разлика дали се Македонци или Грци. Сите се согласуваме со тоа дека не сме виновни за тоа што војната нè раздели и затоа си посакуваме никогаш да не се случат војни. Мирот е најголемото богатство на светот“, потенцира Сидеров.

Тане Лазар Наумов
ПРИЗНАНИЕ ОД ДРУГИ БОРЦИ, НО НЕ И ОД МАКЕДОНИЈА!



Од 1937 до 1939 година, како доброволец, учествувал во Интернационалните бригади на Шпанската граѓанска војна. Бил учесник во борбите кои ЕЛАС ги водела против силите на фашистичка Германија и нејзините сојузници. Заедно со својот народ останал да се бори во редовите на НОФ иво вовооружените сили на ДАГ сè до последниот ден, до 1949 г.

Тане Лазар Наумов бил роден во 1907 година, во селото Долно Котори. Негови родители биле Лазар Наум Динев и Менка Трпчева, и двајцата родени во исто село. Уште од најмала возраст бил задоен со немирен и револуционерен дух. По убиството на татко му Лазар и на дедо му Наум Ристо Динев од страна на турскиот башибозук во 1912 година, тој останал сирак на петгодишна возраст. Поради големата сиромаштија мајка му Менка била принудена да се премажи во селото Горно Котори. Тане останал да живее со баба му Марија, сестра му Ѕвезда и помалиот брат Коста. Марија живеела во исклучителна немаштија, сама со своите три внучиња. Поради тоа Тане бил принуден уште на петгодишна возраст да почне да заработува, пасејќи ги говедата на некој побогат селанец. На почетокот ги пасел говедата на блиските роднини само за корка леб, а кога пораснал заедно со повозрасните жители од селото одел по дрва. Со првиот продаден товар дрва прв пат видел и фатил пара со рака, а во семејството имало голема радост и веселба. Кога пораснал се зафатил со политика и во 1933 година станал член на КПГ. Од 1937 до 1939 година, како доброволец, учествувал во Интернационалните бригади на шпанската Граѓанска војна, и тоа прво како морнар со трговските бродови „Стануел“ и „Марџит“, пренесувал храна и муниција за борците, а по нивното потопување при бомбардирањето од фашистичките авиони на Германија и на Италија, се вклучил во пешадиските бригади. Заедно со шпанските револуционери Тане се борел да ја зачува слободата на шпанскиот народ, која на изборите ја добиле комунистите на шпанија. Тие

рамо до рамо се бореле против фашистичките сили на генерал Франко, кој бил поддржуван и помаган од фашистичките сили на Италија и на Германија. По големите борби Граѓанската војна била крваво задушена од империјалистичките сили, составени од капиталистичките земји од цел свет. Повлекувањето на интернационалните сили се вршело преку разни канали, со цел борците безбедно да се вратат во своите домови. Во тоа време Тане се наоѓал во непосредна близина на францускатa граница. Заедно со голем број соборци ги преминал високите Пиринеи и влегол на француска територија, спасувајќи си го така животот. По окупацијата на Франција од страна на фашистичка Германија, Тане бил фатен од германското Гестапо и испитуван. Кога дознале дека бил учесник во редовите на Интернационалните бригади, бил интерниран во Германија и затворен во логорот „Рош Рум“.

МАКИ

На 5.5.1943 година Тане успеал да побегне од логорот и со големи маки и многубројни страдања се вратил во родното место. За неговото враќање било известено леринското раководство на КПГ. Од Комитетот на Леринскиот округ бил назначен за секретар за Соровичкиот регион. Цело време бил учесник во борбите кои ЕЛАС ги водела против силите на фашистичка Германија и нејзините сојузници.

По повлекувањето на германските трупи, уште не вратен дома, продолжил да се бори, но сега против монархофашистичкиот режим кој владеел во Грција. Како организационен секретар на НОФ на Леринскиот округ, Тане го организирал народот за масовно учество во редовите на НОФ. Заедно со својот народ се борел во редовите на НОФ и во вооружените сили на ДАГ сè до последниот ден, до 1949 г. По поразот на вооружените сили на ДАГ, со голем број соборци од единиците на ДАГ, бил принуден да се префрли во Албанија, од каде со товарен брод ги префрлиле во НР Полска. За време на Информбирото бил обвинет како македонист и Титовист. Главното раководство на КП на Грција, за да се оправда за претрпениот пораз, морало некого да жртвува, а кој друг ако не македонските политички кадри.

КП на Грција, со помош на КП на Полска, успеала во намерата да обвини и затвори голем дел од кадрите на НОФ, меѓу кои бил и Тане. Тој бил осуден на седум години строг затвор, а во затворите во социјалистичките земји затворениците не се превоспитувале, туку морално, физички и психички се уништувале. Во тоа време такви или слични биле сите социјалистички затвори.

По смртта на Сталин, по одлежани пет години строг затвор, Тане добил помилување од две години. По подобрувањето на односите меѓу Југославија и Полска, и по добивањето виза тој се вратил во Македонија. Наместо да оди кај своето семејство, кое живеело во Битола, бил задржан во затворот во Идризово во Скопје, каде три дена и три ноќи бил испрашуван да не е случајно шпион во корист на СССР или на Полска. Сè до својата смрт Тане се прашувал - дали ова малтретирање во затворот во Идризово е игра на судбината или игра на политиката?!

ДОМА

Во август 1956 година бил ослободен и пристигнал во Битола кај семејството. Ја нашол својата сопруга во лоша здравствена состојба и под социјална заштита. Со помошта која ја добивала можело да се купат само 25 килограми црно брашно. Кога Тане видел во каква здравствена и материјална состојба се наоѓа неговото семејство, веднаш се пријавил во Заводот за вработување и почнал да бара работа. Во тоа време за секого се наоѓало работа, само не и за Тане! За голема среќа, иако не бил многу образован, одлично читал, пишувал, а имал и одлично паметење и го-

лема меморија. Уште од најрана младост ги паметел сите детали, датуми и личности со кои се сретнал во неговиот бурен живот.

Еден ден случајно во Скопје се сретнал со Кирил Ќамилев, негов соборец од Граѓанската војна во Шпанија. Двата стари борца од Интернационалните бригади веднаш се препознале.

Благодарение на Кирил, кој го претставил во Белград во Сојузот на шпанските борци, Тане од Сојузот добил признание и симболична награда во вид на пензија. Таа не била голема, но за Тане била преголема, бидејќи се нашол некој да му ги признае заслугите, иако тоа не го сторила Македонија, туку тоа било признание од за него непознати борци од Интернационалните бригади на шпанската Граѓанска војна. Тане починал во Битола, на 27 април 1977 година, и бил погребан во црквата „Света Недела“.

За време на неговиот живот бил одликуван со повеќе признанија и ордени. За неговото учество во Шпанската револуција на 7.12.1963 година од СФРЈ го добил југословенскиот Орден на братство и единство со сребрен венец, како и Орден за заслуги за народ со сребрена ѕвезда. На 19.7.1974 година добил Орден за храброст-признание од претседателот на СФРЈ.

Цуцулов Ване - Аламчев

Роден е во 1886 година. Потекнува од сиромашно земјоделско семејство. Татко на три деца. Од подолги години бил поврзан во прогресивното движење. Во времето на ЕЛАМ, ЕЛАС активно работи против окупаторот. Во 1944 година е затворен од окупаторските власти и спроведен е во логорот „Павлос Мелас“, во Солун. По ослободувањето во 1945 година се враќа дома. Со формирањето на македонската организација НОФ станува нејзин член, работи против монархофашистите во позадина. Беше откриен и уапсен во Лерин каде е осуден на повеќе години затвор. Затворот и казната ги помина во Ѓура. Почина во Република Македонија.

Цуцулов Вангел на Ѓорѓи

Роден е во 1922 година, татко на едно дете. потекнува од земјоделско семејство. Со работата се запозна од помлада возраст. Во времето на германско - бугарската окупација организиран е во организацијата ЕПОН, ЕАМ. Работи активно се до капитулацијата во 1945 година. Со формирањето на НОФ станува нејзин член. Во 1946 година повикан е на отслужување војска во грчката армија. Во почетокот на 1947 година скришум побегна и стапува во редовите на ДАГ. Во една битка со монархофашистите во Јанина беше заробен. Затворен е во 1949 година, а осуден на смрт во Солун и стрелан во 1950 година.

Крушоради (1980 година)

Маалото Јурко со каменлива Рудина,
маалото Средно со историска Орешка
и маалото Горно со рудници, манастир убав
Свети Харалам и манастирче Свети Спас.
На место згодно од секаде видно
широка Падина земја јака и убава
секој Крушорадец ја има во својата глава...
Наше село и Орешка
грамада со повеќе камења
даде глас и позив на секое маало
место се одбра тука за историја
за сокривање оружје тешко
како маја за леб од фино тесто
во подрачје на планина Кајмакчалан.
Стара река со водата мека
луѓето одеа брзо и полека,
таа задој и напој голем број борци
ги повика и вооружи за борба.
Стануваат будни и јаки партизани
чуваат секоја река и пресека
планина, долина и орман чести
во леринска широка околина
со пушка, митралез во рака
за слобода што наш народ сака...

Зисо Каралиев

Мајка македонска многу синови ќе роди (Јули 2002 година)

Сетинка, млада девојка
ми отиде вода да лее
вода да лее
вода да лее на тој студен кладенец,
на тој студен кладенец, Каландово
вода да налее за своите верни браќа
душа да им разлади, рани да им испере.

Ете ми Стојан, дојде на тој студен кладенец
на тој студен кладенец вода да пие
вода да пие, душа да разлади, рани да излечи
во борба да оди за земја македонска.

Што плачеш сестро Сетинко,
што кладенец со солзи го полниш?
Ја земи пушка маликерка в борба да одиш,
в борба да одиш, на таа планина Вичо.

Како бре брате Стојан, солзи да не ронам,
како в кладенец солзи да не полнам
ене таму сред село кај бунарот
на таа тумба македонска
на браќа Михајли, Љамбо, Кице и Панајот,
раце им врзаа со бодликав тел
очи им врзаа со бела шамија,
нишан ми земаа тие фашисти.

Не плачи сестро Сетинко,
не полни солзи в кладенец,
мајка македонска многу синови ќе роди,
многу јунаци ќе има в планина
за таа земја македонска поробена.

А бре брате, мили Стојане
ја качи се на таа планина Кајмакчалан
на таа планина Кајмакчалан собери си мили браќа
собери си мили браќа Македонци
што крв се лее за таа земја македонска.

Стојан ми се качи на таа планина Кајмакчалан,
на таа планина Кајмакчалан да собере мили Македонци,
што борба се води таму доле во Македонија
за земја македонска крв се лее низ тоа Солунско поле.

Сетинка млада девојка, на Стојан извика!
А, бре брате Стојане, црна ме змија касна.
Абер ми дојде за наши мили браќа
таму долу Овштарани кај крстот
во таа соичанска нива со германски рафали,
со германски рафали срце им раскина,
крв се лее низ това Леринско поле.

Не плачи сестро Сетинко,
не полни солзи в кладенец,
мајка македонска многу синови ќе роди
многу јунаци ќе има в планина
за слободна земја македонска.

А, бре брате Стојане, дали виде сестра Попадинка?
Сестра Попадинка низ тие дабови широки попадински
низ тие дабови широки да седе, чорапи да плете
чорапи да плете, момче македонска да дарува.
Сестра Попадинка со коси бујни сенка држи
сенка држи на шеесет и пет браќа мили
за браќа мили со прсти гробови копа,
гробови копа на Грамос и Вичо планина

и песни пее за браќа мили Македонци:
Фрлајте бомби и куршуми нека трештат
за таа земја македонска поробена
мајка македонска многу синови ќе роди
многу јунаци ќе има в планина
за таа слободна Македонија.

Ташко С. Јованов (Петков)

Ѓорѓи Ѓорѓиев
ПО ШЕСТ ДЕЦЕНИИ ГО ВИДОВ РАНЦИ



Патешествие на едно од илјадниците Македончиња, кои пред 60 години биле прогонети од родните места во Егејскиот дел на Македонија, каде сè уште не можат да се вратат!

Солзите на Ѓорѓи Ѓорѓиев по своето родно село Ранци, во Егејскиот дел на Македонија, и по шест децении не престануваат. Не престанува ниту тагата по роднините, другарите, црквите и манастирите... Тука е и болката за гробовите на македонските предци, обраснати со трње и плевел.

Селото, распослано во подножјето на Каракамен, ја доживеало истата судбина како и други села во Беломорјето - опустошени, разнебитени, без своите жители Македонци, кои биле прогонети за време на Граѓанската војна во 1948 г. само затоа што биле Македонци.

„Пријатно се изненадив кога слушнав дека сум добил грчка виза. Чудно чувство ме обзеде... По 64 години прогонетост, заедно со сопругата, се упатив кон родното село! Додека патувавме се потсетив на моите тешки доживувања како дете. Втората светска војна зад себе остави пустош. Но, и Граѓанската војна во Грција. Имав само седум години кога заминав заедно со други селани. Се сокривме во една пештера на пет-шест километри над Ранци. Дури вечерта, на полноќ, ме пронајдоа постарите браќа Љубен и Вангел. Патот потоа нè одведе во едно грчко село, мислам дека се викаше Инеливо, чии жители беа поврзани со Грчката комунистичка партија. Се сместивме во домот на газда Тодор, од каде заминавме по два дена. Станува збор за 1944 година, кога сè уште можевме да влеземе на територијата на НРМ. Преку Меѓитлија пристигнавме во Битола, каде окупатори беа Бугарите. За среќа, токму кога се повлекуваа им се придруживме како ’слепи патници’. Дојдовме во селото Неохор, кај Серез.

Како што се повлекуваа Бугарите (по капитулацијата на фашистичка Бугарија) и од Грција, така и ние се упативме кон Северна Бугарија, кон Плевен, а оттаму, на 9 мај, кога капитулира и фашистичка Германија, се обидовме да се вратиме во Македонија. Се вративме во Плевен, а потоа продолживме кон Симитли, Кулата, Струмица, од каде тогашната власт нè префрли во Прилеп. Бидејќи бевме повеќемина нè сместија во куќите по селата. Јас бев во Горно Село, од каде по неколку дена заминавме во селото Алинци. Тука дури добивме и земја за обработување. Уште во Горно Село завршив прво одделение, а второ одделение учев во Алинци. Многу сакав да учам. По извесно време се населивме во Прилеп каде го продолжив школувањето и завршив трето одделение“, се потсетува Ѓорѓиев.

ИЗНЕНАДЕНОСТ

„Се изненадивме - потенцира тој - кога ни беше кажано дека по наредба на тогашната власт во НРМ ‘Егејците’ морало да бидат преселени во Војводина. Моравме да заминеме. Таму, во селото Гаково, во близина на Сомбор, го продолжив школувањето. Децата кои беа без родители ги прифатија во детскиот дом. Од Гаково, нас 250 сирачиња нè испратија во


CRVENI KRIŽ HRVATSKE
DOM GRČKE DJECE
CRIKVENICA
Br. 2217 dne 19-IX-1949 D.

Kojim se potvrđuje sa strane uprave ovog doma da je za vreme školske godine 1948/49 pitomac Gjorgi Gjorgijev završio IV razred osnovne škole na makedonskom jeziku , sa odličnim uspjehom i odličnim vladanjem.

Smrt Fašizmu------Sloboda Narodu!

13-IX-1949god.
Crikvenica

Upravitelj
/Brebrić Josip/

детскиот дом во Загреб. Вечерта кога пристигнавме на железничката станица во Загреб нè прифатија луѓето од Црвениот крст, се дискутираше дали да останеме во Загреб или не. По долги преговори моравме да го продолжиме патот кон островот Света Катарина кај Ровињ, каде нè

сместија во истоимениот манастир. Таму останавме извесно време, а потоа беше наредено да се фузираат двата детски дома: нашиот, во кој беа сместени исклучително Македончиња, и детскиот дом во Црквеница, каде имаше околу 750 Македончиња и Грчиња. Утредента, околу четири часот наутро, со брод нè пренесоа до Црквеница. Се сместивме по осум деца во соба и тука останавме до 19.9.1949 година. За нас се грижеа калуѓерките. Но, нам в очи ни беа учителите. Тие беа Македонци по род, доселени од Булкес, од Егејскиот дел на Македонија, кои Грците ги обучиле и тие нè учеа на грчки јазик! Јас не се согласив да учам на грчки и не присуствував на наставата. Се обидуваа, но не можеа да ме вразумат и кренаа раце од мене. Тогаш бев командир на 12. чета, а заменик ми беше Ѓорѓи Димовски. Дури и на приредбите не прифаќавме да пееме грчки, туку само македонски песни. Ние баравме наставата да се изведува на македонски јазик. Управникот ни го прифати барањето и веднаш од Македо-

нија ни испратија тројца професори (колку што се сеќавам: Ристо и Перо од Битола и уште еден од Струмица, кому не му го паметам името). Така, правдата конечно беше задоволена“.

ПРЕПОЗНАВАЊЕ

Ѓорѓиев вели дека еден настан од 1949 година никогаш нема да го заборави.

„Нѐ посетија деца од детските домови од Полска, предводени од една учителка. Се случи нешто непредвидено: меѓу нашите и децата од Полска се пронајдоа братчиња и сестричиња и други блиски роднини. Посетителите останаа осум дена. Само што се надмина растревоженоста и се смирија чувствата, учителката почна да ги подготвува за враќање во Полска. Но, децата не сакаа да се вратат. Сакаа да останат со своите браќа и сестри. Но, учителката беше непопустлива, инсистираше да се врати со толку деца со колку што дошла. ‘Зарем повторно ќе има делење на Македончињата’, ги прашувавме претпоставените. Тешко им беше да ни одговорат, но ни ветија (за да нѐ смират) дека и ние ќе одиме кај нив во посета, во Полска. Но, подоцна се јави сомневање дека децата од Црквеница ќе ги преместуваат во Полска. Брзо се организиравме и ги известивме родителите за тоа, а тие од југословенските власти побараа да не се дозволи преместувањето. Освен тоа, родителите бараа да си ги повлечат децата. Татко ми Алексо тогаш живееше во Тетово. Тој организираше да бидат повлечени седумте деца од Ранци, кои беа во Црквеница и да ги испратат за Белград, каде нѐ прифатија нашите родители“.

Во Тетово, Ѓорѓиев го продолжил образованието во петто одделение, во гимназијата „Кирил Пејчиновиќ“. По завршувањето на шесто одделение се вратил во Прилеп, каде завршил седмо и осмо одделение во гимназијата „Рампо Левката“. Средното образование го продолжил во економското училиште „Јане Сандански“ во Битола, а Економски факултет завршил во Скопје, каде ја запознал и својата животна сопатничка Рада Рускова. Работел во прилепскиот Мермерен комбинат. Но, по вработувањето на Рада во СИЗ за основно образование во Скопје, се преселиле во главниот град, каде денес живеат заедно со семејствата на нивните два сина Александар и Марјан.

Васка Дојчиновска (Лаова)
ПОРАДИ РЕВОЛУЦИОНЕРНОСТА МОЕТО СЕМЕЈСТВО БЕШЕ ПРОГОНУВАНО

„Ти благодарам мајко што, и покрај сите маки и страдања, ми подари живот, ми даде можност да бидам дел од овој свет. Носам таѓа во себе што не ви се исполни копнежот (твојот и татковиот) да стајнете на родната грутка, на татковите огништа, таму каде се родивте, израснавте и потомство зачнавте. Не те заборавам ниту јас, ниту тие околу мене. Оваа моја приказна нека биде посветана на твојата мајчинска храброст и љубов".

„Село Герман, Леринско, едно јануарско студено пладне во 1949 година, баба ми Стамена (баба по мајка), со стомните в раце чекала ред за вода на маалската чешма. За момент до неа дошла една соселанка и тивко со шепот и ја кажала лошата вест: 'Утре напладне две невести со нивните две дечиња ќе бидат погубени сред село'. Една од нив била ќерката на баба ми, Ката Лаова (Клашниновска), мојата мајка. Причината за тоа било што моето семејство било бележано како помагач на партизаните, но и директен учесник во партизанските редови. По добиениот абер баба ми ги фрлила стомните од раце и трчајќи отишла кај мајката на другата невеста, да ѝ ја пренесе веста и да се договорат како да ги спасат ќерките и двете внучиња. Договорот бил уште истата вечер, со првата темнина, двете невести со децата да го напуштат селото и да пребегнат во Југославија. Со малку храна и облека, со по едно дете в раце, но со насолзени очи, тие заминале од селото. Така, двете невести ја почнале својата голгота, без сигурност каде се и каде ќе пристигнат, газејќи по длабокиот и студен снег", вака Васка Дојчиновска ја опишува својата, но и судбината на нејзината мајка.

ВЕРБА



Крсте Лаов

„Судбина тешка и горчлива - додава таа - со страв, но и со некоја сила и верба да дојдат до првиот камен на синорот, но и желба пред да пукне зората, за незабележани да ја минат границата. Со голема грутка која ја носела во градите, мајка ми често се вртела назад, за да ги види светилките од последните куќи на родното село Герман. Сепак, нејзиниот поглед бил насочен долу кон југот, каде го барала ликот на својот сопруг (мојот татко) Крсте Лаов, за кого веќе подолго време ништо не знаела. Со сè познато и непознато, а со желба и волја да се спасат животите, мајка ми и другата жена го продолжиле патот, газејќи по длабокиот снег. ќебенцата со кои сум била покриена снегот ги натопил и станале тешки. Поради тежината мајка ми ги фрлала едно по едно, а ме топлела прекривајќи ме со нејзиното мајчинско тело и со тенката памучна покривка. По сите маки и тешкотии, во првите мугри, пристигнале на југословенската граница, гладни, премрзнати и мокри. По сослушувањето граничарите ги прифатиле и преку Љубојно и Долно Дупени биле префрлени во прифатниот центар во Браилово, Прилепско. Љубезните партизанки, како што ги нарекуваше мајка ми, ме зеле од неа и ме ставиле на една маса. При ставањето се чул тежок тап звук, од кој прво се изненадиле, а дури потоа сфатиле дека моето тело било премрзнато. Се чуле плачот и лелекот на мајка ми. Таа си ја кубела косата, зашто дозволила тоа да ми се случи. Потоа две жени ме зеле и некаде ме однеле, а мајка ми три дена седела во ќошот во една одаја, плачејќи чекала да слушне за мојата судбина. Мислела дека сега е сама, и без мене. Третиот ден ме донеле кај неа, нахранета и облечена, по што мајка ми рекла: ‘Те оживеаја - ти дарија живот‘. По таквиот расплет на околностите четвртиот ден нè префрлиле во

Скопје, градот каде судбината го смени својот облик. Тука почна нов живот, нови радости, се споивме со татко ми, а ни се придружи и брат ми Кире. По школувањето се омажив. Сега сум среќна сопруга на Илија Дојчиновски и мајка на две чеда, син Јован и ќерка Наташа. Имам и внука Илина. Не можам да го завршам ова мое сеќавање никако поинаку, освен со зборовите: 'Ти благодарам мајко што, и покрај сите маки и страдања, ми подари живот, ми даде можност да бидам дел од овој свет. Носам тага во себе што не ви се исполни копнежот (твојот и татковиот) да стапнете на родната грутка, на татковите огништа, таму каде се родивте, израснавте и потомство зачнавте. Не те заборавам ниту јас, ниту тие околу мене. Оваа моја приказна нека биде посветена на твојата мајчинска храброст и љубов...".

БОРЦИ

Инаку, мајката на Васка Дојчиновска, Ката Лаова (Клашниновска), била родена 1921 година во с. Герман, Леринско, каде и завршила основно училиште. Покрај селските работи, како младинка, уште во 1941 година, била голем активист во народноослободителното движење. Во 1943 година партизанските одреди на НОБ и ЕЛАС ги засилиле своите акции. Пролетта истата година била формирана младинската организација ЕПОН, во која се зачленила и нејзината мајка. Но, својата активност таа ја прошири-ла и во работата во КПГ. Нејзини задачи биле снабдување храна, облека, муниција, лекови и други потреби за партизаните. Ката Лаова често извршувала и курирска работа, пренесувала илегална пошта, информации до многу места. Чувала и ранети борци, меѓу кои и борци од одредот на Гоце

Ката Лаова

Делчев, но и други партизански организатори. Вакви активности вршела сè до ослободувањето на 15.5.1945 година. Истата година во селото се вратиле грчките монархофашисти. Тие спровеле тежок терор врз населението, имало масовни затворања и стрелања. Поради ваквите околности Ката повторно се активирала и се ставила на располагање на НОБ, на младинската организација, чија цел била менување на тактичката борба против грчките монархофашисти. На почетокот на 1946 г. во нејзината колиба ги чувала илегалните организатори Петре Аспров, Герман Лаов. Тие биле откриени, но за среќа навреме ги спасиле, а колибите биле запалени. Тоа било повод целото нејзино семејство да биде затворено и sверски измачувано.

Во август 1947 г. се вклучила директно како борец партизан во 14. бригада на ДАГ, која ја организирала одбранбената линија (ровови, бункери, скривници), која се протегала од месноста широка преку Бела вода, Бајрачето, во атарот на с. Герман, до Превал, во атарот на с. Буковиќ, во должина од 15-20 километри.

Во селото Герман, како што раскажува Васка Дојчиновска (Лаова), свои организации имале СНОФ, АФЖ, ЕЛАС, ЕПА и ЕТА, во чии акции активно учествувале поголем број жители. Во истото село била организирана и народна власт: Народен одбор од пет члена и народен суд од седум члена. Но, упадите, прогонувањата и апсењата биле масовни и постоела можност нејзината мајка да биде заробена, па по добиената информација дека неа и детето ќе ги стрелаат, пребегнала во Југославија.

И таткото на Васка, Крсте Павле Лаов, бил роден во село Герман, Леринско, на 9.10.1923 година. По завршувањето на основното училиште работел како земјоделец. Во периодот на НОБ, како младинец се зачленил во младинската организација ЕПОН, каде од јуни 1943 до мај 1945 година извршувал курирски задачи, собирал храна, облека и оружје. По капитулацијата на Германија во 1945 година, тој повторно се активирал во младинската организација, во која извршувал разни задачи, кои ги добивал од нејзините тогашни раководители. Заради таквите активности тој и неколку негови другари биле уапсени и затворени во леринскиот затвор Пинакес Филакес сè до 15.3.1946 година, а потоа ги префрлиле во солунскиот затвор Агиус Димитриу. Во октомврои 1946 г. биле преме-

стени во затворот Касандра, каде биле подложени на разни мачења и тортури.

На 9.1.1948 година, по одлежување на затворската казна, го преместиле во Лерин, каде го регрутирала грчката армија, и тоа во некоја стара униформа. Го принудувале да даде изјава дека се откажува од КПГ и од младинската организација, но бидејќи тој одбил да направи такво нешто, веднаш бил испратен во Макронисо, во првиот логор, без оружје, колан и шинел, како затвореник. Во другите логори имало неколку негови другари. На 10.1.1950 година бил ослободен и веднаш заминал за селото Герман, каде од своето семејство го нашол само татко му Павле, од кого слушнал за потресната приказна на останатите членови. Неговиот брат Илија Лаов, како партизан во ЕЛАС и ДАГ бил убиен на 10.8.1948 г., на Бела вода, во атарот на селото, оставајќи ја во блажена состојба својата сопруга Сотира, која подоцна пребегнала во Југославија и го родила третото посмртче - Илија. Бабата Доста и сестрата Анастасија биле пренесени во Полска, а внуците Борис и Стојан се наоѓале во Словенија и во Бела Црква. Другите браќа Вангел и Васил Лаов, со повозрасна група биле пренесени во Белград. Но, на таткото на Васка, Крсте, најтешка му била неизвесната судбина на сопругата и на ќерката. Разочаран и ожалостен, без можност за егзистенција, со тага, но и со верба, на 25.5.1950 г. пребегнал преку грчко-југословенската граница во Љубојно, а потоа во Скопје. Во главниот град го почнал својот втор живот, соединувајќи се со семејството, сопругата и ќерката.

Вангелија Јованова (Козаровска)
АМАНЕТ ЗА НАШИТЕ ДЕЦА - НИКОГАШ ДА НЕ СИ ГО ЗАБОРАВАТ СОПСТВЕНИОТ КОРЕН

Во 1947 година, со мајка ми Јана во темни зори го напуштивме селото, минувајќи низ густата шума, која се нарекуваше Рогаш. Таа ми велеше да не зборувам и да не плачам за да не нѐ слушнат грчките граничари, зашто ќе нѐ фатат, ќе нѐ затворат и ќе нѐ тепаат. Но, бев мала, често и зборував и плачев, а таа ми ја ставаше раката на устата за да ме спречи во тоа што го правев. Ми кажуваше дека брзо ќе се вратиме дома.

Вангелија Јованова (Козаровска) е родена во 1945 година, во селото Попадија, Леринско. Нејзините родители биле Ѓорѓи Козаров и Јана Виткова. За време на Граѓанската војна била многу мала, па затоа и нејзиното паметење за тогашните случувања е незначително. Сепак, нејзината мајка ѝ ја раскажала судбината на нивното прогонство, исто така, и зборувала и за смртта на нејзиниот сопруг, односно таткото на Вангелија, кој загинал во Граѓанската војна. Вангелија со мајка ѝ побегнала преку грчката граница.

За време на Граѓанската војна Попадија било слободна територија, откако претходно ги истерале Грците од селото. По судирот со одредот на ДАГ, кралската грчка војска и полицијата ги напуштиле Сетина и Попадија. Но, иако тие биле слободна територија, сепак монархофашистите често пати ги напаѓале овие села, вршеле пустош, колеж, малтретирање на народот, осебно врз жените чии мажи биле во партизани и родителите на кои синовите, исто така, се бореле во партизанските редови.

НАПУШТАЊЕ НА СЕЛОТО

„Во 1947 година, во темни зори, со мајка ми Јана го напуштивме селото, минувајќи низ густата шума, која се нарекуваше Рогаш. Таа ми велеше да не зборувам и да не плачам за да не нѐ слушнат грчките грани-

Иљо и Таше Јованови

чари, зашто ќе нè фатат, ќе нè затворат и ќе нè тепаат. Но, бев мала, често зборував и плачев, а таа ми ја ставаше раката на устата за да ме замолчи. Ми кажуваше дека брзо ќе се вратиме дома. Кога ја поминавме грчката граница нè пресретнаа југословенските граничари, кои ја чуваа македонската граница. Тие нè однесоа во караулата каде подолго време ја испрашуваа мајка ми за да дознаат да не е некој грчки шпион. Таа им ја раскажа нашата судбина и им кажа за тоа дека мојот татко е во партизани, во редовите на ДАГ и се бори за човекови права на Македонците. Потоа, во придружба на еден граничар нè однесоа до касарната во село Живојно - Битолско, од каде нè префрлија во битолската полиција. Од Битола нè однесоа во село Слепче, Демирхисарско, каде бевме до април 1948 г. Оттаму, нашиот животен пат продолжи во село Ѓаково, Војводина. Таму имаше многу Македонци, протерани од Егејскиот дел на Македонија - Грција. Во с. Ѓаково прв пат, по неколку години, се сретнавме со мојот татко Ѓорѓи Козаревски. Тој многу се израдува кога нè виде, особено беше радосен кога ме виде порасната, а ме имаше оставено мала. Но, за жал, војната продолжи и во Грција. Во август 1948 г. тој повторно се врати во редовите на ДАГ, со голем број активисти, кои се бореа за добива-

ње на националните права на Македонците. Во 1949 г. со поголем број Македонци се вративме во Македонија. Со мајка ми и сестра ми Лена бевме во с. Драчевол - Скопско. Во Скопје, од Министерството за одбрана дознаваме дека есента 1948 година татко ми загинал во борбата кај местото Малимади - Леринско. По две-три години, за да опстанеме, мајка ми се омажи во село Сович - Битолско за Вангел Петровски, со кој доби уште три деца, сестра ми Живка и браќата Живко и Ѓорѓи. Последното дете кое се роди мајка ми го крсти по името на загинатиот маж Ѓорѓи, кој се борел за правата на македонската нација. Мајка ми и мојот втор татко, сите пет деца, со големо задоволство ги пораснаа и ги школуваа. Јас завршив учителско училиште во Скопје. По завршувањето на средното училиште се запознав со мојот сопруг Ташко Јованов, со кој создадовме семејство. Ни се родија две деца, синот Марјан и ќерката Тодорка, а имаме и четири внуци".

ПОСЕТА

Во 2001 година Вангелија и нејзиниот сопруг Ташко прв пат по 60 години го посетиле селото Попадија - Леринско. Според нејзините кажу-

Кај рушевините на Попадија

вања, во нејзиното село, кое се наоѓа во подножјето на Кајмакчалан, останале само урнатини и затоа таа не можела да ја препознае нејзината куќа. Во селото останала само прекрасната река која извирала над него и минува низ селата Попадија, Сетина, Крушодари, Овчарани, Неокази, и други сè до сливот на Црна Река. Го посетиле и селото од каде потекнувал нејзиниот сопруг, односно легендарното Сетина, некогашниот град на кнезот Никола, татко на цар Самуил. Со пропаѓањето на Самуиловото царство оваа населба, заедно со тврдината-калето, била изгорена од Византијците, а дел од населението било принудено да се насели на запад, на еден до два километри, на сегашното место, што се случило на почетокот на ЦИ век и го носи сегашното име Сетина.

„Куќата на мојот сопруг се наоѓаше на крај на селото Сетина. Се доближивме до големиот двор, мислевме дека куќата и градината ќе ги најдеме во првобитната состојба, какви што ми се останати во сеќавањето кога бев на седумгодишна возраст. Во тој момент видовме дека куќата е целосно разурната, големиот двор опустошен, исто така, и градината со овоштарникот. Оваа глетка многу нè растажи и заминавме на сред село, каде се сретнавме со селаните, со кои разговаравме за разделбата меѓу нас блиските, која ја предизвика грчката власт, која не ни го признава малцинството како македонска нација и насилно нè протера од нашите родни огништа“.

Во 2004 година Вангелија повторно го посети селото Попадија. За разлика од првиот пат, сега била посреќна, бидејќи во тоа село се градела брана која ќе била од големо значење за Леринската околија.

„Се гордеам што во моето село ќе има убаво, прекрасно езеро со сите природни убавини, кои се наоѓаат околу него. ќе го посетуваат голем број туристи и повторно ќе заживее и местото Попадија, иако селото веќе не постои. Ние, поранешните жители на Попадија, како и нашите потомци ќе го посетуваме ова вештачко езеро, за кое во историјата ќе пишува дека претходно на тоа место живееле жители на селото Попадија, Леринско. Секогаш ќе ни остане голема тага за нашето родно место, но сепак ќе им оставиме аманет на нашите деца и внуци никогаш да не си го забораваат сопствениот корен“.

Ставре Аврамовски
ТАЈНО ЈА МИНАВМЕ ГРАНИЦАТА



Во вечерните часови на 8 јули 1947 година, мајка ми тајно била информирана за нејзино апсење. Тоа било втор пат, но сега требало да биде затворена на некој грчки остров. Таа вечер мајка ми набрзина зела дел од облеката и неколку черги, ги натоварила на магаре. Требало тајно да се префрлиме преку граница, во месноста Живојно.

Ставре Аврамовски е роден на 26 јули 1943 г. во село Забрдени, Леринско, како прво од трите деца на Илија и Лефтерија. Според кажувањата на Аврамовски, неговиот татко Илија, кој останал сирак (без татко), државните власти го презеле за да го школуваат т.е. завршил гимназиско образование во Лерин. За време на школувањето, а и потоа, Илија активно бил вклучен во револуционерните организации, а во себе морално и физички ја носел нескротливата желба за ослободување од анархофашизмот и за отцепување на Егејот од окупаторскиот режим на Грција. Откако бил откриен како организатор, тој емигрирал во Југославија, прво во Скопје, а потоа во Сараево, каде се вклучил во младинската бригада, составена од македонски градители, која работела на пругата Шамац-Сараево, во 1947-1948 година. Од Сараево повторно се вратил во Грција како доброволец и им се придружил на партизанските единици кои дејствувале во Граѓанската војна. Загинал нагазувајќи на мина, при еден жесток напад на Лерин, во 1949 г.

Нашиот соговорник се потсетува и на прогонот на неговата мајка.

„На 8 јули 1947 година, во вечерните часови, мајка ми тајно била информирана за нејзиното апсење. Тоа бил втор пат, но сега требало да биде затворена на некој грчки остров. Таа вечер мајка ми набрзина зела дел од облеката и неколку черги, ги натоварила на магарето. Требало тајно да се префрлиме преку границата, во месноста Живојно. Но, тука се случила уште една трагедија, дедо ми Ѓорѓи бил запрен од југословенските граничари и спроведен. Долги години ништо не знаевме за него.

Многу подоцна, преку Црвениот крст, ни се јави со писмо, во кое ни напиша дека прво бил префрлен во Албанија, а потоа го транспортирале во Чехословачка, од каде во Скопје се врати во 1953 година. Мајка ми, баба ми и ние трите деца, со уште неколку семејства бевме прифатени од властите на тогашната Влада на Народна Република Македонија и сите нè сместија во центарот за бегалци во манастирот 'Св. Арангел' во селото Слепче, Демир Хисар. Подоцна заедно со воз од битолската станица заминавме во селото Крушевјле, Војводина. Таму останавме до мај 1953 година, кога се преселивме во Скопје и тука имавме постојан престој".

Своето школување Аврамовски го почнал во Војводина, а го продолжил во Скопје. Завршил средно училиште за применета уметност-сликарство, Педагошка академија-сликарство, а потоа Академија за ликовни уметности - сликарство. Во меѓувреме три години студирал на Филозофскиот факултет, на Катедрата за национална историја со историја на уметност. Уште како средношколец работел како надворешен соработник, конзерватор на фреско живопис во многубројни цркви и манастири во Македонија и надвор од неа. Оваа дејност, преку Републичкиот и Градскиот завод за заштита на спомениците на културата на РМ, ја извршувал сè до 1972 година, кога преминал во Македонската радио и телевизија, каде се вработил како сценограф. Таму останал сè до пензионирањето во 2007 година. Во неговиот работен век поставил повеќе од 1.000 сценски решенија за најголемите филмски и драмски проекти, како и народни, забавни и детски фестивали. Истовремено, од 1972 година бил примен и во Друштвото на ликовни уметници на Македонија. Изложувал на бројни изложби, групни и самостојни. Бил учесник на меѓународни ликовни колонии. Неговиот ликовен опус изнесува околу 400 дела - слики во масло, кои се наоѓаат во приватни збирки.

Аргирула Санева
ПЛАЧОТ НА МАЈКИТЕ И НА ДЕЦАТА ДОЛГО МИ ОДЗВОНУВАШЕ ВО УШИТЕ

Беше студен мартовски ден, 1948 година. Мајка ми нè разбуди рано, нè облече во топли алишта и нè однесе во училишниот двор. Откако ги прочитаа имињата на децата и ги составија групите, сите тргнавме кон југословенската граница. Никој од нас не знаеше каде одиме.

Аргирула Санева е родена во 1941 г. во село Сетина, Леринско, како четврто дете од вкупно шесте деца во семејството Талови, кое се занимавало со земјоделие, но било револуционерно ориентирано.

Нејзиниот дедо Филип (татко на татко ѝ) бил учесник во Илинденското востание и бил борец во четата на Ило Димов-Попадински. По растурањето на четата бил прогонуван од османлиските власти и бил принуден да емигрира во САД. За време на Балканските војни се вратил во селото, а од 1926 година станал поп и почнал со богослужби во црквите во Леринско. Но, и како поп продолжил со револуционерната активност за национално ослободување на Македонија од Грција. Поради таа негова активност бил затворен во затворот на островот Гитон, каде останал три години. За време на Граѓанската војна, од 1946 до 1949 година, тој им давал логистичка поддршка на борците од ДАГ. Својата куќа му ја отстапил на штабот на Леринскиот округ, кој ја користел за прифаќање на ранетите борци, од каде ги испраќале во болниците во Југославија. Револуционерната активност ја продолжиле татко ѝ Маноли и брат ѝ Коста. И двајцата учествувале во редовите на ДАГ. Нејзиниот татко бил активен во селото, организирал акции за собирање храна, облека, се грижел за ранетите борци, како и за организирање на евакуацијата на децата. Брат ѝ Коста бил активен во редовите на ДАГ, се борел на планините Вичо и Грамос, во одредот на Нико Турукиди, командант на Леринскиот округ. Последната година од војната бил курир и извршувал многу доверливи задачи.

БОМБАРДИРАЊЕ

Санева раскажува дека поради учеството на мажите од ова село во Граѓанската војна, тоа често пати било бомбардирано од страна на монархофашистите. При секое бомбардирање жените и децата бегале во најблиските шуми.

„Тоа го правевме и ние. Со цел децата да бидат спасени, привремената демократска Влада на Грција донесе одлука тие да се евакуираат. Политичките активисти на НОБ, ДАГ и на АФЖ тргнаа по селата да ги убедуваат родителите да ги запишат децата на списокот за евакуација.

Арīирула, Ванīелија и Ѓурѓа

Така и јас бев запишана на тие списоци, заедно со моите две сестри и уште 220 деца од селото Сетина. Беше студен мартовски ден, 1948 година. Мајка ми нè разбуди рано, нè облече во топли алишта и нè однесе во училишниот двор. Откако ги прочитаа имињата на децата и ги соста-

вија групите, сите тргнавме кон југословенската граница. Никој од нас не знаеше каде одиме. По долго патување, пеш, пристигнавме до границата. Токму тука се случуваше најболната разделба, исполнета со плачот на децата и на родителите. Тој плач уште долги години потоа ми одѕвонуваше во ушите. Во придружба на војници пристигнавме во селото Живојно. Од таму со камиони нè префрлија до Битола, каде нè сместија во едно училиште. Таму ги чекавме и другите деца од Леринско и од Воденско. По некое време нè качија во товарни вагони и тргнавме во за нас непозната насока. По долго патување пристигнавме во Будимпешта, главниот град на Унгарија. Владата на Унгарија нè прими со топло срце и со раширени раце. За нас беа обезбедени убаво уредени детски домови, кои порано биле стари дворци или летни резиденции на унгарската аристократија. Во овие домови го поминав детството и се здобив со основно образование, кое се одвиваше на унгарски, грчки и на македонски јазик. Во текот на осумте години, колку што бев одделена од моите родители, ме преместуваа во неколку дома. Во прво време бев сместена во домот Шолт, потоа во Иска-Сент-Ѓурѓ, Балатон Кенеше и Балатон Алмади. Еден период бев во едно унгарско семејство, кое ми ја заменуваше изгубената родителска љубов. Кај нив престојував во текот на летните и на зимските распусти. Иако во домовите ни беше дадена сета љубов, грижа, воспитание и образование од целиот воспитен кадар, кој беше посебно избран, сепак тагата по родителите и по родното место постојано беа присутни. Легнувавме и се будевме со иста желба - повторно да ги видиме своите родители. По осум години, благодарение на југословенската Влада и на Меѓународниот црвен крст, почна репатријацијата на децата. Во првата група бев јас, моите две сестри и уште 150 деца. Унгарската Влада свечено нè испрати и во придружба на Меѓународниот црвен крст дојдовме во Скопје. Таму, на железничката станица нè пречека многу народ. Тоа се се случи пред Нова година, на 18.12.1955 година. Средбата и спојувањето на децата со нивните родители и семејства се правеше по списоци, во големата сала на монополот. Бакнежи, извици, плач, солзи радосници... Од тој ден станав жител на Република Македонија“, се потсетува Санева.

ДЕЈНОСТ

Во оваа држава таа го продолжила своето образование и кариера. Ја завршила учителската школа „Никола Карев“, а потоа Филозофски факултет - група педагогија. Тука ги создала својот дом и семејство. Израснала две ќерки, кои се академски граѓани.

Од 1960-1961 година била учителка во основното училиште во селото Мелничани-Дебарско. Од 1961-1964 г. работела како воспитувачка во детската градинка „Карпош“ - Скопје. Во градинката „Пролет“ во Козле - Скопје, како воспитувачка работела од 1965 до 1980 година, како педагог од 1980 до 1983 година, а директор на истата градинка била во периодот од 1983 до 2000 година. За нејзиниот труд има добиено повеќе награди, пофалници и благодарници, како лично, така и за градинката. Највисоката награда ја добила од Министерството за образование во 1981 година - особено истакнат педагошки работник.

Паралелно со редовната работа, таа била и општествено активна. Членувала во повеќе комисии на општинско и на градско ниво, како член или претседател на комисија. Била долгогодишен активист на Црвениот крст на Општина Карпош, а претседател на Црвениот крст на град Скопје била два мандата. За нејзината активност и големиот труд вложен во Црвениот крст ги добила сите високи одликувања. Во моментов ги живее пензионерските денови, но продолжува и со општествената активност. Членка е на Здружението на жените на град Скопје, член е во Одборот на пензионери на Општина Центар, а член е и во Одборот на Здружението на Сетинци, Попадинци и Крушодарци.

Пеце Гаштаров
СУДБИНАТА ГО РАЗДЕЛИ МОЕТО СЕМЕЈСТВО



„Кога монархофашистите го нападнале нашето село, мајка ми заедно со чичко ми Ташко, тетките Митра и Вангелица и мојот најстар брат Коле тргнале во бегство кон границата. Мене како бебе ме заборавиле во лулката. Меѓутоа, кога дошле на границата тетка ми Вангелица се сетила дека ме оставиле во куќата .Таа како 15-годишно девојче се вратила назад во селото, ме зела од лулката, но наопаку, со главата надолу, со нозете нагоре. Монархофашистите пукале во неа, но по сè изгледа не сакале да ја убијат, туку и го изрешетале фустанот. Кога се женев и купив нов фустан".

Пеце Гаштаров е роден како петто дете на Лазо и Марија Гаштарови, во с. Сетина, Леринско. Според она што го слушнал, тој се родил во текот на жетвата 1947 година. Бил крстен како Петре, меѓутоа цел живот го носи името Пеце. За време на големата светска криза во 1939 година, од слепо црево, починал еден негов брат по име Христо. Неговиот татко од 1940 до 1948 година бил војник, а кога тој се родил бил партизан. Дошол дома само кога го крстеле Пеце, а потоа повторно заминал во партизани. Во Граѓанската војна во Грција, како и сите деца бегалци, така и неговиот брат Спасе (Паскал) и неговата сестра Ѓурѓа ги снашла иста судбина и биле сместени во интернатите „Балатон Кенеши" и „Балатон Олмади" - Унгарија.

„Кога монархофашистите го нападнале нашето село, мајка ми заедно со чичко ми Ташко, тетките Митра и Вангелица и мојот најстар брат Коле тргнале во бегство кон границата. Мене како бебе ме заборавиле во лулката. Меѓутоа, кога дошле на границата тетка ми Вангелица се сетила дека ме оставиле во куќата. Таа како 15-годишно девојче се вратила назад во селото, ме зела од лулката, но наопаку, со главата надолу, со нозете нагоре. Монархофашистите пукале во неа, но по сè изгледа не сакале

да ја убијат, туку и го изрешетале фустанот. Кога се женев и купив нов фустан“, раскажува Гаштаров.

СРЕДБА

Понатамошната нивна судбина била иста како и на сите Македонци од Егејскиот дел на Македонија.

„Зборот ‘егеец’ не го сакам - вели тој - бидејќи така нè викаа оние кои не нè сакаа, затоа јас секогаш велам дека сум Македонец од Леринско. Јас, мајка ми Марија, брат ми Коле и тетките, прво живеевме во Ѓаково, Сомбор, Војводина, а потоа краток период бевме во Белополе, Прилепско. Потоа се преселивме во Битола, прво на булевар ’1 Мај’, а потоа на ул. ’Цар Самуил’ бр.59 - Дрвен пазар, во едно турско училиште, во кое живеевме Македонци од Сетина, Герман, Буф и од други села од Леринско.Тие наши соседи денес се познати битолчани, професорот Фате Манев, учителката Љубе, педагогот Лилјана, нејзиниот брат Коле Витков и многу други. Таа 1953 година нашето семејство беше раселено низ цел свет, а мајка ми, брат ми Коле и јас не знаевме кој каде е. Татко ми Лазо, кого не го познавав до седмата година, беше во Ташкент, СССР. Мојот брат Спасе, веќе во сите свои документи прекрстен во Паскал, и сестра ми Ѓурѓа беа во Унгарија, заедно со тетка Флорина, која беше воспитувачка. Тие години татко ми преку Меѓународниот Црвен крст ги пронајде тројцата. Беше организиран воз од Будимпешта преку Москва до Ташкент. За да си ги препознае децата татко ми ѝ испрати облека на тетка ми Флорина за Паскал и за Ѓурѓа, за да ги најде меѓу многуте деца кои патувале во Ташкент. Меѓутоа, многу родители испратиле слични алишта за своите деца за да можат да ги препознаат по седум години од македонската трагедија која се случила во Егејска Македонија. Кога во Ташкент пристигнал возот со децата имало многу среќни моменти, но и многу пролеани солзи радосници. Мојот татко никако не можел да ги препознае своите деца. Кога ги оставил во родната Сетина Ѓурѓа имала три години, тогаш 10, а Паскал имал 7 години, а сега бил 14-годишно момче. Меѓутоа, брат ми Паскал имал слика од нашиот татко и го препознал. Кога повеќе деца биле прифатени од своите татковци, брат ми Па-

скал, држејќи ја за рака сестра ми, застанал пред татко ми и му рекол: ‘Тато, зошто не нѐ земеш?‘

Следувало прегрнување и многу солзи од татко ми Лазо и тетин ми Димитар (Мичо) Тербаков, кој во Ташкент веќе ја дочекал тетка ми Митра. Таа таму ги родила децата Филе и Ленче. Според кажувањето на моите родители, по четири месеци од овој мил настан татко ми успеал да ги среди документите и јас со мајка ми сум отпатувал преку Белград и Москва за Ташкент. Мојот брат Коле, кој беше повозрасен, потпадна под лошите озборувања за Русија во тогашна Југославија. Многу е интересно како се најдоа татко ми и мајка ми. Таа имала една млада пријателка од Беломорска Македонија, во Битола, која била со многу лоша судбина, како и многу други невести од нашиот крај, кои војната ги разделила од младите сопрузи. Оваа нејзина пријателка заминала за Вроцлав, Полска, каде го нашла својот маж. Таа му раскажувала на сопругот за животот во Битола. Меѓу другото му раскажала и за нашата судбина, дека имала пријателка, постара измачена жена, со која заедно работела во битолското градско поле, која не знаела каде се нејзиниот маж Лазо Гаштаров и две средни деца Спасе и Ѓурѓа. Слушајќи ја сторијата за нашето семејство сопругот се сетил дека во партизани имало еден кувар кој се викал Лазо и му испратил писмо на својот другар, со кого често се допишувал од Ташкент. Му раскажал за кажувањата на својата сопруга и го замолил да се распраша за куварот Лазо, дали има жена Марија, најстар син Коле, а најмлад Пеце. Ако тие биле негово семејство, да му пренесел дека живеат во Битола. Се покажало дека информацијата била точна, татко ми навистина бил кувар во седмото гратче во Ташкент. Бидејќи во тоа време кавгите меѓу Тито и Сталин биле големи, татко ми не можеше да дојде во Југославија и ни испрати документи за ние да се преселиме во Ташкент, СССР. Дојде време кога јас и мајка ми, по многу проблеми, допатувавме во Русија. На железничката станица во Ташкент нѐ пречекаа татко ми, тетин ми Мите Тербаков, брат ми Паскал и сестра ми Ѓурѓа. Пролеаја многу солзи мојата изнемоштена и храбра мајка и татко ми кога се видоа и се прегрнаа. Јас, средниот брат и сестра ми стоевме и се гледавме како странци, што и беше вистина, бидејќи прв пат се гледавме. Се сеќавам, татко ми ме крена во прегратка и со плачејќи ме гушкаше, гледајќи ме по седум години од крштевката во сетинската црква, во истата вода во кои

беа крстени Славка и Горѓи Гаштаров. Тогаш тој им рече на брат ми и на сестра ми да ме гушнат. Јас за нив, но и тие за мене, бев странец. Реакцијата на мојата сестра беше најжалосна, бидејќи таа не сакаше да ја прегрне својата стара мајка, велејќи дека таа има млада мајка, која е во Будимпешта и дека оваа стара жена не ѝ е мајка. Брат ми Спасе како во сон се сеќаваше на куќата во Сетина и на својата мајка Марија".

ТАГА

Детството во Ташкент Пеце го поминал многу среќно, заедно со неговите родители, братот Паскал, кој бил добар фудбалер, и сестра му Ѓурѓа, најдобра гимнастичарка на сите приредби. Меѓутоа, неговите родители тагувале за Македонија и за брат му Коле, кој останал во Битола и живеел тежок живот, младо момче познато како најдобар столар скелеџија. Пред 1963 година, по околу осум години живеењето во Ташкент, Пеце заедно со родителите и со сестрата се вратил во Битола, Македонија, но повторно, цело семејство не било заедно. Брат му Паскал, како студент на Бродоградилишниот факултет, останал во Русија во тогашниот град Горкии, а сега Нишниј Новоград да го заврши школувањето.

„Се преселивме во Битола, повторно без еден член од семејството, брат ми Паскал, кој по враќањето од Русија ја продолжи кариерата со богато искуство во Скопје, како познат инженер кој дојде во Македонија во октомври 1975 година, кога на 63-годишна возраст, во мај, почина нашиот татко. Судбина ни било, како и на многу други Македонци од Беломорска Македонија, никогаш како семејство да не живееме заедно. Сега сум и јас на шеесет и една година, дедо сум на две прекрасни внучиња, кои ги викам ангелчиња, Илина од ќерка ми Марија, и Петар Гаштаров од син ми Марјан. Имам прекрасни снаа Марија и зет Благојче. Децата Марјан и Марија ми се крстени по мајка ми Марија, додека детето на брат ми Коле се вика Лазе Гаштаров, кој работи како професор во средното земјоделско училиште и е тренер во фудбалскиот клуб 'Пелистер' од Битола, крстен по нашиот татко, кој во Сетина повеќе бил познат како Џоле. Да напомнам и тоа дека син ми Марјан Гаштаров е добар стопанственик, кој во Битола успешно ја раководи познатата таверна 'Ел Греко' на широк сокак. Јас сум 33 години со сопругата Еленица, која е од старо битолско

семејство. Таа многу сочувствува со нашите судбини и во својата кариера, иако можеше да биде директорка на училиштето во познатото пелистерско село Цапари, сепак се одлучи да директорува во селата до Сетина - Сович, Живојно, Бач, Брод, Гермијан и Кременица, каде живеат многу сетинци и попадинци. Сега е раководител на училиштата во овие села, чиј центар е ОУ во с. Бач".

По доаѓањето од Ташкент, натамошната биографија на Пеце Гаштаров е многу бурна. Успешно ја завршил познатата битолска горна гимназија „Јосип Броз Тито". Паралелно се занимавал со спорт, бил и фудбалер

Ѓурѓа, Паскал, Лазо, Пеце, Марија - март 1959, Ташкент

на ФК „Пелистер". По завршувањето на Педагошката академија во Битола бил професор во средното економско училиште и во средното земјоделско училиште во овој град. Воениот рок го отслужил во Скопје и во Штип. Како во фудбалер во 1976 година заминал за Босна и Херцеговина, каде во малото гратче Скендер Вакуф, заедно со сопругата се вработиле како наставници. Со нив го повеле и едногодишниот син Марјан, а во

Бања Лука, во 1978 година, им се родила ќерка која, исто така, е просветен работник. Просветен работник е и сопругата на неговиот син, која предава англиски јазик. Инаку, во Босна и Херцеговина Пеце и неговата сопруга учителствувале околу 6 години. Во меѓувреме тој се запишал на Дефектолошкиот факултет во Белград и со успех го завршил. Во 1982 година се вратил во Битола, односно како дипломиран дефектолог се вработил во Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин" каде прво работел како наставник корепетитор, професор и сурдопедагог на училиштето. Од 1988 до 1998 година бил директор на Заводот, но и сега веќе втора година е на таа функција и смета дека со успех ја води установата.

Како општественик е многу активен: како дипломиран дефектолог сурдоаудиолог бил претседател на Дефектолошкото друштво на град Битола, претседател на сурдоаудиолозите на Република Македонија. Долги години, како поранешен фудбалер, бил во Управниот одбор на ФК „Пелистер" Битола. Од 1995 до 2002 година бил претседател на Здружението за македонско-руско пријателство на градот Битола. Потоа два мандата бил претседател на Сојузот на здруженија за македонско-руско пријателство во Република Македонија. Сега е почесен член на неговото Претседателство. Два мандата е претседател на најголемата месна заедница во Битола и сè уште ја извршува таа функција. Инаку одлично говори руски и грчки јазик, а делумно разбира и англиски.

Сократ Лазар Пановски
НЕ ЗАРАЗИЈА СО МАКЕДОНШТИНА И СО НАЦИОНАЛНА ГОРДОСТ

Оваа животна приказна не е само лично моја, туку таа е одисеја и голгота на илјадници деца прогонети од Егејска Македонија, а денес расеани по сите континенти, со многу втори татковини, далеку од родните огништа, тие даваат свој придонес во технолошкиот и научниот развој на светската цивилизација.

Професорот Сократ Пановски е роден на 15 март 1936 година, во селото В'мбел, Костурско, Егејска Македонија. Потекнува од семејство со револуционерни традиции. Турскиот суд во Битола го осудил неговиот прадедо Стојко на 101 година затворска казна поради учество во подготовките за Илинденското востание. Тој со уште пет други соселани организирал канал за набавка на оружје и опрема за потребите на востаничките чети. Каналот функционирал на релација В'мбел, Билишта (гратче на седум километри од селото во Албанија) и градот Корча. Подоцна, со амнестија бил ослободен. Дедо му Лазо бил комита во селската и реонската чета на војводата Васил Чакаларов од соседното село Смрдеш. Учествувал во сите борби на четата за градовите Невеска, Клисура, Билишта, во походот на планината Грамос и други. Подоцна во народноослободителната војна и во Граѓанската војна во Грција учествувал и татко на Сократ, неговиот брат и сестра. Во Грчко-италијанската војна (октомври 1940 година) до темел им бил опожарен семејниот дом, откако претходно семејството пребегнало во селото Дреновени.

„Македонската голгота - вели Пановски - со уште потешки последици за Македонците, продолжи и наредните девет години и својата кулминација ја достигнала за време на Граѓанската војна. Малтретирани, насилно асимилирани и физички уништувани од грчките режими Македонците лесно станаа плен, односно заробеници на идеологијата на Комунистичката партија на Грција, која ги индоктринира со социјалистички идеи и пропагандни пароли за националните и човековите права на

Македонците, за слободна употреба на македонскиот јазик, училишта и цркви на мајчин јазик, како и користење на правото на самоопределување и соединување со другите делови на распарчена и окупирана Македонија. Илузијата за такви придобивки за Македонците беше вешто создадена и преку македонските кадри и организации и им беше сервирана на Македонците. Македонците, желни за слобода и национални права, ја прифатија оваа пропагандна мамка, која беше создавана во атинските владини кабинети, со помош на европските советници. Така беше направен и конкретен план на Генералштабот на грчката владина армија за протерување, со силата на оружјето, на 104.000 Македонци надвор од границите на Грција. Дел од задачите на овој план им припаднаа на високи функционери на КПГ, кои се погрижија да смислат планови за 'спасување' на децата, а подоцна и на возрасните од секојдневните бомбардирања на грчките владини сили врз македонските населени места, иако во нив не се воделе борбени дејства. Нема што да се каже повеќе, грчките генерали ја применуваа тактиката на своите претходници, кога во Балканските војни и во Првата светска војна постојано ги бомбардирале македонските села и градови, со единствена цел физички да ги уништат Македонците, а оние кои преживувале да побегнат во соседните земји. 'Спасителите' смислиле подмолен план. Да се 'спасат' прво децата, така што ќе бидат испратени во европските социјалистички држави од еден до три месеци. Додека не ги одделиле децата од родителите, пропагандистите им кажувале дека децата ќе одат во Република Македонија и таму ќе учат на македонски јазик. 'Итреците' грчки зборувале: 'Каде одат денес кутрињата, таму утре ќе одат и кучките'".

ПРОГОНСТВО

И така почнало најголемото и најнемилосрдното прогонство на деца во поновата историја на Европа. За помалку од 30 дена, од родните огништа биле откорнати околу 28.000 деца, на возраст од 2 до 14 години, сите Македонци и неколку стотици Грци од пограничните области на Епир и Еврос. Педантните планери се погрижиле децата да бидат протерани со возен билет во една насока, на кои подоцна грчките влади им забранија доживотно враќање на родните огништа.

Костурските и леринските шуми и козјите патеки кои воделе кон албанската и југословенската граница вриеле како во пчеларска кошница. Ноќе патеките биле исполнети со детски колони, а дење децата ги криеле во шумите за да не ги открие владината борбена авијација.

„Од селото В'мбел - додава Пановски - беа собрани 150 деца. Зборното место беше закажано на излезот од селото, кај црквичето 'Свети Танас'. На 5 април 1948 година, во раните утрински часови, беа собрани сите жители на селото за да ги испратат своите најмили, на 'спасување' од бомбардирањата. Местото ечеше од плачот на децата и од редењето на бабите. Тука се разделуваа бабите и дедовците од своите внуци, а мајките останаа со децата за да ги придружуваат до селото Желево. Баба ми Ристана се наведна до површината на земјата, се прекрсти, зеде грст почва, ја врза во крпче и ми ја подаде со зборовите: 'Носи ја таму каде што ќе ве однесат, да ја носиш со себе и секој ден да ја галиш за да не го заборавиш нашето родно огниште'. Подоцна, цел живот, оваа реченица на баба ми Ристана стана филозофија на моето опстојување. Вториот ден, водени од нашите мајки и партизанските водачи, околу 23 часот пристигнавме во селото Желево. Нè распоредија за спиење по селските куќи. Само што нè обзеде сонот, во мугрите, нè

разбудија и се упативме кон една шума. Пред оваа шума нѐ разделија од мајките. Глетката беше потресна. Плачот на децата кои не сакаа да се одделат од мајчините прегратки и лелекот на мајките кои не ги пуштаа своите рожби беше нарушен од бучавата на два авиона. Одговорните жени од селото за придружување на децата до последната дестинација и грижата за нив таму, односно новите 'мајки' ги повлекоа децата кон шумата, а родителите се вратија во селото. При таа брза разделба мајка ми ме замоли: 'Немој да плачеш, сега си голем'. И одговорив: 'Нема да плачам!' Го исполнив ветувањето, за цел живот секнаа солзите во моите очи. Тие солзат само при настинки и ветрови. Денот го преседовме во шумата, а кога се стемни почна да се формира непрегледна детска колона. Дента во шумата пристигна голем број деца и од други костурски и лерински села. Ноќта делови од колоната се губеа, долго се чекаше, имаше довикувања, плач од најмалите, кои не можеа да пешачат, па ние поголемите ги носевме на грб. Ноќта беше врнежлива и студена. Пред зори дојдовме до една пошумена планина. Ни запалија оган за да се стоплиме и да се исушиме. Пред да се стемни дојде еден одред партизани од соседните села, кои меѓу децата си ги препознаа браќата, сестрите, синовите и ќерките. Од нашето село го препознавме партизанот Ванчо Љоровски. Му го дадов јадењето и веленцето (мала јамболија), која ја носев од дома. Сега не ни беше до јадење и покривање. Со Ванчо бевме соседи во селото. Му реков: 'Земи ги овие работи, вие се борите со фашистите, вам ќе ви требаат'. Тој одбиваше, меѓутоа на крај ги зеде. Подоцна тоа ме чинеше непроспиени ноќи поради глад и студ. Една дождлива ноќ со студ кој влегуваше во коските, со темнината како црно перде, колоните од децата пристигнаа во Преспа и почнаа да ја газат езерската вода. Избезумени одговорните жени на групите деца, новите 'мајки', во паника викаа: 'Не, мили дечиња, тоа е голема вода, езерото, вратете се назад!' Многу не ја гледавме, туку ја чувствувавме студената вода како ни навлегува во обувките и во облеката. Пристигнаа некои партизани и ја поведоа колоната кон границата. На неколку километри пред границата партизаните ја напуштија колоната, покажувајќи во која насока треба да се движиме. Пристигнавме до една рекичка и кога се подготвувавме да ја прегазиме, од другата страна се запалија џепни батерии, нѐ осветлија и се слушнаа гласови. Нешто разбравме, нешто не. Меѓутоа, кога ги ви-

довме војниците во убави сиви униформи нè фати паника и некои деца почнаа да бегаат мислејќи дека тоа се монархофашистички војници од грчките владини сили. Мирниот глас на војниците делуваше смирувачки. Војниците креваа по едно до две деца в раце и ги префрлуваа на другиот брег, во Народна Република Македонија. Војниците ја предводеа колоната до рано во зората, кога пристигнавме пред селото Долно Дупени. Тука застанавме и ни рекоа да седнеме да се одмориме. Пред моите очи, како на филмска лента, ги гледам децата и по некоја 'мајка', обземени од умор, студ и глад, легнати по патот, повеќето во ендеците. Како покосени сите заспавме. Кога со големи маки нè разбудија, поголемите деца нè однесоа во селското училиште. Во една училница на катот, неколку десетици деца легнавме и продолживме да спиеме, греејќи се од една стара ламаринена печка и од нашите тела збиени како во конзерва. Помалите деца беа распоредени по селските домови.

Доцна попладнето нè разбудија мажи и жени од селото. Ни дадоа по едно лонче со млеко, а внатре мало парче качамак. Иако селаните упорно ни велеа да јадеме, никој не се обиде тоа да го стори. Многу подоцна станавме свесни за ова непријатна случка. Ни стана јасно дека заморот го победи гладот и продолживме да спиеме. Наредниот ден се служеше нешто слично, наместо качамак ни дадоа пченкарен леб. Селаните од пограничните села во Република Македонија даваа сè за борците и за илјадниците деца кои ги прифаќаа од другата страна на границата. И за нив беа тешки тие времиња. Неколку дена се одморивме, ги исушивме алиштата, но стомаците ни беа празни и со нетрпение го очекувавме денот кога ќе легнеме сити. Еден ден повторно се формираа колони од деца. Напред, на воловски коли, беа натоварени малите деца, а поголемите пешачеа до соседното село Љубојно. Тука нè пречекаа со парче топол, пченкарен леб. Сега не се двоумевме. Набрзина го изедовме лебот, колку малку да се најадеме".

НАЛОЗИ

Во Љубојно, како што раскажува Пановски, ги ставиле во војнички камиони покриени со церади, по што го продолжиле патот за Битола. Таму ги сместиле во неколку училишта. Биле нагостени со тврд пченка-

рен леб и џем. Невидливи, одговорни луѓе, ги поделиле во групи, без да водат сметка за тоа дали ќе бидат поделени браќата и сестрите или на кое село им припаѓаат и кај која ‘мајка‘. Ги сместиле во воз, нешто што прв пат во животот го виделе. И не само тоа, тука прв пат во животот се соочиле и со други цивилизациски достигнување: електрична енергија, нови кандила и ламби, радиоапарати и друго. Покрај гладот и болката за најмилите кои ги оставиле во глуви и онемени села, тие биле и сосема збунети од тоа што го гледале околу себе. Композициите од возови, долги, со многу вагони од трета класа, патувале кон север.

„Некој во Белград им делеше налози каде да нѐ однесат. Нашата композиција пристигна во Романија. На границата нѐ пречкаа медицински сестри и доктори, со топли пијалаци и јадења. Не го разбиравме јазикот. Но, топлите погледи и милиот говор галеа и храбреа. Бевме престрашени од непознатото. Докторите имаа полни раце работа. Ги прегледуваа болните деца, а такви имаше многу. Медицинските сестри делеа лекови и се трудеа да ни угодат за да го надминеме стравот. Некои се обидуваа да ни говорат на грчки јазик, кој ние и нашите одговорни ‘мајки‘ не го знаевме, а и не го разбиравме. Повеќе ја разбиравме сестра Галина, која ни се обраќаше на руски јазик. Подоцна ја сретнавме и во детскиот дом Тулгеш. Нашата композиција застана во романскиот град Арад. Одделија неколку вагони, во кои имаше околу 300 деца од разни села, меѓу кои и 5 групи од селото В’мбел, а останатите 3 групи пристигнале во Чехословачка. Од Арад, новата композиција беше упатена на југозапад во бањата Ваца де Жос. Нѐ однесоа во базени со топла вода. Имаше многу медицински персонал. Убаво нѐ избањаа. Следуваше лекарски преглед и добивме една кошула за спиење. Нѐ распоредија во вили, по двајца во соба, беспрекорно бели и чисти. Ни донесоа ручок, но никој не го погледна. Подоцна ни кажуваа дека сме спиеле две ноќи. Наредните денови ни направија голем број медицински прегледи и нѐ вакцинираа. Потешко болните беа хоспитализирани во градот Арад. Постојано бевме под медицински надзор и нега. Благодарение на несебичната грижа на романската држава и народ, за 6 месеци закрепнавме и немавме ниту едно болно дете. Како резултат на силното воспаление на белите дробови, тука почина Александра Ралева, млада девојка, по потекло од село Мањак, Костурско, по мајка од село В’мбел, партизанка, која беше испратена

со група деца од нашето село. По тешкиот пат, грижејќи се за децата, се здоби со таа болест. Сите плачевме за младата, убава и со ангелско срце девојка. Во јули 1948 година, во детскиот дом дојде некоја делегација од КПГ да врши регрутирање на децата постари од 16 години за Демократската армија на Грција. Гонети од носталгијата за родните огништа, родителите кои ги оставивме таму и борбата за ослободување, без разлика на годините се пријавувавме сите. Ги собраа постарите од 14 години. По еден месец ги вратија помладите од 16 години, а останатите ги испратија во пеколот во Грција. За кратко време, до септември, сите загинаа во борбите, особено во офанзивата на планината Мали Мади. По 6 месеци ни го преместија детскиот дом во градот Арад од каде се изврши селекција. Најмалите, до десетгодишна возраст, беа упатени во детскиот дом Синаја, а постарите деца во детскиот дом Тулгеш, во кој беа згрижени околу 1.800 деца Македонци и стотина грчки деца. Во тоа време, во Република Романија беа прифатени околу 8.500 Македонци и многу мал број Грци, распоредени во 13 детски домови. Голем беше товарот за романската држава и за романскиот народ, кој минуваше тешки години на суша и глад и последици од Втората светска војна. За да ѝ се олесни на Романија, децата од 4 детски домови, вкупно околу 3.500, од октомври 1948 до пролетта 1949 година беа префрлени во Полска. Поголем број од нив беа префрлени од Албанија во Романија.

Детскиот дом Тулгеш (мало село во Карпатите, некогаш тоа било репрезентативна австроунгарска касарна), беше добро организирана колонија за деца. Децата беа селектирани во групи и одделенија според возраста. Според романски податоци, 92 процента од децата биле неписмени. За краток период од неполни две години децата се описменија на македонски мајчин јазик, го совладаа романскиот јазик низ игра, песна и наставни часови, а ги изучуваа и грчкиот и рускиот јазик. По овој период романските образовни власти заклучија дека можеме нормално да се вклучиме во образовниот систем на државата. Затоа 120 деца, повеќе доброволци за авијатичари, нѐ испратија во еден центар за занаетчиски училишта, урбанистички сличен на детскиот дом Тулгеш, исто во Карпатите, во местото Палтиниш. Тука, наместо за авијатичари, почнавме да учиме за машинобравари. Имаше многу негодувања. Но, ни беше речено дека така почнува обуката за пилоти. Третата година од учењето ја про-

долживме во работилниците на фабриката 'Гривица Рошие', во Букурешт. Фабриката со повеќе од 30.000 вработени произведуваше локомотиви и вагони. По завршувањето, со одличен успех, со изучувањето на занаетот, бевме упатени на приемен испит во средните училишта во Букурешт. Успешно го положив приемниот испит, заземајќи го деветото место на ранг листата на кандидатите за прием. Во елитната техничка гимназија, во центарот на Букурешт, завршив прва година со одличен успех. Наградата во книги не ми беше доделена, затоа што одговорниот од КПГ за децата во Романија, професорот Ригас, на свеченоста кога се доделуваа наградите рече дека не сум ја заслужил, затоа што мојот татко во Полска бил 'Титоист'. Другиот ден ме повика директорот на училиштето, ми се извини за инцидентот со зборовите: 'Сократе, ти ја заслужи оваа награда, децата не се виновни за постапките на своите родители'. Јас реагирав, како и во други такви прилики, како во занаетчиското училиште, кога истиот тој Ригас пред сите ученици ми рече: 'Ти имаш лош татко, ни прави проблеми со некои други славомакедонци'. Тогаш му одговорив: 'Татко ми е добар човек, сите кажуваат дека Вие сте лошиот'. На директорот му реков: 'Другар директор, татко ми е добар човек, професорот Ригас е лош. Тој во Полска ги кодошеше нашите родители дека наводно биле Титоисти и грчката партија ги казнува со работа во колхозите на планините Татри, каде зимно време смрзнуваат од студ'. Одговорните Македонци од емигрантските организации, кои се грижеа за нашето образование, на почетокот на втората учебна година 1953/1954, од средните училишта во Букурешт избраа 28 ученици Македонци и нè испратија во Бугарија, во градот Велинград, во Педагошката гимназија, за да учиме за македонски учители. Наидовме на многу недоразбирања и отпор. Ние бевме цврсто определени за припадноста на македонската нација. Нашата национална свест со ништо не можеше да биде заматена. На тој план ги издржавме сите психолошки притисоци. Групата ни беше компактна и цврста. Во секоја пригода, на улица, во гимназискиот двор, интернатот, на корзо, пеевме македонски револуционерни песни, со што ги придобивме симпатиите и поддршката од Пиринците и од повеќе професори, кои ни организираа екскурзии по Пиринска Македонија. По завршувањето на гимназијата, наместо на приемни испити на факултетите на софискиот универзитет, нè качија на воз и

нѐ вратија во Романија. Тоа се случи за еден ден, така што немавме време да им се јавиме на родните во Бугарија, па ниту на родителите и браќата во другите држави за да знаат да не ни пишуваат писма во Бугарија. Така уште еднаш беше изгубена врската меѓу нас. На железничката станица во Букурешт нѐ пречека истиот професор Ригас. Сите ги упати да одат за воспитувачи и учители во детскиот дом Тулгеш, а мене по казна, во емигрантскиот центар во селото В'лчеле, околија Св. ѓорги, во Карпатите. Без пара в џеб, со едно ранче на рамо и еден мал куфер, со возен билет се упатив кон назначеното место. Кондуктерот на возот ме зеде во неговото купе и ми рече дека ќе ме разбуди кога ќе пристигнеме. Ме праша со што ќе продолжам понатаму, затоа што до мојата дестинација возот не оди, местото било оддалечено 15 километри од градот. Кондуктерот беше многу подобар и похуман од професорот Ригас. Ми понуди пари за да ми се најдат за по пат. Ги одбив неговите пари. Срамежливоста и благодарноста кон кондуктерот го победија гладот и како да се снајдам за понатаму. Пешачев, в раце носејќи го мојот драгоцен багаж и размислував каде да одам. Полека почна да се спушта ноќ, а со него почна да врне и августовски дожд. Тие години ние растевме под грижата и закрилата на најголемата мајка - Црвениот крст. штом влегов во градот почнав да се распрашувам каде се наоѓа неговата зграда. Конечно, во центарот на градот тропнав на една висока железна врата. Во ноќта се огласи чуварот и на романски ме праша: 'Кој си ти?'. Му реков: 'Отворете, ќе ви објаснам'. Ме прими најчовечки, ми понуди столче за да поспијам до сабајле и ме праша дали сум гладен. Го излажав: 'Јадев пред малку'. Сметав дека од добрите луѓе не треба да се бара премногу.

Додека разговаравме некој силно затропа. Отиде чуварот и го слушам новодојденецот, на лош романски јазик, се извинува што не дошол навреме, затоа што му се расипал камионот. Веднаш сфатив дека шоферот Ѓорѓи е Македонец. Излегов и се поздравив на македонски. Натоваривме некои пакети во камионот и заедно тргнаме за емигрантскиот центар. Кога пристигнавме беше доцна во ноќта. ѓорѓи ме покани да спијам кај него: 'Имам една одаја со жената и едно дете, ама ќе се собереме, додека не се снајдеш, има тука луѓе од В'мбел, ќе ти помогнеме сите'. Другиот ден ме прифати една моја тетка, Тодорка Лафазановска. Кај неа

останав три дена, а потоа управата на Црвениот крст ме определи на спиење кај двајца Грци - Костас и Јанакис“, раскажува Пановски.

ЕНТУЗИЈАЗАМ

На почетокот бил назначен како воспитувач на децата Македонци, а наредната година и како учител по македонски јазик од прво до седмо одделение. Работата ја извршувал со голем ентузијазам. За тоа време имал многу судири со раководните лица на емигрантските организации, кои настојувале Македонците да останат во Романија и да не се репатрираат во Република Македонија.

„Тајно носев формулари од југословенската Амбасада во Букурешт и им ги делев на Македонците за да добиваат виза. Тоа го правев заедно со Мичо Ѕалев. За да го спречат моето репатрирање и дејноста меѓу Македонците ме испратија на отслужување на военото рок во Букурешт. По 15-дневно служење беше утврдено дека немам државјанство. Пред моето заминување од касарната ме повика еден полковник. Ми се претстави дека е домороден Грк од Констанца и на грчки јазик ми препорача ведна ш да одам во југословенската Амбасада и итно да барам виза и пасош, ‘инаку тие кои тука те испратиле нема да мируваат’. Тоа и го направив. Брзо добив виза за репатријација и на 3 јуни 1957 година се најдов во Скопје“, објаснува Пановски.

По девет години разделба од браќата, родителите, баба му и дедо му, на едно место се сретнал поголем дел од семејството. Неговата сестра со нејзиното семејство останала во Полска.

Во учебната 1957/1958 година Пановски се запишал на Педагошката академија во Скопје на групата биологија и хемија. Во јуни 1959 година, во рекордно време, дипломирал и се вработил како наставник по биологија и хемија. Во 1962 година бил на отслужување на военото рок, обичен војник, во родот врски, во Горњи Милановац, Република Србија. Бил добар војник, често пати пофалуван и наградуван.

„Еден ден - вели Пановски - доживеав разочарување, кога еден заставник, со кого се спријателив, инаку Босанец, во поднапиена состојба ме праша: ‘Зошто си ти непријател на оваа држава?’ Јас му одговорив: ‘Чесно си ги извршувам задачите‘. Ме однесе во неговата канцеларија. Ја отвори

блиндираната каса и го пронајде мојот зелен картон од Скопје, на кој пишуваше: ‘Воена тајна - строго доверливо‘ , а одгоре со црвен молив: ‘Неподобен, да не се испраќа на курсеви за старешини‘. Бев непријатно изненаден и помалку трауматизиран. Ми стана јасно зошто само јас бев испратен како обичен војник, а беа игнорирани моите документи за училиште за резервни воени старешини. Во понатамошниот живот ‘неподобноста‘ се јавуваше како пречка на секој чекор, до осамостојувањето на земјата и неколку години потоа“.

По враќањето од војска се запишал да студира вонредно на Филозофскиот факултет, група педагогија. Кога сакал да го завери првиот семестар му било речено дека треба да донесе диплома за средно образование. Реагирал и рекол дека ја доставил при уписот. Минало многу време мислејќи дека дипломата му е изгубена. Дури во 1998 година, по Втората светска средба на прогонетите Македончиња од Грција, дипломата му била дадена од еден службеник од Државниот архив на Македонија. Така, по 36 години во негови раце се нашла дипломата од Педагошката гимназија во Бугарија.

„Речиси цела моја генерација на прогонети деца беа прогласени за ‘неподобни‘ од владејачките режими на државите каде што останале да живеат. Најголеми ‘виновници‘ за тоа беа нашите неуморни учители, Македонци, кои ни го предаваа мајчиниот јазик во детските домови и средните училишта во пријателска Романија. Тие ни го всадија чувството на патриотизам и љубов кон нашиот народ, длабоко во нашата душа и срце. Нѐ заразија со македонштина и со национална гордост, нѐ направија националисти, односно да си ја сакаме својата нација, да бидеме горди Македонци, да се сакаме меѓу нас, меѓутоа да сакаме и други, да не бидеме шовинисти. Затоа, вечна благодарност до нашите учители, ‘мајките‘ и до најдобрите, елитата на романските учители, професори и воспитувачи, кои не жалеа напори и време од нас да направат добри граѓани“, потенцира Пановски.

Кон крајот на шеесеттите години на минатиот век Пановски вонредно дипломирал на Природно-математичкиот факултет, група биологија.

Во неколку мандати бил избиран за директор на основно училиште, потоа одговорен за образованието во една општина и во градот Скопје и

советник во Бирото за развој на образованието. Автор е на неколку учебници и работни тетратки по предметот биологија и стручни рецензии на учебници. Тој е еден од основачите на Фестивалот на детска песна „Златно славејче“, 25 години е член на неговиот совет и десет години претседател на истиот, 17 години бил претседател на хорот на просветните работници „Св. Кирил и Методиј“, 10 години претседател на Советот на Сојузот за грижи и воспитување на децата на град Скопје, а повремено и на Републичкиот, член во раководствата на некои културно-уметнички друштва, член на многу стручни комисии, спортски организации и сојузи.

Цел работен век го минал во образованието.

„Се трудев да дадам сè од себе за доброто на младите генерации и татковината. Не очекував некој да ме стимулира за мојата богата општествена работа. Ја извршував доброволно, без никакви материјални компензации. Имам добиено многубројни признанија, дипломи, благодарници и еден Орден на трудот со сребрени зраци“, заклучува Сократ Пановски.

Доста Делјанова - Доневска
ВЛАДАТА НА ГРЦИЈА ЌЕ МОРА ДА НИ ВРАТИ СЕ ШТО НИ ОДЗЕДЕ

Живееме среќно, но сепак со трауми во наште души, за нашето родно место Бапчор, и за сè што ни е одземено од нашиот вечен непријател - Владата на Грција.

Доста Делјанова-Доневска е родена во 1937 година, во легендарното село Бапчор, кое се наоѓа во подножјето на историската Вичо Планина, оддалечено 29 километри од градот Костур. Истата година кога таа се родила нејзиниот татко заминал за Австралија, а мајка ѝ останала да се грижи за неа и за сестра ѝ Лозана.

Во 1948 година, токму во виорот на Граѓанската војна, Доста и нејзината сестра Лозана, заедно со многу деца од нивното село, распоредени во 11 групи, биле однесени преку граница, во тогашна Народна Република Македонија, односно во Југославија. По неколку дена престој во Македонија ги однеле во Домот за деца во Бела Црква, каде биле многу внимателно и љубезно прифатени и сместени во посебно подготвени соби со кревети за повеќе деца.

„Одговорна на групата во која бевме јас и сестра ми беше тетка ми Славка Делјанова, сестра на татко ми Михали. Во Домот во Бела Црква ги имавме сите услови за убав престој, но сепак разделбата од најблиските ни остави траги во сеќавањата и секогаш кога ќе се сетевме на нашите домови, на родителите и на сè што нè опкружуваше во Бапчор, се натажувавме, ронејќи детски солзи. Нашите втори мајки и воспитувачките вработени во Домот ја знаеја нашата болка и секогаш нè тешеа дека нашите најблиски во селото се живи и здрави и дека набрзо ќе се вратиме дома. Често ни приредуваа забави, за да заборавивме на разделбите. И ние учествувавме во приредбите, но сè тоа траеше кратко. Носталгијата за дома беше поголема од сè што се правеше во нашиот убав Дом. Еден ден мојата воспитувачка и учителка мајка Стоја ме повика во една мала просторија и ми соопшти дека се јавила мајка ми Лета Делјанова и дека

нѐ бара мене и сестра ми Лозана за да нѐ земе кај неа. По доаѓањето од Бапчор таа се населила во селото Башино, во близина на Велес. Нашата радост беше голема. По неколку дена нѐ испишаа од Домот и со придружба на еден помлад човек заминавме за Скопје, а оттаму за Велес, каде нѐ чекаше мајка ми. Во Башино село се сретнавме и со други наши роднини од селото Бапчор. По извесно време се населивме во Скопје каде живееме и денес“, ја раскажува својата животна приказна Доста Делјанова - Доневска.

Група „Бапчорки“

Во Скопје таа го продолжила школувањето. Завршила средно фармацевтско училиште и се вработила како забен асистент во Здравствениот дом во главниот град. Се омажила за Ѓорѓи Доневски кој, исто така, потекнува од селото Бапчор. Им се родиле две ќерки, Снежана и Ени, кои имаат свои семејства.

„Живееме среќно, но сепак со трауми во нашите души, за нашето родно место Бапчор и за сѐ што ни е одземено од нашиот вечен непријател - Владата на Грција, која сакала или не ќе мора тоа да ни го врати“, потенцира Доста Делјанова - Доневска.

Ангел Балкански
КАКО РЕЗУЛТАТ НА ВОЕНИТЕ ПРЕВИРАЊА ДОЖИВЕАЛ 20 ПРЕСЕЛУВАЊА

На неполни четири години (16 октомври 1944 година) со семејството ја доживеал својата прва преселба од родното село Чифлиџик во селото Долно Спанчево, Петричка околија, Пиринска Македонија. Преселничката фортуна го водела од Пиринска Македонија преку Струмица, Скопје, Тетово, повторно во Скопје (селата Кадино и Белимбегово) во селото Ѓаково, Сомборска околија, Војводина. Од Војводина се преселил во кумановското село Доброшане, а оттаму, на 15 јули 1952 година, дошол во Скопје каде и сега живее.

Ангел Балкански, пензионер, е роден на 6 март 1941 година, во селото Чифлиџик, Демирхисарска околија, на грчки Стримонохорион - Сидирокастро. Неговата мајка се викала Анастасија, моминско презиме Танчева, а татко му Никола Балканов. Денес г. Ангел Балкански живее со сопругата Иванка и ќерката Анастазија во Скопје. Како резултат на воените превирања доживеал околу 20 преселувања. На неполни четири години (16 октомври 1944 година) со семејството ја доживеал првата преселба од родното село Чифлиџик во селото Долно Спанчево, Петричка околија, Пиринска Македонија. Преселничката фортуна го водела од Пиринска Македонија преку Струмица, Скопје, Тетово, повторно во Скопје (селата Кадино и Белимбегово) во селото Ѓаково, Сомборска околија, Војводина. Од Војводина се преселил во кумановското село Доброшане, а оттаму, на 15 јули 1952 година, дошол во Скопје, каде и сега живее. Основно образование, делумно до четврто одделение, завршил во село Доброшане, Кумановско, а средно техничко училиште „Здравко Цветковски“, завршил во Скопје, во 1960 година. Се запишал на Градежниот факултет во 1961/63 година, но не го завршил. Военото рок го отслужил во Осиек, Хрватска, во 1964/66 година. Се вработил во „ЖТП“ подружница „Нова Пруга“ - Скопје во 1960 година. Кратко време (1963 година) работел во

градежното претпријатие „Бетон“- Скопје. По отслужувањето на воениот рок (март 1966 година) работел во занатско претпријатие „Пролет“, кое било преименувано во „29 Ноември“ - Скопје. До пензионирањето на 6 мај 2004 година работел како теренец-оперативец (1968/1977 година) и тоа во „Далеководи“- Скопје. Претпријатието неколку пати се интегрирало и се дезинтегрирало, па го менувало своето име. Имено, „Далеководи“ - Скопје се интегрирало со „Раде Кончар“ - Скопје, потоа се дезинтегрирало и добило ново име „Електромонтажа“ - Охрид, со група вработена во Скопје. „Електромонтажа“ го сменила своето име во „ЕМО“ - Охрид. Имало сопствено проектантско одделение во Скопје, во кое бил вработен и Балкански. Како оперативец заземал одговорни функции, раководител на објект, раководител на градилиште и кратко време раководител на градежна оператива. Ги реализирал следниве позначајни објекти: Железнички хотел во Битола, 1960 година, сега преадаптиран во приватна кафеана; Регулацијата на пругата Велес-Скопје, делницата Згрополци-Велес, 1962 година; Индустриските колосеци во Железара и Ацетиленка, Скопје. Непосредно пред одење во војска го изработил објектот Земјоделско-шумарски факултет, 1962/63 година. По доаѓањето од војска работел на следниве објекти: Далеководите, 110 KW Миладиновци - Скопје, 1968/69 година; 220 KW Скопје - Вруток, делница Вруток - Тетово, 1973/74 година; Трафостаница „Тамнава“, Лазаревац - Србија, истовремено работена со четири други помали трафостаници, „Зеоке“ во истото место; 400 KW далековод Скопје - Гевгелија, делница Скопје-Велес, 1975/76 година. Кратко време работел на далековод 400 KW во Пљевље, Црна Гора. Повеќе пати преземал далеководна конструкција за 220 и 400 KW далеководи од Сараево, Добој, Сребреница, Вишеград, сите во Босна и Херцеговина, како и од Риека, Хрватска. Во проектантското одделение во Скопје бил префрлен во 1977 година. Како проектант бил задолжен да изработува предмерења и пресметки и калкулации за повеќе објекти. Од нив како поважни ќе ги издвоиме: термоелектраната во Битола, браните Козјак и Света Петка и други помали и поголеми објекти. Во проектантското одделение се здобил со следниве звања: проектант соработник втора група, самостоен проектант трета група, самостоен проектант. Во тековната 1974 година се здобил со овластување за раководење и градење, а потоа за вршење стручен надзор над изведбата на работите и об-

јектите од член 33 од Законот за изградба на инвестициони објекти. Имено, со овој документ бил овластен да гради и да врши стручен надзор на далеководи и трафостаници - градежен дел, како и за објекти од висококградба. Исто така, се здобил со диплома за завршен компјутерски курс, канцелариско работење (Windows 98 2002 Word 2000) и (Power point g internet), Скопје, 2003 година.

АКТИВНОСТИ

Балкански активно учествува во работата на невладините организации од 1990 година. Официјално, со пристапница, во 1993 година бил зачленет во „Скопскиот одбор за организирање на средби на Македонците од Егејскиот дел на Македонија"- Скопје. Бил кооптиран член на Претседателството на одборот. Од мај 1990 година Скопскиот одбор станал колективен член на „Здружението на Македонците од Егејскиот дел на Македонија"- Битола. На конститутивното Собрание, одржано во Битола истата година, бил именуван за претседател на Статутарната комисија на Здружението од Битола. Во текот на 1991 година Скопскиот одбор се раздружил од Здружението во Битола и продолжил да дејствува самостојно. Балкански бил назначен за секретар на Здружението на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, кое официјално е запишано во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија на 19.2.1992 година. Продолжил со истата функција и потоа, кога поради спор со Здружението од Битола, била поништена регистрацијата (30.7.1992 година), односно кога скопското Здружение од 8 август 1993 година повторно се регистрирало под името „Форум за човекови права на Македонците од Егејскиот дел на Македонија" - Скопје. Како секретар, досега (крајот на 2008 година), бил 16 години, при што работел на повеќе значајни документи. Статут на Скопскиот одбор, 1991 година; Статут на Здружението на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, со кој Здружението е регистрирано, 19.2.1992 година; Статут на Форумот за човекови права на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, со кој истиот е регистриран на 8.7.1993 година. Тој е еден од изготвувачите на Статутот на Сојузот на Здруженијата, како и на Спогодбата за меѓусебна соработка на здруженијата членки на Сојузот. Изготвил

повеќе програми за здружението, во кое членува, како и работни платформи за истите. Активно учествувал во изработката на годишни календари на Форумот. Исто така, изработил Амблем на Форумот во 1997 година, како и Амблем за Сојузот на здруженијата. Овој Амблем е прифатен, објавен во книга за огласи на фирми во април 1997 година.

ТВОРЕШТВО

Со својот татко Никола Балканов коавтор е на монографијата насловена како „Село Чифлиџик во Егејска Македонија". Учествувал во обработката на книгата „Непрежален роден крај", а автор на истата е неговиот татко. Двете публикации се печатени во 2001 година, преку Форумот, уредник е Мишо Китановски, а издавач Наум Абов. Објавувал прозни текстови во „Незаборав", „Нова Македонија", „Глас на Егејците", „Македонија денес", во илустрираната ревија „Македонија", како и во „Порта Портал". Објавувал и поезија, песни во „Незаборав" и во „Гласот на Егејците". Бил во улога на промотор на книгата „Бапчор" од Ѓорги Доневски, читана во Сарај, Скопје; напис за збирка песни од Јане Андоновски „Носталгија кон далечниот роден крај", објавен во „Незаборав"; промотивен напис за ликовната изложба на обработени фотографии од Александар Ѓорѓиев, објавен во „Глас на Егејците", под наслов „Сензации со помош на светлото". Бил воведничар за книгата „Пандо Џиков - Џиката 1906-1943" од авторот Ташко Мамуровски. Во МРТВ - Скопје ја промовирал и Монографијата „Село Чифлиџик во Егејска Македонија". За својата долгогодишна работа во Форумот во 2003 година добил благодарница за особен придонес. Во текот на своето работно ангажирање остварил повеќе контакти и соработка со познати личности и претставници на домашни и на меѓународни институции и посетил повеќе амбасади во Републикава. Учествувал на семинари, конгреси во организација на СМК, ТВ и радиоемисии и интервјуа. Активно учествувал во организирањето на колективен превоз за членството на Форумот при посети на разни средби на Македонците од Егејот, организирани од здруженијата во повеќе градови во Република Македонија.

Тодор Мучов
ВО 1948 ГОДИНА ГО НАПУШТИВМЕ СЕЛОТО СЕТИНА



Тодор Мучов е роден на 7 јануари 1943 година, во с. Сетина, Лерин, Егејска Македонија. Неговите родители се викале Јордан и Јана. Семејството му било имотно. До април 1948 година живееле во селото Сетина, по што побегнале од грчките фашисти и дошле директно во Скопје, во Република Македонија.

„Моето детство, од 1948 година па до 1950 година, го поминав во немаштија, бидејќи немаше храна. Мајка ми се вработи во стопанството 'Ергеле' и работеше по цел ден. Ние децата сами се снаоѓавме за храна. Татко ми Јордан загина во Граѓанската војна во Грција, во 1949 г. Ние бевме мали и не го паметиме нашиот татко. Во 1950 година ме запишаа на училиште. Во 1958 година завршив основно образование, а потоа се запишав во средно училиште, кое го завршив во 1961 г. Истата година се вработив во Комбинатот за чевли, тогашно 'Водно' - 'Газела'. Во 1966 г. завршив и високо образование. Од 1960 г. му се посветив и на спортот како фудбалер. Бидејќи бев добар голман, бев регистриран во клубот 'Градски сообраќај', потоа отидов во ФК 'Млекара', па во ФК 'Маџари', а во 1963 година го регистрирав ФК 'Младост' од Ергеле. Во 1967 година од 'Газела' се префрлив на работа во 'Рудници-Железарница' - Скопје.



Во 1968 година се оженив со мојата сопруга Јаворка. Имаме два сина, кои имаат свои семејства. Во јануари 2002 г. се пензионирав. Денес со мојата сопруга ги живееме пензионерските денови", вели Тодор Мучов.

Стојан Димков и сопругата Марија Николова - Димкова НЕ СЕ ВРАТИВМЕ ВО РОДНОТО СЕЛО

„Кога заминувавме од селото дедо ми Димо му рече на татко ми: 'Трајко, не бегај,ќе мине и оваа војна. Во 1916 година ние еднаш бегавме во Југославија и за три години се вративме, ама вие нема да се вратите'. Тоа и се случи, вечно останавме во Република Македонија".

Стојан и Марија Димкови се родени во село Пожарско, Воденско, Егејска Македонија, во 1947 година. Тој е активист и борец за човекови права, а таа е солист на народни песни од Егејска Македонија и има снимено носач на звук за „РТ Скопје".

„Во виорот на Граѓанската војна - вели Стојан Димков - покрај илјадници семејства кои ја напуштаа својата родна земја и родната куќа, беше и моето семејство, односно семејството на Трајко и Марија Димкови. Со петте сина, меѓу кои бев и јас, заминавме вечерта на 30.12.1947 година. Дедо ми Димо, татко на мојот татко, со солзи во очите нè испрати од селото Пожарско. Со нас беше и добитокот, кој го натовари татко ми. Зедовме малку храна и облека, толку колку што можеа да носат маската, магарето и двата вола. Од селото Пожарско, преку Катунец, пешачевме низ

планински предели, и патот нѐ одведе во првото село Градешница. Нѐ прифати Одборот во Прилеп и нѐ испратија во Крушево, каде пристигнавме на 1 јануари 1948 година и останавме три седмици. Оттаму заминавме во селото ѓаково, Војводина. Таму бевме една година. По наредба на власта повторно нѐ вратија во Македонија, во селото Зрновце- Кочани. Во овој град живеевме три години, од 1949 до 1951 година. Потоа се преселивме во градот штип, во населбата Свињогојство. Татко ми и постарите браќа таму работеа во стопанството и во изградбата на фабриката 'Македонка'. Во 1959 година се преселивме во с. Ново Село, Битолско, каде живеевме една година. Во Ново Село се роди шестиот син Ѓорѓи, по што повторно се вративме во населбата Свињогојство. Од зимата 1957 година до денес живееме во оваа населба, која сега се нарекува Балканска - Штип. Од 1953 г. до денес (10.12.2008 г.), сите шест браќа направивме куќи и имаме свои семејства, а и нашите деца имаат свои семејства... Кога заминувавме од селото, дедо ми Димо му рече на татко ми: 'Трајко, не бегај, ќе мине и оваа војна. Во 1916 година ние еднаш бегавме во Југославија и за три години се вративме, ама вие нема да се вратите'. Тоа и се случи, вечно останавме во Република Македонија".

Марика Кокочева
ДЕТЕ СПАСУВА ДЕТЕ

На десет години, во 1947 година, со првиот бран на прогонување, Марика, ги осетила тешките удари на животот и на грчката политика на однародување на Македонците. Во нејзиното семејно стебло, во семејната гранка на Дафови, од Сакулево, за време на граѓанската војна, 18 жени станале 18 вдовици таа има недоброј братучеди, внуци и правнуци на Балканот, во Канада и Австралија. Сите тие преку 60 години го чекаат "новото" време и ветената слобода..

Соседите секојпат си имале проблеми со тоа како се викаме. И не прекрстувале. Во почетокот на кусото претставување на трагичната и мачна сторија - животниот портрет на Марика Карајанакис, Карајанакова, Карајанова, Дафова на крајот (по сопругот) Кокочева.

Должни сме да дадеме објаснување за презимињата што ги наведуваме до нејзиното име. Карајанакис, Карајанакова, е по нејзиниот дедо, татко на нејзината мајка Василка во Солун, Дафова е презиме на нејзините предци по татко, а Кокочева и е презимето на починатиот маж. Во оваа книга сигурно не може да се изнесе се што и се случило во животот, но со исечоците што ги даваме од нејзината животна сторија, цениме дека читателот ќе се увери во сета лична трагика на Марика, но и за трагиката на егзодусот и злосторството над луѓето од Беломорска Македонија. Важно е да напоменеме дека за 73 години од својот живот Марика, и покрај се не го свиткала 'рбетот, се бори и верува дека еден ден ќе биде своја на своето, во родно Сакулево, во Беломорска Македонија, на неколку километри од Битола, на патот за Солун, градот во кој поседува голем имот, наследство од нејзината мајка - која потекнувала од богата семејна лоза, во чија фамилија, според нејзиното кажување, дошол како домазет и таткото на сегашниот грчки премиер Костас Караманлис.

Се разбира, целта на овој текст не е да се истражуваат родовите (генетските) стебла, за тоа во некоја друга прилика и во некоја пообемна статија или животопис.

Погибијата на таткото и братот, на Андон и на Михаил

- Татко ми Андон, син на Васил и Доста, работеше како пољак, чувар, чауш на село Сакулево. Претходно со дедо ми биле на печалба во Канада, во Америка. Нашата фамилија беше богата, една од најбогатите во селото имавме двокатна куќа, со голем и пространа двор, со летна кујна, сопствена фурна, голем дуќан. Во моето село Сакулево имаше богати луѓе печалбари, земјоделци и занаетчии, така што таму имаше школо, црква, воденица, земја. Бевме околу 85-90 куќи.

Едно време на влезот во селото доселиле просвиги, сиромашни Грци, од југот на државата или од други места (Турција). Веднаш им направија куќа. Татко ми, кој бил чауш во селото, не ги поднесувал и еден од нив го зел и го однел на мостот на реката Елешка кој бил на пругата (Битола - Солун). Му пукнал во воздух го уплашил а тој паднал и се повредил. После овој настан таткоми го зеле во Рамалија, го мачеле да признае, го претепале, му ставале шпици, долго време имаше засирена крв на прстите. Кога го прашав, тој за да не се потресувам ми рече дека прстите му се посинети оти го фатила вратата кога ја затворал. Јас бев мала, брат ми Трендафил знаеше, знаеја и другите што се случило. после немилиот настан татко ми со помалиот брат Михаил кој беше женет и остави две деца, заминаа на Грамос. Од таму не се вратија никогаш, во војната загинаа двајцата. Ги баравме неколку години и преку Црвен крст и со писма до власта, брат ми бараше да дознае што се случило со татко ми и помалиот брат. Грчките власти официјално и одговорија на тетка ми дека загинале на Грамос. Само тоа успеавме да го дознаеме. И други мажи од нашата голема фамилија загинаа.

"Во Граѓанската војна од 32 фамилии Дафовци во Сакулево, останаа 18 вдовици со дечињата", вели Марика.

Десетгодишната Марика спасува дете

Еве како започна прогонот: На 17 јуни 1947 го сардисаа селото, а од селото Грците почнаа да пукаат од подрумите во училиштето, таму беа скриени имаа и митралези. Луѓето од селото почнаа да викаат "Ајде да

бегаме", се собравме, на запрежни воловски коли се качивме, по една фамилија со децата на една запрежна кола, прибравме набрзина што можеше. Ние имавме дуќан во селото, зедовме чоколади - јадевме. Мене ми рекоа, ај ти си голема, оди одзади терај ги овците. Ги терав и така одеднаш паднав во еден сув бунар. Викав, плачев, пиштев, тие напред не можеа да слушнат од звонците на овците. Кога се повлекуваа партизаните дојдоа коњаници кои ме пронајдоја. Еден ми вели: "А бре дете што бараш тука", "кај се твоите?". "Ги терав овците и паднав", "тие заминаа, не знам кај отидоа", реков. "Дај ми ја раката" ми рече, ме извади од бунарот и ме донесе кај моите, во Сетина.

- Снаа ми Олга, од брат ми Михаил, носела пет деца и некрстената ќерка која имаќе само 6 месеци, Џурка, ја носеша в раце. Патот беше тежок, козји патеки, се одеше високо преку ридовите. Испотена, преплашена од страв, од пукањето, жива вода беше. Туку некое време, гледам ја нема Џурка. "Дадо, каде е Џурка?", прашав. "Ја оставив во ридот крај реката, не можев сите да ги носам".

- Се вратив, ја најдов, Џурка беше многу повиена, ја расповив, имаше една маичка, ја гушнав, таа плаче, јас плачам - пиштам, одам нагоре по ридот, се ми се чини ќе паднам во реката, во провалијата, а патчето тесно, со дупки и ја донесов пред да стигнеме до границата. За Сетина зборувам. Ме гледаат, го носам бебето и викаат: "Ај гледајте, дете спасува дете". Јас имав само 10 години, а снаа ми почна да плаче: "Леле, мори, ја зеде"? "Ја зедов ма, а ти ја остави". "А што да правам сама ги носам другите. Морав да ги спасувам овие пет душички кои се дојдени први на свет". Долго време немаше име кога дојдовме во манастирот Слепче кој се наоѓа во прилепската околија мене ми дадоја да ја крстам. Така станав кума.

Многупати во животот со Џурка се гледавме, кога и е беше тешко ќе ми рече : "Тогаш ме спаси, а сега".

И во Војводина учевме грчки

Кога стигнавме тука, прво не сместија во манастирот во Слепче, после во Прибилци, па демирхисарско. Во Прибилци просевме, ни даваа луѓето гравче и лепче. После бевме во Жван, Мургашево... Неколку дена не зеде во Гевгелија кумот Алеко кој работеше на пругата. Одевме по дрва кај реката кога не видоа и свикаа: "Овие да не избегаат за Грција". Не вратија повторно во Слепче. Дојде наредба да одиме во Војводина. Не

однесоа со товарен воз, ни дадоа куќи од швабите во Гаково и Крушевље. Во куќата имавме четири одделенија, во собите калиеви печки, а во бунарите ја најдовме целата покуќнина што ја оставиле Германците што живееја во Војводина пред да заминат. Можеби верувале дека ќе се вратат. За да учиме ни донесоа учители од Грција, од Булкес. И весници донесоа "Фонитис Булкес" (Глас на Булкес). Таму научив грчки. И сега ја знам таблицата на грчки, ако сакаш да ти ја речам, на македонски

Томаки, Лена, Марика, Раш̄ко, Трајанка, Василка, Душко, Оле

можеби нема да ја погодам од одма. Во Војводина ни српски не учевме, ни македонски. Само грчки. Таму имаше и улици со грчки имиња, а и нашите ги претопуваа. А имаше и случај еден брат да е Македонец, другиот да се кажува Грк. Па и еден мој братучед во Канада се нарече Рос Паскалис, а овде се викаше Паскали. Таму сакаше да се кандидира за прет-

седател или на некое друго важно место. Се испродаде и свое и на нашите луѓе. Не го избраа. Брат ми Трендафил многу го караше. Тој Рос, уште е жив, таму е во Канада.

”Пак ли и тука грчки ќе учиме” се бунеа нашите во Војводина. Ако ја сакате Македонија, треба назад да се вратите, да се борите, а тие над 18 години да служат војска.

Пред да избегаме од Сакулево по пругата со децата одевме на училиште во Битола, а таму учевме на бугарски немаше никаква граница а беше војно време. Кога бев многу мала во Сакулево, одевме в црква на секој голем празник - за Божик, за Водици, за Велигден. Поповите пееја на грчки. Знам и псалми на грчки јазик. Надвор од црквата поповите со народот зборуваа македонски. Тие беа наши, само претходно беа пратени на школо, за да пеат и да проповедаат на грчки. По осумнаесет месеци не вратија и ни рекоа дека ќе сме ја ослободувале Македонија. Ништо од тоа.

Се вративме во село Славеј, прилепско. Таму се отвори задруга. Ние, Егејците направивме штали, се купија крави, телиња, коњи. Збиравме и тутун. Ако не нанижеш 13 низи не се следуваше детски додаток. Така за детскиот додаток макотрпно работевме. После таа работа ми ја запишаа како стаж за пензија.

Брат ми Трендафил беше добар бербер па се преселивме во Скопје. Ни овде не ни беше лесно. Бараа да земеме државјанство. Синот на Трендафил, Никола, го бараа да оди војска. Ако не одиш војска ти го земаа станот. Два пати стан ни дадоа, два пати ни го зедоа. Го молевме, главниот да не го зема внукот во војска за да помага како машка глава во Мичурин, каде живеевме во една стара зграда. Ја викавме Чеганската зграда. Во кујната спиевме 14 души и тоа ни го зедоја. Не дозволуваа, ние, Егејците да бидеме на едно место. Поради тоа многу од нашите заминаа во Австралија и во Канада. Да не беа тие притисоци, тука ќе бевме сите, поблиску до границата со родниот крај.

Уште некои моменти од животот на Марика

Животната врвица на Марика е преполна, главно со тешки и мачни доживувања. Животот ја зацврстил. Родена е 1938 година од татко Андон и мајка Василка. И од двете гранки биле богати. Дедо и по мајчина линија, поседувал три-четири хотели во Солун. Имашливи биле и во Са-

кулево, село на патот Битола - Солун. Имотот во Солун од баба и Софија таа треба да го наследи. Ја убедувале да се врати, да рече дека е со грчко потекло. Инаку Дафови не ги пуштаат во Грција. Само да слушнат или да видат "Даф", на пасошот страв ги фаќа. Братот Трендафил, со австралиско држајванство, едвај успеал само еднаш да влезе во Грција, 1997 година, две години пред да умре. Земал една грутка во раката од земјата на дедовците.

И Марика отишла на имотот кај што се родила и живеела како дете. Во Сакулево. На нивнот имот доселиле туѓинци, Просвиги, дојденци, чергари.

- Ги прашувам од кај сте дојдени? - објаснува Марика.

- Државата не донесе - одговориле.

- Ќе дојдам сите ќе ве запалам, да се вратите од каде што ве донесоја.

- Државата не донесе, ние не сме криви.

Од проповедите на грчки во црква, преку учењето на бугарски во Битола, па пак на грчки во Војводина, подоцна се школувала во Република Македонија завршила за медицинска сестра, инструментарка и за виша медицинска сестра. Работела во Ирак, Кувајт, Либија, Австралија и Канада. Секаде поминала. И не попушта.

"Ќе се вратам", вели, "на татковото огниште во Сакулево, во Солун од кај што беа баба ми и дедо Андон и баба Лефтерија (сестрата на дедо Андон). Си го барам своето".

Марика во светот има до недоброј братучеди, внуци и правнуци. И тие како и Марика се дел од една сторија, сага за прогонството и страдањето, ограбувањето, убивањето, преименувањето.

Проф. д-р Милто Мулев
МЕ ЕВАКУИРАА ВО УНГАРИЈА



„Кога партизаните го зазедоа нашето село, а грчкото училиште беше затворено, непосредно до дуќаните на селскиот ковач беше организирана просторија со клупи и столици. Таму почнавме да учиме на македонски јазик, со учители по националност Македонци. Тогаш прв пат пишувавме и читавме на кирилично писмо. Меѓутоа, поради сè поголемото вжештување на борбите меѓу ДАГ и монархофашистичката војска, училиштето беше затворено".

„Влегувам во седмата деценија од животот. Секојдневно ми навираат спомените на детството како дете бегалец и на родниот крај. Тие се тежини исполнети со голема празнина, а најтажно е немањето родителска љубов", вака ја почнува својата животна приказна проф. д-р Милто Мулев, кој потекнува од Егејскиот дел на Македонија.

Роден е во 1939 година во с. Сетина, Леринско, како второ дете (имал еден постар и двајца помали браќа) на Мице и Љуба. Во селото живееле скромно од трудот кој неговите родители го вложувале во одгледувањето на земјоделски култури, но и од сточарството. Жителите на ова село по националност биле Македонци (околу 2.000), со исклучок на едно влашко семејство и еден по националност Грк, кој работел како дуќанџија. Како мало дете на 6-7 години, со неговите врсници го почнал школувањето, и тоа во единственото училиште кое се наоѓало на влезот од селото. Се сеќава на случувањата во тоа време, на среќните празнични денови (празници, слави, свадби и др.), но и на страшните и ужасни моменти од Втората светска војна, кои се случувале со доаѓањето на бугарските и на германските војски во нивното село.

„Во училиштето почнавме да учиме на грчки јазик. Ни беше забрането да зборуваме на мајчинскиот македонски јазик за време на одморите меѓу часовите. Ако од некој од поткажувачите кои ги имаше меѓу децата, учителот дознаеше дека зборуваме на македонски јазик, тогаш

од него како казна добивавме по пет удари со прачка по секоја рака, или притвор за одредено време во подрумот на училиштето. Во слободното време мојот повозрасен брат Ѓорѓи ги пасеше овците и козите, а јас како помал се грижев за воловите, додека татко ми ги обработуваше нивите. Не помина долго време кога почна да се создава се понепријатана состојба и нестабилност, несигурност во секојдневниот живот. Почнуваа да се појавуваат различни движења, групирања, организирања, кои за мене, како за мало дете, не беа разбирливи. Се зборуваше за појава на партизани во планините кои се наоѓаа во близина на нашето село, но и за формираната Демократска армија на Грција (ДАГ). Многу лица (возрасни мажи, младинци, па и младинки) бегаа од селото и се вклучуваа во партизанското движење. Во нашето село постоеше т.н. астономија (еден вид полиција), која беше сместена во близина на нашата куќа, односно во куќата на дуќанџијата Панајотис. Бидејќи притисокот од страна на партизаните стануваше посилен, во селото дојде засилување од грчката војска. Војската ни го зеде училиштето, го огради со неколку реда бодликава жица, а подоцна засилување постави и на источната страна на селото каде што беше затворот. Изградија барикади од тврд матерјал во височина од 2 метра, за да се заштитат од нападите на партизаните, кои веќе го заседоа селото Попадија. Поради сè посилениот притисок од страна на партизаните, во 1947 година грчката војска се повлече од Сетина кон селото Овчарани и градот Лерин, а во нашето село влегоа партизанските одреди. Една група партизани се смести позади нашата куќа, меѓу просторот на Бечакови и Гаштарови, а други одреди имаше на крајот од селото Сетина и во селото Попадија. Секоја вечер кога се стемнуваше партизаните како пешадија и коњаници одеа да војуваат кон Овчарани и околните села во непосредна близина на Лерин. Во нивниот состав беше и татко ми. Рано наутро селаните (жени и деца) излегуваа на патот и чекаа да се вратат, стравувајќи дали најблиските ќе останат здрави и живи. Сликата која ја гледавме беше ужасна и страшна. Не се слушаа многу гласови, освен лелекот на ранетите борци, потоа чкрипење на тркалата од запрежните коли, удирањето на коњските копита... Страшно и тажно. Секако, понекогаш имаше и весели моменти, кога партизаните и партизанките заедно со жителите од селото играа македонски ора, и со

голема гордост пееја македонски песни. Но, постојано се спомнуваше името Македонија, слободна Македонија и итн.“, раскажува Мулев.

НАПАДИ

„Иако грчката војска - дополнува тој - беше повлечена од нашето село, сепак многу често неговата околина ја гранатираа со топовски гранати. Понекогаш имаше офанзиви, а жителите на селото бегаа северно кон југословенската граница, бидејќи грчките граничари во тоа време беа повлечени. Од височината на ридот можеше да се видат местата каде паѓаа топовските гранати и запалените куќи. Вечерта, по повлекувањето на грчката војска, се враќавме дома, со страв пред ужасната глетка во селото. Куќите во кои престојуваа партизаните како, на пример, таа на селскиот дуќанџија Панајотис, во непосредна близина до нашата, беа запалени. Грчката војска често преземаше таков вид офанзиви, но никогаш војската не остануваше во селото, туку вечерта се враќаше назад. Кога партизаните го заседоа нашето село, а грчкото училиште беше затворено, непосредно до дуќанот на селскиот ковач, беше организирана просторија со клупи и столици. Таму почнавме да учиме на македонски јазик, со учители по националност Македонци. Тогаш прв пат пишуваме и читавме на кирилично писмо. Меѓутоа, поради сè поголемото вжештување на борбите меѓу ДАГ и монархофашистичката војска, училиштето беше затворено“.

Мулев зборува и за евакуацијата на децата

„Кога борбите земаа многу пожесток карактер - потенцира тој - привремената Влада на ДАГ донесе решение децата од ослободената и полуослободената територија да бидат евакуирани во источноевропските држави. Во март 1948 година, иако со големи отпори, сепак селскиот одбор за евакуација успеа да организира околу 145 деца, кои ги подели во групи. Во една група имаше 18-20 деца, а за секоја група беше задолжена една старателка (мајка). Во тие групи бевме запишани јас како 8-годишно дете, но и мојот повозрасен брат 11-годишниот Ѓорѓи. Дома остана мајка ми со двајцата помали браќа (тригодишниот Ристо и двомесечното

бебе Михајло) кои, исто така, подоцна беа евакуирани. Татко ми, пак, беше мобилизиран со партизаните. Мене и на брат ми старателка (мајка) ни беше Лена Гаштарова, но подоцна, поради големината на групата нѐ презеде старателката (мајка) Фроса Малова, со која беа и нејзините 4 ќерки и 2 сина. Облечени во најнови алишта и нови опинци, со малку храна во платнените торбички, на 3 април 1948 година, рано наутро пред да се раздени, од селското училиште за последен пат се поздравивме со своите. Уште неразденето, пеш, преку Грамадата и Црната земја, тргнавме кон југословенската граница. Кога пристигнавме до врвот на планината, југославенските граничари нѐ застанаа на граничниот премин и не ни дозволуваа да влеземе на територијата на Југославија. Веќе беше разденето кога старателките и раководството составено од неколку вооружени партизани отидоа да се договараат со старешините на граничарите за да ни дозволат влез во југословенската територија. По договорот југословенските граничари ни дозволија да влеземе. Прво место каде нѐ пречекаа и населението топло нѐ прифати беше селото Живојно. Нѐ нахранија со скромен ручек, по што нѐ сместија во училиште, каде имаше послано слама за да преноќиме. Веќе се стемнуваше. Ние во училиштето се подготвувавме за спиење кога одненадеж слушнавме врева од камиони. Дојдоа повеќе камиони, покриени со церади. Во нив нѐ качија нашите старателки и во текот на ноќта, преку Битола, каде прв пат видов светилки на електрична енергија, нѐ однесоа во селото Браилово, Прилепско. Во ова село бевме собрани поголем број деца од различни села на територијата на Егејска Македонија. Во Браилово останавме 4-5 дена. Таму имаше организирана кујна, во големи казани се готвеше јадење за многубројните деца. Имаше доволно храна доставена преку Црвениот крст. Од Браилово, со товарни возови нѐ пренесоа во Скопје. Тука нѐ префрлија во патнички возови, во нив имаше повеќе од 3.000 деца. Ноќта со патничкиот воз тргнавме од Скопје и утрото пристигнавме во Белград. Тука срдечно нѐ дочека персоналот на Црвениот крст. Од Белград возот продолжи кон Унгарија, кон Будимпешта. По пристигнувањето во градот прво нѐ внесоа во големи бањи и ни ги соблекоа селските облеки. Измиени нѐ облекоа во тренерки и патики, ни ставија и баретки на главата. Потоа нѐ однесоа и нѐ сместија во повеќекатни станбени згради. Во секоја соба имаше повеќе од 30 кревети, опремени со душеци,

бели чаршафи и покривки. Во овие згради престојувавме околу 10 дена, а потоа секоја старателка со својата група беше преселена во различни градови или села на територијата на Унгарија.

Нашата група броеше околу 20 деца со старателката Фроса Малова, која со воз ја однесоа во Мишколц, втор град по големина во Унгарија. По пристигнувањето во тој град бевме сместени во една зграда каде нè пречекаа унгарски домаќини. Вечерта секое унгарско домаќинство зеде по едно дете во својот дом. Од тој момент јас и брат ми ѓорѓи бевме разделени во различни унгарски семејства. Домаќините ме сместија во соба која за мене беше необична (модерни кревети, бели чаршафи, јоргани и перници полнети со пердуви, радио...). За ваков амбиент не сум ни сонувал. Но, и покрај сите удобности кои ги имав, јас сепак не бев задоволен. Постојано плачев и го барав братот. Друга голема тешкотија ми беше тоа што не го знаев унгарскиот јазик. Одвреме-навреме сите деца кои се наоѓавме во унгарски семејства нè собираа во едно забавиште каде беше сместена нашата старателка со нејзините 6 деца. На тој начин ни се приредуваше некакво задоволство, бидејќи имавме можност да се видиме. По еден месец повторно нè собраа и со нашата старателка нè однесоа во малото село Гиринч, кое се наоѓа во близина на градот Мишколц. Престојувавме во еден прекрасен дворец, кој имаше огромен парк со разновидни украсни дрвја и грмушки. Во овој дом го поминавме летото, а условите за живеење беа исклучително добри. Кон крајот на август нè преместија во друг дом, во еден огромен дворец во селото Наѓмагоч, каде се собравме голем број деца од различни домови во Унгарија. По кратки проверки за писменоста нè распоредуваа во соодветни училишни одделенија. Мене ме одредија за прво големо одделение, бидејќи знаев да читам грчки зборови. Ме преместија во друг дом, во дворец кој се наоѓаше во селото Тисадоб. Тука беа сместени деца кои по националност беа Македонци. Во овој дом останав до летото 1949 година. Таму добив уверение за завршено второ одделение основно образование. На крајот на летото 1949 година, нас околу 50-60 деца етнички Македонци нè преселија од источниот во западниот дел на Унгарија, од другата страна на реката Дунав, во селото Балатонкенеше, кое се наоѓа покрај Блатното Езеро (Балатон). Во домот имавме многу добри услови. Во тоа време повозрасните деца, кои имаа повеќе од 11 години, меѓу кои беше и брат ми Ѓорѓи, ги

однесоа во Будимпешта, каде ги запишаа во училиште за индустријата. Од тогаш веќе ме разделија од поголемиот брат. Во учебната 1949/1950 година во Балатонкенеше Мулев завршив трето одделение. На крајот на учебната година, кога се реновираше новиот дом, кој беше разурнат за време на војната, се доселија голем број други деца, кои по националност беа Грци. Од тој период животот ми стана понепријатен и потежок. Во учебната 1950/1951 г. во Балатонкенеше завршив четврто одделение. Иако заедно живеевме, деца етнички Македонци и деца етнички Грци, паралелките ни беа одвоени. Македонските деца учеа унгарски, македонски и грчки предмети, додека децата по националност Грци учеа само унгарски и грчки. На крајот на август сите деца со завршено четврто одделение ги преселија во еден дом во друго поголемо село во близина на претходното, нешто позападно, во т.н. Балатоналмади, исто така, во непосредна близина на крајбрежјето на Блатното Езеро (Балатон). Во овој дом, во учебната 1951/1952 година завршив петто одделение, а во учебната 1952/1953 година завршив шесто одделение, додека следната учебна година седмо одделение. При крајот на август 1954 година, поради возраста на учениците и пубертетската фаза од развојот, машките деца ги разделија од женските, односно женските останаа во Балатоналмади, а машките ги распоредија во групи и ги преселија во други домови, кои се наоѓаа во различни предели на територијата на Унгарија (Дик, Фехирвар Чурго, Иванчи, Иска Сенѓор, Татабања, Будимпешта и др.). Мене и десеттина други машки деца нѐ преселија во еден дворец, кој се наоѓаше во селото Фехирвар Чурго. Таму се сретнавме со голем број момчиња, дојдени од други домови. Во овој дом, во учебната 1954/1955 г. завршив осмо одделение и имав полуматура. Во учебната 1955/1956 година, во градот Сикешфехирвар се запишав во средно училиште, струка земјоделски техничар. Таму на унгарски јазик ги завршив прва и втора година (1956/1957 година). Во август, преку Црвениот крст, со група други деца се вратив во Република Македонија (27.8.1957 г.), каде по 9 години прв пат се сретнав со родителите. Поголемиот брат ѓорѓи остана во градот Мишколц, се ожени со Унгарка и формира семејство. Му се родија две ќерки, од кои доби 6 внуци. Меѓутоа, во 2007 година почина и не дочека повторно да го види своето родно место.

Според кажувањето на моите родители, по првата организирана група деца за евакуација, била формирана и втора група, во која бил и мојот тригодишен брат Ристо. Тој дошол до селото Браилово, каде по бегањето од Граѓанската војна дошла и мајка ми со најмалиот двомесечен брат. Од Браилово биле пренесени во Војводина, во селото Крушевлје, во близина на градот Сомбор. По неуспехот на партизанската војна, во 1949 година татко ми последен успеал да се евакуира во Југославија и во Крушевлје се сретнал со семејството. Во 1951 година се вратиле во Македонија, во градот Велес, каде и се сретнавме".

ТИТУЛИ

Во учебната 1957/1958 година Мулев се запишал во трета година во средното земјоделско училиште во Тетово, а во учебната 1958/1959 г. матурирал и добил диплома земјоделски техничар. По матурирањето една година работел како земјоделски техничар во земјоделската задруга „Леонид Јанков", во селото Ѓавото до Богданци. Во учебната 1960/61 г. се запишал како вонреден студент на Вишата педагошка академија-група биологија - хемија, а дипломирал во 1962 г. Потоа се запишал на Природно-математичкиот факултет - група биологија. Студиите ги завршил во 1965 г. Паралелно, во 1960 г. се вработил како лаборант во Ботаничкиот завод на Институтот за биологија за предметите Екологија и Физиологија на растенијата. По отслужувањето на воениот рок, во 1967 г. бил избран за асистент по предметот Екологија на растенијата. Постдипломските студии ги завршил во Загреб (1973 г.). Како стипендист на унгарската Влада, шест месеци престојувал во научно-истражувачкиот институт во Будимпешта. Докторската дисертација ја одбранил во 1978 г.

За доцент по предметот Ботаника за студентите фармацевти бил избран во 1980 г. Оваа настава ја изведувал сè до учебната 1988/1989 г. Од учебната 1984/1985 г. бил ангажиран со настава по предметот Растителна екофизиологија за студентите биолози од биохемиско-физиолошката насока, а во текот на 1985/1986 г. му била дадена наставата по предметот Анатомија и морфологија на растенијата. Во 1985 г. бил избран за вонреден професор на ПМФ по предметите Ботаника (за фарма-

цевти) и Екофизиологија (за биолози). Од 1987/1988 г. ја презел наставата по предметот Екологија на растенијата, како и наставата по предметот Заштита на животната средина за студентите од Архитектонскиот факултет - насока урбанизам (до учебната 1990/91 г.). Од учебната 1990/91 г. му била доверена и наставата по предметот Заштита на животната средина за студентите биолози, а од учебната 1997/1998 г. и предметот Екофизиологија за студентите од интердисциплинарните студии по инженерство на животната средина (ИСИЖС). Во 1991 г. бил избран за редовен професор на ПМФ, а во 2002 г. се пензионирал со 41 година работен стаж.

Во состав на наставните задолженија, под негово менторство, се изработени повеќе од 100 дипломски работи, 4 магистерски труда и 2 докторски дисертации. Бил рецензент и член во комисии на повеќе изработени и одбранети магистерски и докторски работи, работел на повеќе научно-истражувачки проекти како учесник и раководител. Автор или коавтор е на повеќе од 60 објавени научни трудови, автор е на основните универзитетски учебници: „Заштита на животната средина“ (1997), „Екологија на растенијата“ (2003) и „Еколошки лексикон“ (2006). Во периодот од 1985 до 1987 г. бил раководител на Ботаничкиот завод, а од 1990 до 1992 година бил шеф на Институтот за биологија. Во 1989 г. од Претседателството на поранешна СФРЈ бил одликуван со Орден на трудот со златен венец за особени заслуги и за постигнати резултати во работата од значење за напредокот на земјата.

Инаку, неговите родители не дочекале повторно да го видат своето родно место, иако тоа им било голема желба. Мајка му починала во 1982 година, а татко му во 1986 година. Тие не се меѓу живите, нека им е лесна земјата, нека почиваат во спокојство. Нивните деца зад себе оставиле 10 внуци и 14 правнуци.

Димитар Димитров - Мице
„НИКОЈ ДА НЕ ГО ДОЖИВЕЕ ДЕТСТВОТО НА ПРОГОНЕТИТЕ ОД БЕЛОМОРИЕТО“



Со препознатливо македонско чувство, со национална и верска припадност, фамилијата Димитрови активно била вклучена во антифашистичката војна, а поради своите патриотски ставови и доследност станала жртва во Граѓанската војна во Грција.

Димитар Мице Димитров, стопанственик, пензионер, потекнува од Егејскиот дел на Македонија и судбински е поврзан со егзодусот на Македонците и на децата од овој дел на нашата земја. Роден е во селото Цакони-Воденско, во 1934 година. Потекнува од семејство со долга револуционерна лоза.

Со препознатливо македонско чувство, со национална и верска припадност, семејството Димитрови активно било вклучено во антифашистичката војна, а поради своите патриотски ставови и доследност било жртва во Граѓанската војна во Грција. Во 1948 година, како 14-годишно дете Димитров, со своите родители, врсници и со Македонците горди на својот род и на националните корени, ги минал судбинските патишта од Егејот до слободна Македонија. Во суровоста на животот и при неизвесно детство минато во домови, интернати, училишта и други прифатилишта, тој се образувал, го завршил учителското училиште и работел во Штип. На младите им посакувал само да не го доживеат неговото детство и младост на прогонети од родниот крај, од Беломорието во Егејска Македонија. Со проклетството на иселен од својот роден крај, со вечна жал за детството и со предвремена созреаност во решавањето на животните проблеми, за егзистенцијата и иднината, чесно ги извршувал обврските кон македонската држава, во состав на југословенската федерација. Отслужил воен рок, се дообразувал на Економскиот факултет во

Скопје, но секогаш работел и им помагал на блиските и на луѓето во неволја.

Во ЗИК „Скопско поле“, каде поминал дел од работниот век, Димитров ги потврдил своите силни работни и творечки вредности, кои дошле до целосен израз и го афирмирале како успешен сметководител, финансиски раководител и стопанственик во тогаш престижните претпријатија „Агро-Сервис“ и „Автоцентар“. Овие фирми, во чија работа и развој целосно се посветил Димитров, станале гиганти и брендови во својата

гранка, а тој бил пример за успешен раководител повеќе од три децении и станале препознатливи во македонските и во југословенските деловни кругови. За успехот во стопанството Димитров добил признанија од стопанските комори на Скопје и на Македонија, како и од повеќе фирми, организации и корпорации.

Огледало на неговиот живот се и добротворноста и хуманоста. Секогаш и секому му помагал. Бил активен и во кризните времиња, по скопскиот земјотрес, поплавите. Бил солидарен со луѓето, фирмите и

земјите во неволја. Како човек со музичка надареност никогаш не ја заборавал и не ја запоставувал македонската песна, особено роднокрајната, од Егејскиот крај.

Македонската продукција на МРТ, но и другите радио и тв-студија денес се побогати со неговите изворни, народни и новосоздадени песни. Тие се историски и судбински времеплов, обнародени со гласот на Димитар Мице Димитров, на повеќе ЦД и ДВД изданија. Тој е член и двигател во многу уметнички друштва, меѓу кои и Друштвото „Гоце Делчев“, како и на фестивалите на родољубива песна „Гоце фест“.

Сестрано и долго е присутен во акциите на Црвениот крст, на Граѓанската асоцијација „Скопјанката Мајка Тереза“. Тој е претседател на Форумот на Егејците на Македпонија и главен и одговорен уредник на ревијата „Глас на Егејците“. Пензионерските денови целосни им ги посветува на јакнењето на националната кауза и на остварувањето на правата на Македонија и на Егејците, како и на членството на Република Македонија во Европската унија и во НАТО.

Димитар Мице Димитров е семен човек, гордост на своите деца и внуци, гордост на сите генерации Македонци, гордост на ова парче библиска земја - Република Македонија. Со збор и песна, со своето дело и препознавање, ним им остава вечен аманет: Македонци да бидат и татковината да ја чуваат и градат.

Атанас Тане Наумовски
ГРЧКИТЕ МОНАРХОФАШИСТИ БЕА ПОЛОШИ И ОД ГЕРМАНСКИТЕ ФАШИСТИ

Патот до границата го поминав малку во одење, а повеќе на грбот на татко ми. Подоцна, читајќи ги татковите (Тане Лазар Наумов) мемоари, дознав зошто и од кои причини сме заминале за Југославија.

Атанас Тане Наумовски е роден на 14 февруари 1938 година, во селото Долно Котори - Леринска околија во Егејскиот дел на Македонија, денешна Грција.

Тој вели дека многу не се сеќава на детството во родното село, бидејќи бил мало дете кога го напуштил. Сè што се случувало му е како некој далечен сон.

„Една квечерина мајка ми Стојанка ме фати за рака и ме однесе во нашето лозје. Се стемни. Исплашен од темнината и од крекањето на жабите од околните ендеци се прилепив до неа. Длабоко во ноќта кај нас дојдоа двајца партизани. Иако темнина можеше да се види дека беа вооружени, на коланот имаа по две бомби, а на градите држеа по еден автомат. Скриени во лозјето, сè до пред зори, го чекавме татко ми Тане. Кога видоа дека тој не доаѓа, нè зедоа мене и мајка ми и нè однесоа на една планина. Следната вечер, таму на планината каде што бевме скриени, дојде уште еден партизан. И тој беше вооружен. Тогаш мајка ми рече дека тоа е татко ми. Јас не го познавав. Пред да заминеме за Југославија пристигна и чичко ми Трајан, со жената и двете мали деца, Велика и Стојан. Нашето бегство се случи една ноќ. Кога врвевме низ полето се препнувавме од лубениците по нивите. Патот до границата го поминав малку во одење, а повеќе на грбот на татко ми. Подоцна, читајќи ги мемоарите на татко ми, Тане Лазар Наумов, дознав зошто и од кои причини сме заминале за Југославија. Имено, по големата битка која се водела на планината Вичо, меѓу борците на организацијата на НОФ и монархофашистичките сили на Грција, партизанските сили биле победници. Поради пора-

зот кој го претрпеле монархофашистите, од лоши станале уште полоши“, потенцира Атанас Наумовски.

БЕГСТВО

Според негово кажување, на 24 август 1946 година, на Вичо, кај Тане дошле партизаните Васил Шулевски и Трајан Поп Милков. Тие му донеле леб и абер дека сопругата на Тане ќе ја затворат и ќе ја однесат на судење во Солун. На Васил Шулевски тоа во доверба му го кажал кметот на селото, кој му рекол: „Тане да си преземе соодветни мерки за својата сопруга и за семејството. Јас, Лази Демков, како кмет во селото не ќе можам повеќе да ја спасувам Стојанка како што ја спасував од затворот во Лерин“. Тане на Васил му одговорил: „Каде сите и таа нека оди, барем нема да плаќа за хотелско сместување, и таа нека биде жртва на нашата борба“. Тоа биле зборови на човек кој своето семејство кое, ниту виновно ниту должно, сакал да го жртвува за своите идеали. Кога ги рекол овие зборови со него имало и други партизани, кои не се согласиле со ваквиот став. Неговите соборци Ристо Коленцов и Коле Патков почнале да го убедуваат за да го спаси семејството. Тие го убедиле дека тој е секретар на Леринската околија на НОФ и дека неговата сопруга не е сопруга на некој обичен партизан, која лесно би можела да се извлече од затворот, а ако жена му Стојанка оди на суд во Солун однапред се знае каква пресуда да ќе добие, смрт или доживотен затвор на пустите грчки острови. Сѐ ова се случувало во месноста Бегова корија. По ова убедување Тане сфатил и решил да ја спаси сопругата. По разделбата со Ристо и Коле, кои заминале во своите реони, Тане останал во коријата со партизаните Тодор шулевски и Трајан Поп Милков, кои требало да му помогнат околу префрлувањето на Стојанка во Југославија. На 28 август 1946 г. Тане по курир ѝ се јавил на сопругата - уште дење да оди во лозјето кое се наоѓало во Панови ливади и таму да го чека. Ноќта тој требало да пристигне и да ја земе. Повторно испратил курир со нов абер, да го чека на Градската нива, која се наоѓала во близина на селото Кучковени, поблиску до границата. Стојанка не ја добила втората порака. Таа со најмалиот син Атанас веќе дошла во лозјето како што ѝ било кажано првиот пат. Ноќта била многу темна, прст пред око не се гледал. Додека Тане, Тодор и Тра-

јан минувале низ Горнокоторското поле, кон селото Долно Котори, во длабоката темнина несакајќи се изгубиле и се разделиле. Тане сам заминал кон Градската нива за да ги најде сопругата и детето, а потоа требало да ги бара Тодор и Трајан. Кога пристигнал на Градската нива не нашол ниту трага ниту глас од своите. Цела ноќ свиркал и ги довикувал, но немало одговор. Кога почнала да се зазорува се повлекол во планината, плашејќи се монархофашстите случајно да не ги откријат неговата сопруга и најмалиот син. Знаел дека ако ги најдат ќе ги стрелаат на самото место. Во планината останал сам, без семејството и другарите. По разделбата, Тодор и Трајан, кои не знаеле за вториот абер, заминале кон лозјето.

„Таму - вели Атанас - нè најдоа мене и мајка ми Стојанка. Тука заедно го чекавме татко ми сè до зората, а потоа се повлековме кон големата планина. Следниот ден кај планинскиот извор се сретнале двајцата браќа Тане и Трајан. Тие си раскажале што се случило од моментот кога се разделиле во Горнокоторското поле. Дури тогаш Тане разбрал за својата грешка. Наредниот ден во планината пристигна чичко ми Трајан со својата жена и двете деца. Во групата за бегство беа тројца добро вооружени партизани, две жени и три мали деца. Цела нош ја минавме во пешачење, избегнувајќи ги поставените заседи од монархофашистите. Ја преминавме грчко-југословенската граница и пристигнавме во Битола. Првата ноќ ја минавме во Битола“.

ТОРТУРИ

Веднаш по пристигнувањето во овој град мајка му Стојанка се разболела, како последица на измачувањата во затворите на Гестапо и од монархофашистичката полиција на Грција. Измачувањата, малтретирањата за Стојанка продолжиле и откако се повлекле Германците. Едните фашисти си заминале, а веднаш по нив на власт се вратиле грчките монархофашисти. За Стојанка новото малтретирање било поголемо дури и од претходното. Довчерашните соборци на Тане, кои се бореле против силите на фашистичка Германија, сега се наоѓале во редовите на монархофашистите. Тие настојувале од Стојанка да дознаат каде е нејзиниот сопруг Тане за полесно да го фатат, бидејќи тој се наоѓал во редовите на

НОФ и ДАГ како секретар на НОФ за Леринскиот округ. Во тоа време грчките монархофашисти биле многу полоши и од германските фашисти. Стојанка повеќе пати била затворана во леринскиот затвор. Најмногу ја мачеле оние кои таа претходно ги хранела и ги поела.

Поради болеста таа не била во можност да работи и покрај големата сиромаштија. Во 1947 г. Атанас бил префрлен во детските домови „Елпида Караманди“, „Лазо Трповски“ и „Томе Железарчето“ во Битола. Во домовите останал до 1956 г. каде завршил основно образование во ОУ „Гоце Делчев“. Потоа, како ученик во стопанството станал КВ металостругар. По завршувањето на военИот рок завршил средно техничко училиште и добил звање машински техничар. Четириесет години работел во фабриката за фрижидери, како раководител во механичкото одделение. Бил организатор и претседател на Првата и на Втората средба на Македонците од Егејскиот дел на Македонија (тогашната власт не им дозволувала да се организираат под ова име, туку под името Леринска средба). Сега е член во Битолскиот одбор. По пензионирањето истовремено ги напишал книгите: „Монографија за селото Долно Котори и которчани“ и спомен албумот „Леринско во крв и црнило“.

Донка Пискачева
НЕ ТЕПАА, НО НЕ НЕ ОДРОДИЈА

Посветено на нејзиниот татко Михајло Пискачев, кој на 29-годишна возраст го дал својот живот за слобода на Македонците од Егејскиот дел на Македонија.

Донка Пискачева е родена во 1937 година. Иако била мала кога ја напуштила својата земја, многу добро се сеќава на нејзиното родно место под Кајмакчалан, во Егејскиот дел на Македонија, кој денес е поробен и е под грчки јарем. Вели дека како деца, во најраното дество, на 3-4 години присилно морале да одат во т.н. домови на детето. Цел било да ги оттргнат од родителскиот македонски дом, за од нив да се фабрикуваат Грци.

„Се сеќавам - вели Пискачева - на мојот прв ден во тој дом. Тоа не беше училиште, туку обична селска куќа. Откако седнавме на малите столчиња, кои ги донесовме од дома, пред нас застана грчката учителка. Со исправени главчиња сите гледавме во неа, а нејзиниот прв збор, се разбира, на грчки јазик, беше: 'Сега, деца мои ќе научите како се викате'.

Како ние до тогаш да бевме безимени. Таа се приближи до едно дете и на грчки го праша како се вика. Детето молчеше, не ја разбираше. Таа повтори, а тоа ја гледаше и молчеше. Потоа таа гласно почна да нѐ учи на грчки јазик да ги изговараме нашите имиња. Ни велеше секој од нас да повтори дека е Грк. Но, меѓу нас имаше деца, како нашиот Иле, на пример, кои не сакаа да зборуваат така како што ги учеше учителката. Тие со прачка добиваа по 5, 10 или повеќе удари по дланката, а некои, пак, кои зборуваа само на македонски јазик за казна ги затвораа во визбата. Често, во детските игри, ние децата се подбивавме со грчките имиња".

КАМШИК

Пискачева се потсетува и на случката кога нејзиниот дедо Петре, кој заради тоа што на македонски јазик го поздравил грчкиот корофилак, добил камшик по грбот.

„Дедо офкаше, се потеше и велеше: 'Нѐ изедовте, аир да не видите, Господ да ви плати'. Мене ми беше многу жал што го тепаа".

Ја опишува и средбата со учителката. Една вечер Пискачева и нејзината баба Фроса излегле од дома, а на патот ги сретнала учителката. Пискачева ја поздравила на грчки јазик. Но, баба ѝ и рекла дека не може по стари години да учи туѓи јазици. Брзо си заминале дома, поради страв од некаде да не се појави корофилакот и да не им се случи истото што и на дедо ѝ..

„Една вечер, под слабата светлина - раскажува Пискачева - се собравме сите дома. Дедо, баба, чичковците, стрините, тетките, децата... Бевме големо семејство. Молчиме, сите потиштени, го чекаме татко ми да дојде за вечера. Дедо офка и ја колне судбината која го снашла македонскиот народ, а брат ми Иле седнат до него му шепоти: 'Дедо, сокри ме утре во амбарот да не ме земат на 'сколје'.'Јас не сакам да одам. Таму дедо тепаат ако не сакаш да учиш грчки'. 'Знам дедино, тешка е нашата судбина, што да правиме. Туку, чекај малку, седи тука', рече дедо, отиде до едно скришно место и извади стара распарталена книга. 'Еве Иле, гледаш имаме наше писмо. Тука пишува буквар. Ова е Б, ова е У, К, В, А, Р'. Иле шепотеше: 'Б, У, К, В, А, Р... Б А Б А... '. 'Ај, дедо', извика радосно Иле. 'Утре книгата ќе ја однесам во скојлето, да им кажам на сите за нашето писмо, да не се мачиме на грчки да учиме'.'Не, Иле, не дедино. Ако сакаш живи да останеме никому да не му кажуваш. Само јас и ти, скришум, вака навечер, ќе си учиме'. 'Знам дедо дека е така'. Татко ми сѐ уште го немаше. Ние никогаш не знаевме каде е. Само паметам дека често во нашата куќа, ноќе, откако ќе легневме, доаѓаа некои луѓе и во една темна одаја шепотеа и расправаа нешто сѐ до утрина. По некое време дојде татко ми. 'Добро вечер татко, како си?' 'Никако синко, животот кучешки. Не се излегува на крај со овие проклети Грци. Нѐ газат, не ни даваат да здивнеме. За секој збор македонски кој се проговорува - камшик нѐ чека. Не бираат ниту дали се деца, ниту стари. Не знаеме што да правиме, синко'. Се разлути

татко ми. ‘Крвта ни ја испија, но нема да нè сотрат, татко. Не може повеќе вака. Ќе изгинеме сите до еден, но тирани не трпиме повеќе. Ние сме Македонци, од век и векови и тоа ќе бидеме додека постоиме’“.

ПРОГОН

Во 1946 година Македонците од Егејскиот дел на Македонија влегле во Граѓанската војна заради своите човекови права. Но, кобната 1949 година црна се чума задала, нашите гинеле. Потоци крв потекле, а планините од жал солзи ронеле, покривајќи ги мртвите тела.

„О господе, зар така млади црна земја ги покри синовите наши?! Коле, син, мајкин! Зошто чедо? „, ечи мајчин глас. „Да не бидам Николас мајко!“ „Крсте, чедо мое, немаше ни 18 години!“ „Да не бидам Ставрос мајко“.

„Менче ќерко, та нели венец за венчавка те чекаше“. „Да не бидам Мелпомени, мајко“. Како да се слушаше одѕив на загинатите деца... „Мајки, дајте ги децата, децата да ги спасиме!“, викаа добрите луѓе од синорот. Но, тешко чедо родено од мајкини гради се отргнува. Болката мајчина и плачот за разделба се ореле на синорот. За последен пат мајките ги гушкале своите деца. Тие ги разголувале барајќи белези по нивните тела за да ги препознаат ако некогаш ги најдат. „Не жалете мајки“, се слушале гласовите на добрите луѓе. „Вашите деца ќе ги немате, но ќе бидат живи и здрави“. „Ако не ги дадете, засекогаш ќе ги изгубите“. Децата пошле отаде синорот, а мајките во плач викале: „Пеце, Јанче, Магде, Спасе, Менче, Крсте, Величе, не заборавајте ги вашите мајки“.

Така почнала судбината на прогонетите деца од Егејскиот дел на Македонија.

„Судбината наша е вековно тешка - потенцира Пискачева. - Зарем толку е скапа правдата?! Со крв ја плативаме и повторно ја немаме! А ние сакавме само едно: да бидеме тоа што сме се родиле, да бидеме Македонци. И цел свет нека знае- ќе бидеме. Корен македонски не се корне. Иако ние, децата-бегалци, сме расеани по цел свет, ние сепак виреееме. Да, имаме една рана. Се вика ‘роден крај‘, но ја преболуваме! И дрвцето младо, кога се пресадува од местото, тоа боледува, свенува, додека не фати корен, велат старите. Потоа ќе пркне, ќе се исправи, ќе тргне на-

пред. Така и ние, во туѓина, како пресадени фиданки. Но, до крајот на својот живот ќе го носиме печатот на прогонетите. Во нашите души има една длабока празнина. Тоа е родителската љубов, која никогаш не ја почувствувавме. Во нашите срца е отворена една неизлечива рана, која бара казна за виновниците кои ни го сторија тоа зло... На крај им искажувам голема и неизмерна благодарност на Македонците од Волонгонг за доброволните прилози кои ги дадоа во 1992 година, за купување лекови за Македонија, кога владееше епидемија на грип, а Грците на нивна територија го блокираа транспортот на лековите...“.

Методија Стефан Тошевски
РАБОТАМ НА МОЕТО ВРАЌАЊЕ ВО РАНЦИ



„Се случил егзодусот, трагедијата на народот. Почнала една невидена одисеја на неизвесност и на човечки трауми. Преселби, преселби, преселби. Се нижел ѓерданот на места во кои пред куршумот и теророт на прогонителите и пред немаштијата и социјалната неправда не можело да се застане. Колоните прогонети на 28 март 1944 година тргнале во неизвесност. Во една таква колона на неизвесноста сум бил и јас, двегодишно дете“.

„Човекот знае само каде се родил. Не може ниту да претпостави каде ќе живее“, вака ја почнува својата животна приказна г. Методија Тошевски. „Според тврдењето на мајка ми - вели тој - роден сум во село Ранци, Каљарско, Егејска Македонија, една многу студена зима, на 18 март 1941 година. Кога сум се родил татко ми не бил дома за да се израдува на својата прва рожба. Мобилизиран, ги бранел интересите на својот поробувач. Бил на Албанскиот фронт за да се бори против една друга фашистичка наезда на туѓа војска - италијанската врз Грција, во која по поделбите на Македонија влегол и нејзиниот Егејски дел. Кога во 1941 година грчката армија капитулирала, а Германија ја окупирала и Грција, татко ми се вратил во Ранци. Набрзо потоа, со многу други македонски синови, се вклучил во движењето на отпорот во Грција против Германија, во ЕАМ. Станал дел од организираните резервни сили на ЕЛАС во Ранци, кои го помагале опстанокот на партизанскиот одред на Колоктрони на Каракамен. За жал, таквата активност на поголемиот дел од населението во Ранци ги мотивирала грчките монархофашисти, чија држава ја бранеле и ранчани. Така, домашните грчки монархофашисти, заедно со Германците, во четири континуирани палења, уривања, терор и злосторства, во март 1944 година, меѓу првите села во Кајљарска околија, целосно го уништиле Ранци. Нивна цел било да го прогонат населението и да ја прекинат поддршката која селаните им ја давале на парти-

заните, особено со учеството на ранчани во одредот, како и со обезбедувањето храна и со други потреби за партизанските единици. Се случил егзодусот, трагедијата на народот. Почнала една невидена одисеја на неизвесност и човечки трауми. Преселби, преселби, преселби. Се нижел ѓерданот на места во кои пред куршумот и теророт на прогонителите и пред немаштијата и социјалната неправда не можело да се застане. Колоните прогонети на 28 март 1944 година тргнале во неизвесност. Во една таква колона на неизвесност сум бил и јас, двеиполгодишно дете. Насоката на движење нѐ водела од Ранци - Пештерка - Негуш - Серес - Комондос - Дупница - Горна Џумајлија - Рила - Струмица - Прилеп - Вардино (Демир Хисар) - Ѓаково (Војводина) - Лешок - Прилеп - Скопје во 1965 година. Доста е, останува уште да се вратам во Ранци. Се надевам и работам на тоа. Крајот е близу!“

Господинот Методија Стефан Тошевски потекнува од земјоделско-работничко семејство. Оженет, син и ќерка, и четири внуци. Живее во Скопје, Општина ѓорче Петров.

ТРУДОВИ

Основното образование Тошевски го почнал во Ѓаково, Војводина, а го продолжил во Лешок. Во 1961 година во Прилеп завршил средно економско образование, а Економски факултет во Скопје, во 1965 година. Со магистратура по кредитно-монетарни прашања се здобил на последипломските студии на Економскиот факултет во Скопје, во 1979 година. По завршувањето на образованието се вработил во Републичкиот завод за општествено планирање како соработник, а подоцна и како раководител на Секторот за општествен стандард и лична потрошувачка, каде се задржал девет години. Потоа преминал во „Охис“ како директор на Интерната банка и тоа во два мандата. Во 1981 година бил избран за заменик, а во 1985 година за главен директор на Комерцијална банка. Во текот на мандатот бил предложен и избран за републички секретар за финансии на Извршниот совет на Македонија.

„По прогласувањето на независноста на Република Македонија - додава Тошевски - бев предложен и избран за министер за финансии во Владата на независна и суверена Македонија. Во 1993 година бев анга-

жиран во приватната Алмако банка од каде Собранието на Република Македонија во 2000 година ме избра за главен државен ревизор, а оттаму во 2005 година заминав во пензија. Моето работно искуство опфаќа професионална дејност во областите државна управа, планирање и развој, финансии во стопанството, банкарството и државна ревизија, во периодот од 1966 до 2005 година".

Паралелно со практичната работа, тој бил ангажиран и на полето на стручните и научните истражувања. Има објавено повеќе од шеесет стручни и научни трудови од областа на фискалната и монетарната проблематика, планирањето на развојот, финансиско-сметководната проблематика во стопанството и банкарството во македонската и во југословенската стручна периодика и во стручни списанија, зборници на трудови од симпозиуми и советувања во земјата и во странство.

Коавтор е во три научни студии на Економскиот институт и Економскиот факултет во Скопје од областа на фискалната, монетарната и проблематиката на развојот.

Поднел повеќе реферати на конгреси на ИНТОСАИ, во Бон, Германија, 2002 година; во Москва, Руска Федерација, 2004 година; во Лима, Перу, 2005 година; и на Конференцијата за денационализација на имотите во источноевропските земји, одржана во Солун, Република Грција, 2004 година.

АКТИВНОСТ

Покрај работата на стручни и научни истражувања, во целиот период на професионалната активност, работел и во научни, стручни и во здруженија на граѓани од хуманитарната сфера.

„Ја регистрирам - посочува Тошевски - својата работа во Сојузот на економисти, Сојузот на сметководители и финансисти, Здружението за ревизори на Македонија, Здруженијата за банкарство на Македонија и Југославија, Друштвото за наука и култура Скопје, Стопанската комора на Македонија, Друштвото на писатели на Македонија, Републичко здружение на деца бегалци Скопје, Конференција за координација на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, Скопје".

Соработувал со Економскиот факултет во Скопје и во Прилеп, како и со Економскиот институт во Скопје.

Во текот на неговиот образовен и професионален активен период континуирано работел и на полето на литературата и во други области на уметноста. Објавени му се следниве дела: „И коренот има корен“, Студенски збор, Скопје, 1986 година; „Гротло“ („Мишодарка“), Македонска книга, Скопје, 1988 година; „Ровја“, Македонска книга, Скопје, 1989 година; „Меѓа“, Матица македонска, Скопје, 1992 година; Избор од поезија во четири книги: „Проверка“, Матица македонска, Скопје, 2007 година; „Додека чекам“, Матица македонска, Скопје, 2007 година; „Куќата“, Матица македонска, Скопје, 2007 година; и „Јаска“, Матица македонска, Скопје, 2007 година.

Село Ранци

Димитар Арџелиев - Митко
МОЕТО СЕМЕЈСТВО ДОЖИВЕА МНОГУ ТОРТУРИ



Поради тешката животна состојба јас и една од сестрите, Мира, бевме згрижени во детскиот дом во с. Петровец, во 1949 година, каде го завршив четвртото одделение. За време на престојот во домот бевме на одмор во Хрватска, во Домот во Црквеница, каде најдовме многу наши врсници. Се дружевме како да сме од иста мајка родени. Се чувствувавме среќни, со нетрпение го чекавме секое разденување за да се дружиме. Се разликувавме од другите деца по тоа што по улиците во Црквеница одевме во група како пчели, исто облечени, среде лето носевме зимска облека, каква што тогаш имавме.

„Се сеќавам, во 1940 година Германија ја водеше Втората светска војна, таа ја нападна Југославија, а потоа и Грција. Татко ми, според моето паметење, работеше во грчката железница како минер на пробивање и одржување на железничката пруга. Истата година, заедно со чичко ми Костадин, го мобилизирале и двајцата ги испратиле во Албанија, на фронтот со Италија. Таму загинал чичко ми, а татко ми тешко ранет си дојде дома. Потоа почна тешкото живење. Тој продолжи да работи на железничката пруга (течението на Вардар, во насока кон Солун), но се занимаваше и со земјоделски работи. Инаку, моето село се наоѓа на границата кај Гевгелија, Кукушка општина, околу Гуменџа. Во нашето село покрај Македонци живееја и Грци т.н. Маџири. Населението беше половина Македонци, половина Грци. Нешто подоцна, од 1941 г. татко ми учествуваше и како партизан во Гевгелискиот партизански одред, поради што Грците од селото нè третираа како комунистичко семејство и ни правеа тортури познати во тоа време. Татко ми беше учесник и во ДАГ, каде повторно тешко го ранија и го префрлија во Гевгелија на лекување. Во Граѓанската војна во Грција многу луѓе, пред сè, македонски патриоти ги изгубија животите. Меѓу нив беа браќата и братучедите на татко ми (ќе ги спомнам братот на татко ми, Никола Арџелиев, братучедот Ѓорѓи Бан-

дев…). Како резултат на таквата ситуација целото мое семејство побегна во Гевгелија, а оттаму дојдовме во Скопје (Драчево, 1948 г.). Поради тешката животна состојба јас и една од сестрите, Мира, бевме згрижени во детскиот дом во с. Петровец, во 1949 година, каде завршив четврто одделение. За време на престојот во домот бевме на одмор во Хрватска, во домот во Црквеница, каде најдовме многу наши врсници. Се дружевме како да сме од иста мајка родени. Се чувствувавме среќни, со нетрпение го чекавме секое разденување за да се дружиме. Се разликувавме од другите деца по тоа што по улиците во Црквеница одевме во група, како пчели, исто облечени, среде лето носевме зимска облека, каква што тогаш имавме.

Во домот во с. Петровец бевме до неговото припојување со домот во Битола и во Валандово во 1951 година," го раскажува својот животен пат Димитар Арџелиев-Митко, роден на 25.2.1936 година, во село Сеаво, Егејска Македонија. Негови родители биле Руска и Кирил Арџелиеви.

Инаку, до 1949 г. неговото семејство броело девет члена.

ЕГЗИСТЕНЦИЈА

По излегувањето од домот Димитар Арџелиев, како малолетен, се вработил во цигланата во Драчево. Морал да помогне во обезбедувањето на егзистенцијата за семејството, бидејќи раните кои татко му ги добил во војувањето не зараснале и се претвориле во канцер, поради што починал во 1952 г. По работењето во цигланата Димитар се вработил во расадникот „Цветан Димов", во с. Д. Лисиче.

Претходно, во 1950 година, татко му поднел барање и добил државјанство на Република Македонија, по што добиле и стан во населбата Мичурин, односно во атарот на „Водостопанство".

Поради работата Арџелиев морал да го прекине и редовното школување, односно се дообразувал во вечерното училиште, така што до неговото заминување на отслужување на военото рок, во 1957 година, завршил средно занаетчиско училиште за градежен работник. Одредено време работел како работник, а потоа како продавач.

„Размислував што понатаму. Се дружев со повозрасни од мене, кои во попладневните часови седеа по кафеани. Тоа мене не ми годеше, па

затоа барав решение - да се афирмирам во средината на мојата генерација. Одлучив да спортувам, тренирав бокс. Работата ја сфатив сериозно, за три месеци тренинг бев во рангот на првата екипа на боксерскиот клуб 'Вардар' и постигнав видни резултати како на рингот во Македонија, така и во рингот на српско-македонската лига. Во тоа време го имав првото место во мојата категорија. На 14 февруари 1957 г. заминав во ЈНА, каде бев во центар за обука, на полуостровот Превлака (во Република Црна Гора), каде останав до нејзиното завршување. Потоа добив прекоманда во Република Србија, во Краљево. Таму останав до крајот на завршувањето на военото рок, 14 февруари 1959 година. По демобилизацијата во Скопје имав проблем за вработување. Сакав да му се вратам на спортот, но условот беше ако ми помогнат да се вработам. Мајка ми со скромната пензија издржуваше 4 малолетни деца, па и требаше моја помош. Морам да признаам дека за вработувањето ми помогнаа моите пријатели. Секако, пресудна беше и добрата карактеристика која ја добив во ЈНА, за примерно однесување. Повеќе пати бев одликуван, добивав награди, унапредување итн. Бев повикан во тогашната управа на ЈНА за да се униформирам и школувам за активен офицер. Но, се откажав од понудата. Морам да кажам дека во вработувањето ми помогна и тогашниот претседател на Скопје, Наум Наумовски".

СОВЕТНИК

Арџелив работел и во неколку фирми, а по завршувањето на Економскиот факултет бил ангажиран за принуден директор на една фирма во Општина Кисела Вода, која во 1979 година оствариле лоши финансиски резултати.

„По една година направив програма за развој и работа на фирмата, така што од фирма која беше под принудна управа, а броеше 12 работници, со новата програма бројот на вработени достигна 160 лица. Фирмата доби ново име 'Интеркомерц' - Скопје. За пет години оваа организација оствари повеќе од очекуваните резултати. Како успешен директор во фирмата и како прв директор во Општината со завршен Економски факултет во тоа време, бев ангажиран во Општината како советник по еко-

номски прашања. По 15 г. успешна работа и водење на организацијата заминав во пензија“.

Во 1961 г. Арџелив се запознал со сопругата Софка, со која во 1963 г. се оженил. Таа година им се родил и синот, кој го носи името на дедо му, Кирил. Во 1967 г. им се родила ќерката Светлана Арџелиева Богданоска.

Сега, на 73 години, тој сè уште е активен во семејната фирма

„Комерц Инженеринг-Скопје“ која, исто така, успешно работи. Фирмата ја водат синот и ќерката, а за себе тој вели дека е среќен пензионер - „советник и координатор за решавање на станбените и на другите проблеми на семејството“. Живее на подножјето на Водно, во семејната куќа, во која на одделни катови живеат и синот и ќерката со семејствата.

Атанас Гацев и Поликсена
ПО ШЕСТ ДЕЦЕНИИ ПОВТОРНО СУМ ВО РОДНОТО МЕСТО, НА САМО ЕДЕН ЧАС ВО КУЌАТА КАДЕ СУМ РОДЕН

По шест децении повторно сум во родното место, макар само за еден час во куќата каде се родив. Така ја започна својата приказна Гацев Мици Атанас, еден од 28.000 деца кои беа протерани од своите родни огништа. Роден сум 1942 година во прекрасното село Бизово. Тоа е мало, рамно и доста богато село во Егејска Македонија. Селото Бизово е лоцирано на 11 километри од гратчето С'ботско и 2 километри од познатите бањи во село Пожарско. Бизово, како и сите околни села било чисто македонско село, но по немирните години во селото се доселуваат Маџири - Грци доселени од Мала Азија. Таа проклета 1948 година, чума на истребувањето на македонскиот народ, непогода што ја зафати цела Егејска Македонија, не го одмина моето село. Татко ми Гацев Мици беше партизан во воденската чета на познатиот партизан командант Таската. Кога монархофашистите почнаа со бомбардирање на селото со помош на англиските авиони јас со сестрите и брат ми бевме сами со мајка ми. Бевме многу исплашени. Набргу во селото дојде татко ми и заедно со другите селани се упативме кон планините, односно кон грчко - македонската граница. Откако ја преминавме границата татко ми се врати во Егејска Македонија за да продолжи да се бори за слобода на Македонија и на македонскиот народ. Така, не по моја волја, почна моето принудно патување низ поранешна Југословенска федерација. Сите протерани семејства, кои што привремено беа сместени во Мариово, меѓу нив и јас, шестгодишно дете, не преселија во Гаково - Војводина. Оттаму не вратија во Скопје, не сместија во приватна куќа во село Драчево каде што останавме 12 години. Пред земјотресот добивме стан во Скопје во кој ѝ денес живеам. Во Скопје завршив школо, се вработив и основав семејство со сопругата Петковска Поликсена од село Медов - Преспа. Мојата сопруга имала само три години кога го започнала своето талкање по светот. Таа од 1948 до 1962 година била евакуирана во Полска и сместена во домови за деца бегалци. Имено, таа престојувала во домовите во повеќе полски градови,

како Полице, Шчечин, Зголемец... Оттаму се досели во Скопје каде веќе живееја нејзините браќа Вангел и Васил. Со нив се сретна и наново се запозна после 13 одминати самотни години.

Благодарение на Ташко Јованов од село Сетина, кој организираше патување низ воденските села, јас, Гацев Мици Атанас, веќе возрасен човек - пензионер, за прв пат успеав да го видам своето родно село и куќата во која се родив. Мојата родна куќа беше обновена од маџирката Партена. Запознавајќи се со неа, таа срдечно не прими. На наше изненадување таа почна да не прегрнува и бакнува, да не распрашува за сестрите и братот. Најповеќе се интересираше за големата сестра со која како дете заедо се дружеле и играле. Пријатно нѐ изненади поканата на оваа веќе 75 годишна простодушна старица да дојдеме да живееме заедно со неа во некогашната наша куќа. Ни понуди да влеземе во градината и да земеме сѐ што ни треба, изјавувајќи притоа дека тоа е наша бавча. Не можев да ги воздржам солзите радосници. Душата ми се исполни бидејќи ги видов куќата, бавчата, дворот... На крајот од посетата сите се фотографиравме за спомен од селото Бизово.

АНГЕЛИ НА ПРОГОНСТВОТО (ИЗВАДОК ОД РОМАНОТ на Паскал Гилевски)



Колку пати сум ги гледал ѕвездите! Од прозорецот, од чардакот, од ридот, од полето ишарано со лубеници и дињи, што мирисаа до небесата. Не им давав многу значење. Тие само светеа. Чиниш во некакво возвишено самозадоволство. Студени и далечни, себични. Но сега ми се видоа поинакви. Небаре се движеа. Небаре и тие идеа со нас, нѐ придружуваа во бегството. Како да се преселуваа во друго небо. Едно време ми се стори дека и ние се стремиме не по земјата, туку нагоре, накај ѕвезденото небо. Божем нешто, некаква магична сила нѐ влече кон височините. Кога ќе стигнеме таму? Очите ни се склопуваат, колената ни потклекнуваат. А крилја немаме. Ни грпка стамена од добиток за да се потпреме, да земеме залет. Толку е тивко, безметежно, се слуша само едношумниот тропот на нашите гровнати чекори, само нашето дишење, измешано со ѕвездениот шум. Со ѕвезде на ѕвездените јата, кои нѐ следат неодоливо, наместо нашиот добиток, наместо нашата ситна живина, наместо сите домашни животни, кои ги оставивме назад. Ми се стегаше срцето за нив, а најмногу ги жалев јагнињата и јарињата. Нивното последно жаловно блеење уште ми ги исполнува ушите и ми го јадосува срцето. А кучето? Нашиот Мурџо! Тој дојде да ме испрати с? до овчарските колиби над селото. Заедно со другите селски кучиња. Стотина кучиња. Цела глутница. Идеа со нас како поканети. Но, не беа весели, не скокаа како другпат. Со свиткани опашки само нѐ следеа, нѐ помирисуваа, нѐ надушкуваа, да откријат нешто од она што се случуваше, ни се умилкуваа, небаре ни се лутеа што ги напуштавме. Кај овчарските колиби, до кајшто нѐ испраќаа постарите селани, требаше да се простиме и од нашите кучиња. Кучињата жално завиваа во хор. Мојот Мурџо не сакаше да се раздели. Тој беше научен да биде постојано со мене. Другите кучиња заостанаа. Само Мурџо се качуваше уште. Тој добро ја познаваше скрката. Секој камен, секој глог, секој подмол и секоја патичка. „Мурџо,

назад - му викав - ти не си дете!“ Како не! Има ли поголемо дете од кучето! Се искачи дури до нашата корија. До нашиот аргач. Тука имавме колиба. Го затворивме внатре, а кога мајка ми Ќе се врати, Ќе го земе со себе. Така се разделивме. Но Мурџо квичеше, можеби плачеше по мене. Можеби, си мислев, кучињата се поумни од луѓето. Сигурно тоа знаеше дека никогаш, никогаш повеќе нема да бидеме заедно, нема да ги крстариме кориите и копароците, нема да го дишеме заедно чистиот планински воздух, двајцата ќе бидеме како затвореници, во домови, но разделени... Зошто партизаните не ни дозволија да си ги носиме и кучињата, кога тие им се најдобри пријатели на децата? Тоа не можев да го сфатам...

д-р Лефтер Манче
ВТОРОТО УНИШТУВАЊЕ НА ЗАГОРИЧАНИ



По она познато во народната песна, во 1945 година од ова село повторно биле убиени, стрелани и прогонети најхрабрите македонци. Во автобиографијата реномираниот светски лекар Лефтер Манче сведочи за неговата семејна трагедија и за вкупната трагедија на Загоричани.

Јас д-р Лефтер Манче роден сум на 29 септември 1935 година во село Загоричани Костурско. Мојата мајка се викаше Александра - Цана (моминското презиме Пелтичкова), а мојот татко Методи Џидров. Татко ми Методи заедно со уште 72 мажи од с. Загоричани, во април 1945 година бил уапсен од монархофашистичката војска и заедно со другите 72 затвореници бил осуден на 101 година затвор и испратен на робија на пустите камени острови во Егејско Море. Мојата мајка Цана, заедно со 16 други цивили од с. Загоричани (девојки - вереници, мајки и татковци на партизани), била убиена во 1949 година од монархофашистичките казнени одреди.

Мајка ми и татко ми имале 4 сина и две ќерки. Првиот син Димитар е роден во 1927 г. и во 1949 г. како партизан загинал на последните битки во Грамос. Вториот син Стефо е роден во 1929 г. и излегол партизан меѓу првите во 1946 г. Борејќи се херојски преку 3 години, во април 1949 г. загинал на Грамос. Третиот син Харила е роден во 1930 г. и на 17 годишна возраст се јавил кај партизаните и станал борец, но за жал, при првата битка во Кожани бил заробен од монархофашистичката војска и после неколку месеци затвор во Солун бил стрелан на 17 годишна возраст.

Првата сестра Тана е родена во 1932 г. и како младо девојче, при крајот на Граѓанската војна неколку месеци била во затвор.

Јас сум роден на 1935 г. и поради тоа што тетка Јана сестра на мајка ми (со моминско презиме Петличкова) и мажот и Стефо Манче немале деца, , по моето раѓање ме посвоиле кога имав 4 недели. Така, од Џидров станав Манчев. Помалата моја сестра Василка – Циља, се родила во 1940

и во 1961 година со мажот ѝ кој е од грчко потекло се иселија во Австралија каде што и сега таму живеат.

Јас како дете бегалец се збогував со моето родно место во март 1948 и преку Љубојно кај Преспа и Битола со воз нѐ однесоа во Будимпешта, Унгарија. Првите месеци ги поминавме во една војничка касарна, а потоа летото во 1948 повеќе од два месеци бев во унгарското село Петфурдо заедно со децата од нашата група од Загоричани која броеше 21 дете. Во септември нѐ преселија во селото Фот, блиску до Будимпешта, и таму ја поминавме цела година учејќи на македонски и на грчки јазик. Јас таму научив да пишувам македонски. Во текот на летото 1949 г. нѐ однесоа во еден дом на улица Уллои ут и во септември истата година почнав да работам како индустриски ученик (ипари тануло), во познатата фабрика за параходи Ганз. Ние бевме првите ученици со такви нови униформи во Унгарија. Во пролетта 1950 г. ми се појави кила (серв на унгарски) и ме однесоа во една болиница да ме оперират. По операцијата добив инфекција на урогениталниот систем без да знаат за каков вид бактерија се работи и поради висока температура секој ден ме праќаа од една во друга болница. Дури и универзитетсктата уролошка клиника не можеше да ја изолира бактеријата.

Во тоа време до унгарската Влада од ООН пристигна барање дека родителите си ги сакаат децата да се вратат во Грција. Унгарската влада одговорила дека ние емигрантите не сакаме да се враќаме и во тие околности, бидејќи бев сериозно болен, мојата евентуална смрт би можела да има политички последици и затоа унгарската Влада побарала од американската Амбасада во Будимпешта 10 дози од новиот антибиотик кој тогаш се појавил со име стрептомицин. Со тие 10 ампули ме пратија во санаториум во највисоката планина на Унгарија - Кекес и таму со тие 10 ампули ме ослободија од инфекцијата. Поради тоа што лекарите и новиот лек направија чудо и ме излечија, решив да направам сѐ за да станам лекар. Иако малку го зборував унгаркиот јазик, сепак се јавив кај надлежните кои беа задолжени да се грижат за нас децата бегалци и им изјавив дека сакам да одам на универзитет за да станам лекар. Ми рекоа дека така не се оди на универзитет, туку морам да завршам 4 години гимназија.

Ме пратија во гимназнијата Шандор Петефи (најпознат унгарски поет) и таму ја завршив првата година. Во 1952 г. во работничкото предградие отворија нова социјалистичка гимназија јас и другите деца бевме првите ученици во оваа модерна гимназија. Во тоа време почнав да се за-

нимавам со спорт - скок со стап и бев доста добар. Пред матурата ни умре класниот раководител којшто многу ја сакал старогрчката класична литература и поради тоа што двајца ученици во паралелката биле Грци од Епир, а само јас Македонец, класниот раководител нѐ оценил со повисоки оценки отколку што заслуживме. Еден месец пред матурата умре и новиот раководител кој дошол од друга гимназија и на тројцата ни даде послаби оценки со кои не можевме да се пријавиме за универзитет, а во никој случај не можевме да се пријавиме за студии по медицина.

За среќа во тоа време имав напишано еден писмен состав кој поради солидниот квалитет бил истакнат на главната табла на гимназијата за да можат сите да го читат. Професорот по историја се викал д-р. Јозеф Домби и бил многу благороден човек. Сѐ што постигнав во животот му го должам на тој прекрасен човек и многу сум му благодарен. По матурата д-р. Домби ме праша каде ќе го продолжам моето образование, му одговорив дека ќе ме пратат пак во фабриката за параходи. Ми вели: Не, ти си умно и способно момче и ќе мора да одиш на унивезитет ако не можеш на медицински, тогаш ќе одиш да станеш професор за физичка култура и јас ќе те примам во Уневрзитетот преку Министерството. И така станав студент во септември 1955 г. во тој период тој факултет за физичка култура беше најдобар на светот. Само во нашата класа имавме четири студенти кои беа златни шампиони на олимпијадите во Мелбурн и Токио.

Едниот од нив многу години бил светки рекордер по KALASPACS VETES. Тој се викаше Ѓула Зсивотски. Во 1958 на езерото Балатон се запознав со една матурантка од вториот најголем град на Унгарија Дебрецин и кога ги завршив студиите по физичка култура во 1959 г. се пријавив да ме примат на Медицинскиот универзитет во Дебрецин. Им реков нема да барам стипендија, туку сакам да станам спортски лекар и навечер ќе предавам во основно училиште и од тоа ќе се издржувам. Така, ме прмија и кога видоа дека сум добар студент, министерството ми даде стипендија во 1961 г. до крај на моите студии во 1965 г. Тогаш добив дипмома за лекар со највисока оценка SUMMA CUM LAUDE - значи завршив со црвена диплома. Поради тој висок успех на студиите универзитот решил да ме задржи да работам во Првата хируршка клиника. Во 1961 г. се оженив со младата Унгарка која ја запознав на езерото Балатон која меѓувреме заварши студии по педагогија.

Во 1969 г, ги положив испитите за генерален хирург со највисока оценка, значи со одличен успех и станав асистент - професор во клини-

ката и почнав да се занимавам со ракот на стомакот и поради тоа бев на специјализација два месеци во Киев, Украина и во Сегедин - Унгарија. Поради една моја статија која се појавила во прочуено германско хирушко списание, добив покана да го посетам најдобриот хирург за рак на стомакот проф. Зацхо на Финсен институт во Копенхаген. Таму работев два месеци и во јуни 1973 г. се иселив во Канада. Кога им ги покажав на канадските власти моите статии пишувани за многу светски лекарски жур-

Заѓоричанската црква „Св. Богородица", духовно и цврсто е поврзана со секојдневниот живот на верниците од селото

нали, амбасадата на Канада во Копенхаген без тешкоти ми даде постојана виза за преселување во Канада.

После големи тешкотии на 25 јануари 1973 г. унгарската влада им дозволи на мојата сопруга и на двајцата малолетни синови да ми се придружат во Виндзор Канада.

После положувањето на неопходните американаски испити, добив стаж во Отава во универзитеската клиника оддел за општа хирургија.

Таму работев до 1979 г. кога ги положив канадските испити на 15 јануари 1980 г. во Отава ја отворив првата приватна клиника за естетска хирургија.

Согледав дека во Канада ракот на стомакот не е честа болест и затоа почна да ме интересира естетската хирургија и почнав да патувам ширум светот да учам естетска хирургија. Дури отидов во Аделаида во Австралија да се запознам со еминентен лакар кој пресадувал коса. Освен тоа, посетив многу клиники Лос Ангелес, Париз, Мајами, Лондон и др.

Имав среќа кога во 1984 год, дојде кај мене еден хирург од Осло кој ми рече зошто не вршам естетски операции на липосукција. Тој ми рече во јуни ќе има прв конгрес за липосукција во Кан, Франција и да одам таму. Од Кан веднаш отидов на друг конгрес за коса во Њујорк и во септември 1984 г. како втор хирург во Канада почнав да извршувам липосукција.

Во 1987 г канадското лекарско списание ми понуди да пишувам воведник за липосукција и таа беше првата статија за липосукција во канадската медицинска литература.Таа статија ме афирмира и дури жени на лекари од Торонто доаѓаа кај мене за таа операција.

Поради тоа многу пати бев гостин на разни ТВ станици и беа направени многу интервјуа со мене. Во 2006 г. престанав да извршувам операции по липосукција но до тогаш имам извршено над 8.000 интервенции на разни делови на човековото тело што претставува посебен рекорд во Канада. Во 1990 г. имаше еден несреќен случај и жртва при една операција на липосукција кај еден колега во Торонто и јас бев консултант на судот и моето стручно мислење го ослободи колегата од казна.

Од 1985 извршував 5 вида операции и тоа: липосукција, пресадување на коса, корекции на лицето, очите и на градите. Јас бев единствен естиетски хирург во Отава кој извршувал само естетски операции.

Во 1987 г. унгарските колеги ме поканија да извршам предавање за липосукција и после тоа ја извршив првата липосукција на жена на еден лекар во истата болница каде мене ме оперираа во 1950 г. кога ја добив инфекцијата.

Во унгарската медицинска литература како и во канадската јас ја напишав првата статија за липосукција за еден унгарски журнал за хирургија во 1989 г. Многу унгарски колеги кај мене во Отава беа мои гости и учеа липосукција и трансплатација на коса. За истата цел доаѓаа и лекари Македонци, Американци и од други земји. Во 1994 г.в о Будимпешта имав дводневна работилница за унагарските пластичари за транспла-

тација на косата и од тогаш почна таа оперција да се извршува во Унгарија. Поради тоа што мојот син Тони завршил во Унгарија медицински факултет, решив во 2002 г. во Будимпешта да отворам клиника исклучиво за пресадување на коса. Имам пишано статии во канадски, американски, унгарски и француски хируршки списанија.

Кога Македонија стана самостојна држава многу повеќе се занимавам со судбината на мојата татковина отколку со мојата клника. Мојата секретарка ми вели повеќе пишувам за Македонија отколку за консултации и можеби ќе треба да ми дадеш двојна плата.

Во 1992 г. напишав писма до сите ченови на Советот за безбедност на ОН. Со многубројни министри и премиери имав коресподенција, меѓу нив се и Тони Блер кој ми пишува дека Македонија ќе добие кандидатски статус.

Имам писма и од Ван дер Штул, Солана, Робертсон и од многу министри на владите на Канада, Унгарија и Австралија.

Сега кога имаме слободна и независна држава, не се плашам ако умрам, ама сакам да бидам погребан таму во мојата Македонија.

Лефтер Манче

АВТЕНТИЧНИ И ПОТРЕСНИ КАЖУВАЊА

Оваа книга не е историја, но таа е составен дел на македонската национална историја. Во неа се содржани седумдесетина автентични кажувања на преживеаните борци од Граѓанската војна во Грција кои зеле активно учество во редовите на ДАГ (Демократска Армија на Грција) во борбите против монархистите, но во некои кажувања се евоцираат спомени и од времето на ЕЛАС, војската на отпорот против германскиот и италијанскиот окупатор. Освен тоа, во книгава се застапени и десетина искажувања на т.н. „деца бегалци“ од Граѓанската војна, што ја дополнуваат грозоморната слика од тој драматичен период на Македонците од Егејскиот дел на Македонија.

Читајќи ги овие потресни кажувања, непрестајно ќе ви го тревожат срцето, ќе предизвикуваат солзи во очите и голем укруп во душата. Тие зборуваат за невидени маки, тортури, грди убиства, колежи и злосторства извршени на најгруб начин врз невиното македонско население. И тие се уште попотресни бидејќи се раскажани од луѓе кои со свои очи ги виделе грозоморните случувања и на свој грб ги сетиле ужасите на егејската Голгота. Мајка која избезумено ја бара отсечената глава на синот, но војниците не ѝ ја даваат, а наместо тоа ја тепаат со кундаците; оние кои плачеле за загинатите блиски (татко, брат, сестра), биле карани од водачите на партизанското движење, велејќи им дека „партизанката не смее да рони солзи“. Секој ден, секој час се множел бројот на загинатите, на вдовиците, на сираците, се зголемувал бројот на запалените куќи, на опустошените семејства и имоти, бројот на бегалците, односно на прогонетите, на затворениците по пустите егејски острови, селата остануваа без децата и без машкото население.

Некои ја опишуваат драмата на Грамос и Вич („кајшто гореа камењата“), други трагедијата на фаталната Леринска битка. По скрките и планините останаа коските на илјадници борци, цела Егејска Македонија ќе стане една огромна гробница со коските на загинатите. „Каде и да згазнев, чувствував како да газам врз коските на другарите“ - ќе каже

еден од преживеаните, како да цитира стих од Јанис Рицос, прославениот поет и учесник во отпорот.

Од овие кажувања наврапито и жестоко избива жолч, гнев и очај. Преживеаните од тој пекол, вечните страдалници, оние кои некако имале среќа да ја одбегнат „листата на мртвите“, во која сите беа запишани, дури подоцна, по тагедијата, сè повеќе и повеќе ќе стануваат свесни дека всушност биле изманипулирани и подмолно измамени, дека им служеле на туѓи интереси; тие, борејќи се пожртвувано, слепо верувале во политиката и во ветувањата на водачите на КПГ, кои всушност ќе бидат предавнички. Еден од преживеаните ќе каже: „Ни ветуваа дека на Македонците ќе ни дадат автономија. Затоа целиот македонски народ беше во движењето, секој кој можеше носеше оружје.“ Но сето тоа се покажа дека беше лага, водачите на ДАГ само ги злоупотребија македонските борци. Затоа сега можеме, со тешко срце и жал, да кажеме дека војната (која всушност однапред била предадена!) одамна заврши – но крајот уште не ѝ се гледа: таа всушност сè уште трае, во ранетите срца и души на преживеаните, во нивните непомирливи спомени и трауми, во емоциите на нивните деца и внуци, како и во колективната свест на сите Македонци. И денденес сите ја чувствуваме загубата, индивидуална, фамилијарна и општонационална. Огорченоста и пизмата сè уште траат, а паралелно со нив тлее и надежта (пустата надеж!) за повторно враќање во родниот крај, во родните огништа, каде што гори и треба пак и пак да се разгорува исконскиот оган запален од предците.

Ете, таа е смислата и големата порака на оваа болна и истовремено жилава, поттикнувачка книга, која заедно со поројните горки солзи и скомразни трепети, во срцата раѓа пркос и порив за победа над човечкото злото, како и за споменување на невините и херојски жртви од егејската епопеја. Зашто загинатите и преживеаните во историјата имаат една татковина: Македонија, која ги обединува во меморијата на новите поколенија.

Паскал ГИЛЕВСКИ

СОДРЖИНА

Македонците на Балканот
ГРЦИТЕ ГАЗАТ ВРЗ КОСКИТЕ НА ПАРТИЗАНИТЕ ВО ГРОБНИЦАТА ВО ЛЕРИН, ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА 11

Атанас Ангеловски - Гарефи
НА ГРАМОС ГОРЕА И КАМЕЊАТА 17

ГРЦИТЕ БАРАА СОЦИЈАЛНА, А НИЕ НАЦИОНАЛНА РАМНОПРАВНОСТ 21

Браќата Гапковски
КРАЛИЦАТА ФРЕДЕРИКА ПОМИЛУВА 36 ЗАРОБЕНИ ПАРТИЗАНИ 25

Евдокија Фотева - Вера
КАДЕ И ДА ЗГАЗНЕВ МИСЛЕВ ГАЗАМ ВРЗ ТРУПОВИТЕ НА ДРУГАРИТЕ 29

Ѓорѓи Танулевски
УЧЕСТВУВАВ ВО САБОТЕРСКИТЕ АКЦИИ ПРОТИВ ФАШИСТИТЕ 35

Стојан Трпчевски
СМИСЛЕН ПОТЕГ ДА СЕ ИСЧИСТАТ МАКЕДОНЦИТЕ 39

Димитар Угриновски
КОГА КПГ ИМАШЕ ПОТРЕБА ОД НАС МОЛЕШЕ, ВО СПРОТИВНО МОЛЧЕШЕ 43

Коста Талов
КАКО КУРИР СЕКОГАШ ВО ПРВИТЕ РЕДОВИ 47

Александар Поповски
СЕГА, КОГА НА СТАРИ ГОДИНИ РАЗМИСЛУВАМ, МОЖАМ ДА КАЖАМ ДЕКА БИТКАТА НА ЛЕРИН БЕШЕ КАТАСТРОФАЛНА 51

Ана Мангова
ВО БОРБИТЕ ДВА ПАТИ БЕВ РАНЕТА, А ОСТАНАВ И ВДОВИЦА 59

Томе Јарев
ОД ДИВЕРЗАНТ ДО ДОКТОР ПО ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ 63

Таки Костовски
СТРАВУВАМ ОД ПОВТОРНАТА СРЕДБА СО МОЕТО РАЗУРНАТО СЕЛО 69

Василка Сукаловска - Поповска
УЧИТЕЛКАТА МЕ УДРИ СО ПРАЧКА ЗАШТО ЗБОРУВАВ МАКЕДОНСКИ 73

Ташо Гелов
НОСЕВМЕ ХРАНА И ОРУЖЈЕ ЗА ПАРТИЗАНИТЕ 79

Фана Митревска
РУСКИТЕ АВИОНИ МЕ ОДНЕСОА ВО УНГАРИЈА, А ДЕЦАТА СИ ГИ НАЈДОВ ВО ЧЕШКА 83

Таки Костовски за Димитар Цимерков
ЈАС СУМ КОМУНИСТ И НИКОГАШ НЕ МОЖАМ ДА БИДАМ МОНАРХОФАШИСТ“ ... 87

Ѓорѓи Дуцов
КАДЕ И ДА ОДЕВ ИМАШЕ ВОЈНИ! 89

Ѓорѓи Јовановски
СЕ БОРЕШЕ ЗА СВОЕТО СЕЛО, НО ПО 1949 НЕ ГО ВИДЕ НИТУ ЕДНАШ 93

Ташо Колибанов
ГИ УНИШТИЈА САМО СЕЛАТА ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА 97

Лефтерија Бакарова - Мајнова
ЧУВАВ СТРАЖА ВО СЕЛОТО И ПРЕНЕСУВАВ ПИСМА ЗА ПАРТИЗАНИТЕ 101

Фана Аџи Димитрова
НА 22 ГОДИНИ ОДЛИКУВАНА СО МЕДАЛ ЗА ХРАБРОСТ 103

Ристо Коканоски
НАШАТА КОЊАНИЦА ИМАШЕ ЗАДАЧА ДА ЈА ПОДДРЖУВА ПЕШАДИЈАТА 107

Христо и Александра Колувеови
БИТКАТА НА ЛЕРИН БЕШЕ ПРЕДАДЕНА 109

Јован Манов
БАПЧОР ГОРЕШЕ, А МОНАРХОФАШИСТИТЕ ФРЛАА БУРИЊА БЕНЗИН! 113

Ѓорѓи Мацков
ПОЛИТИКАТА НА ЗАХАРИЈАДИС БЕШЕ ПРЕДАВНИЧКА 117

Наце Мишоков
НАШАТА БРИГАДА СЕ БОРЕШЕ ВО РЕОНОТ ОД СМРДЕЖ ДО ГРАМОС 121

Поликсена (Шенка) Мишева
НАГРАДЕНА СО ОРДЕН ЗА ХЕРОЈСТВО ОД ДАГ 125

Ристо Малов
НЕ ДОЗВОЛИВ НИЕДЕН МОЈ БОРЕЦ ДА ЗАГИНЕ! 127

Лексо Малев
ДО РАНУВАЊЕТО НА ГРАМОС ВЛЕЧЕВ 15 КИЛОГРАМИ ТЕЖОК МИТРАЛЕЗ 131

Атанас Китиновски - Гоче
БОРБЕНОСТА ЈА ДОКАЖАЛ ВО МАКЕДОНИЈА, НО И ВО НЕЈЗИНИТЕ ЕТНИЧКИ ГРАНИЦИ 135

Ламбе Миовски
БЕВМЕ ПРЕМЛАДИ ЗА ПОЛИТИКАТА НА „ГОЛЕМЦИТЕ“ 139

Коста Василевски
ПО ВОЈНАТА ВОЕНИТЕ ВЕШТИНИ ГИ СОВЛАДУВАЛ ВО БУКУРЕШКАТА ВОЕНА АКЕДЕМИЈА 141

Динка Мајнова-Чокова
ОД ВОЈНАТА ДОБИВ САМО БОЛЕСТ И БОЛНИ СПОМЕНИ 145

Алексо Клашниновски
ОДЛЕЖАВ РОБИЈА ПОРАДИ АКТИВНОСТА ВО КПГ 147

Корнелија Мракова-Пејовска
СТАНАВ ПАРТИЗАНКА ЗА ДА ИМ СЕ ОДМАЗДАМ НА ОНИЕ КОИ МЕ МАЧЕА 149

Христо Бумбов
РЕКИТЕ МЕ СПАСИЈА ОД МОНАРХОФАШИСТИТЕ! 159

Крсто Нушков
БЕВ НАЈМЛАД БОРЕЦ ВО ДАГ 163

Тина Даутовска
ДОДЕКА ВОЈСКАТА СПИЕШЕ, ЈАС ЧУВАВ СТРАЖА! 169

Јани Илковски
КАКО КУРИР ГО ИСПИТУВАВ ТЕРЕНОТ 171

Трајко Поповски
ГИНАТ ОНИЕ КОИ СЕ НЕВИНИ И ОНИЕ КОИ ЈА САКААТ ПРАВДАТА 173

Паскал Атанасов
СЕ БОРЕВ ЗА ДА СЕ ОСЛОБОДАТ И СКОПЈЕ И ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА 177

Никита Даутовски
КПГ НА ЛИЧНА АДРЕСА МИ ИСПРАТИ ОРДЕН ЗА ЗАСЛУГИ 179

Димитар Костадинов Петровски
БОРБИТЕ ГИ ИЗГУБИВМЕ ПОРАДИ ПРЕДАВСТВО 183

Георги Чулев
ПРИНУДНОТО УЧЕЊЕ ГРЧКИ ЈАЗИК НЕ ВРОДИ СО ПЛОД 187

Атанас Чочкиров
ВОЈНАТА СЕ ВОДЕШЕ САМО ВО МАКЕДОНСКИОТ ДЕЛ ЗА ДА СЕ ИСТЕРААТ МАКЕДОНЦИТЕ! 193

Ташо Чапканов Мицев
ПО ЧЕТИРИ ДЕНА БЕССОЗНАНИЕ СЕ РАЗБУДИВ И ДОЈДОВ ВО ШТАБОТ 197

Ники Барбарова
ГРЦИТЕ ГИ ИСКОРИСТИЈА МАКЕДОНЦИТЕ 203

Станко Караѓоргиевски
НАМЕСТО ПРАВА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ДОБИВ ШРАПНЕЛ В ГЛАВА 205

Стељо Пејовски
ЗАРОБИВМЕ МНОГУ СТРАНСКИ ПЛАТЕНИЦИ 209

Лазо Поповски
УЧИТЕЛОТ МЕ НАТЕПА ЗАШТО ПРОЗБОРЕВ НА МАЈЧИН ЈАЗИК 211

Георѓи Сидеров
ЧЕСЕН ЈУНАК И ХЕРОЈ НА НАРОДОТ 217

Тане Лазар Наумов
ПРИЗНАНИЕ ОД ДРУГИ БОРЦИ, НО НЕ И ОД МАКЕДОНИЈА! 221

Цуцулов Ване - Аламчев 225

Цуцулов Вангел на Ѓорѓи 225

Крушоради (1980 година) 226

Мајка македонска многу синови ќе роди(Јули 2002 година) 227

Ѓорѓи Ѓорѓиев
ПО ШЕСТ ДЕЦЕНИИ ГО ВИДОВ РАНЦИ 229

Васка Дојчиновска (Лаова)
ПОРАДИ РЕВОЛУЦИОНЕРНОСТА МОЕТО СЕМЕЈСТВО БЕШЕ ПРОГОНУВАНО 233

Вангелија Јованова (Козаровска)
АМАНЕТ ЗА НАШИТЕ ДЕЦА - НИКОГАШ ДА НЕ СИ ГО ЗАБОРАВАТ
СОПСТВЕНИОТ КОРЕН 239

Ставре Аврамовски
ТАЈНО ЈА МИНАВМЕ ГРАНИЦАТА 243

Аргирула Санева
ПЛАЧОТ НА МАЈКИТЕ И НА ДЕЦАТА ДОЛГО МИ ОДSВОНУВАШЕ ВО УШИТЕ 245

Пеце Гаштаров
СУДБИНАТА ГО РАЗДЕЛИ МОЕТО СЕМЕЈСТВО 249

Сократ Лазар Пановски
НЕ ЗАРАЗИЈА СО МАКЕДОНШТИНА И СО НАЦИОНАЛНА ГОРДОСТ 255

Доста Делјанова - Доневска
ВЛАДАТА НА ГРЦИЈА ЌЕ МОРА ДА НИ ВРАТИ СЕ ШТО НИ ОДЗЕДЕ 267

Ангел Балкански
КАКО РЕЗУЛТАТ НА ВОЕНИТЕ ПРЕВИРАЊА ДОЖИВЕАЛ 20 ПРЕСЕЛУВАЊА 269

Тодор Мучов
ВО 1948 ГОДИНА ГО НАПУШТИВМЕ СЕЛОТО СЕТИНА.....273

Стојан Димков и сопругата Марија Николова - Димкова
НЕ СЕ ВРАТИВМЕ ВО РОДНОТО СЕЛО 275

Марика Кокочева
ДЕТЕ СПАСУВА ДЕТЕ.....277

Проф. д-р Милто Мулев
МЕ ЕВАКУИРАА ВО УНГАРИЈА 283

Димитар Мице Димитров
„НИКОЈ ДА НЕ ГО ДОЖИВЕЕ ДЕТСТВОТО НА ПРОГОНЕТИТЕ
ОД БЕЛОМОРИЕТО“ 291

Атанас Тане Наумовски
ГРЧКИТЕ МОНАРХОФАШИСТИ БЕА ПОЛОШИ И ОД
ГЕРМАНСКИТЕ ФАШИСТИ.....295

Донка Пискачева
НЕ ТЕПАА, НО НЕ НЕ ОДРОДИЈА 299

Методија Стефан Тошевски
РАБОТАМ НА МОЕТО ВРАЌАЊЕ ВО РАНЦИ 303

Димитар Арџелиев - Митко
МОЕТО СЕМЕЈСТВО ДОЖИВЕА МНОГУ ТОРТУРИ 307

Атанас Гацев и Поликсена
ПО ШЕСТ ДЕЦЕНИИ ПОВТОРНО СУМ ВО РОДНОТО МЕСТО, НА САМО
ЕДЕН ЧАС ВО КУЌАТА КАДЕ СУМ РОДЕН 311

АНГЕЛИ НА ПРОГОНСТВОТО
(ИЗВАДОК ОД РОМАНОТ на Паскал Гилевски) 313

д-р Лефтер Манче
ВТОРОТО УНИШТУВАЊЕ НА ЗАГОРИЧАНИ.....315

Паскал Гилевски
АВТЕНТИЧНИ И ПОТРЕСНИ КАЖУВАЊА 321